Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје

Македонски Стоматолошки Преглед
- Вонреден број -

МАКЕДОНСКО СТОМАТОЛОШКО ДРУШТВО
MACEDONIAN DENTAL SOCIETY

2015

7ми Конгрес на стоматолозите од Македонија
со меѓународно учество

"Стоматолошката наука во секојдневната практика"

Охрид 11-14 Јуни 2015

КНИГА НА АПСТРАКТИ
BOOK OF ABSTRACTS

7th Macedonian Dental Congress
with International Participation

"Dental science in everyday practise"

Ohrid 11-14 June 2015

генерален спонзор
general sponzor

KaVo. Dental Excellence.

Година XXXVIII Вонреден Број 2015

ISSN 0350-8129 UDK 616-31

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје

"Ss. Cyril and Methodius" University of Skopje
Review of Faculty of Dentistry - Skopje

Македонски Стоматолошки Преглед

Macedonian Dental Review

Вонреден број Associate number
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

Година XXXVIII Вонреден број 2015
Year XXXVIII Associate number 2015

ISSN 0350-8129 UDK 616-31

МАКЕДОНСКИ СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје
XXXVIII

СОДРЖИНА

Терапевтска ефикасност од пеперутка депрограмер кај пациенти со тригеминална болка 10-24
Билјана Капушевска

Ефектот на Nd:Yag ласерот во третман на дентинската преосетливост 25-34
Василка Ренџова
Соња Апостолска, Марина Ефтимоска, Линдихана Емини, Стевица Ристоска

Современи дијагностички и терапевтски концепти за хируршката патологија на саливарните жлезди 35-45
Поповски Владимир
Панчевски Горан

Дисфункција на виличнозглобниот дискус 46-57
Љубен Гугувчевски

Современи концепти на дентин-бондинг концептите: ревијален приказ 58-67
Илијана Муратовска

Третман на жаречкиот орален синдром 68-81
Киро Ивановски
Оливера Терзиева

Орална и дентална болка кај децата 82-89
Марија Стевановиќ

Helicobacter pylori: можна орална или гастрична афекција 90-109
Поповска Мирјана
Јусуф Османи Зана, Вера Радојкова-Николовска

Ергономијата и денталната практика: превенција на мускулоскелетни заболувања 110-121
Апостолска Соња
Ренџова Василка, Ефтимовска Марина, Ивановски Киро, Јанкуловска Мира, Георгиева Елизабета, Стевановиќ Марија, Еленчевски Сашо

Современи Аспекти Во Адултната Ортодонција 122-137
Џипунова Билјана
Тошеска Спасова Н1, Радојкова Николовска В2, Поповска М2, Поповиќ Моневска Д3, Муратовска И4

MACEDONIAN DENTAL REVIEW
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Review of Faculty of Dentistry - Skopje
XXXVIII

CONTENTS

Theraputic efficiency of butterfly deprogrammers on pa¬tients with trigeminal pain 10-24
Biljana Kapusevska

The effect of Nd:Yag laser in dentin hypersensitivity treat¬ment 25-34
Vasilka Rendjova
Apostolska Sonja, Marina Eftimoska, Lindihana Emini, Stevica Ristoska

Contemporary diagnostic and therapeutic concepts for the surgical pathology of the salivary glands 35-45
Popovski Vladimir
Pancevski Goran

Temporomandibular disc dysfunction 46-57
Ljuben Guguvcevski

Modern concepts of dentin-bonding systems: a rewiev 58-67
Ilijana Muratovska

Treatment of burning mouth syndrome 68-81
Kiro Ivanovski
Olivera Terzieva

Oral and dental pain in children 82-89
Marija Stevanovik

Helicobacter pylori: possible oral or gastric affection 90-109
Popovska Mirjana
Osmani Jusufi Zana, Vera Radojkova-Nikolovska

Ergonomics and dental practice: preventing musculoskele¬tal disorders 110-121
Apostolska Sonja
Rendzova Vasilka, Eftimovska Marina, Ivanovski Kiro, Jankulovska Mira, Georgieva Elizabeta, Stevanovic Marija, Elencevski Saso

Contemporary Aspects In Adult Orthodontics 122-137
Dzipunova Biljana
Tosheska Spasova N1, Radojkova Nikolovska V2, Popovska M2, Popovic Monevska D3, Muratovska I4

МАКЕДОНСКИ СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје

XXXVIII

Меѓународен уредувачки одбор

Главен уредник

Љубен Гугувчевски
Клиника за стоматолошка протетика
e-mail: ljguguvcevski@stomfak.ukim.edu.mk

Помошник на главниот уредник

Елизабета Ѓоргиевска
Клиника за детска и превентивна стоматологија
e-mail: egjorgievska@stomfak.ukim.edu.mk

Уредувачки одбор

Иван Алајбег, *Загреб, Хрватска*
Иван Анастасов, *Софија, Бугарија*
Никола Ангелов, Хјустон, *САД*
Соња Апостолска, *Скопје, Македонија*
Анета Атанасовска, *Скопје, Македонија*
Јагода Бајевска, *Скопје, Македонија*
Алберто Бенедети, *Скопје, Македонија*
Јадранка Бундевска, *Скопје, Македонија*
Гурхан Цаглајан, *Хачетепе, Турција*
Оливер Димитровски, *Скопје, Македонија*
Андон Филчев, *Софија, Бугарија*
Силвана Георгиева, *Скопје, Македонија*
Златко Георгиев, *Скопје, Македонија*
Никола Гиговски, *Скопје, Македонија*
Домагој Главина, *Загреб, Хрватска*
Александар Грчев, *Скопје, Македонија*
Киро Ивановски, *Скопје, Македонија*
Мира Јанкуловска, *Скопје, Македонија*
Петер Јевникар, *Љубљана, Словенија*
Лидија Кануркова, *Скопје, Македонија*
Билјана Капушевска, *Скопје, Македонија*
Христо Кисов, *Пловдив, Бугарија*
Дарко Мацан, *Загреб, Хрватска*
Љубо Марион, *Љубљана, Словенија*
Даница Моневска, *Скопје, Македонија*
Илијана Муратовска, *Скопје, Македонија*
Славе Наумовски, *Скопје, Македонија*
Џон Николсон, *Лондон, В. Британија*
Јулијана Николовска, *Скопје, Македонија*
Маја Пандилова, *Скопје, Македонија*
Марија Пеева, *Скопје, Македонија*
Снежана Пешевска, *Скопје, Македонија*
Дарије Планчак, *Загреб, Хрватска*
Кристина Попова, *Софија, Бугарија*
Лидија Поповска, *Скопје, Македонија*
Владимир Поповски, *Скопје, Македонија*
Мирјана Спасовска, *Скопје, Македонија*
Ана Сотировска, *Скопје, Македонија*
Саша Станковиќ, *Ниш, Србија*
Драгослав Стаменковиќ, *Белград, Србија*
Марија Стевановиќ, *Скопје, Македонија*
Весна Стевковска, *Скопје, Македонија*
Зринка Тарле, *Загреб, Хрватска*
Љиљана Тихачек, *Белград, Србија*
Георги Томов, *Пловдив, Бугарија*
Радомир Угринов, *Софија, Бугарија*
Ана Ангелова Валпони, *Лондон, В. Британија*
Васка Вандевска, *Осло, Норвешка*
Радосвета Василева, *Софија, Бугарија*
Борис Величковски, *Скопје, Македонија*
Мирослав Вукадиновиќ, *Белград, Србија*
Марија Зужелова, *Скопје, Македонија*

МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР

MACEDONIAN DENTAL REVIEW
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Review of Faculty of Dentistry - Skopje
XXXVIII

International Editorial Board

Editor in Chief

Ljuben Guguvcevski
Department for Prosthodontics
e-mail: ljguguvcevski@stomfak.ukim.edu.mk

Managing Editor

Elizabeta Georgievska
Department for Pedodontics
e-mail: egjorgievska@stomfak.ukim.edu.mk

Editorial Board

Ivan Alajbeg, *Zagreb, Croatia*
Ivan Anastasov, *Sophia, Bulgaria*
Nikola Angelov, Houston, *USA*
Sonja Apostolska, *Skopje, Macedonia*
Aneta Atanasovska, *Skopje, Macedonia*
Jagoda Bajevska, *Skopje, Macedonia*
Alberto Benedetti, *Skopje, Macedonia*
Jadranka Bundevska, *Skopje, Macedonia*
Gűrhan Cağlayan, *Hacettepe, Turkey*
Oliver Dimitrovski, *Skopje, Macedonia*
Andon Filčev, *Sophia, Bulgaria*
Silvana Georgieva, *Skopje, Macedonia*
Zlatko Georgiev, *Skopje, Macedonia*
Nikola Gigovski, *Skopje, Macedonia*
Domagoj Glavina, *Zagreb, Croatia*
Aleksandar Grčev, *Skopje, Macedonia*
Kiro Ivanovski, *Skopje, Macedonia*
Mira Jankulovska, *Skopje, Macedonia*
Peter Jevnikar, *Ljubljana, Slovenia*
Lidija Kanurkova, *Skopje, Macedonia*
Biljana Kapuševska, *Skopje, Macedonia*
Hristo Kisov, *Plovdiv, Bulgaria*
Darko Macan, *Zagreb, Croatia*
Ljubo Marion, *Ljubljana, Slovenia*
Danica Monevska, *Skopje, Macedonia*
Ilijana Muratovska, *Skopje, Macedonia*
Slave Naumovski, *Skopje, Macedonia*
John Nicholson, *London, UK*
Julijana Nikolovska, *Skopje, Macedonia*
Maja Pandilova, *Skopje, Macedonia*
Marija Peeva, *Skopje, Macedonia*
Snežana Peševska, *Skopje, Macedonia*
Darije Plančak, *Zagreb, Croatia*
Kristina Popova, *Sophia, Bulgaria*
Lidija Popovska, *Skopje, Macedonia*
Vladimir Popovski, *Skopje, Macedonia*
Mirjana Spasovska, *Skopje, Macedonia*
Ana Sotirovska, *Skopje, Macedonia*
Saša Stanković, *Niš, Serbia*
Dragoslav Stamenković, *Belgrade, Serbia*
Marija Stevanović, *Skopje, Macedonia*
Vesna Stevkovska, *Skopje, Macedonia*
Zrinka Tarle, *Zagreb, Croatia*
Ljiljana Tihaček, *Belgrade, Serbia*
Georgi Tomov, *Plovdiv, Bulgaria*
Radomir Ugrinov, *Sophia, Bulgaria*
Ana Angelova Valponi, *London, UK*
Vaska Vandevska, *Oslo, Norway*
Radosveta Vasileva, *Sophia, Bulgaria*
Boris Veličkovski, *Skopje, Macedonia*
Miroslav Vukadinovic, *Belgrade, Serbia*
Marija Zuželova, *Skopje, Macedonia*

МАКЕДОНСКИ СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје
XXXVIII

Почитувани колеги,

Македонското стоматолошко друштво во соработка со Стоматолошкиот факултет при УКИМ, Скопје има чест и привилегија да го организира 7 – от Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество под мотото „Стоматолошката наука во секојдневната практика“ од 11 до 14 јуни 2015 година во Охрид.

На Конгресот ќе бидат претставени голем број научни и стручни програми, презентирани од познати домашни и странски предавачи. Воедно Конгресната програма ви нуди можност за меѓусебна размена на идеи, знаења, професионални информации и искуства и ќе овозможи вашата секојдневна практика да биде во чекор со новитетите во стоматологијата.

Се надеваме дека новоздобиените знаења од овој Конгрес ќе ви претставуваат инспирација и мотивација во понатамошната работа за уште поголеми успеси во вашата стоматолошка практика.

Со почит,

Претседател на МСД,

Проф. д-р Соња Апостолска

ОБРАЌАЊЕ

MACEDONIAN DENTAL REVIEW
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Review of Faculty of Dentistry - Skopje

XXXVIII

Dear colleagues,

The Macedonian Dental Society in cooperation with the Faculty of Dentistry at Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Republic of Macedonia, is having the honor and the privilege to announce the 7th Congress of the Dentists from Macedonia with international participants under the motto „Dental Science in Everyday Practice"which will be held in Ohrid from 11 to 14 June 2015.

On this Congress a large number of scientific and expert programs by famous lecturers from the country and aboard will be presented. The Congress program also offers the possibilities for common exchange of ideas, knowledge, professional information and experiences, and is going to allow everyday practice to keep up with the dentistry novelties.

I truly hope that the knowledge you are going to experience at this Congress will be the inspiration and motivation in your further work to gain more and more success in your dentistry practice.

Yours sincerely,

Prof. Dr. Sonja Apostolska,

President of MDS



ADDRESS

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје Review of Faculty of Dentistry - Skopje

ТЕРАПЕВТСКА ЕФИКАСНОСТ ОД ПЕПЕРУТКА ДЕПРОГРАМЕР КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТРИГЕМИНАЛНА БОЛКА

THERAPUTIC EFFICIENCY OF BUTTERFLY DEPROGRAMMERS ON PATIENTS WITH TRIGEMINAL PAIN

Автор: Билјана Капушевска

Стоматолошки факултет,
Универзитет ‘’ Св. Кирил и Методиј” Скопје,
Р. Македонија

Autor: Biljana Kapusevska

Faculty of Dentistry
”Ss. Cyril and Methodius” Universuty in Skopje
R.Macedonia

Апстракт

Цел на трудот: е да се докаже терапевтската ефикасност на пеперутка депрограмер, којшто претставува редуцирано оклузално средство за терапија на пациенти со различни состојби на тригеминална болка.

Материјал и метод: Како материјал за иследување се 120 пациенти поделени во четири групи од по 30 пациенти: првата група се пациенти со ТМД, втората со дијагностицирана миофасцијална болка, третата со клинички знаци на мигрена, а четврта група со тензиона главоболка.

На некои од пациентите им претходеше протетичка реконструкција, а кај сите беше изработен пеперутка депрограмер и ординирана фармако и физио терапија.

Пациентите беа опсервирани по 2, 4 и 6 месеци од почетокот на терапијата, кога беше евидентирана состојбата и регистриран бројот на излекувани пациенти во даденият временски интервал.

Резултати: Бројот на излекувани пациенти по 2,4 и 6 месеци редоследно во секоја испитувана група беа следните: во првата група 6 (20%), 18 (60%), 27(90%), во втората 9(30%), 23 (76,6%), 28 (93,3%), во третата 12 (40%), 19 (63,3%), 30 (100%),за да а во четвртата група 20 (66,6%), 26 (86,66%) и 30 (100%).

Заклучок: Пеперутка депрограмерот е ефикасно средство за терапија кај сите состојби на тригеминалната болка. Тој може да се употребува

Abstract

Purpose: The purpose of this paper is to prove the therapeutic efficiency of butterfly deprogrammers, which are reduced occlusal splints used in the therapy of patients with different states of trigeminal pain.

Material and method: The study was conducted on 120 patients, divided into 4 groups of 30 patients each: the first group was patients with temporomandibular disorders (TMD), the second with myofascial pain, the third with clinical signs of migraine and the fourth with tension headache.

Some of the patients were subjected to prosthodontics therapy, while all of them received butterfly deprogrammers, as well as pharmaceutical and physical therapy.

The patients were observed 2, 4 and 6 months after the start of the therapy, periods where the patient’s condition was recorded.

Results: The number of cured patients after 2, 4 and 6 months in the corresponding groups was as follows: first group - 6(20%), 18(60%), 27(90%), second group - 9(30%), 23 (76,6%), 28 (93,3%), third group - 12 (40%), 19 (63,3%), 30 (100%) and fourth group - 20 (66,6%), 26 (86,66%) и 30 (100%).

Conclusion: The butterfly deprogrammer is efficient in the therapy of all kinds of trigeminal pain.

It can be used by itself in the treatment of migraines and tension headaches, while in cases with TMD and myofascial pain, the use of additional aids like reposition or stabilization splints is mandatory.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје Review of Faculty of Dentistry - Skopje

самостојно при третман на мигрена и тензиона главоболка, а при ТМД и миофасцијална болка задолжителна е изработка на додатни терапевтски средства како што се репозициски или стабилизациски вметнувачи (шини).

Клучни зборови: пеперутка депрограмер, тригеминална болка, ТМД, миофасцијална болка, мигрена, тензиона главоболка, стабилизациски вметнувачи (шини), репозициски вметнувачи (шини).

Key words: butterfly deprogrammer, trigeminal pain, TMD, myofascial pain, migraine, tension headache, stabilization splint, reposition splint.

ВОВЕД

Интернационалната асоцијација за изучување на болка (The International Association for the Study of Pain) ја дефинира болката како непријатно чувство со емоционално искуство предизвикано од повреда (оштетување) на ткивата во телото на човекот или од присуство на болест. При постоење на болка одговорни се два главни типа нервни влакна кои ги спроведуваат нервните импулси. Aδ кои пренесуваат сигнал со брзина од 6 до 30 метри во секунда и C влакна кои бавно ја спроведуваат болката, со брзина од 0,5 до 2 метри во секунда.
Ноцицепција е неврофизиолошки процес на спроведување и обработка на болните импулси од страна на нервните патишта кои укажуваат на потенцијални оштетувања на телесните ткива и органи. Овие патишта главно спроведуваат информација за болка, која мозокот не мора да ја интерпретира како болка.Ноцицептор е основен рецептор на ноцицептивниот систем, односно нервна клетка од типот примарни аферентни нервни влакна, која е почетен дел на нервните патишта, а се активира при постоење на болни импулси кои укажуваат на потенцијално оштетувања на телесните ткива и органи, па истите ги спроведува до ‘рбетниот мозок или ЦНС.
Орофацијалната болка се класифицира на: инфламаторна болка, неуропатска болка, функционална болка и акутна ноцицептивна болка. Кај случаи со инфламаторна болка, периферното ткиво е оштетено, а инфламаторните клетки придонесуваат за радикалната промена на непосредната околина на ноцицепторите поради распаѓањето на околното ткивото. Неуропатска болка се дефинира како болка која се појавува како директна последица на лезија или болест која го афектира неуролошкиот систем. Ваква болка во орофацијалната регија е neuralgia n. trigemini. Кај пациенти со функционална болка, поради непознати причини постои прекумерно засилување на периферните болни импулси, пришто пациентите чувствуваат иридирачка

INTRODUCTION

The International Association for the Study of Pain's widely used definition states: "Pain is an unpleasant sensory and emotional experience associated with actual or potential tissue damage, or described in terms of such damage.

There are two main types of nerve fibers that conduct nerve impulses. Aδ which transmit signals at a rate of 6 to 30 meters per second and C fibers which transmit pain slower at 0.5 to 2 meters per second.

Nociception is a neurophysiological process of transmitting and interpreting pain stimuli pulses through the nerve pathways, indicating potential damage to the tissues and organs.

These pathways mainly conduct information that the brain does not have to interpret as pain.

Nociceptors are the primary receptor of the nociception system or primary afferent nerve fibers which are an initial part of the nerve pathways.

Nociceptors are activated in the presence of painful impulses that indicate potential damage to the tissues and organs and they transmit these impulses through the spinal cord and CNS.

Orofacial pain is classified as: inflammatory pain, neuropathic pain, functional pain and acute nociceptive pain.

In cases of inflammatory pain, peripheral tissue gets damaged, and the inflammatory cells contribute to radical changes to the vicinity of nociceptors, caused by the breakdown of the surrounding tissue.

Neuropathic pain is defined as pain that occurs as a direct consequence of a lesion or disease affecting the neurological system.

болка која не е локализирана, нема јасен причинител и е распространета на разни места и органи на телото. Ваквата болка нема патолошки причител па поради тоа е позната под името функуционална болка. Акутната ноцицептивна болка во која спаѓа и акутната тригеминална болка настанува по преоптоварувањето на мастикаторната мускулатура или темпоромандибуларниот зглоб (ТМЗ), при што доаѓа до активација на ноцицепторите.

Тригеминална болка

Под поимот тригеминална болка се подразбираат сите болни дразби кои потекнуваат од инервационото подрачје на n. trigeminus, којшто е одговорен за пренос на болните сензации со потекло од темпоромандибуларниот зглоб (ТМЗ), мастикаторната мускулатура и сите површински регии на лицето.

Основни карактеристики на тригеминалната болка се симптоми на: миалгија, отралгија или артралгија[1].

Етиологија на тригеминална болка

Сите состојби кои водат кон преоптоварување на мастикаторната мускулатура или ТМЗ, зголемување на тензијата во мастикаторните мускули со покачување на мускулниот тонус, продолжени мускулни контракции и зголемена оклузална или мастикаторна сила можат да бидат извор на тригеминална болка. При ваквите состојби доаѓа до активирање на периферните ноцицептори и појава на тригеминална болка. Причина за појавата на тригеминалната болка можат да бидат: трауматска оклузија (нарушено канинско или антериорно насочување на оклузијата), бруксизам или губиток на оклузална поткрепа[2].

Трауматска оклузија претставува оклузија при која постои патолошки контакт помеѓу забите, којшто е причина за создавање на прекумерна и продолжена оклузална сила при затворањето на устата која ги оштетува забите, пародонталното ткиво, алвеоларниот гребен, ТМЗ и други орални структури. Таа може да се манифестира како: нарушено канинско насочување на оклузијата или нарушено антериорно насочување на оклузијата[3].

Во речникот на протетички термини бруксизмот е дефиниран како несвесна орална навика на ритмичко нефункционално притискање, стегање и шкрипење со забите при изведување на движења кои не се дел од функцијата на мастикација и водат кон оклузална траума[4].

Недостиг на оклузална поткрепа се јавува кај пациентите со: Kennedy класа I - билатерална терминална безабост, Kennedy II– унилатерална терминала беззабост и Kennedy III – уни или билатерално бочно вметната беззабост[5].

This kind of pain in the orofacial region is called neuralgia n. trigemini.

Patients with functional pain due to some unknown reasons show excessive strengthening of the peripheral pain impulses, with the patients feeling pain irradiating pain which can't be located and has no clear cause, but is widespread in various areas and organs of the body.

Acute nociceptive pain which includes acute trigeminal pain occurs after overloading the jaw muscles or the TMJ, leading to activation of the nociceptors

Trigeminal pain

The term trigeminal pain stand for all pain stimuli that originate from the irritation field of n. trigeminus, nerve responsible for the transmission of pain stimuli that come from the TMJ, the masticatory muscles and all facial surfaces

Trigeminal pain is characterized by myalgia, otalgia, and arthralgia.[1]

Etiology of trigeminal pain

All situations that lead to overloading of the masticatory muscles or the TMJ, increasing the tension in the masticatory muscles by increasing the tone, prolonged muscle contractions and an increase in the occlusion or mastication force can result in trigeminal pain.

In situations like these, the peripheral nociceptors get activated and trigeminal pain surfaces. Reasons for trigeminal pain include: traumatic occlusion (disrupted canine or anteriorly guided occlusion), bruxism or lack of the occlusal foundation.[2]

Traumatic occlusion is an occlusion where we see a pathological contact between the teeth, which causes an increase in intensity and duration of the occlusion, damaging the teeth, periodontal tissue, the TMJ et al. It can manifest as a disturbance in the canine or anterior guidance of the occlusion.[3]

Bruxism is defined as a subconscious oral habit of rhythmic dysfunctional clenching, pressing or grinding of the teeth, movements not associated with mastication, which lead towards occlusal trauma.[4]

The lack of occlusal foundation is seen in patients with: Kennedy Class I - Bilateral terminal edentulous dental arc, Kennedy II- unilateral terminal edentulous dental arc, Kennedy class III - uni- or bilateral intermediately edentulous dental arc.[5]

Анатомски карактеристики на n. trigeminus

Тригеминалниот нерв (петти кранијален нерв-V) е одговорен за сензација во лицето, како и и одредени моторни функции, меѓу кои гризење и џвакање.

Како најголем кранијален нерв се дели на: офталмички нерв (n.ophtalmicus, V1), максиларен нерв (n.maxillaris, V2) и мандибуларен нерв (n.mandibularis , V3)[6].

Тригеминалниот нерв кој ги спроведува информациите за тригеминална болка, излегува на мозочниот мост (pons), преминува преку врвот на мозочната пирамида и влегува во cavum Meckeli, во која е сместен тригеминалниот ганглион (ganglion seminulare, ganglion Gasseri)[7].

Офталмичкиот нерв (nervus ophtalmicus, V1) е првата гранка на тригеминалниот нерв, а носи сензорни информации за тригеминална болка од скалпот, челото, горниот очен капак, конјуктивата, корнеата, очите, носот (вклучувајќи го и врвот на носот, освен alae nasi), назалната мукоза, фронталните синуси и делови на мозочните обвивки[8].

Максиларниот нерв (maxillaris, V2) е втората гранка на n trigeminus. Носи сензорни информации за појава на тригеминална болка од долниот очен капак, образите, носот, горната усна, горните заби, непцето, носната слузница, покривот на фаринксот, максиларниот, етмоидалниот, свеноидалниот синус и делови од мозочните обвивки.

Мандибуларните нерв (nervus mandibularis, V3) носи сензорни информации за тригеминална болка од долната усна, долните заби, гингивата, брадата, мандибулата (освен angulus mandibulae), делови на надворешното уво и мозочните обвивки[9].

Сензорните информации од лицето (информации за допир и локација, како и болка и температура) при тригеминалната болка се пренесуваат преку n. trigeminus во тригеминална јадро (nucleus n. trigemini)., коешто е најголемо јадро од сите јадра на кранијалните нерви, а се шири по должината на мозочното стебло, продолжува по цервикалниот ‘рбетен мозок, каде што се спојува со клетките на дорзалниот рог на ‘рбетниот мозок[10].

Состојби на тригеминална болка

Тригеминална болка се сретнува самостојно или во склоп со други симтоми кај пациенти со: ТМД, Costen-овиот синдром, миофасцијална болка, неуроваскуларна главоболка т.е. мигрена, тензиона главоболка.

Anatomical characteristics of n. trigeminus

The trigeminal nerve (fifth cranial nerve V) is responsible for sensation in the face and certain motor functions such as biting and chewing.

It is the largest cranial nerve.

The term “trigeminal” stems from the fact that both n. trigeminus (on each side of the brain bridge) are divided into three main branches: ophthalmic nerve (n.ophtalmicus, V1), maxillary nerve (n.maxillaris, V2) and mandibular nerve (n.mandibularis, V3).[6]

The trigeminal nerve, which transmits the information for trigeminal pain, exits the brain stem (pons), passes through the top of the brain pyramid and enters cavum Meckeli, occupied by the trigeminal ganglion (ganglion semilunare, ganglion Gasseri).[7]

The ophthalmic nerve (nervus ophtalmicus, V1) is the first branch of the trigeminal nerve and it carries sensory information from the scalp and forehead, upper eyelid, the conjunctiva and cornea, eye and nose (including the tip of the nose, except alae nasi), the nasal mucosa, the anterior sinuses and parts of the brain membrane.[8]

The maxillary nerve (maxillaris, V2) is the second branch n trigeminus. It receives sensory information from the lower eyelid and cheek, nose and upper lip, upper teeth and palattum, nasal mucosa, the roof of the pharynx, maxillary, sinus ethmoidalis and sphenoidalis and parts of the brain membrane.

The mandibular nerve (nervus mandibularis, V3) transmits sensory information from the lower lip, lower teeth and gingiva, chin and mandibulae (except angulus mandibulae), parts of the outer ear and parts of the brain membrane.[9]

Most of the sensory information from the face (contact information and location, as well as pain and temperature) is transmitted through n. trigeminus into the trigeminal nucleus (nucleus n. trigemini).

The trigeminal core is the largest core of all the cores of the cranial nerves, and it spreads along the brainstem, continuing along the cervical spinal cord, where it merges with the cells of the dorsal horn of the spinal cord.[10]

Types of trigeminal pain

Trigeminal pain can be encountered individually or in conjunction with TMD, Costen syndrome, myofascial pain, neurovascular headache - migraine, tension headache.

ТМД или синдром на ТМД е заеднички термин кој вклучува различни видови пореметувања на ТМЗ и мастикаторната мускулатура, а се манифестира со симптоми на болка и попречување во нивните функции.
Costen-ов синдром претставува состојба при која се јавуваат сите симптоми од ТМД придружени со болка и запушеност, тинитус (зуење) на увото, промени во слухот и вртоглавица. Можна е и присуство на болка во образите, рамењата и главоболка во темпоралниот предел.
Миофасцијална болка е најчеста дијагноза од пореметувањата на мастикаторната мускулатура која пациентите ја опишуваат како тапа болка која може да премине во пулсирачка кога заболувањето е понапреднато и чувство на притисок во пределот на мускулот[11].
Неуроваскуларна главоболка (мигрена) вообичаено е јака пулсирачка унилатерална болка која го онеспособува пациентот. Чести придружни симптоми се: лошење, фотофобија и фонофобија. Мигрената вообичаено трае од 4 до 72 часа, а исчезнува со заспивањето. Некои пациенти чувствуваат аура 5 до 15 минути пред почетокот на болката.
Тензиона главоболка претставува постојана, истрајна и непрекината главоболка, којашто пациентите ја опишуваат како стегање околу главата[12].

ПРЕГЛЕД ОД ЛИТЕРАТУРА

Со развитокот, патентирањето на вулканизираната гума и нејзината примена во 1855 г., Charles Goodyear го започнува развитокот на интаорални средства за оклузална терапија[13].
1862 г., Tomas Gunning, ја употребил вулканизираната гума за изработка на индивидуален вметнувач (шина), за фиксирање на фрактура на долната вилица.
Овој вид вметнувач (шина) на Gunning е со голема сличност на вметнувачите (шини) коишто денеска се користат во терапијата на ТМД (темпоромандибуларна дисфункција)[14].
Во 1887 г., Kingsley објавил научен труд во кој ја опишува употребата на мека вулканизирана гума за изработка на обтуратор[15].
Karoloy, 1901 г. ја вовел употребата на оклузален вметнувач (шина) во терапија на пациенти со бруксизам[16].
Едно од првите спомнувања на меки оклузални средства за терапија на бруксизам била од страна на Matthews во 1942 г[17].
Во 1946 г. Keseling објавил испитување во кое ја опишал употребата на меко максиларно средство за оклузална рехабилитација кое имало за цел да ја фиксира мандибулата во претходно одредена положба во однос на максилата[18].

TMD syndrome or TMD is a common term that includes various types of disorders of the TMJ and masticatory muscles and is manifested by symptoms of pain and interference in their functions.

Costen syndrome is a condition that includes all of TMD's symptoms, accompanied by pain and muffled ears, tinnitus, changes in the ability to hear and lightheadedness.

The presence of pain in the cheeks, shoulders and headache in the temporal region is possible as well.

Myofascial pain is the most frequent diagnosis regarding disorders of masticatory muscles which patients describe as a dull pain that can be converted into a pulsating one when the disease is advanced as well as feeling of pressure in the area of the muscle.[11]

Neurovascular headache is usually a unilateral severe pulsating pain that disables the patient. Often associated symptoms are: nausea, photophobia and phonophobia.

Migraine usually lasts from 4 to 72 hours and it disappears when falling asleep. Some patients feel an aura 5 to 15 minutes before the pain.

Tension headache is a constant, persistent and continuous headache. Often patients describe it as tightness around their head.[12]

Literature review

With the development of vulcanized rubber and its use in 1855, Charles Goodyear starts the history of intraoral constructs as therapeutic means.[13]

In 1862 Tomas Gunning, uses the vulcanized rubber to make individual splints to fixate fractures in the lower jaw.

This kind of splint is very similar with the splints used today in TMD therapy.[14]

In 1887 Kinglsey publishes a study that describes the use of soft vulcanized rubber in the construction of obturators.[15]

Karoloy in 1901 first starts using occlusal splints in the therapy of bruxism.[16]

The first mention of soft occlusal splints in the therapy of bruxism was done by Matthews in 1942.[17]

In 1946 Keseling publishes a study in which he uses a soft maxillary construct for occlusal rehabilitation. The construct was meant to fixate the mandible in a previously determined position.[18]

Shore во 1959 г., поставил пример според кој треба да се изведува терапијата кај пациенти со болка во ТМЗ и мастикаторната мускилатура[19].
Во 2001 г., Kreiner и Clark објавиле студија во која утврдиле дека пациентите кои биле третирани со стабилизациски шини имале значително подобрување во терапијата на ТМД во споредба со пациентите од контролната група на кои им било дадено плацебо[20].
Jockstad и Krogstad во 2005 г. испитувале две групи на пациенти со тригеминална болка, од кои првата група третирани со стабилизациски, а втората со НТИ вметнувачи (шини). При испитувањето било потврдено зголемување на подвижноста, како и намалување на болката во ТМЗ, без разлика во тераписката ефикасност во однос на употребеното тераписко средство за терапија на тригеминална болка[21].

ЦЕЛ НА ТРУДОТ е да се прикаже терапевтската ефикасност од пеперутка депрограмер, којшто претставува редуцирано оклузално средство индицирано при терапија на пациенти со различни состојби на тригеминална болка.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД
Како материјал за иследување беа 120 пациенти кои се јавиле на преглед на клиниката за Стоматолошка фиксна протетика при Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Пациентите биле селектирани по земените анамнестички податоци во кои ги опишуваат симптомите, карактерситични за одредена состојба на тригеминална болка. Кај некои од нив задолжително постоеше потреба од изработка на протетички надоместок.
Пациентите беа поделени во четири групи според клиничката слика на тригеминалната болка. Првата група составена од 30 пациенти имаа клиничка слика на ТМД со компликации во ТМЗ. Втората група од 30 пациенти имаа симптоми кои укажуваа на состојба на миофасцијална болка.
Третата група беше сочинета од 30 пациенти со јасни клинички знаци на мигрена, а во четвртата група од 30 пациенти беа оние со тензиона главоболка.
По клиничкиот преглед, земената анамнеза и изработениот протетички надоместок, се констатираше индикација за изработка на оклузално средство за терапија на тригеминалната болка. Како оклузално средство на избор за изработка беше определен пеперутка депрограмерот.
Пеперутка депрограмерот е индивидуална направа, којашто се изработува ex tempore. Составен е од акрилатно тело кое ги препокрива палатиналните површини на фронталните заби и

Shore in 1959 did a thesis on the therapy of patients with pain in the TMJ and the masticatory muscles.[19]

In 2001 Kreiner and Clark published papers in which they confirmed that patients who were treated with stabilization splints showed significant improvement in the therapy of TMD compared to patients in a control group who were given placebo therapy.[20]

Jockstad and Krogstad in 2005 did a study on the groups of patients with trigeminal pain, the first of which was treated with stabilization splints and the second one with NTI (Nociceptive system for trigeminal inhibition and suppression of tension) splints.

It was concluded that there was an increase in movement and a decrease in pain in the TMJ in both methods of therapy.[21]

Purpose:
The purpose of this paper is to prove the therapeutic efficiency of butterfly deprogrammers, which are reduced occlusal splints used in the therapy of patients with different states of trigeminal pain.

MATERIAL AND METHOD
The study was done on 120 patients, who came to the Clinic for dental prosthodontics at the Dental clinical center “Ss. Pantelejmon” in Skopje.

The patients were selected after their anamnestic data was noted, describing their symptoms, characteristic for certain types of trigeminal pain.

For some of them prosthodontics aids were made.

The first group was formed of 30 patients with TMD and complications in the TMJ. The second group of 30 patients showed symptoms of myofascial pain.

The third group of 30 patients had clear signs of migraine, while the fourth group of 30 patients had tension headache.

After the data was noted and the prosthodontics were made, the construction of the occlusal aid for trigeminal pain was initiated.

The chosen device was the butterfly deprogrammer.

The butterfly deprogrammer is an individual device, made ex tempore. It’s composed of an acrylic body which covers the palatal surfaces of the frontal teeth and the premolars, contacting interdentally with the frontal incisors via a vertical ramp (Fig. 1.).

премоларите, а со вертикална оклузална пречка контактира со интерденталната точка на долните централни инцизиви **(Слика 1)**.
Неговата изработка е брза, за 20 минути со цел да се постигне итно олеснување на симптомите од рекурентна тензиона главоболка, артралгија, миалгија, отлгија и други акутни симптоми со кои се судираат испитуваните пациенти. Корисен е и при дијагноза на ТМД и при лабораториска изработка на класичен стабилизациски вметнувачи (шина). Со него се постигнува релаксирана положба на мандибулата при центрична оклузија, во која кондилите се сместени супериорно во однос на fossa mandibularis без употреба на сила.
Пеперутка депрограмерот во текот на првите 24 часа се носи континуирано, освен при јадењето, а потоа само при спиењето. Но, се носи и во текот на критични периоди од денот кога пациентот чувствува дека постои најголем ризик од активност на зголемен стрес, оклузални парафункции и бруксизам. Оваа направа се изработува индиректно или директно интраорално од самоврзувачки акрилат т.е. симплекс. Методот на изработка на пеперутка депрограмерот започнува преку земање на отпечаток од устата на пациентот и регистрација на меѓувиличните соодноси во загриз од розов восок. По добивање на работните модели заедно со восочниот загриз земен во оклузија, моделите се поставуваат во артикулатор.
Постапката продолжува со изолирање на површината од работниот модел со некое од изолационите средства како што е изолак. Следува одбележување на границите на пеперутка депрограмерот со помош на мастилав молив врз работниот модел од пациентот. Вестибуларните граници на пеперутка депрограмерот на работниот модел антериорно ги претставуваат инцизалните рабови на предните заби, а бочно целосно ги препокрива оклузалнита површини на забите, за да неговата дистална граница е претставена со дисталниот раб на оклузалната површина од вторите премолари или во случај на екстрахиран втор премолар дисталната граница може да се продолжи до средината на првиот молар. Оралната граница на пеперутка депрограмерот е во облик на обратно свртена буква U, којашто е паралелна со забниот низ и се протега до преминот на хоризонталниот во вертикалниот дел на непцето. Вака одбележаните рабови се заштитуваат со помош на розов восок за да при изработката на пеперутка депрограмерот вишокот на акрилат не излезе надвор од предходно одбележаните граници на работниот модел.
Со помош на челична жица со пречник 0.7 mm се обликуваат капкасти кукички кои се поставу-

It can be made in around 20 minutes and can be applied immediately to relieve symptoms of recurrent tension headaches, arthralgia, myalgia, otalgia and other acute symptoms.

It's useful in the diagnosis of TMD and in the fabrication of stabilization splints in the lab. It's used to achieve a relaxed centric position of the mandible, were the condyles are places superior to the fossa mandibularis without the use of force.

During the first day, the splint is worn for 24 hours, except when eating, and after the initial 24 hours, it's only worn during sleep. But it can be worn during the critical periods of the day when the patient feels a high risk of bruxism activity, stress and occlusal parafunctions.

It can be made indirectly or directly with the use of selfcurring acrylate. It starts with taking an impression of the patient and registering the occlusion in pink wax. After we get the working models, we isolate them.

After that, the borders of the butterfly deprogrammer are marked on the model. On vestibular side, the borders are on the incisal edges of the frontal teeth, while in the lateral the occlusal surfaces are completely covered.

The distal border is represented by the occlusal surface of the second premolars or in cases where they've been extracted it can be extended to the middle of the first molar.

The oral border of the butterfly deprogrammer is in the shape of the letter U, parallel with the dental arch, extending to the point where the palatum goes from horizontal to vertical.

The marked borders are protected with pink wax, in order to prevent the excess acrylate from spilling over the borders.

Using a steel wire with a diameter of 0.7 mm we form retentions set between the canine and the first premolar, and between the two premolars on both sides of the dental arch (Fig. 2.).

After the model has been prepared like this, the appropriate quantity of polymer and monomer are measured and they are mixed.

They are mixed until the mass reaches a plastic state that will be easy to mold.

ваат помеѓу премоларот и канинит и помеѓу двата премолари обострано на делталниот лак од работниот модел **(Слика 2.)**.
Капкастите кукички со помош на накапување на розов восок од вестибуларната страна на работниот модел цврсто се фиксираат на своето место. После ваквата припрема на работниот модел внимателно се одмеруваат соодветни количини на прашок т.е. полимер и течност т.е. мономер од самоврзувачкиот акрилат и се замешуваат во дапен боцичка со помош на шпатула. Мешањето се продолжува додека смесата не добие пластична конзистенција погодна за понатамошно обликување. Од самоврзувачкиот акрилат со рачно се обликува една ролна со облик на издолжен цилиндар. Масата е пластична и поради тоа лесна за обликување, но е доста леплива, па затоа прстите се премачкуваат со вазелин. Артикулаторот со работните модели се затвора во положба на центрична оклузија. Се воочуваат поклопувањето на средините на забните лаци, длабочината на загризот и големината на хоризонталниот преклоп (over jet) за да се одреди големината и положбата на инцизалната пречка на депрограмерот. Ваквата инцизална пречка треба да го отвори загризот во пределот на бочните заби за 2-3 mm. Изработената ролна се превиткува во облик на потковица и се поставува позади лингвалните површини на сувите заби од работниот модел и по должината на палатиналната маргинална гингива. Дисталните граници на поставената ролна треба да допираат до дисталните површини на вторите премолари на обете страни од денталниот лак на работниот модел. Ролната се притиска во интерденталните и подминираните простори на денталниот лак од палатиналната страна на работниот модел. Се продолжува со притискање на материјалот врз оклузалните површини на премоларите. Штом е готова избработката се отстранува од работниот модел и се потопува во врела вода со цел да се забрза процесот на полимеризација. Потоа следи обработка (груба и фина) и полирање до висок сјај **(Слика 3)**.
Како придружна терапија кај сите ординирани пациенти е и витаминско- минерална терапија и миофункционални вежби.
Испитуваните пациенти беа следени во текот 6-месечен период од предавањето на пеперутка депрограмерот.
На првиот контролен преглед, по 2 месеци, кај пациентите беа нотирани субјективните и објективните промени во индивидуален картон за секој пациент.
Вториот контролен преглед беше изведен по 4 месеци од воведувањето на терапискиот протокол, а третиот по по 6 месеци.

An elongated cylinder is formed from the mass. Since the mass is sticky, the physician should cote his hands with vaseline.

The articulator is then closed in centric position. Note is taken of the middle of the dental arches, the depth of the bite and the over jet in order to determine the size and position of the vertical ramp.

The ramp needs to open the bite in the lateral region, and the space should be about 2-3 mm.

The mass is then applied on the lingual surface of the teeth on the work model and along the palatal marginal gingiva.

The distal borders of the mass need to touch the distal surfaces of the second premolars on both sides.

The mass is pressed into the interdental spaces and undercuts of the palatal surface of the dental arch on the work model.

After it's done, the device is removed from the model and submerged in hot water in order to speed up the polymerization. After that, the device is polished to high glow (Fig. 3.).

As an addition to this the patients were given pharmaceuticals - vitamins and minerals, as well as myofacial exercises.

The patients were monitored in a 6 month period after the butterfly deprogrammer was given to them.

The first checkup was after 2 months, where subjective and objective findings were noted.

The second visit was after 4 months of therapy and the final visit was after 6 months.

After every visit the butterfly deprogrammer was readapted and the presence or absence of symptoms of trigeminal pain in the form of arthralgia for TMD, myalgia for myofascial pain, and headache for migraines and tension headaches was noted (Fig. 4.).

RESULTS

The collected data from the four groups was processed using Statistika 7.1.

Table 1 shows the results obtained by the clinical observation of patients with diagnosed trigeminal pain and its therapy.
According to the data, the group of patients with TMD (the first group), treated with the butterfly deprogrammers, we can see that 6 (20%) of the pa-

На секој од контролните прегледи освен реадаптација и реоклузија на пеперутка депрограмерот било верифицирано присуството или отсуството на симптомите од состојбата на тригеминалната болка: артралгија кај ТМД, миалгија кај миофасцијалната болка и главоболка кај пациентите со мигрена и тензиона главоболка **(Слика 4)**.

РЕЗУЛТАТИ

Според Statistika 7.1 за верифицирање на резултатите, ја користевме средната вредност од добиените резултати за мерењата кај пациентите од четирите групи.

Во табела 1 се прикажани резултатите добиени од клиничката опсервација и дијагноза на пациентот со дијагностицирано присуство на состојба на тригеминална болка и нејзина терапија **(Табела 1)**.

Според податоците од првата група пациенти со ТМД, а третирани со пеперутка депрограмер, на првиот контролен преглед имало намалување или исчезнување на болните симптоми кај 6 (20%) пациенти, на вториот контролен преглед асимптоматски биле 18 (60%), а при третата посета кај 27 (90%) испитувани пациенти.

Во втората група пациенти со дијагностицирана миофасцијална болка и ординирано тераписко средство – пеперутка депрограмер при првиот контролен преглед била утврдена елиминација на тригеминалната болка кај 9 (30%) пациенти, по вториот контролен преглед кај 23 (76,6%), а по третиот кај 28 (93,3%) пациенти.

Третата група пациенти со клинички знаци на мигрена, при првиот контролен преглед имала 12 (40%) успешно третирани пациенти, по вториот 19 (63,3%), а по третиот контролен преглед 30 (100%) пациенти.

Четвртата група пациенти со тензиона главоболка, покажаа подобрување уште на првиот контролен проглед. Кај 20 (66,6%) пациенти симптомите на тензионата главоболка биле исчезнати при првиот контролен преглед. При вториот контролен преглед дури кај 26 (86,66%) пациенти симптоми не постоеле , а при третиот контролен преглед симптомите исчезнале кај сите 30 (100%) пациенти.

ДИСКУСИЈА

Според анализите и обработката на податоците добиени од пациентите преку анамнестички преглед, клинички дијагностички методи и изработка на оклузално средство за терапија на состојба на тригеминална болка т.е. пеперутка депрограмер сите пациенти покажале реакција на приложената теапија.

Некои од пациентите третирани со редуцираните стабилизациски шини – пеперутка депро-

tients were cured by the first visit, 18 (60%) by the second, and 27(90%) by the end of the study.

The results of the second group (patients with myofascial pain), show us that 9 (30%) of the patients using the butterfly deprogrammer were cured by the first visit, 23 (76,6%) by the second and 28 (93,3%) by the third and final visit.

The third group, the group diagnosed with migraines, after being treated with the butterfly deprogrammer, showed the following results: 12(40%) cured by the first visit, 19(63,3) by the second, and 30 (100%) at the end of the study.

The fourth and final group of patients, showing symptoms of tension headache, after the treatment, the following results were concluded: 20 (66,6%) of the patients were relieved of their symptoms by the first visit, 26 (86,66%) by the second visit and by the end of the therapeutic period all 30 (100%) of the patients were relieved of their pain.

DISCUSSION

According to the processed the data and its analysis throughout the course of this study, obtained via anamnestic data and the monitoring of the patients throughout the therapeutic period, we can conclude that all of the patients showed positive results to the butterfly deprogrammer.

Some of the patients using the stabilization splint - butterfly deprogrammer showed results faster than others.

All of the patients with trigeminal pain showed an improvement of their clinical signs by their first visit after only 2 months.

The butterfly deprogrammer caused an improvement, but not a total disappearance of the symptoms in the groups with TMD and myofascial pain.

Therefor the butterfly deprogrammer wasn't fully successful in the first and second group. 3 (10%) patients in the first group (symptoms of TMD), and 2 (6,67%) patients in second group (patients with myofascial pain) weren't asymptomatic by the end of the 6 month therapeutic period.

On the other hand, the patients diagnosed with migraines and tension headaches, from the third and fourth group respectively, were asymptomatic of trigeminal pain by the end of the therapeutic period. The butterfly deprogrammer showed most effective in the therapy of the fourth group, where we can see that 20 (66,6%) of the patients were cured by the

грамер одговориле побрзо на приложената терапија, а некои имале поспор тек на реакција. Сите состојби со тригеминална болка покажале подобрување на клиничката слика уште при самиот почеток на употреба на пеперутка депрограмерот.
Пеперутка депрограмерот предизвикал подобрување, но без целосно отстранување на заболувањето кај пациентите кои на клиниката по фиксна стоматолошка протетика се јавиле со симптоми кои укажуваат на ТМД и миофасцијалната болка.
Пеперутка депрограмерот не бил ефикасен кај сите 30 (100%) пациенти, кај првата и втората група на пациенти со ТМД и миофасцијална болка. Во првата група на пациенти со ТМД, пеперутка депрограмерот немал никаков ефект врз 3 (10%) пациенти, додека во втората група на пациенти со миофасцијална болка терапијата со пеперутка депрограмерот немал терапевтска ефикасност кај 2 (6,67%), по изминатите 6 месеци од предвидениот тераписки протокол.
Кај пациентите кои биле дијагностицирани со мигрена и тензиона главоболка со потекло од оклузални парафункции, а третирани со пеперутка депрограмер, по завршетокот на терапијата успешно биле елиминирани сите симптоми на тригеминална болка кај сите 30 (100%) пациенти.
Исто така, разликата помеѓу средните вредности на 11-степената скала за регистрирање на симптоми кај пациентите, еден месец и три месеци по терапијата, според Student-овиот-t тест беше статистички сигнификантна за $p<0,010537$ (табела 5).

Нашите резултати се во согласност испитувањата на Gremeau-Richard[25] и Rodrigues[26] , кои укажуваат на позитивните ефекти од локалната примена на клоназепам.

In patients where the main etiological factor of BMS was stress, local use of clonazepam (for a period of 12 to 15 weeks, 0.5-1 mg three times per day) was ordinated. After the treatment of six months, it was shown that the intensity of pain is on lower scale than before the treatment[22].

There are studies with systematic use of clonazepam23 at concentration of 0.25 mg, up to 3 mg per day, but the topical use of clonazepam gives better results. This has proved that the use of drugs from the group of benzodiazepines, which act as GABA receptor agonist and perform inhibition on CNS have a calming effect on the painful, burning sensation.

The average age of our patients in the study was 58 years old and we registered statistically significant difference ($p<0.01$) between the presents of the female and male population in our study (table and chard 1).

We expected this result because not only the literature but also our clinical experience shows that BMS is more often in woman population.

Our results for the individual values of each patients on the 11 degrees scale for registration of symptoms before and after three months of treatments are shown on table 2.

It is evident that in more of the respondents, one month and three months after the treatment with clonazepam, the symptoms are decreased.

The difference between the mean values of 11 degrees scale for registration of symptoms in patients before treatment and one month after treatment, according to the Student t-test is statistically significant for $p<0.00003$ (Table 3).

Significant ($p<0.00000$) reducing of symptomatology we registered and after three months of treatment with clonazepam (table 4).

Also the difference between the mean values of 11 degrees scale for registration the symptoms in patients, one month and three months after the treatments, according to Student t-test was statistically significant for $p<0.010537$ (Table 5).

Our results are equal with tests of Gremeau - Richard25 and Rorigues [26], that indicate the positive effects of local application of clonazepam.

The results of our pilot study indicate the positive effects of clonazepam in reducing the symptoms in patients with BMS. This is particularly evident in

Резултатите од нашата пилот студија укажуваат на позитивни ефекти на клоназепамот во намалувањето на симптоматологијата кај пациентите со Жаречки орален синдром. Тоа особено е евидентно кај пациентите по тримесечниот третман со овој синдром. Кај 53,3% од нашите испитаници состојбата по третманот беше многу подобрена. Само кај двајца пациенти вклучени во студијата не регистриравме никакво подобрување на симптоматологијата (Табела 6).

Иако во нашето испитување не вклучивме психолошко тестирање на пациентите сепак, ваквиот неуспех на третманот сметаме дека должи на сериозни психосоцијални проблеми присутни кај тие два пациенти. На тоа укажува и истражувањето на Lamey[7] во кое се посочува дека третманот ЖОС кај пациенти со психолошки проблеми и хронична анксиозност е многу потежок и непредвидлив.

Ефектите на клоназепамот сметаме дека се должата на неговата брза растворливост во устата и на неговото пролонгирано локално делување. Оваа наша теза е подржана и од Gremeau-Richard[25].

Авторите укажуваат дека клоназепамот делува локално врз еден или повеќе етиопатогенетски механизми одговорни за ЖОС. Тоа го потврдува и ставот на Grushka[27], кој укажува дека кај пациентите со орален жаречки синдром е писутно пореметување на нервната трансмисија.

Авторот потврдил дека сензитивните завршетоци на јазикот, одговорни за перцепцијата на жаречките сензации, се непосредно поврзани со густативните рецептори и рецепторите за чувство на сувост во устата.

На тој начин го објаснуваме и намалувањето на сувост во устата и подобрување на вкусовите перцепции кај нашите пациенти по третманот со клоназепам.

Заклучок

Третманот на Жаречкиот орален синдром треба да се насочи кон две тераписки опции, едната е локално третирање на симптомите а другата е практицирање на базична психотерапија (индивидуално прилагодена за секој пациент), која може да се спроведува во стоматолошката ординација.

Локално употребениот клоназапам значително ги редуцира симптомите кај ЖОС и го препорачуваме кај пациенти кои имаат подолга историја на овој синдром.

patient after three months of treatment with this syndrome. In 53.5% of our respondents the condition after the treatment was much improved. In only two patient involved in study was not registered any improvement of symptomatology.

In our study was not included psychological testing of patients, but however, this failure of treatment we believe that is result to the serious psychological problems present in this two patients.

An indicator for these results is the study of Lamey[7] in which it is proposed that BMS treatment in patients with psychological problems and chronic anxiety is very difficult and unpredictable.

The effects of clonazepam we considered that are the quick solubility in the mouth and his prolonged local action. This our thesis are supported by Gremeau – Richard[25].

The author suggested that clonazepam acts locally, affecting one or more the etiopathogenic mechanisms responsible for BMS . This would validate the proposal of Grushka et al[27], who stated that BMS ori¬ginates with an alteration in neuronal trans¬mission.

These authors note that the sensiti¬ve endings of the tongue responsible for the perception of the burning sensation are clo¬sely related to the taste receptors and to the sensation of dryness.

Thus explains the reduction of dryness in the mouth and enhance the perception in our patient after the treatment with clonazepam.

Conclusion:

The treatment of BMS should focus on two therapeutically option, one is local treatment of the symptoms and the other is practicing of basic psychotherapy (individualized for each patient), which can be implemented in the dental office.

The local use of clonazepam significantly reduces the symptoms in BMS and it is recommended to patients with long history of this syndrome.

	Valid N	Mean	Minimum	Maximum	Std.Dev.
возраст	15	58,00000	37,00000	68,00000	8,237545

Табела 1

	Valid N	Mean	Minimum	Maximum	Std.Dev.
возраст	15	58,00000	37,00000	68,00000	8,237545

Table 1

Табела 1. Приказ на просечната возраст на испитаниците

Table 1. Average age of patients



Графикон 1



Chart 1

Графикон бр.1 Приказ на испитаниците според полот (1-женски пол,2-машки пол)

Chart 1. Respondents by sex (1- female 2-male)

ред. бр.	пред терапија	по 1 месец	по 3 месеци
1	9	6	4
2	8	2	1
3	8	5	1
4	9	5	2
5	7	3	2
6	10	5	0
7	7	4	1
8	10	7	3
9	10	7	2
10	10	5	3
11	10	9	10
12	10	9	10
13	10	7	4
14	9	7	3
15	10	5	2

Табела 2

number	Before treatment	After 1 month	After 3 months
1	9	6	4
2	8	2	1
3	8	5	1
4	9	5	2
5	7	3	2
6	10	5	0
7	7	4	1
8	10	7	3
9	10	7	2
10	10	5	3
11	10	9	10
12	10	9	10
13	10	7	4
14	9	7	3
15	10	5	2

Table 2

Табела 2.Вредности на 11-степена скала за регистрирање на симптомите кај испитаниците пред почеток, еден и тримесеци по терапијата

Table 2. Values of 11 degrees scale for registration of symptoms in patients before beginning and after three months of treatment.

ср.вр. пред тер.	ср.вр. по 1 месец	t-value	df	p	Std.Dev.	Std.Dev.
9,133333	5,733333	5,779908	28	0,000003	1,125463	1,980861

Табела 3

Mean values before treatment	Mean values after one month of treatment	t-value	df	p	Std.Dev.	Std.Dev.
9,133333	5,733333	5,779908	28	0,000003	1,125463	1,980861

Table 3

ср.вр. пред тер.	ср.вр. по 3 месеци	t-value	df	p	Std.Dev.	Std.Dev.
9,133333	3,200000	7,212078	28	0,000000	1,125463	2,980892

Табела 4

Mean values before treatment	Mean values after three months	t-value	df	p	Std.Dev.	Std.Dev.
9,133333	3,200000	7,212078	28	0,000000	1,125463	2,980892

Table 4

ср.вр. по 1 месец	ср.вр. по 3 месеци	t-value	df	p	Std.Dev.	Std.Dev.
5,733333	3,200000	2,741394	28	0,010537	1,980861	2,980892

Табела 5

Mean values after one month	Mean values after three months	t-value	df	p	Std.Dev.	Std.Dev.
5,733333	3,200000	2,741394	28	0,010537	1,980861	2,980892

Table 5

многу подобрено		подобрено		минимално подобрено		без промени	
бр.на испитаници	%	бр.на испитаници	%	бр.на испитаници	%	бр.на испитаници	%
8	53,3	4	26,7	1	6,7	2	13,3

Табела 6

Much improved		improved		Minimal improved		Without changes	
Number of respondents	%	Number of respondents	%	Number of respondents	%	Number of respondents	%
8	53,3	4	26,7	1	6,7	2	13,3

Table 6

Табела 3. Разлика помеѓу средните вредности на 11-степената скала за регистрирање на симптоми,пред и еден месец по терапијата

Табела 4. Разлика помеѓу средните вредности на 11-степената скала за регистрирање на симптоми,пред и три месеци по терапијата

Табела 5. Разлика помеѓу средните вредности на 11-степената скала за регистрирање на симптоми, по еден месец и по три месеци од терапијата

Табела 6. Дистрибуција на испитаниците според субјективното чувство за намалување на симптомите по терапијата

Table 3. Difference between average values of 11 degrees scale for registration of symptoms before and one month after treatment.

Table 4. Difference between mean values of the 11 degrees scale for registration of symptoms before and three months after the treatment.

Table 5. Difference between mean values of 11 degrees scale for registration of symptoms after one month and after three months of treatment.

Table 6. Distribution of the patients according to the subjective filling of reducing the symptoms after the treatment.

ЛИТЕРАТУРА

REFERENCES

1.Grushka M, Bartoshuk LM. Oral Dysesthesias and Burning mouth syndrome: Taste is a piece of the puzzle. The Canadian Journal of Diagnosis .2000; 17:99-109

2. Grushka M, Ching V, Epstein J. Burning mouth syndrome. Adv Otorhinolaryngol. 2006;63:278-87.

3. Klasser GD, Fischer DJ, Epstein JB. Burning mouth syndrome: recognition, understanding, and management. Oral Maxillofac Surg Clin North Am. 2008;20:255-71.

4. Brufau-Redondo C, Martín-Brufau R, Corbalán-Velez R, de Concepción-Salesa A. Burning mouth syndrome. Actas Dermosifiliogr.2008;99:431-40

5. Grushka M, Epstein JB, Gorsky M. Burning mouth syndrome and other oral sensory disorders: a unifying hypothesis. Pain Res Manag. 2003;8:133-5.

6. Scala A, Checchi L, Montevecchi M, Marini I, Giamberardino MA. Update on burning mouth syndrome: overview and patient management. Crit Rev Oral Biol Med. 2003;14:275-91.

7. Lamey PJ, Lamb AB, Hughes A, Milligan KA, Forsyth A. Type 3 burning mouth syndrome: psychological and allergic aspects. Journal of Oral Pathology & Medicine. 1994; 23: 216-219.

8. Main DM, Basker RM. Patients complaining of a burning mouth. Further experience in clinical assessment and management. British Dental Journal. 1983; 154: 206-211.

9. Schmitt RJ, Sheridan PJ, Rogers RS. Pernicious anemia with associated glossodynia. Journal of the American Dental Association. 1988; 117: 838-840.

10. López-Jornet P, Saura-Inglés A, Martínez-Mondéjar B, Bermejo-Fenoll A. Valoración de la tasa de flujo salival en pacientes con diabetes mellitus tipo 1 y tipo 2. Archivos de Odontoestomatol. 1996; 12: 690-697.

11. Maltsman-Tseikhin A, Moricca P, Niv D. Burning mouth syndrome: will better understanding yield better management? Pain Pract 2007;7(2):151-62.

12. Danhauer SC, Miller CS, Rhodus NL, Carlson CR. Impact of criteria-based diagnosis of burning mouth syndrome on treatment outcome. J Orofac Pain. 2002;16:305-11.

13. Farrara T.J., Young P.J., LaMoreauxb L, Clinical importance of changes in chronic pain intensity measured on an 11-point numerical pain rating scale. Pain. 2001;94: 149–158.

14. Grushka M, Epstein JB, Gorsky M. Burning mouth syndrome. American Family Physician. 2002; 65: 615-620.

15. Espinosa LS, López JP, Frutos RR. Síndrome de boca ardiente. Eficacia de la aplicación tópica de capsaicina. Estudio Piloto. Avances en Odontoestomatologia. 2004; 20: 297-304.

16. Epstein JB, Marcoe JH. Topical application of capsaicin for treatment of oral neuropathic pain and trigeminal neuralgia. Oral Surgery, Oral Medicine, and Oral Pathology. 1994; 77: 135-140.

17. Yamazaki Y, Hata H, Kitamori S, Onodera M, Kitagawa Y. An open-label, noncomparative, dose escalation pilot study of the effect of paroxetine in treatment of burning mouth syndrome. Oral Surgery, Oral Medicine, Oral Pathology, Oral Radiology, and Endodontics. 2009; 107: e6-e11.

18. Ueda N, Kodama Y, Hori H, Umene W, Sugita A, Nakano H, Yoshimura R, Nakamura J. Two cases of burning mouth syndrome treated with olanzapine. Psychiatry and Clinical Neurosciences. 2008; 62: 359-361.

19. . Tammiala-Salonen T, Forssell H. Trazodone in burning mouth pain: a placebo-controlled, double-blind study. Journal of Orofacial Pain. 1999; 13: 83-88.

20. Femiano F, Gombos F, Scully C. Burning Mouth Syndrome: open trial of psychotherapy alone, medication with alpha-lipoic acid (thioctic acid), and combination therapy. Medicina oral. 2004; 9: 8-13.

21. Heckmann SM, Heckmann JG, Ungethüm A, Hujoel P, Hummel T. Gabapentin has little or no effect in the treatment of burning mouth syndrome - results of an open label pilot study. Eur. J. Neurol. 2006; 13: 6–7.

22. Gremeau-Richard C, Woda A, Navez ML, Attal N, Bouhassira D, et al. Topical clonazepam in stomatodynia: a randomized placebo-controlled study. Pain. 2004; 108: 51-57.

23. Woda A, Navez ML, Picard P, Gremeau C, Pichard-Leandri E. A possible therapeutic solution for stomatodynia (burning mouth syndrome). J Orofac Pain 1998;12(4):272-8.

24. Amos K, Yeoh SC, Farah CS. Combined topical and systemic clonazepam therapy for the management of burning mouth syndrome: a retrospective pilot study. Journal of orofacial pain. 2011, 25(2):125-130

25. Gremeau-Richard C, Woda A, Navez ML, Attal N, Bouhassira D, Gagnieu MC, et al. Topical clonazepam in stomatodynia: a randomised placebo-controlled study. Pain 2004;108:51-57

26. Rodriguez C, Lopez J, Chimenos E. Response to topical clonazepam in patients with burning mouth syndrome: a clinical study. Bull Group Int Rech Sci Stomatol Odontol. 2010; 49: 19-29.

27. Grushka M, Bartashuk LM. Burning mouth syndrome and oral dysesthesias. Oral Health J 2001; 27-33.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје Review of Faculty of Dentistry - Skopje

ОРАЛНА И ДЕНТАЛНА БОЛКА КАЈ ДЕЦАТА

ORAL AND DENTAL PAIN IN CHILDREN

Автор: **Марија Стевановиќ**

Катедра за детска и превентивна стоматологија,
Стоматолошки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Матодиј“ Скопје,
Република Македонија

Autor: **Marija Stevanovik**

Department of Pedyatric and Preventive dentistry
Faculty of Dentistry Skopje
University of,, Ss. Cirilius and Methodius" Skopje
Republic of Macedonia

Апстракт

Третманот на болката и дискомфортот кај пациентот е приоритет на секој стоматолог. Болката која ја чувствуваат децата може да доведе до долгорочни последици. Децата кои во раната возраст биле изложени на чести болни процедури имаат поголема инциденца на хронични болни синдроми покасно во животот. Неадекватната контрола на болка кај децата за време на стоматолошките третмани, ја намалува адекватната контрола на болката во иднина.

Болката се дефинира како субјективно непријатно сензитивно и емоционално искуство. Постојат два типа на болка: акутна и хронична болка.

Акутната болка е поврзана со краток период на ткивна повреда или инфламација, а хроничната болка се опишува како константна болка која трае три или повеќе месеци.

Стоматолошките интервенции или забоболката предизвикуваат ослободување на простагландини кои претставуваат медијатори на болка. Тие се моќни вазодилататори и про-инфламаторни компоненти кои предизвикуваат еритем, болка и хиперемија кои се поврзуваат со траума или оштетување на ткивата во оралната празнина.

Постојат повеќе фактори кои влијаат на перцепцијата на болка кај децата. Болката има емоционални, сензитивни, бихејвиорални и когнитивни компоненти. Некои од факторите кои влијаат на болката кај децата се: биолошки, физиолошки, културни, темпераментот на детето

Abstract

Treatment of pain and suffering should be a priority for all clinicians. Children do experience pain and pain can produce long-term consequences.

Children who undergo repeated painful procedures in early childhood have higher incidence of chronic pain syndromes later in life. Inadequate during a medical or dental procedure diminishes the effect of adequate pain control during future dental procedures.

Pain is defined as an unpleasant sensory and emotional experience and is known to be a subjective experience.

There are two types of pain: acute and chronic. Acute pain is associated with a brief period of tissue injury or inflammation. Chronic persistent pain describes nearly constant pain which continues over three months or longer.

Dental procedures and toothaches cause the release of prostaglandins and therefore cause pain. Prostaglandins are potent vasodilators and pro-inflammatory compounds that cause the erythema, pain and hyperemia associated with trauma or oral tissue damage.

There are more factors that influence pain perception in children. Pain has emotional, sensory, behavioral and cognitive components.

Some of the factors which influence the pain experience in children include: biological factors, psychological factors, cultural factors, temperament, context, previous experience, pain sensitivity, coping

и претходното искуство во слични ситуации, субјективната чувствителност на болка, способноста за справување со болката, когнитивниот развој и реакцијата на родителите.

Справувањето со болката од орално потекло кај децата вклучува комбинација на фармаколошки, психолошки, когнитивно-бихејвиорален и физички третман.

skills, cognitive development and parental anxiety. The key to managing pain from medical of rental procedures is anticipation.

Effective pain management involves a combination of pharmacologic, psychologic, cognitive-behavioral and physical treatments.

Вовед

Болката претставува еден од најкорисните симптоми на патолошките состојби во организмот, особено кога станува збор за децата, кои не се во состојба да ги регистрираат чувствата на непријатност или нелагодност кои и претходат[1,2].

Секоја болка носи порака за одредено нарушување кое треба да се пронајде и дијагностицира. Пораките обично говорат за нарушување на инегритетот на клетката, ткивото или одреден орган, дека се случуваат одредени отстапувања од физиолошките константи (хиперемија, исхемија, промена на pH), но и за тоа дека во организмот се случуваат одбранбени реакции[3,4,5].

Разликуваме два типа на болка:
•Протективна болка која е нормална, сензорна реакција која се јавува како резултат на дразба

•Непротективна (абернетна) која е патолошка и се јавува како резултат на оштетување на периферните или централни нервни системи како какрактеризира на одредени синдроми.

Постојат повеќе типови на дразби кои го нарушуваат интегритетот на клетката и предизвикуваат болка: атак на микроорганизми, механички, термички и хемиски дразби. Нивна цел се рецепторите за болка на слободните нервни завршетоци[6,7,8].

Дијагностицирањето на болката во орофацијалната регија го комплицира постоењето на различни органи во оваа регија кои подлегнуваат на различни патолошки сосотојби и заболувања со различита манифестација и симптоматологија и екстремно богатата инервација на целото подрачје. Потеклото на болката во овој регион може да биде од:
•Заб
•Пулпо-пародонтален комплекс
•Периосеално-осеални структури

Introduction

Treatment of pain and suffering should be a priority for all clinicians. Children do experience pain and pain can produce long-term consequences[1,2].

Children who undergo repeated painful procedures in early childhood have higher incidence of chronic pain syndromes later in life. Inadequate during a medical or dental procedure diminishes the effect of adequate pain control during future dental procedures[3,4,5].

Pain is defined as an unpleasant sensory and emotional experience and is known to be a subjective experience.

The two types of pain are:
•Protective pain associated with a tissue injury or inflammation or dental treatment

•Aberrant pain as a result of syndromes, nerve damage, CNS damage

Dental procedures and toothaches cause release of prostaglandins and therefore cause pain. Prostaglandins are potent vasodilators and pro-inflammatory compounds that cause erythema, pain, hyperemia associated with trauma or oral tissue damage[6,7,8].

The origin of pain in the oro-facial region comes from the:

•tooth
•pulp
•bone
•soft tissues (skin, nerves, mucosa, muscle, gland)
•TMJ
•psychiatric pain

The physiologic events that lead to the perception of pain are called nociception. Nociceptive pain is what a child detects when there is tissue injury or inflam-

•Мекоткивни структури (кожа, слузница, жлезди, нерви, мускули)
•Темпоро-мандибуларен зглоб
•Психијатриски заболувања

Болката се пренесува преку единствен сиситем (tractus spinotalamicus) кој се состои од 3 дела:
•рецептивен
•средишен (миелински и немиелински влакна кои ја водат дразбата)
•перцептивен (во кората на големиот мозок)

Сетилните нервни елементи во пулпата кај заби со завршен раст на корен потекнуваат од n. Trigeminus со присуство на миелински и амиелински нервни влакна. Миелинските нервни влакна се повеќебројни и имаат низок праг на надрзаливост. Тие не навлегуваат сигнификантно во пулпата пред ерупцијата на забите на што се должи повремената слаба чувствителност на младите трајни заби на тестот на виталитет[9,10,11].

Амиелинските нервни влакна се помалубројни и со висок праг на надразливост. Тие пренесуваат тапи, длабоки болки карактеристични за напреднати иреверзибилни хронични инфламации на пулпата[3,4].

Механизмот на настанување на болката се одвива во две фази:
•промена во мембранскиот потенцијал преку дејството на ослободените медијатори
•создавање на супстанца на врвот на нервниот завршеток која врши трансмисија на болката до ЦНС преку невроните.

Кај возрасните пациенти, орофацијалната болка може различно да се почувствува и да интерпретира. Може да биде објективно видлива пратена со болни гримаси, претставена драматично или невидлива, како интимно чувство објаснето со бирани зборови. Болката се опишува со зборови како: пецкање, тиштење, бодење, сечење, неподнослива болка.

Кај децата интерпретацијата на болката ќе зависи од возраста на детето и од анксиозноста. За млечните заби ретко се добиваат јасни податоци, болката не е секогаш јасно изразена поради ресорпција на корените на млечните заби при што доаѓа до дегенеративни промени во пулпата и намалена чувствителност. Податоците за болката обично ги дава родителот или придружникот. За трајните заби се добиваат конкретни податоци: остра краткотрајна болка предизвикана од дразба кога е болката од дентинско потекло или од хиперемија на пулпата. Спонтана болка,

mation. Nociceptive pain can be divided into four processes: transduction, transmission, modulation and perception[9,10,11].

Transduction refers to a process in which noxious stimuli are translated in to electrical signals at the sensory nerve endings[3,4]. The nerves endings are called primary afferent nociceptors

•A-delta nerve fibers are responsible for the sharp, stabbing pain of a toothache. This is also known as first pain.

•C-polymodal nerve fibers give rise to pain described as dull, aching, and poorly localized. This is also known as second pain.

Sensitive elements in the pulp of a mature tooth come from n. Trigeminus consisted of myelin fibers and amyelin fibers. Myelin fibers are more in number and have low pain threshold.

Their number in young immature teeth is not significant and immature teeth tend to be less sensitive.

The mechanism of conducting pain has two phases:
•Changes in the membrane potential by the pain mediators

•Transmission of pain from the nerve to brain trough neurons

Pain has emotional, sensory behavioral and cognitive components. Factors that influence pain experience in children include: biological factors, psychological factors, cultural factors, temperament, context, previous experience, pain sensitivity, coping skills, cognitive development and parental anxiety.

For permanent teeth we usually get clear data: sharp pain of short duration is of dentinal origin or pulpal hyperemia. Spontaneous pain with long duration is caused by pulpal inflammation.

During the diagnostic procedure one should focus on the etiology of the pain, pathogenesis, anatomic characteristic of the pain, clinical manifestation.

Differential diagnosis must separate pulpal, dental and periodontal pain from trigeminal neuralgia, myocardial pain, atypical facial pain, mechanical injuries, sinus inflammation[12,13,14].

Diagnostic procedure comprehends anamnestic data of the medical status of the child and of the orofacial status. General health status of the follows

иницирана, но перзистира по престанокот на дразбата, се јавува во хоризонтална положба, кога станува збор за инфламаторни промени во пулпата[12,13,14].

Многубројните заеднички причинители на оралната болка создаваат конфузија при дијагностицирањето. Затоа фокусот треба да биде на: етиологијата, патогенезата, анатомските белези на болката и клиничката манифестација. Диференцијално дијагностички мора да се раздвои пулподенталната и пародонталната болка од: Тригеминална неуралгија, миокардијална болка, атипичната фацијална болка, Минхаузен-ов синдром, кај возрасните и механички повреди на меките ткива во оралната празнина, воспаление на синусите, кај возрасни и кај деца.

Во таа смисла успешното дијагностицирање ќе зависи од точната и детална анамнеза и историја на болката, детален преглед на лицето, забите и околните структури и од темелно познавање на состојбите кои предизвикуваат оро-фацијална болка.

Дијагностицирањето на болката кај децата бара темелен пристап и опфаќа: прво анамнеза за општиот медицински статус на детето, а потоа следи анализа на оро-фацијалниот статус. Општиот медицински статус ги следи системските нарушувања како: компромитиран имунолошки систем кој мора да се заштити од секаков вид на инфекција, крвни нарушувања, алергии[15,16,17].

Анамнезата за локалниот статус содржи податоци за начинот и времето на здобиените повреди или патолошки промени, податоци за болката, нарушување на интегритетот на забот и околните ткива во устата на детето. Болката како субјективен симптом ги дава следните податоци: точно која регија е засегната, видот на болката, времетраењето на болката, кои фактори ја предизвикуваат, а кои ја олеснуваат болката, дали е спонтана или иницирана и дали поминува спонтано или со аналгезија.

Спонтаната болка укажува на инфламација на пулпата. Ако болката е краткотрајна при термичка дразба на ладно, укажува на хиперемија на пулпата или инфламација на истата од серозен тип ако перзистира и по престанокот на дразбата. Болка при термичка дразба на топло укажува на пурулентна инфламација на пулпата. Кога станува збор за млечните и младите трајни заби, анамнестичките податоци можат да бидат само ориентационен показател при поставу-

systematic disorders as compromised immunological system that need to be protected of all kinds of infections, blood disorder and allergy[15,16,17].

Pain itself provides data of the affected area, duration of pain, initiating factors, if the pain is initiated or spontaneous, if it goes away spontaneously or with analgesia.

Spontaneous pain points out at pulp inflammation. If the pain is of short duration ad occurs as a result of thermic initiation, it point out at a pulpal hyperemia. If the pain persists for a long time it is associated with purulent pulpal inflammation.

When it comes to deciduous teeth and immature permanent teeth, pain as symptom is not always accurate:
•Milk teeth do not always correlate between the pain and the level of pulp damage

•Inflammation quickly turns into necrosis

•Root resorption of milk teeth causes pain to diminish or last for a very short time

•Root resorption of milk teeth causes acute process to turn in to a chronical and to be less painful

•Immature permanent teeth show less painful sensation during pulpal inflammation due to undeveloped myelin fiber.

For achieving accurate diagnosis clinical tests need to be done, such as: radiography, vitality test, palpation and thermal test.

After achieving a proper Dg dental treatment is in order. Unfortunately, dental procedures are often painful and the key to managing pain is anticipation.

Effective pain management involves pharmacologic, psychologic, cognitive-behavioral and physical treatments.

Simple measure for dealing with a child in pain include reassurance, explanation, a calm environment and gentle handling, cold or hot packs and cognitive-behavioral techniques.

Oral forms of pain medication are the most common pharmacologic therapy for children in pain. They are suitable for mild to moderate pain.

Analgesic treatment should include proper dosing according to body weight, physiologic situation and medical situation. For this purpose the nonsteroidal

вањето на дијагнозата. Причина за тоа се:
•кај млечните заби нема корелација меѓу јачината на болката и степенот на оштетувањето на пулпата
•брзо преминува воспалението од акутно во некротично
•физоиолошката ресорпција на корените на млечните заби предизвикува болките да изостанат или да траат кратко време
•физоиолошката ресорпција на корените на млечните заби и со тоа намалената имунолошка одбарана предизвикува брз премин во хронична форма на воспаление и намалување на интензитетот на болката
•кај младите трајни заби, недоразвиените мијелински влакна допринесуваат за слаби болни реакции при пулпални инфламации.

Анамнестичките податоци сами по себе не се доволни за поставување на дефинитивна дијагноза, затоа треба да се направи темелен клинички екстраорален и интраорален преглед придружен со помошни дијагностички методи како: сондирање, перкусија, тест на виталитет на забот, рендген испитување, палпација, термо тест. После изведувањето на сите овие тестови и клинички прегледи може да се постави дијагнозата и да се пристапи кон третман.

За жал третманот во стоматолошките ординации е најчесто болен и во тоа лежи причината што пациентите ги избегнуваат посетите на стоматолог што особено важи за децата. Од тој аспект од круцијална важност е менаџирањето на оралната и денталната болка кај децата.

Ефикасното менаџирање на болката е комбинација на фармаколошки, психолошки, когнитивно-бихејвиорален и физички третман. Едноставните мерки кои се превземаат за третман на деца со болка и страв се сведуваат на разговор, објаснување и опис на интервенцијата, создавање на мирна и тивка околина и внимателно и нежно однесување[18,19,20].

Аналгезијата во детска возраст најчесто подразбира орална медикација која е погодна за слаба и умерена болка. Третманот треба да се изведе со правилно дозирање според телесната тежина, физиолошката и здравствената состојба на детето.

За оваа цел се користат NSAID, ацетаминофен, салицилати и слаби опијати. Според WHO слабата болка се третира со неопоидни медикаменти, а умерената болка со комбинација на неопоиден и слаб опијат.

anti-inflammatory agents (NSAID) can be used such as: acetaminophen, salicylates and weak opioids.

According to WHO, mild pain can usually be controlled with a non-opioid agent. Moderate pain can usually be controlled with a combination of a non-opioid agent combined with a weak opioid[18,19,20].

Acetaminophen is the most widely used antipyretic and analgesic for children. Acetaminophen blocks the central production of prostaglandins, thus producing analgesia.

Ibuprofen and other NSAID block the central and peripheral production of prostaglandins resulting in analgesia as well as anti-inflammatory effect.

When Acetaminophen or Ibuprofen provide insufficient analgesia, a weak opioid (codeine) may be added to the analgesic. Weak opioids provide analgesia through interaction with opioid receptors in the CNS.

Usage of opioids needs to be strictly controlled due to the undesired effects of respiratory depression, sedation, nausea, vomitus, histamine release.

Certain dental procedures for children allow administration of local topical anesthetic, injection of a local anesthetic and block anesthetic in order to stop the painful impulses.

The dentist should use the smallest possible dose which achieves anesthesia because anesthetics have a low margin of safety between the effective dose and toxic dose (4,5 mg/kg lidocain).

Conscious sedation for children may be of a great help during dental treatment. It does not achieve analgesia but it contributes in calming the child and makes the intervention more acceptable.

It is useful for no cooperative children that need to undergo a dental treatment. In such cases, Demerol 5 mg/kg may be used.

Sedative effects are obvious after 45-60 minutes. The child needs to be under constant monitoring[5].

Behavioral and cognitive intervention is something we can provide for our patients and achieve long term benefit from it.

Behavioral techniques include: desensitization, positive reinforcement, and relaxation.

Desensitization involves gradually increasing expo-

Ацетаминофенот е најшироко употребуван антипиретик и аналгетик за деца. Тој централно ја блокира продукцијата на простагландини како медијатори на болка и доведува до аналгезија.

Ибупрофен е NSAID ја блокира централната и периферната продукција на простагландин што делува аналгетички и антиинфламанторно.
Опоидите кои можат да се додадат на оваа терапија се codein и oxycodein кои обезбедуваат аналгезија преку интеракција со опоидните рецептори во ЦНС. Нивната употреба мора да биде строго контролирана и лимититана поради негативните ефекти и ризиците кои ги носи со себе (депресија на дишењето, хистамински реакции, гадење и вомитус).

Одредени интервенции во детската возраст дозволуваат употреба на локална површна анестезија, локална инфилтративна и блок анестезија која го стопира пренесувањето на болните импулси преку нервите. Во овој случај треба да се користат најмалите можни дози на анестетик и тоа со големо внимание, поради тесната граница помеѓу потребната доза и токсичната доза (4,5 mg/kg lidokain).

Свесната седација може многу да помогне при болни третмани во устата на децата. Таа не обезбедува аналгезија но придонесува за смирување на детето и полесно прифаќање на интервенцијата. Корисна е кај деца кои не соработуваат , а мораат да бидат подложени на стоматолошки третман. За таа цел, орално се администрира Demerol 5 mg/kg. ефектот е видлив по 45-60 минути. Детето треба да биде под постојан мониторинг поради опасност од депресија на центарот за дишење[5,6].

Бихејвиоралната и когнитивна интервенција е нешто што можеме да го направиме за своите пациенти, а бенефитот да го чувствуваме на долги стази. Бихејвиоралните техники вклучуваат намалување на чувствителноста со постепено изложување на факторите на страв со одржување на анксиозноста на ниско ниво. Секое позитивно однесување на детето треба да биде наградено. Додека пак, третманот на релаксација подразбира, воспоставување на контрола со помош на дишење и релаксација на одредена мускулатура6[6,7].

Когнитивните интервенции вклучуваат метода: подготовка со методата кажи-покажи-направи, промена на меморијата и хипноза. Подготовката подразбира информирање на детето за процедурата која следи фаза по фаза и за тоа што може да го почувствува во текот на интервенцијата.

sure to the feared stimuli, while maintaining anxiety at low level. Positive reinforcement involves rewarding a child for any positive behavior or even just coping with the procedure[6,7].

Relaxation training teaches children to engage in progressive relaxation of muscle groups or teaches controlled breathing.

Cognitive intervention include: preparation (tell-show-do), memory change and hypnosis. Preparation involves providing children with procedural and sensory information about the next procedure.

Procedural information describes each step of the treatment. Sensory information includes description of sensations that a child will experience.

Combined behavioral and cognitive interventions include: distraction and modeling rehearsal. Distractions include singing, visual distraction, shaking the lip during anesthesia application.

Modeling and rehearsal involves having an adult or other child demonstrate positive coping behaviors.

Treatment of pain and suffering should be a priority to all clinicians, especially for those who treat children in their offices.

Accurate diagnosis, adequate dental treatment, analgesia, anesthesia and behavioral-cognitive approach to children could be a key to a successful pain management.

Одвлекувањето на вниманието на детето (визуелно, аудиолошки, тактилно) во текот на самата интервенција исто така спаѓа во овие методи. Вежбањето со кукла модел и демонстрацијата на предстоечката интервенција има улога во припремата на детето за полесно справување со болката[9].

Третманот на болката и дискомфортот би требало да биде приоритет на секој стоматолог клиничар, особено за оние кои во своите ординации работат со деца. Точната дијагностика, адекватниот и стручен третман, аналгезијата, анестезијата и бихејвиорално-когнитивниот пристап во работата со деца би можел да биде клучот за успешно справување со болните состојби.

ЛИТЕРАТУРА ***REFERENCES***

1. Daniel E et al. Drug therapy in dental practice: nonopioid and opioid analgesic. Anesth Prog 2005; 52: 140-149.

2. Roberts G et al. Dental emergencies. BMJ 2000; 321: 559-562.

3. Barry F et al. Painless palatal anesthesia. JADA 1997; 128: 647.

4. Dworkin SF et al. Pain in clinical and laboratory context. J Dent Res 1982; 61(6): 772-774.

5. Bennett CR. Conscious sedation: an alternative to general anesthesia. J Dent Res 1984; 63(6): 832-833.

6. Newton T et al. Anxiety and pain measures in dentistry. JADA 2000; 131: 1449-1457.

7. Morosko ET et al. The effect of audio analgesia on pain threshold and pain analgesia. J Dent Res 1999; Supplement 6, 45: 1608-1617.

8. Anisavice KJ. Comparison of pain associated with mechanical and chemo-mechanical caries removal. J Dent Res 1987; 66(11): 1680-1683.

9. Okawa K. Anxiety may enhance pain during dental treatment. Bull Tokyo Dent Coll 2005; 46(3): 51-58.
10. Wijk van AJ et al. Experience of dental pain and fear of dental pain. J Dent Res 2005; 84(10): 947-950.

11. Jacobsen PL et al. Clinical dentin hypersensitivity: understanding the causes and prescribing a treatment. The Journal of Contemporary Dental Practice 2001; 2(1): 1-8.

12. Mehlisch DR. The efficacy of combination analgesic therapy in relieving dental pain. JADA 2002; 33: 861-871.

13. Nakai Y et al. Effectiveness of local anesthesia in pediatric dental practice. JADA 2000; 131: 1699-1705.

14. Rilley JL et al. Orofacial pain: patient satisfaction and delay of urgent care. Public Health Reports 2005; 120: 140-149.

15. Bastos JLD et al. Dental pain, socioeconomic status and dental caries at young male adults from southern Brazil. Cad. Saude Publica, Rio de Janeiro 2005; 21(5): 1416-1423.

16. Kaufman E et al. A survey of pain, pressure and discomfort induced by commonly used oral local anesthesia injections. Anest Prog 2005; 52: 122-127.

17. Watkins CA et al. Anticipated and experienced pain associated with endodontic therapy. JADA 2002; 133: 45-54.

18. Nikias M. Oral disease and quality of life. AJPH 1985; 75(1): 11-12.

19. Carr MP. Evaluation of transoral delivery system for topical anesthesia. JADA 2001; 132: 1714-1719.

20. Nyerere WJ. Emergency pulpotomy in relieving acute dental pain among Tanzanian patients. BMC Oral Heath 2006; 6(1): 1-4.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје Review of Faculty of Dentistry - Skopje

HELICOBACTER PYLORI: МОЖНА ОРАЛНА ИЛИ ГАСТРИЧНА АФЕКЦИЈА

HELICOBACTER PYLORI: POSSIBLE ORAL OR GASTRIC AFFECTION

Автор: **Поповска Мирјана** [1]

Јусуф Османи Зана[2], Вера Радојкова-Николовска

1Стоматолошки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Матодиј“ Скопје,
Република Македонија
2PZU „ Dendia estetica ”, Гостивар,
Република Македонија

Autor: **Popovska Mirjana**[1]

Osmani Jusufi Zana[2], Vera Radojkova-Nikolovska[1]

1University Ss. Cyril and Methodius
Faculty of dentistry Skopje,
Republic of Macedonia,
2PZU „Dendia estetica”, Gostivar,
Republic of Macedonia

Апстракт

Цел: Да се направи осврт кон H. pylori статусот, валидноста на дијагностичките методи и поврзаноста на гастичната афекција со Helicobacter pylori (H. pylori) со оралната афекција, преку следење на присутноста на оваа инфекција во денталниот плак и плунката.

Материјал и метод: Прегледани и простудирани се 86 референци во периодот од 2014-2015 година од кои најстарите се од 1984 година, а најновите од 2012 година. Кај сите литературни единици посебно внимание е посветено кон податоците кои се однесуваат на докажување присуство на H. pylori во гастричниот ендоскопски добиен материјал, денталниот плак и плунката. Нотирани се применетите посочени методи во секоја референца и направена е споредба помеѓу наодот од гастричните и оралните примероци.

Резултати: Наодите покажуваат дека најпримената метода во докажување на присутноста на H. pylori е PCR, независно дали се работи за гастричен или орален материјал. Иако, како “златен стандард” во дијагностиката се посочува rapid urease test (RUT), во најголем дел од статиите анализите се направени со PCR. Во дијагностиката се применува и C-urea breath test (UBT), за кој се вели дека е особено погоден за имплементација во епидемиолошките студии. Наодите кои се однесуваат на асоцијативната поврзаност помеѓу гастричните и оралните

Abstract

Aim: To make a review at H. Pylori status, validity of diagnostic methods and the connection of gastric affection with Helicobacter pylori (H. Pylori) with oral affection, through monitoring the presence of this in dental plaque and saliva.

Material and method: There were 123 references examined and studied in the period of year 2014-2015 the oldest of which are from 1993, and the latest from year 2012. At all literature units special attention is given to data which are related to proving the presence of H. Pylori in gastric endoscopy obtained material, dental plaque and saliva. The applied methods are noted down in each reference and a comparison between the findings of gastric and oral samples is made.

Results: The findings show that the most applied method of proving the presence of H. Pylori is PCR, regardless whether it is oral or gastric material. Although, as a “gold standard” in the diagnostics is indicated the rapid urease test (RUT), in most of the papers analyses are made with PCR. In diagnostics C-urea breath test (UBT) is also applied, which is said to be particularly suitable for epidemiological studies.

The findings which are concerned with the associative connection between gastric and oral samples is somewhat heterogeneous, i.e. moving from total disjointedness between the findings of these two tracts, to findings ranging from 60-85% correlation between the findings in gastric H. Pylori in gastric

примероци е прилично хетерогена , т.е се движи од комплетна неповрзаност помеѓу наодите на овие два тракта, до наоди кои се движат од 60-85% поврзаност помеѓу наодот на H. pylori во гастричните и оралните примероци. Што се однесува до оралниот наод, застапеноста на H. pylori превалира во денталниот плак, во споредба со плунката.

Заклучок: H. pylori е присутен во желудникот и усната празнина. PCR е најчесто применувана техника во одредување на H. pylori дигестивно и орално со најмалку регистрирани разлики во добиениот наод. Орално, H. pylori доминира во денталниот плак во споредба со плунката.

Клучни зборови: H. pylori, дентален плак, плунка, PCR, UBT

and oral samples. Regarding the oral findings, the presence of H. Pylori prevails in the dental plaque in comparison with saliva.

Conclusion: H. Pylori is present in the stomach and mouth cavity. PCR is generally applied technique in determining of H. Pylori digestive and oral with at least registered differences in obtained findings. Orally, H. Pylori dominates in dental plaque.

Key words: H. Pylori, dental plaque, saliva, PCR, UBT

Вовед

Усната празнина може да се подели во неколку различни микрооддели на животната средина кои можат да обезбедат асоцијативна поврзаност со бројни микроорганизми, особено бактерии и габи. Таа може да послужи како резервоар на микроорганизми каде изворот на инфекција е желудникот или цревата, или алтернативно , таа може да биде порта за пренос на надворешни бактерии за понатамошна колонизација во ГИТ (вклучувајќи го и оралниот кавитет).[1]

Како прилично хетерогена средина која се состои од бројни микроорганизми таа обезбедува различни услови за различни видови бактерии. Некои бактерии трајно живеат во неа, додека други може да бидат само привремено и да делуваат транзиторно, но загадувачки на оваа празнина, која долгорочно е во постоечка условна рамнотежа, која под одредени околности може да биде нарушена од страна на бројни внатрешни и надворешни фактори.[2,3]

Доколку се случи нарушување на овој баланс може да настанат патолошки состојби, што уште повеќе може да влијаат на здравјето на целиот организам. Во спротивно, може да учествува во спроведување на инфекцијата на други делови од ГИТ и друг орган најчесто преку дишните патишта, или крвта.

Постојат податоци од литературата кои укажуваат на поврзаност помеѓу стомачните лезии и одредени делови од ГИТ или пак помеѓу желудникот и патолошки состојби на усната празнина.[1]

Introduction

The oral cavity can be divided into several different micro sections of environment which can provide associative connection with numerous microorganisms, especially bacteria and fungi.

It can serve as a reservoir of microorganisms where the source of infection is the stomach or intestine, or alternatively it may be a port of transferring of further foreign bacteria colonization in GIT (including the oral cavity as well). [1]

As a heterogeneous environment consisting of numerous microorganisms it provides different conditions for different bacteria types.

Some bacteria permanently live in it, while others may be only temporary and act transitively, but polluting in this cavity, which is long in existing conditional balance, which under certain circumstances may be affected by a number of internal and external factors[2,3] .

In the unlikely event of this balance disorder pathological conditions can occur, which may further affect the health of the whole organism.

Otherwise, it can participate in the implementation of the infection to other parts of GIT and other organ mostly through trachea or blood.

There are data from the literature that indicate a connection between abdominal lesions and certain parts of GIT or between the stomach and pathological conditions of oral cavity [1].

Оралните бактерии, покрај другите улоги, може да претставуваат извор на системски инфламаторен одговор, и на тој начин, да влијаат врз прогнозата и терапевтските резултати од спроведениот третман. Во таа микросредина на мноштво микроорганизми H. pylori е дел од бактериите во усната празнина за кој се верува дека има прилично комплексна улога започнувајќи од оралниот тракт.

Историјат

Историјата за детекција и поврзаност на H. pylori со гастричните лезии за прв пат започнува пред повеќе од 100 години кога во желудникот на човекот и животните биле најдени патогени спирални бактерии. Истражувањата кои ги поврзуваат тегобите во желудникот со спиралните бактерии започнува со нивна успешна изолација од биоптичко ткиво од желудникот во 1982 година. Во самиот почеток спиралната бактерија била класифицирана во соевите Campylobacter и го добила називот CLO (анг. campilobacter-like organism), потоа campylobacter pyloridis, и во 1989 година спиралната бактерија сместена е во новиот сој H. pylori.

Епидемиологија и патишта на трансмисија

Helicobacter pylori (H. pylori) е бактерија одговорна за болестите на гастроинтестиналниот тракт, како што се атрофичниот гастритис, хроничниот гастритис, дуоденалниот улкус, гастрично лигавично-асоцираното лимфоидно ткиво- лимфомот, како и карциномот на желудникот.[4]

Таа е микроаерофилна аспорогена грам негативна бактерија. Епидемиолошките податоци говорат дека H. pylori е дистрибуиран помеѓу луѓето низ целиот свет, но неговата превалентност е докажана во земјите во развој. Постојат докази кои укажуваат дека повеќе од 90% од иранската популација е инфицирана со H. pylori .[5]

Иако има многу информации за оваа инфекција, неколку аспекти во патогенезата и епидемиологијата на ова заболување сеуште остануваат нејасни.[6]

Mitchell[7] базирајќи се на податоците од својата студија докажува дека инфекцијата со H. pylori е последица на небезбедната канализација и ниско социоекономско ниво на популацијата.

Наспроти земјите во развој, развиените земји обично имаат пониска преваленца на инфекција со H. pylori која е присутна во секоја возраст, но разликата е особено забележлива кај помладите.8 Во САД, распространетоста на инфекцијата

Oral bacteria, among other roles, can represent a source of systematic inflammatory response, and in this way, to affect the prognosis and therapeutic results of the treatment. In that micro environment of host microorganisms H. Pylori is a part of bacteria in the mouth cavity which is believed to have quite complex role starting from oral tract.

History

Instruments must be constantly held tightly. Transfer must be done only and only in the transfer zone of patient's chest (not above his/her head).

Different ways to grasp instruments Resembles to:
Pen grasp;
Grasp with your palm and thumb;
Palm grasp, and the like.

Picture 6 Different ways to grasp instruments

Most frequent ways to transfer instruments: One-hand transfer; Two-hand transfer; Hidden syringe transfer; Transfer of separate instruments and in delicate situations

◊One-hand transfer The most frequently used way. The way it is done: the assistant transfers the instruments with his/her left hand, and holds the surgical aspirator and/or puster with his/her right hand.

Picture 7 - One-hand transfer

Two-hand transfer:
Used with marker instruments (oral and surgical). The way it is done: the assistant grasps with one hand the used instrument and hands over with his/

Размена на посебни инструменти или ситуации

◊Размена со една рака Најчесто се користи .Се изведува со тоа што асистентот ја изведува размената на инструментите со левата рака, а со десната го држи хируршкиот аспиратор и/или пустерот. (Слика 7)

Слика 7. Размена со една рака

Размена со две раце Се користи за габаритни инструменти (орално –хируршки) . Ова се изведува со тоа што асистентот го прифаќа искористениот инструмент со едната рака, а подава нов со другата. Се изведуваат повеќе движења и се оневозможува истовремено држење на аспираторот и пустерот. (слика 8)

Слика 8. Размена со две раце

Скриена размена на шприц Се изведува надвор од видот на пациентот при подавање на шприц (анестезија) . Со ова се избегнува стресот на пациентот од гледање на игла . (слика 9)

Слика 9. Скриена размена на шприц

Посебни инструменти или ситуации Подавање на огледало и сонда , пинцета, мали предмети, Ножици. (слика 10)

Слика 10. Посебни инструменти или ситуации – трансфер со шест раце.

ЗАКЛУЧОК

Положбата и движењето при работата на стоматологот имаат централно значење, бидејќи добар дел слични движења и положби се случуваат во секојдневниот живот. Мускулите, лигаментите и зглобовите кои се вклучени во сето тоа, се адаптираат на различните положби на деловите на телото, споредувајќи ги движењата и користејќи ја сопствената сила за да се адаптираат на истите, имено мускулите вложуваат неопходна сила за да се адаптираат на положбата или движењето. Затоа лошата положба и движења на одделни делови може да биде причина за локални механички стресови на овие структури, што доведува до: нелагодност, болка на делови од мускулно скелетниот систем (најчесто рамениците, грбот, градите).

Токму и од тука значењето на ергономијата со нејзините научни согледувања, препорачува оптимализација на дизајнот на работниот стоматолошки простор, кој што ќе ги спречи овие несакани оптеретувања кои што се случуваат при работата (стоечка или седечка) кај стоматолозите и стоматолошкиот персонал.

her other hand the new instrument.

Many movements are made and it is not possible to simultaneously hold the aspirator and the sprayer.

Picture 8 - Two-hand transfer

Hidden syringe transfer It is made out of patient's sight when exchanging syringe (anesthesia). In this way we avoid patient's stress from watching a needle.

Picture 9 - Hidden syringe transfer

Transfer of separate instruments and in delicate situations Transfer of mirror and probe, tweezer, small things, scissors.

Picture 10 - Transfer of separate instruments and in delicate situations

CONCLUSION

Working postures and movements of dentists has essential meaning because many everyday movements and postures are made during our everyday life.

We include our muscles, ligaments and joints when doing all this and they adjust to different body positions, comparing the movements and using our own strength to adjust to them; namely, muscles use the necessary strength to adjust to postures or movements.

That is why inappropriate postures and movements of certain body parts can be the reason for local mechanical stress of these structures, which leads to: uneasiness, pains in some parts of the musculoskeletal system (mainly in shoulders, back, chest).

Hence the significance of ergonomics and its scientific views, recommending optimal design of dentist office in order to prevent these unneeded burden while dentists and their assistants work (both in standing or sitting position).

Accordingly, every dentist, dental nurse, dental technician should inevitably adjust to his/her needs the posture and patient's posture.

Any time when needed, there should be made modification of body position as to obtain good working conditions without stress.

In dentistry, the sitting position of dentist and his/her team is of essential importance as it allows

Соодветно на тоа секој стоматолог, стоматолошка сестра, стоматолошки техничар неепходно е рутински да ја прилагодува својата положба и положбата на пациентот според потребите. Кога ќе се јави потреба за тоа веднаш треба да се направи модификација на положбата за да се обезбедат услови за работа без стрес.

Седечката положба при работа на стоматологот и неговиот тим е од витално значење бидејќи овозможува работа без стрес и елиминација на мускулно скелетна дифункција. Бројни студии прикажуваат корелација помеѓу примената на 4-рачната стоматологија со клиничката продуктивност.[28]

Поради сето ова, воведувањето на 4-рачната стоматологија има основна цел да ја зголеми ефикасноста,квалитетот и намалување на времетраењето на интервенцијата, со можност стоматологот целосно да се концентрира на неговата работа и задоволување на сите ергономски стандарди.

Со примена на 4-рачната стоматологија се зголемува продуктивноста за 33 – 75 % .[29]

working without stress and eliminates musculoskeletal dysfunction.

Many studies show the correlation between four-handed dentistry and clinical productivity.

Because of all these, implementation of four-handed dentistry increases efficiency, quality and decreases the time of intervention with the possibility for dentist to concentrate completely on his/her work and to satisfy all ergonomic standards.

Productivity increases for 33 to 75% with four-handed dentistry implementation.

причинители	Штетни фактори	Можни пореметувања и оштетувања
Биолошки	Микроорганизми (вируси, бактерии, габи)	Заразни болести, респираторни болести, коњуктивитис
Биомеханички	Неправилна положба на телото, повторувачки движења, долготрајно механичко напрегање,вибрации	Мускулоскелетни пореметувања, пореметување на периферен нервен систем, неуролошки испади
Хемиски	Лекови, стоматолошки материјали, дезинфициенси	Алергии, кожни болести, преосетливост
Физички	Бучава, зрачење, вештачко и полимеризациско светло	Оштетување и вид, слух и разни пореметувања од прекумерно зрачење
психогени	Стрес, хроничен замор	Кардиваскуларно пореметување, психичко пореметување, дигестивно пореметување

Табела I – Причини за појава на професионални болести

Agents	Harmful factors	Possible disorders and injuries
Biological	Microorganisms (viruses, bacteria, fungi)	Infectious diseases, respiratory diseases, conjunctivitis
Biomechanical	Incorrect body posture, repetitive movements, prolonged mechanical straining, vibrations	Musculoskeletal disorders, disorders of nervous system, neurological disturbances
Chemical	Drugs, dental materials, disinfectants	Allergies, skin diseases, hypersensitivity
Physical	Noise, radiation, artificial and polymer light	Impaired sight and hearing and various disorders from excessive radiation
Psychogenic	Stress, chronic fatigue	Cardiovascular disorder, psychological disorder, digestive system disorder

Table I – Reasons for professional diseases in dentistry



Слика 1 / Picture 1



Слика 1а / Picture 1a



Слика 1б / Picture 1b



Слика 1в/ Picture 1c



Слика 2/ Picture 2



Слика 2а/ Picture 2a



Слика 3 / Picture 3



Слика 4 / Picture 4



Слика 5 / Picture 5



Слика 6 / Picture 6



Слика 7/ Picture 7



Слика 8 / Picture 8



Слика 9 / Picture 9



Слика 10 / Picture 10

Слика 1 – неприродна позиција при работа, лошо влијае на мускулноскелетниот систем
Слика 2 опрема за 4- рака стоматологија
Слика 3. Зони според часовите на часовникот
Слика 4. Зони на активност на деснорак стоматолог
Слика 5.Зони на активност на леворак стоматолог
Слика 6 Начини на држење на инструменти
Слика 7. Размена со една рака
Слика 8. Размена со две раце
Слика 9. Скриена размена на шприц
Слика 10. Посебни инструменти или ситуации – трансфер со шест раце

Picture 1 – unnatural position during work, bad influence on musculoskeletal system
Picture 2 - equipment for 4-hand dentistry
Picture 3 - Zones are presented according to hours on the clock
Picture 4 - Zones of Activity for Right Handed Dentist
Picture 5 - Zones of Activity for Left Handed Dentist
Picture 6 Different ways to grasp instruments
Picture 7 - One-hand transfer
Picture 8 - Two-hand transfer
Picture 9 - Hidden syringe transfer
Picture 10 - Transfer of separate instruments and in delicate situations

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
“Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje
Списание на Стоматолошкиот факултет - Скопје
Review of Faculty of Dentistry - Skopje

СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ ВО АДУЛТНАТА ОРТОДОНЦИЈА

CONTEMPORARY ASPECTS IN ADULT ORTHODONTICS

Автор: Џипунова Билјана[1]

Тошеска Спасова Н[1], Радојкова Николовска В2, Поповска М[2], Поповиќ Моневска Д[3], Муратовска И[4]

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
Стоматолошки факултет Скопје
Клиника за ортодонција
Клиника за болести на устата и пародонтот
Клиника за максилофацијална хирургија
Клиника за болести на забите и ендодонтот

Autor: Dzipunova Biljana

Tosheska Spasova N[1], Radojkova Nikolovska V[2], Popovska M[2], Popovic Monevska D[3], Muratovska I[4]

”Ss. Cyril and Methodius ”University Skopje
Faculty of Dentistry
Department of Orthodontics
Department of Parodontology
Department of Maxillofacial Surgery
Department of Endodontics

Апстракт

Адултната ортодонција не е новост, но денес таа секако дека значи повеќе од реорганизирање на изгубениот простор во денталниот лак. Не постојат фундаментални разлики помеѓу третманот во различни возрасти, но присутен е спектар на проблеми и тераписки солуции, кои не се асоцирани за адолесцентите. Мотивацијата и ткивниот одговор кај нив се поинакви, а проблем е и недостатокот на раст, што неретко го комплицира процесот. Потребата од орална хирургија е поголема кај адултите него ли кај младите пациенти и генерално, процесот трае подолго. Еден од основните предуслови во адултната ортодонција е здрав пародонт, во спротивно веќе ослабената коскена потпора попушта под притисокот со што напредува оштетувањето.
Ќе бидат презентирани неколку адултни пациенти, со различни ортодонтски дијагнози, и индивидуален тераписки план дизајниран според оклузалните проблеми. Повеќето пациенти се мултидисциплинарни кандидати, и така се третирани.
Може да се заклучи дека за потполн успех во оралната рехабилитација, есенцијално е да се постигне ефективна комуникација со пациентите за разбирање на нивните мотиви и очекувања од третманот, високо ниво на доверба и соработка, како и избор на оптимална физиолошка тераписка постапка.

Клучни зборови: адулти, ортодонција, фиксна терапија

Abstract

Orthodontics for adult s is not new. But today, adult orthodontics involves much more than regaining lost arch space. There are no fundamental differences between treatment for adults and children. We have unrestricted range of problems and solutions, more than those associated with adolescents. Motivation and tissue answer are different, as a lack of growth which usually complicated the problem. The need of oral surgery is much more common in adult orthodontics than in treating younger patients, and generally the process lasting longer. One of the critical factors for the success of adult orthodontics is the health condition of the parodontium, because the already weakened jaw bone may not withstand the applied pressure and could cause permanent damage.

It will be presented few cases of adult patients, with different malocclusions. Therapy plan was individually designed for all of them according to occlusal problems. Many patients are multidisciplinary candidates and interdisciplinary team were involved in all cases.

It can be concluded that it is essential for therapist to establish an effective communication with patients to understand their desires in relation to the treatment, achieving a higher level of trust, cooperation and successful therapy.

Key words: adults, orthodontics, fixed appliances

Времето кога ортодонцијата беше привилегија само за децата е дефинитивно минато. Зголемувањето на бројот на адулти кои бараат ортодонтски третман е рефлектиран и во нашата пракса. Всушност, не постојат фундаментални разлики во ортодонтскиот третан на деца и адулти. Одговорот кон ортодонтските сили е малку поспор кај адултите, но денталното поместување се одвива во ист манир без разлика на возраста.

Ортодонцијата за адултите не е новост. Во минатото, проблемите поврзани со екстракција на забите поради неконтролиран кариес, биле најчестите поплаки кај адултите. Губењето на постериорните заби во младоста доведува до неповолна инклинација на забите кои го ограничуваат просторот.

Во 1880 година, Kingsley[22] после третирањето на 40-годишен пациент со обратен преклоп, индицира на рана свесност од ортодонтски потенцијал кај возрасните пациенти пред реставративните процедури. Но, нагласил дека сепак постојат одредени разлики во движењето на забите кај повозрасните пациенти. Во 1901 година McDowell[29] напишал дека комплетна и трајна промена во оклузијата после 16-тата година е речиси невозможна.

Според Lischer[28] (1912) „златното време за терапија“ е кога се менува мешаната во трајна дентиција. Но не сите авторитети во раниот XX-ти век биле негативни во врска со адултната ортодонција.

„Г-ѓа А“ е 38-годишна пациентка на др. Angle, од Кентаки. Нејзините четири здрави први молари биле „жртвувани“ на 9 годишна возраст, за превенирање на развој на малоклузија. Angle[2] бил горд со постигнатите резултати и нејзиниот случај го вклучил во објавените публикации во 1903 и 1907 година.

Денес, адултната ортодонција вклучува многу повеќе од обновувањето на изгубениот простор во забниот лак. Во секојдневната пракса се соочуваме со неограничен број на проблеми и солуции, многу повеќе него ли оние карактеристични за адолесцентите. Некогаш сме принудени да се задоволиме и со не многу идеални резултати, но тоа неретко е и единстениот максимум. Адултите се оптеретени и со други состојби, нетипични за децата, како екстрахирани повеќе заби, нагласени скелетални дисплазии, периодонтални заболувања и различни форми на дисфункции на ТМЗ.

The time when orthodontics was just for children is definitely over. The increase in number of the adult patients requesting orthodontic treatment is also reflected in our practice. There are no fundamental differences between treatment for adults and children. The response to orthodontic force may be somewhat slower in the adult than in a child, but root movement occurs in the same manner at all stages.

Orthodontics for adults is not new. Years ago, the problems related to the common loss of permanent teeth from uncontrolled caries were among the frequent chief complains of adult patients. Unwitting extractions of posterior teeth during youth, allowed adjacent teeth to tip into the spaces over time.

In 1880 Kingsley[22] indicated an early awareness of the orthodontic potential for adult patients, after treating 40-year-old patient with anterior crossbite before restorative dentistry.

He pointed out that some differences existed in tooth movement in adolescent and the action is slower. In 1901 McDowell[29] wrote that complete and permanent change in dentition after 16 years is almost impossible.

According to Lischer[28] (1912) “golden age of treatment” is when a change from the temporary to the permanent dentition takes place. But, not all authorities in early 1900s were negative about orthodontics for adults.

“Mrs.A.” is 38-years old Angle’s patient from Kentucky. Patient’s 4 healthy first molars were “sacrificed” at 9 years of age by her dentist as a prevention of a malocclusion development.
“...her age is most advanced age recorded for such an extensive operation...”

Dr. Angle[2] was proud with “Mr.A.” treatment results and he included her case in his published lectures and textbook in 1903 and 1907.

Today, adult orthodontics involves much more than regaining lost arch space. We have unrestricted range of problems and solutions, more than those associated with adolescents. Sometimes we must accept less-than-ideal results as the best possible outcome in many cases.

Adults have many preexisting conditions that are not seen in the adolescents, as tooth loss, severe skeletal dysplasias, periodontal disease and various forms of TMJ dysfunction.

Малоклузиите кај адултите се влошуваат со напредувањето на возраста, како резултат на дисбаланс во оклузијата асоциран со возраста. Стареењето е асоцирано со биохемиски промени како намалување на алвеоларната васкуларизација и крвната перфузија, алтерирана коскена минерализација и зголемена ригодност на колагенот. Но овие промени не го попречуваат ортодонтскиот третман[7,36].

Адултите се поделени во 2 групи: млади адулти, кој штотуку го завршиле растот и се во нивните 20-30 години и постари адулти (над 40) кој имаат посериозно нарушување на дентицијата, периодонциумот и оклузијата, и кај кои се потребни екстензивни рехабилитации.

Причините, мотивите за ортодонција се: интерни мотивации (на сопствено барање); екстерна мотивација (по препорака од општиот стоматолог, семејството или пријателите); желба за подобра естетика; функционални проблеми при говорење или мастикација; дисфункции на ТМЗ и обезбедување на поволна база за протетска рехабилитација.

Проблемите генерално се фокусирани на фронталните заби и вклучуваат збиеност или растреситост, обично придружени со промени во ој-от и об-от. Оваа тенденција се рефлектира и во зголемената желба за подобра естетика, вклучувајќи козметска хирургија, естетска стоматологија и ортодонција. Многу адулти се свесни и објективни во врска со можностите и исходот од терапијата. Всушност, оние кои се самомотивирани, имаат попозитивна слика за себе. Секако, индивидуалното ниво на себеперцепција варира значајно. Генерално, адултите обично очекуваат детално и опсежно објаснување на состојбата во оралната празнина, помалку го толерираат оралниот дискомфорт, поосетливи се на болка и потешкотии во говорот, исхраната или адаптацијата. Дури и силно мотивираните адулти манифестираат загриженост за изгледот и видливоста на ортодонтскиот апарат. Многу од нив би сакале да ја редуцираат или тотално да ја избегнат видливоста на ортодонтскиот апарат.

Тригерот за да се побара ортодонтски третман, варира од пациент до пациент. Некогаш тоа е само фотографија направена на некој настан или компарација со некоја стара фотографија која јасно го демонстрира пропаѓањето на оклузијата и напреднатото екстраорално влошување[21].

Пред 30 години, Breece и Nieberg[7] репортирале дека 50% од адултите би биле засрамени доколу

Adult malocclusions originate from two sourses: they occur during the period of oclusal development which may worsen with increasing ages and as result of ongoing, age-related deterioration of the permanent dentition. Aging is associated with biochemical changes such as decreased alveolar vascularity and blood flow, altered bone mineralization and increased collagen rigidity. These changes have not been found to impede orthodontic treatment[7,36].

Adulds are no longer growing, are divided in 2 groups: young adults who have recently stopped growing and older adults (over 40) who have experienced deterioration of their dentition and periodontium, worsenes their occlusion over time, and they need extensive rehabilitations.

Reasons for orthodontics are : on their own intuition (internal motivation), referred by general dentist or family or friends (external motivation), aesthetics, functional problems related to speaking, chewing, TMA disorders and provide a satisfactory basis for planned prosthodontic rehabilitation.

Problems are generally confined to the anterior teeth and comprise spacing or crowding, often related to changes in the oj and ob. This tendency is reflected in the increased desire for aesthetic treatment, including cosmetic surgery, aesthetic dentistry and orthodontics.

Most adults are realistic about what they can obtain from it. Those who seek treatment tend to have a more positive self-image than average. But, individual level of appearance varies greatly.

They want and expect a considerable degree of explanation of what is happening and why; they are less tolerant of discomfort and more likely to complain about pain and difficulties in speech, eating and tissue adaptation.

Even totally motivated adults express some concern about the appearance of orthodontic appliance. Many adults want to reduce or totally avoid the visibility of the appliances.

Triggers to seek treatment may differ from patient to patient. A photograph taken at a social event may be the primary trigger, and comparation with an earlier photo would clearly demonstrate the agravitation of the oral situation and gradual worsening21.

30 years ago, Breece and Nieberg[7] reported that 50% of adults would feel embarrassed by wearing orthodontic appliance. 20% felt the appliance had adverse social effect, but their families and friends

носат фиксен апарат. 20% сметале дека апаратот би имал негативен социјален ефект, но за среќа, семејството и пријателите обично се многу подржувачки расположени. Денес, со зголемената општествена толерантност кон сите корективни процедури, бројот на адулти како ортодонтски пациенти е сигнификантно зголемен. Ова делумно се должи и на подобрените димензии и дизајн на брикетите. Но, не секој возрасен со малоклузија чувствува потреба за ортодонтски третман. Според Harris и Baker[17] ова се должи на недостаток на свесност и информации за можностите кои ги нуди ортодонцијата; висока цена на чинење; времетраење на третманот или страв од болка. Факт е дека дисконфортот е слаб, трае неколку дена и обично поминува со аналгетици и мека диета[1].

Според Graber, Vanarsdall и Vig[14], причините за зголемениот интерес на адултите за ортодонцијата се: достапност на различни козметски тераписки опции; подобрени техники на поставување на апаратите; поефективно менаџирање на скелеталните вилични дисплазии со напреднати ортогнати хируршки техники; развиток на интралаков анхораж со миниимпланти или плочи и пософистицирана и редуцирана вулнерабилност на периодонталното ткиво.

Главната поплака на пациентот често е далеку од објективната состојба и обично е фокусирана само на еден заб. Листата на проблеми обично е компилација од интервју, анамнеза, клинички испитувања и анализа и вреднување на дијагностичките наоди. На пациентот треба да му се дозволи со сопсвени зборови да ги искаже проблемите, стимулусот и мотивацијата за консултација на ортодонт; за подобра импресија на приоритетите, дали лошата естетика или нарушената функција се поважни во перцепцијата.

Скелетот е динамичен медиум со континуирани промени и најпозната промена асоцирана со напредувањето на возраста е губењето на коскена маса. Степенот и големината на промените варираат, но просекот е губиток на 1% годишно во период од 25-75 годишна возраст. Постои силна корелација меѓу тоталната коскена маса и денталната коскена маса кај жените. Мандибуларната коска е во потесна корелација со целокупниот скелет него ли со возраста. Виличната коскена маса е само нејасно корелирана со коскената маса во илијачната регија[24,25].

Функционалната оклузија има сигнификантен импакт на квалитетот на алвеоларната коска. Влијанието на функцијата врз коскената струк-

were usually very supportive. Today, with increased social acceptance of orthodontic therapy there has been an increase in adults seeking orthodontic treatment. The design of the brackets are much more smaller and more aesthetically pleasing than it was a decade ago, and are more acceptable to the patients. But not every adult with malocclusion is seeking orthodontic treatment.

According to Harris and Baker[17] reasons by adults for not seeking treatment include lack of awareness, high cost, duration of treatment and fear of pain. Fact is that patient discomfort is mild and not lasting more than 3 days and is usually relieved by anallgetics and placing the patient on a soft diet[1].

According to Graber, Vanarsdall and Vig[14], reasons for the increased interest by orthodontists in adults as patients are: availability of variety of cosmetic appliances options, improved appliance placement techniques, more effective management of skeletal jaw dysplasias using advanced orthognathic surgical techniques, development of intraarch anchorage devices through implants and bone plates and more sophisticated reduced vulnerability of periodontal tissue.

Patient’s chief complaint is often far from the objective problem list, and often they are focused only on one tooth. Problem list is compilation of positive findings: the interview, the clinical examination and analysis of the diagnostic records. Patients should be allowed to freely express in them own words, his problems and the stimulus and motivating factor that led to the consultation.

This is for better impression of the priority, whether poor aesthetics or function ranks higher in their perceptions.

The skeleton is a dynamic state of undergoing continuous changes, and the most well-known age-related changes occurring in the skeleton is the general bone loss. The rate and magnitude of bone loss varies. The loss is 1% a year between 25 to 75 years of age. There is strong correlation between total bone mass and dental bone mass in women.

Mandibular bone mass was more closely related to that of the whole skeleton than to age. Bone mass in the jaws was only vaguely correlated to the bone mass of the iliac crest[24,25].

Functional occlusion did have a significant impact on the quality of the alveolar bone. The influence of function on the bone structure of the alveolar process was clearly demonstrated by Picton (1961) who

тура на алвеоларниот продолжеток е јасно демонстрирано од Picton, 1961 кој екстрахирал заби во еден квадрант кај мајмуни и го споредувал коскениот дензитет околу забите во оклузија со оние без оклузија. Коската околу забите без оклузални контакти недвосмислено покажувала остеопороза поради неактивност. А најчеста болест асоцирана со рапиден прогрес на губитокот на алвеоларна коска, и агресивна форма на пародонтопатија е шеќерната болест.

Кај адултите, губитокот на коска или периодонтален супорт резултира во патолошка миграција на еден или група на заби, манифестирајќи се како медијална дијастема, генерална растреситост, инцизивна протрузија, ротација или инклинација, потенцирана збиеност или продлабочување на загризот. Фиксните апарати, кои креираат континуирани сили во повеќе правци, овозможуваат корекција на промените со торквирање, интрудирање, деротирање и бодили поместување[32]. Со напредување на возраста, целуларната активност се намалува, а ткивото станува побогато со колаген[33]. Ткивниот одговор кон ортодонтските сили кој вклучува и клеточна мобилизација и конверзија на колагените фибри, е многу поспор него ли кај децата и тинејџерите[33]. Кај адултите многу полесно се формираат хијалинизирани зони на страната на притисок на ортодонтски придвижените заби кои привремено го оневозможуваат движењето на забите во саканиот правец[34]. Одговорот на периодонталниот лигамент (ПДЛ) на различната јачина на ортодонтската сила е опишана уште 1965 година од Gryson[15]. На страната на притисокот настанува ресорпција а нова коска се формира на страната на влеча. Кога се аплицира сила, постои иницијален период од 6-8 дена кога снабдувањето со крв е прекинато во ПДЛ и се формира аваскуларна безклеточна зона, во процес наречен хиалинизација и забот престанува да се движи. Хиалинизираната зона се елиминира при регенерацијата и реорганизацијата на ПДЛ, преку ресорпција на средишните простори (подминирачка ресорпција) и соседните области на неафектираниот ПДЛ и алвеоларната коска. По одстранувањето на хиалинизираната зона, забот продолжува да се движи. Според Ericsson[9] регенерацијата на ПДЛ изостанува доколку постои инфламација. Затоа, инфламацијата мора да биде ставена под контрола во текот на периодонталниот третман.

Lindhe[27] препорачува иницијална сила од 20-30 гр кај адулти, покасно од 30-50 гр за инклинација и 50-80 гр за бодили движење, зависно од степенот на изгубена маргинална коска и количината

extracted teeth in one quadrant in monkeys and compare the bone density around teeth in occlusion and those without occlusion. The bone surrounding teeth without occlusal contacts clearly suffered from inactivity osteoporosis.

The most common disease associated with a rapidly progressing alveolar loss, due to aggressive form of periodontal disease is diabetes mellitus.

In adults, the loss of the teeth or periodontal support can result in pathological teeth migration involving either a single tooth or a group of teeth, as median diastema, general spacing of the teeth, incisal proclination, rotation or tipping, decreasing vertical dimension, excess crowding, hypererupted teeth. Fixed appliances can create continuous multidirectional forces to create torquing, intrusive, extrusive, rotational and bodily movement[32].

With increasing age, cellular activity decreases and the tissue becomes richer in collagen[33]. In the elderly, the tissue response to orthodontic forces including both cell mobilization and conversion of collagen fibers is much slower than in children and teenagers[33]. In adults, hyalinized zones are formed more easily on the pressure side of an orthodontically moved tooth and these zones may temporarily prevent the tooth from moving in the intended direction[34].

Response of the periodontal ligament (PDL) to various magnitudes of orthodontic forces is described by Gryson in1965[15]. Resorption occurs on preassure side and new bone forms where tension is. When pressure is applied, there is an initial period for 6-8 days when blood supply being cut off to an area of the PDL and this produces an avascular cell-free zone by a process termed “hyalinization” and tooth stops moving. This delay in tooth movement varies from times and tooth.

The hyalinizated zone is eliminated by PDL regeneration that occurs from the reorganization of the area through resorption by the marrow spaces (undermining resorption) and adjacent areas of unaffected PDL and alveolar bone. When hyalinized zone is removed, tooth movement can occur again.

According to Ericsson[9] regeneration of PDL does not occur when inflammation is present. Because of this, inflammation must be controlled through periodontal treatment.

Lindhe27 recommends the initial force of 20-30 gr in adults, later force may be increased up to 30-50 gr for tiping and 50-80 gr for bodily movements, de-

на преостаната алвеоларна коска. При апликација на поголема сила (при интрузија или поопсежно бодили поместување) ризикот од коренска ресорпција сигнификантно се зголемува32. Повеќето ресорптивни лакуни се мали и главно се јавуваат на ивицата од ПДЛ хијалинизираната зона во маргиналната или средната третина од коренот. Тие наскоро потоа се репарираат со апозиција на целуларен цемент. Но, апикалната коренска ресорпција е иреверзибилна појава и резултира со перманентно скратување на коренот[32]. Според Lindhe[27], кај анхоражните заби кои се оптоварени со поголем притисок, има ризик од коренска ресорпција.

Wickwire[37] елаборира дека е возможно ортодонтско движење на ендодонтски третираните заби како резултат на одговорот на ПДЛ, а пулпата не е клучниот елемент за движењето на забот. Но секако, треба апликација на благи сили бидејќи овие заби се поподложни на ресорпција.

При ортодонтско движење на забите, целиот периодонтален атачмент, вклучително и мекото ткиво, ПДЛ и коскената структура, се движат со забот[5]. Guilford[16] го опишал бенефитот од форсирана вертикална ерупција при експозиција на забот за олеснување на протетската рехабилитација, кај здрав периодонциум. Некои автори19,20 репортираат дека е возможно постигнување на редукција на длабочината на коскените дефекти со екструзија на забите. Goldstein и Fritz[13] нудат докази за намалена длабочина на џебовите при екструзија на моларите кај пациенти со локализиран јувенилен периодонтитис. Инцизивната интрузија кај адултните пациенти со длабок загриз и изгубен дел од маргиналната коска, е пропратена со коренска ресорпција од 1-3 мм. Препорака за ова движење е употребата на благи сили (5-15 гр/заб) после воспоставувањето на периодонтален баланс[30].

Резултатите на студијата на Ericson и Thilander10 покажуваат дека во одсуството на плак, ортодонтските сили не индуцираат гингивитис. При присуство на плак, еквивалентни сили генерираат ангуларни коскени дефекти и ризик од губење на атачментот.

Во услови на здрава, но редуцирана периодонтална поддршка, ортодонтските сили кои не го преминуваат биолошкиот лимит не индуцираат гингивална инфламација9. Микробиолошкиот плак е најважниот фактор за иницијација и прогресија на пародонтопатијата. Boyd[6] демонстрирал дека во услови на контрола на плакот, и заби со компромитирана периодонтална

pending of the degree of marginal bone loss and the amount of remaining alveolar bone. When greater forces are employed (like for intrusive or prolonged bodily movements), chance of development of root resorption is significantly increased[32].

The majority of resorption lacunae are small and generally appear at the border of the PDL hyalinized zone within the marginal and middle third of the root.

These are soon repaired by apposition of cellular cementum. But, apical root resorption is an irreversible injury and results in permanent shortening of the root[32]. So, in anchorage teeth often subjected to heavy loading, there is risk for root resorption[27].

Wickwire[37] indicated that orthodontic movement of endodontically treated teeth is possible as the response of the PDL and the pulp is not the key element for movement. But, light forces should be used because those teeth are more prone to root resorption.

When moving teeth orthodontically, the entire periodontal attachment, including soft tissue, PDL and osseous structures, moves together with the tooth5. Guilford[16] described the benefits of forced vertical eruption in the exposure of tooth structure to facilitate prosthetic treatment in healty periodontium.

Some authors[19,20] reported that a reduction of probing depths in intrabony defects following tooth extrusion can be achived. In addition, Goldstein and Fritz[13] gived evidens for pockets depth reduction in uprighting molars in cases of localized juvenile periodontitis.

Intrusion of incisors in adult patients with marginal bone loss and deep ob has been described with root resorption varying from 1-3 mm. it is suggested that intrusion is best performed with low forces (5-15 gr/tooth) and in presence of gingival health[30].

Results from Ericson and Thilander study10, show that in absence of plaque, orthodontic forces do not induce gingivithis. In the presence of plaque, similar forces can cause angular bone defects, so attachment loss can occur.

In healthy reduced periodontal tissue support regions, orthodontic forces kept within biological limits, do not cause gingival inflammation9. Microbal plaque is most important factor for initiation and progression of periodontal disease.

поддршка можат успешно ортодонтски да се придвижат без додатно загрозување на состојбата. Постојаниот мониторинг на маргиналниот периодонтален статус за време на активната ортодонтска терапија кај адулти е императив и задолжителна контролна процедура[31].

Кај адултите, реализацијата на рапидната максиларна експанзија (РМЕ) е комплицирана поради зголемената ригидност на коскените структури[4], малата можност од екстензија поради зголемена осификација во медијалната палатинална сутура и намалената коскена еластичност[23]. Од тие причини, се препорачува хирушки асистирано раздвојување на среднолицевите осеални структури[8]. РМЕ без хирушка асистенција може да доведе до значаен стрес и микрофрактури на коскениот скелет од кранијалната база и средното лице, со ризик од невозможна контрола на оштетувањето на крвната и нервната мрежа. Овие компликации и ткивниот стрес можат единствено да се избегнат со хирушката остеотомија, при што палатумот би се сепарирал на два дела [4,38]. Но во литературата не постои согласност за екстензијата на латералната остеотомија.

Buloff и Mossaz[8] преферираат медијална и парамедијална сепарација на тврдото непце, Zoler и Ullrich[38] и Basdra[4] сметаат дека ослабувањето на латералниот ѕид на максиларниот синус мора да е ограничено само околу зигоматичниот продолжеток. Glassman[12], Feller[11] и Schimming[35] фаворизираат значајно поекстензивна остеотомија од птеригопалатиналната јункција до апертура пириформис. РМЕ индуцира стрес на сите коскени структури од черепот, а нивото и дистрибуцијата вариираат од локализацијата и опсежноста на остеотомијата. Holberg и сор.[18] репортираат за резултатите од виртуелната 3Д анализа на хирушки асистирана остеотомија, за компарирање на 4 различни симулации на процедури. Заклучиле дека поголема и поекстензивна хирургија, нуди попротективен ефект, и тоа: Le Fort I остеотомијата демонстрира најголем протективен ефект за средното лице и кранијалната база, но е поинвазивна метода од конвенционалната латерална остеотомија; а ослабувањето на зигоматикоалвеоларната креста продуцира минимална стрес редукција.
Комплетната латерална остеотомија од птеригопалатиналната јункција до апертура пириформис е најефективна. После се, Anttila[3] заклучува дека кај адулти, РМЕ не смее да се превземе без предходна поинвазивна хирургија. Но не смее да се маргинализира фактот дека поинвазивната хирургија го зголемува и ризикот од компликации[26].

Boyd[6] demonstrated that with plaque control, teeth with reduced periodontal support can undergo successful tooth movement without compromising their periodontal situation.

Close monitoring of marginal periodontal status during active adult orthodontic therapy is mandatory and appropriate supportive periodontal treatment instituted[31].

In adult patients, the realization of rapid maxillary expansion (RME) is complicated by the increasing rigidity of the bony structures with age[4] and to a lesser extent by the increasing degree of ossification in the median palatal suture and decreasing bone elasticity[23], so the additional surgically assisted weakening of specific midfacial structures is required[8].

RME without surgical assistance might lead a considerable stresses and microfractures on bony structures of the midface and cranial base, with risk of injury to vessels and nerves can not be controlled.

Surgical osteotomies reduced these stresses. In lateral osteotomy, the palatal one is carried out to separate the two maxillary parts[4,38]. But, there is not agreement in the literature regarding the extent of lateral osteotomies.

The median and paramedian separation of the hard palate is preferred by Buloff and Mossaz[8]; Zoler and Ullrich[38] and Basdra[4] consider a weakening of lateral maxillary sinus wall should be restricted to the area of the zygomatic process as sufficient. Glassman[12], Feller[11] and Schimming[35] favourized considerably more extensive osteotomies extending from the pterygopalatal junction to the piriform aperture. Stress is induced in all bony structures of skull during RME, so both the level and distribution of these stresses are influenced by the localization and extent of the osteotomies. Holberg et all[18] reported a results from virtually 3D based analysis of surgically assisted osteotomy, for comparation of different surgical procedures employed for lateral osteotomy. Four simulations allowed a satisfactory, fundamental comparation of the effectiveness of various surgical procedures. Conclusions are: the greater and more extensive surgery gives the greater protective effect. The Le Fort I osteotomy demonstrated the greatest protective effect for the midface and cranial base, but is more invasive than a conventional lateral osteotomy. Weakening of the zygomaticoalveolar crest induced a minor stress reduction. Complete lateral osteotomy from piriform aperture to the pterygopalatal junction is far more effective. So, the extend of surgical relief during RME should be more

Одлуката за хирургија секако дека е базирана на предностите и недостатоците на ортодонтскиот и хирушкиот пристап во третманот. За некои адулти и малоклузии, секако дека хирургијата е единствената можна солуција. Ненавременото третирање на малоклузиите го зголемува бројот на хирушки кандидати. Лимитите не треба да се примаат ултимативно, туку повеќе како индикации за „сивата зона“ каде треба да се разгледаат повеќе третмански опции. За среќа, денес има многу иновативни техники и ветувачки материјали.

Во детската возраст, темпоромандибуларната болка и дисфункција ретко се причина за ортодонтски третман, но се сигнификантен мотивирачки фактор за некои адулти. Корелацијата меѓу денталната оклузија и дисфункцијата на ТМЗ е многу контраверзна. Најрелевантен аргумент дека малоклузијата не е примарна причина за болка во ТМЗ, е дека ТМЗ дисфункцијата не е попревалентна кај индивидуи со нагласена малоклузија него ли во општата популација. Пациентите можат да се поделат во две групи: со интерна патологија на зглобот, поместување или деструкција на дискот; и оние со симптоми примарно од мускулно потекло, причинети од спазам или замор на мускулите кои ја одржуваат позицијата на вилиците и главата. Дистинкцијата е важна при планирање на третманот. Оние со миофацијална болка или дисфункција обично имаат бенефит од подобрените оклузални односи. Но, ортодонтскиот третман сам по себе не носи подобрување кај пациентите со немускуларни извори на болка.

Многу луѓе манифестраат симптоми од дегенеративни заболувања на зглобот со напредувањето на возраста. Поместувањето на дискот може да настане од бројни причини, а траумата е една од нив. Лигаментите спротивни од акцијата на латералниот птеригоиден мускул се истегнуваат или кинат, па при отварање на устата мускулната контракција го движи дискот напред додека кондилот транслатира кон напред, а оштетените лигаментите оневозможуваат дискот да се врати во нормална позиција при затворање на устата. Резултат е „кликање“ на зглобот при отворање и затворање на устата, и може да се корегира со оклузален сплинт. Се препорачуваат и ортодонтски или реставративен третман со благо зголемување на вертикалната димензија[32].

Миофацијалната болка се јавува кога мускулите се поодолго контрахирани и заморени, како манифестација на стрес. Трите главни пристапи во менаџирањето на миофацијалната болка се: ре-

invasive in older patients[3] (Anttila, 2004). But, with the invasiveness of surgery, the risk of complications also increases[26].

Decision about surgery is based on advantages and disadvantages of surgical and orthodontics approaches to the treatment. Surgery sometimes is only possible solution. A lack of treatment at the most convenient time, adds a number of surgical candidates. Limits shouldn’t be considered as sharp points but rather as indicative of a “grey-zone” in which more than one treatment option can be considered. Fortunately, we have new and promising materials and innovative techniques today.

TMJ pain and disfunction, rarely are encountered in children seeking orthodontic treatment, but are significant motivating factor for some adults. The relationship between dental occlusion and TMD symptoms is highly controversial. Most compelling argument against malocclusion as a primary cause of TMD is observation that TMD is no more prevalent in patients with extremely severe malocclusion than in general population.

Patient can be divided in two groups: with internal joint pathology, displacement or destruction of intra-articular disk; and those with symptoms primarily of muscle origin, caused by spasm and fatigue of the muscles that position the jaw and head. The distinction is important when orthodontic treatment is considered. Those who have myofacial pain/disfunction may benefit from improved occlusal relationship. But, orthodontic treatment alone will be not bring benefit to individuals with joint problems or other nonmuscular sourses of pain.

Most people develop some symptoms of degenerative join disease as grow older, so joints sometimes show internal degenerative changes. Displacement of the disk can arise from a number of causes and trauma is one possibility. Ligaments that oppose the action of tha lateral pterygoid muscle are streached or torn; muscle contraction moves the disk forward as the condyles translate forward on wide opening, but ligaments do not restore the disk to its proper position when the jaw is closed. The result is a click upon opening and closing, and can be corrected with occlusal splint to prevent the patient from closing beyond the point at which displacement occurs. Restorative or orthodontic treatment for slight increasing facial vertical dimensions are recommended[32].

Miofascial pain develops when muscles are overly fatigued and tend to go into spasm; and this is possible way on which individuals respond to stress. Tree

дуцирање на стресот, промена на реакцијата кон стресот и подобрување на оклузалните односи, но секако, не се препорачуваат драстични алтерации во оклузијата.

Ортодонтските проблеми кај адултите се ретко уникатни, почесто се само еден од многуте симптоми во комплексниот проблем на генерализирани метаболни промени корелирани со возраста и/или заболувања и дегенерација на мастикаторниот орган.

Затоа, при третирањето на адултите, ортодонтот треба да е спремен на дијагноза и прецизирање на различните стадиуми на периодонтална болест и придружните ризик фактори; дијагноза на ТМЗ дисфункција пред и после третманот; детерминирање и препознавање на случаите кај кои трењба хирушко менаџирање или треба инцивна реангулација за камуфлирање на скелетната дискрепанса или максилофацијален хирург, периодонтолог, гнатолог и протетичар.

Адултната ортодонција треба да овозможи[14]: паралелизирање на забите носачи, за инсерција на мултипли протетски надоместоци и најповолна дистрибуција на ретенционите заби; редистрибуција на оклузалните и инцизалните сили, кои мора да се усмерени вертикално долж осовината на забот; обезбедување на адекватен простор; порамнување на оклузалната рамнина; подобра усна компетенција и потпора (во спротивно се менуваат А-П и вертикалната позиција на горната усна, се потенцираат борите, па лицето изгледа предвреме остарено); подобрување на гингивалната топографија и создавање на услови за санирање на мукогингивалните и коскените дефекти; обезбедување на услови за поефективно одржување на периодонталното здравје, како и естетски и функционални подобрувања.

Клиничките испитувања вклучуваат: екстраоорална егзаминација, интраоорална егзаминација (пат и максимално отварање на устата, латерални движења, мобилност на јазикот, тип на респирација и голтање, дисфункции на ТМЗ), периодонтален статус (периодонтални џебови, рецесии, инфламации), радиографии, кефалометриски анализи и анамнеза (генерално здравје, болести, трауми, медикации).

Постои генерална перцепција дека времетраењето на ортодонтскиот третман кај адултите е поголемо, споредено со адултите[32]. Всушност, адултите се пооптеретени со губиток на периодонтален атачмент и хронични медицински проблеми, а ортодонтското движење на забите

broad approaches to myofascial pain symptoms can be considered: reducing the amount of stress, reducing the patient’s reaction to the stress or improving the occlusal relationships, but drastic alteration of the occlusion is not recommended.

The orthodontic problems in adults are rarely unique but only one of many symptoms reflecting a more complex problem related to general metabolic changes related to age and/or disease in combination with a degenerating chewing organ.

So, when treating adults, the orthodontist needs to be prepared to do the following: diagnose different stages of periodontal disease and the associated risk factors, diagnose TMJ disfunction before and after the treatment, determine which cases require surgical management and which one require incisor reangulation to camouflage the skeletal base discrepancy and work cooperatively with a team of other specialists.

Interdisciplinary team is made by orthodontist, oral or maxillofacial surgeon, periodontist, gnathologist and prosthodontist.

Goals in adult orthodontics[14] are: parallelism of abutment teeth to permit insertion of multiple unit replacements and most favorable distribution of teeth (for replacement of fixed and removable prostheses), redistribution of oclusal and incisal forces, which must be directed vertically along axis of the root, adequate embrasure space and proper tooth position, acceptable occlusal plane 9the curve of Spee should be mild to flat bilaterally), better lip competency and support (inadequate support may create a change of A-P and vertical position of the upper lip and increase wrinkling, this often makes the face seem prematurely aged), improvement of mucogingival and osseous defects and gingival topography, improved self-maintenance of periodontal health and esthetic and functional improvement (muscle function, normal speech, masticatory improvements).

The investigated patients clinically presented joint sounds on both sides of the jaw joint during mouth opening. Disc malposition is generated because there is increased loading in the temporo-mandibular joint.

This increased mechanical loading results in organization changes in all joint tissues and a result of this a remodelation as a process appears.

Changes in the organization and composition of the malpositioned disc and posterior attachment tissues are secondary to abnormal loading.

This process induces cell-driven processes of degradation and reassembly of the extracellular matrix. In the initial stages the posterior attachment may be converted into a disc-like structure.

Key words: jaw joint, articular disc, jaw joint displacement

АНЕТА АТАНАСОВСКА СТОЈАНОВСКА

ВЛИЈАНИЕТО НА ГЕНЕТСКИТЕ ОСОБЕНОСТИ ВРЗ РИЗИКОТ ЗА ПРИЕМЧИВОСТ И РАЗВОЈ НА ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ

Постојат силни докази дека генетските фактори во спрега со надворешните влијанија ќе учествуваат во ризикот за појава на пародонтопатија, на возраста кога таа ке се појави и на степенот на деструкција со кој ке биде зафатено забнопотпорното ткиво.

Доказите за генетската предиспозиција доаѓаат од студиите со близнаци, лонгитудиналните студии каде што има појава на агресивна пародонтопатија и асоцијативните студии.

Бројни системски нарушувања ја зголемуваат приемчивоста кон пародонтопатија и се патогенетски асоцирани со алтерации во имунолошкиот и ендокринолошкиот статус како и состојбата на сврзното ткиво. Во присуство на квалитативни или кантитативни алтерации во целуларниот имунолошкиот одговор пародонтопатијата може да се манифестира во раната возраст во својата агресивна локализирана или генерализирана форма и поврзана со присуство на дентален плак и специфични бактерии-(конгенитална неутропенија или инфантилна генетска агранулоцитоза, Chediak-Higiashi и Papillon-Lefevre синдром). Кај алтерации во хуморалниот имунитет, пародонталните оштетувања настануваат индиректно како последица на алтерации во другите системи. Кај заболувањата на сврзното ткиво постојат и алтерации во пародонталното ткиво кое потенцирано од плакот ја зголемува гингивалната инфламација и деструкцијата на алвеоларната коска-(Marfan и Ehler-Danlos синдром).

И за крај и полиморфизмот на цитокинските гени кои имаат докажана улога во инфламаторните процеси, влијае на концентрациите на инфламаторните медијатори во ткивата, го модулира имуниот одговор, па токму поради тоа може да ја детерминира и приемчивоста кон пародонтопатијата, како хроничен инфламаторен процес.

Менаџирањето на пародонталната болест е фокусирано на контрола на инфекцијата и отстранување плакот по механички или хемиски пат, а не е исклучена и паро хирургија па дури и екстракција на најсериозно афектираните заби. Во зависност од позадината за појава на пародонтопатија постојат и различни протоколи за третман како на пример во случај на Chediak-Higiashi синдром антибиотскиот третман не е ефикасен, кај конгенитална неутропенија или инфантилна генетска агранулоцитоза е потребна антибиотска профилакса а за Papillon-Lefevre синдром постои стандардизиран стоматолошки протокол.

ANETA ATANASOVSKA STOJANOVSKA

THE INFLUENCE OF GENETIC CHARACTERISTICS ON THE RISK OF SUSCEPTIBILITY AND DEVELOPING PERIODONTAL DISEASE

There is strong evidence that genetic factors combined with external influences will participate in the risk of periodontitis, the age when it will occur and the level of destruction that would be affected supported tissue.

Evidence of genetic predisposition come from twin studies, longitudinal studies in families there is an outbreak of aggressive periodontitis and associated studies.

Numerous systemic disorders increase receptiveness to periodontal disease and they are associated with alterations in the immune and endocrine status and condition of the connective tissue. In the presence of qualitative or quantitative cellular immune alterations periodontal disease can be manifested at an early age in his aggressive localized or generalized form and associated with the presence of dental plaque and specific bacteria - (congenital neutropenia or infantile genetic agranulocytosis, Chediak-Higiashi and Papillon -Lefevre syndrome).In the presence of humoral immune alterations, periodontal damage may result indirectly as a consequence of alterations in other systems. In connective tissue disorders there are alterations in the periodontal tissue that emphasized the plaque increases gingival inflammation and destruction of alveolar bone- (Marfan and Ehler-Danlos syndrome).

Finally and polymorphism of cytokine genes which role in inflammatory process has been proved, affects the concentrations of inflammatory mediators in the tissues, modulates the immune response, thus it can determinate acceptability of periodontal disease as chronic inflammatory process.

The management of periodontal disease focuses on the control of infection and removing plaque by means of mechanical or chemical methods, but does not exclude the periodontal surgery and even extraction of the most seriously affected teeth. Depending on the background of the systemic disorder there are different protocols for treatment such as in the case of Chediak-Higiashi syndrome antibiotic treatment is ineffective, with congenital neutropenia or infantile genetic agranulocytosis require antibiotic prophylaxis and for the Papillon-Lefevre syndrome is available established standardized dental protocol.

МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ

ОРАЛНА И ДЕНТАЛНА БОЛКА КАЈ ДЕЦАТА

Третманот на болката и дискомфортот кај пациентот е приоритет на секој стоматолог. Болката која ја чувствуваат децата може да доведе до долгорочни последици. Децата кои во раната возраст биле изложени на чести болни процедури имаат поголема инциденца на хронични болни синдроми покасно во животот. Неадекватната контрола на болка кај децата за време на стоматолошките третмани, ја намалува адекватната контрола на болката во иднина.

Болката се дефинира како субјективно непријатно сензитивно и емоционално искуство.
Постојат два типа на болка: акутна и хронична болка.

Акутната болка е поврзана со краток период на ткивна повреда или инфламација, а хрроничната болка се опичува како константна болка која трае три или повеќе месеци.

Стоматолошките интервенции или забоболката предизвикуваат ослободување на простагландините кои претставуваа медијатори на болка. Тие се моќни вазодилататори и про-инфламаторни компоненти кои предизвикуваат еритем, болка и хиперемија кои с еповрзуваат со траума или оштетување на ткивата во оралната празнина.

Постојат повеќе фактори кои влијаат на перцепцијата на болка кај децата. Болката има емоционални, сензитивни, бихејвиорални и когнитивни компоненти. Некои од факторите кои влијаат на болката кај децата се: биолочки, физиолочки, културни, темпераментот на детето и предходното искуство во слични ситуации, субјективната чувствителност на болка, способноста за справување со болката, когнитивниот развој и реакцијата на родителите.

Справувањето со болката од орално потекло кај децата вклучува комбинација на фармаколошки, психолошки, когнитивно-бихејвиорален и физички третман.

MARIJA STEVANOVIK

ORAL AND DENTAL PAIN IN CHILDREN

Treatment of pain and suffering should be a priority for all clinicians. Children do experience pain and pain can produce long-term consequences. Children who undergo repeated painful procedures in early childhood have higher incidence of chronic pain syndromes later in life. Inadequate during a medical or dental procedure diminishes the effect of adequate pain control during future dental procedures.

Pain is defined as an unpleasant sensory and emotional experience and is known to be a subjective experience.

There are two types of pain: acute and chronic. Acute pain is associated with a brief period of tissue injury or inflammation. Chronic persistent pain describes nearly constant pain which continues over three months or longer.

Dental procedures and toothaches cause the release of prostaglandins and therefore cause pain. Prostaglandins are potent vasodilators and pro-inflammatory compounds that cause the erythema, pain and hyperemia associated with trauma or oral tissue damage.

There are more factors that influence pain perception in children. Pain has emotional, sensory, behavioral and cognitive components. Some of the factors which influence the pain experience in children include: biological factors, psychological factors, cultural factors, temperament, context, previous experience, pain sensitivity, coping skills, cognitive development and parental anxiety.

The key to managing pain from medical od rental procedures is anticipation. Effective pain management involves a combination of pharmacologic, psychologic, cognitive-behavioral and physical treatments.

АЛЕСАНДРО КУКИ

ПРЕДНОСТИ НА МУКОГИНГИВАЛНАТА ЕСТЕТСКА ХИРУРГИЈА:НАУЧНИ ДОКАЗИ И КЛИНИЧКИ ИМПЛИКАЦИИ

-гингивални рецесии; епидемиологија, дијагноза и класификација
-мукогингивална терапија
-улога на кератинизираното ткиво
-техники на покривање на корените на забите при гингивални рецесии;единечни и мултипни
-флап дизајн при коронарно поместен флап: (Coronally advanced flap -CAF), со или без вертикални инцизии
-ткивна аугментација: сврзноткивен графт
-менаџмент на периимплантните меки ткива
-клинички случаи

Мукогингивалната естетска хирургија подразбира низа на хируршки техники кои ја презервираат атачираната гингива, се со цел да се покрие експонираниот корен на забите при изолираните или мултипните гингивални рецесии.

Целите на естетската хирургја во голема мера се следниве: зголемување на гингивалниот волумен, отстранување на присутниот краток френулум, превенирање на колапс на резидуалниот коскен гребен асоциран со екстракцијата на забите, зголемување на клиничката коронка на компромитираните заби, корегирање на црвено-белата естетика на забите, менаџирање на интерденталната папила или зголемување на волуменот на беззабиот алвеоларен гребен.

Двојната улога на мукогингивалниот третман на гингивалните рецесии вклучува комплетно покривање на корените на забите се до цементно-емајловата граница. Иако слободниот сврзно-ткивен графт се смета за ,, златен стандард" при третман на дефектите со рецесија, често не мора да биде најдобра хируршка опција за секој клинички случај поединечно.

Од исклучителна важност е да се избере најадекватната хируршка техника во зависност од евалуацијата на следниве фактори: вид на пациент, постоење на единечни или мултипни рецесии, мукогингивални рецесии локализирани во естетски или не-естетски сензитивни подрачја, присутна дефектна анатомска морфологија (количество на кератинизирано ткиво, периодонтален биотип, вестибуларна длабочина), способност да се постигне периодонтално зараснување на раните и стабилизација на флапот со оптимална техника на сутурирање како и употребата на биоматеријалите (сврзно ткивен графт, дерифат од емајлов матрикс, ацелуларен дермален матрикс и сл).

Авторите на предавањето ќе се задржат на досегашните научни и клинички искуства, се со цел да илустрираат начини на поставување на дијагноза и/или третман на мукогингивални дефекти со комплетно покривање на можните дијагнози и хируршки протоколи за менаџмент на различни степени на гингивални рецесии и/или рецесии присутни кај осеоинтегрираните дентални импланти.

Скоро сите мукогингивални хируршки процедури можат да бидат ефективни во смисла на постигнување на долготрајни естетски и стабилизирачки ефекти. Правилната анализа на клиничката состојба како и адекватниот избор на пациенти, претставуваат клучни фактори во селекцијата на најоптимални хируршки техники.

ALESSANDRO CUCCHI

ADVANCES IN MUCOGINGIVAL ESTHETIC SURGERY: SCIENTIFIC EVIDENCE AND CLINICAL IMPLICATIONS.

- Gingival recessions: epidemiology, diagnosis and classification.
- Mucogingival therapy: clinical application.
- The role of keratinized tissue.
- Rationale for root coverage: single sites and multiple sites.
- Flap design: Coronally advanced flap (CAF) with and without vertical releasing incisions
- Tissue augmentation: connective tissue graft (CTG)
- Peri-implant soft tissue management
- Clinical cases

The mucogingival esthetic surgery indicates any surgery designed to preserve attached gingiva, to achieve root coverage, to increase gingival volume, to remove aberrant frenulum, to prevent of ridge collapse associated with tooth extraction, to lengthen clinical crown of compromised teeth, to correct estehtics of teeth that are not likely to erupt, to manage interdental papilla, and to increase volume of edentulous ridge.

The dual goals of mucogingival treatment for gingival recessions include complete root coverage, up to the cemento-enamel junction, and blending of tissue color between the treated area and non-treated adjacent tissues.

Even though the connective tissue graft is commonly considered the “gold standard” for treatment of recession defects, it may not always be the best surgical option for every case.

It is important to choose the most predictable technique according to a careful evaluation of the following factors: patient; single or multiple gingival recession defects; mucogingival defects localized in esthetically or non-esthetic sensitive sites; defect anatomic morphology (amount of keratinized tissue, periodontal biotype, and vestibule depth); ability to enhance periodontal wound healing and stabilize the flap with optimal suture technique; and biomaterials (connective tissue graft, enamel matrix derivative, acellular dermal matrix).

The author draws upon scientific evidence and clinical experience to illustrate how to diagnose and treat mucogingival defects, with detailed coverage of the diagnosis of and the surgical options for covering varying degrees of gingival recession.

The author features protocols for the surgical procedures to cover exposed root surfaces and increase the volume of the gingiva, around natural teeth as well as osseointegrated implants.

Under non-experimental conditions, all mucogingival surgical procedures may be effective in terms of adequate esthetics and long-term stability. Careful analyses of patient- and defect-related factors, however, are key considerations prior to selecting an appropriate surgical technique.

ЕМАНУЕЛЕ МОРЕЛА

ТЕХНИКИ НА ПЛАСТИЧНА ХИРУРГИЈА ВО ПАРОДОНТОЛОГИЈАТА

Денес техниките на пластичната хирургија наоѓаат секојдневна имплементација кај парадонталните и перимплантните меки ткива; на тој начин можат да се одбегнат не само проблемите од естетски карактер кои се врзани за меките ткива на максилата, туку и за оние кои може да се појават во процесот на регенерација на коските.
Тој пристап, меѓутоа, сеуште е само плод на балансот помеѓу "уметноста" и "науката", како и во малкуте аспекти на професионален план.
Во процесот на реализација ќе бидат прикажани, преку клинички случаи, различните модули со сопствени техники на гингивалната рецесија кои исто така можат да се користат во имплантологијата, во лечење на многубројни сложени состојби.
Сето ова ќе доведе до еден стандард на одлични резултати во ова поле што ќе придонесе кон зглемување на предвидливоста на успехот.

КИРИЛОВ БРАНИМИР

СИНУС ЛИФТ – ИНДИКАЦИИ, КОНТРАИНДИКАЦИИ, ТЕХНИКИ И КОМПЛИКАЦИИ

Кај 43% од резидуалните алвеоларни гребени на постериорна максила се наидува на неадекватни расположливи вертикални димензии (помали или еднакви на 4 мм. Постериорниот дел на максилата се одликува со послаб квалитет на коска,при што најчесто е застапен четвртиот тип на коска. Во најголем број на случаи се препорачува користење на импланти со помала должина за адекватна имплантo-протетска рехабилитација. Во текот на предавањето ќе бидат анализирани сите аспекти на третман на атрофијата на горната вилица. Исто така детално ќе бидат разработени и различните хируршки техники (вертикален и хоризонтален синус лифт), како и алтернативите на овие техники (импланти со мала должина- short implants, коso поставени импланти, импланти со дистален висечки член). Посебно внимание ќе биде посветено и на евентуалните краткотрајни и долготрајни компликации од синус лифт техниките.

МАКЕДОНСКО СТОМАТОЛОШКО ДРУШТВО

САША ВУРЦИНГЕР

IMPLA 3D - DVT ДИЈАГНОЗА, 3D – ПЛАНИРАЊЕ И 3D – ПЕЧАТЕЊЕ, ЗА КРЕИРАЊЕ НА ХИРУРШКИ АЛАТКИ И МОДЕЛИ

Предавањето претставува детално запознавање со техниката, материјалот и методот на IMPLA 3D имплантолошко навигациониот систем-планирање и креирање на стоматолошки и медицински алатки, почнувајќи од хируршки шаблони, сплинт терапија , хируршки поделби и коскени модели, па се до поддршка на ткивен менаџмент. Презентација на детален пристап во врска со согледувања за различни IMPLA 3D - процедури, како што се 3D - режење, 3D - печатење, 3D - ласерско синтерување и стереолитографија.
Предавањето ќе обезбеди увид во тековните најнови техники и достигнувања, земајќи го во предвид предмет влијанието на 3D - планирањето и моделирањето во медицината и стоматологија.

EMANUELE MORELLA

TECHNIQUES OF PLASTIC SURGERY IN PERIODONTOLOGY

Today the techniques of plastic surgery are daily implemented in periodontal and perimplant soft tissues: we are able to avoid not only the problems of aesthetic nature that are tied to the soft tissues of the maxilla, but also the problems that may arise in the process of bone regeneration.
That approach, however, is still result of the balance between “art” and “science” and in the few aspects of professional life.
The process of implementation will be shown through clinical cases, various modules with their own techniques of gingival recession, which can also be used in implantology and in the treatment of multiple complex conditions.
All this will lead to a standard of excellent results in this field that will contribute to enlargement of success predictability.

BRANIMIR KIRILOV

SINUS LIFT-INDICATIONS, CONTRAINDICATIONS AND COMPLICATIONS

43% of cases with residual alveolar ridges (posterior maxilla) encountered inadequate available vertical dimensions (smaller or equal to 4 mm). Posterior maxilla is characterized by poor quality of bone mostly represented with the type four bone. In most cases, the use of implants with smaller length is recommended for adequate implant-prosthetic rehabilitation. During the lecture all aspects of the treatment of atrophy of the upper jaw, will be analyzed. Also all the details will be worked out, such as different surgical techniques (vertical and horizontal sinus lift) and all alternatives to these techniques (implants with small length-short implants, oblique implants, implants with distal cantilever). Special attention will be paid to the potential short and long term complications of sinus lift techniques.

MACEDONIAN DENTAL SOCIETY

SASCHA WURZINGER

IMPLA 3D-DVT DIAGNOSIS, 3D-PLANNING, 3D-PRINTING FOR MANUFACTURING OF SURGICAL TOOLS AND MODELS

The lecture shows a detailed introduction of technique, material and method at the exam-ples of 3D navigated implant-planning and manufacturing of dental medical tools starting from surgical templates, therapy splints, surgery splits, bone models up to the tissue magagement sup-port. Detailed considerations will be put to the variety of 3D-procedures such as milling, 3D-printing, 3D-plotting, Laser-sintering and stereolithography.

The lecturers will provide an insight to currents developments and latest techniques under consideration of the interfaces to 3D-planning and modelling in dental medicine

РАДОЈКОВА-НИКОЛОВСКА ВЕРА

АСОЦИЈАРАНОСТ ПОМЕЃУ РЕВМАТОИДНИОТ АРТРИТИС И ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ

Бројни епидемиолошки податоци укажуваат на врска помеѓу ревматоидниот артритис (РА) и пародонталната болест (ПД). Ин витро и ин виво студиите се обидоа да ги разоткријат потенцијални механизми со кои пародонталната болест може да придонесе за иницирање и прогресијата на ревматоидниот артритис.

Двете заболувања се мултифакторски, хронични болести, а нивната комплексна етиологија и патогенеза сеуште останува нецелосно разјаснета. Обете се карактеризираат со хронично воспаление, коскена деструкција, оштетување на потпорните меки ткива, слични клеточни имунолошки реакции и општи имуногенетски наоди. Прашањето е дали навистина може да постои етиолошката поврзаност или не, или тоа едноставно претставува статистичка случајност поврзана со заедничките фактори на ризик?

Ова предавање има за цел да укаже на основата и позадината на овие две болести во контекст на неодамнешните откритија кои сугерираат на поврзаност на нивната патогенеза. Особено, процесот на цитрулинација и пост-транслационата модификација на протеините, се истакнати како процеси кои се заеднички за двете болести. Предавањето ги презентира доказите за врската помеѓу двете болести, како и потенцијалните механизми вклучени во нивната експресија.

МАТИЈА ГОРЈАНЦ

ПЕРИИМПЛАНТИТИС- КАКО ДА СЕ СПРАВИМЕ СО ОВОЈ РАСТЕЧКИ ПРОБЛЕМ ВО ИМПЛАНТОЛОГИЈАТА?

Денталните импланти претставуваат еден од главните откритија во третманот на беззабост во последните пет декади во развојот на стоматологијата.Денталната имплантологија иницираше и стимулираше огромен развој започнувајќи од хируршки и протетски техники до клеточна биологија, микробиологија и многу други области на биомедицината.Квалитетот на живот кај беззабите пациенти може да биде многу подобрен со примената на најновите имплантолошки третмани.

Осеоинтеграционата стапка со современите имплантолошки системи користени од искусни имплантолози може да достигне и повеќе од 99%.За жал, ова секогаш не е гаранција за долготраен успех на имплантопротетските реконструкции.Бактериската инфекција ја игра најважната улога при подоцнежните неуспеси на денталните импланти. Терминот периимплантно заболување означува два различни модалитети: периимплантен мукозитис, кој е реверзибилна воспалителна реакција околу имплантот и периимплантитис, кој е инфективно заболување кој предизвикува воспалителен процес на меките ткива како и коскена загуба околу осеоинтегрираниот имплант во функција.

Преваленцијата на периимплантитисот се случува кај 10% од вградените импланти и 20% пациенти за време од 5-10 години по имплантацијата.Пушењето, преоперетувањето и историја на пародонтопатија се поврзуваат како фактори за повисока преваленција на периимплантитис. Постојат повеќе различни пристапи на третман на периимплантитисот објавени во литературата. До сега, ниту еден протокол не е покажан како целосно ефективен.

Дебридман на површината претставува основен елемент во третман на периимплантитисот,

RADOJKOVA-NIKOLOVSKA VERA

ASSOCIATION BETWEEN RHEUMATOID ARTHRITIS AND PERIODONTAL DISEASE

Numerous epidemiological data indicate a link between rheumatoid arthritis (RA) and periodontal disease (PD). In vitro and in vivo studies have sought to dissect potential mechanisms by which periodontal disease may contribute to initiation and progression of rheumatoid arthritis.

However, these are both multifactorial, chronic diseases, and their complex etiologies and pathogenesis remain incompletely understood. Both diseases are characterized by chronic inflammation, osseous destruction, damage of the supporting soft tissues, similar cellular immune responses and common immunogenetic findings. There is a question could really be an etiological link or does this simply represent a statistical coincidence connected by common risk factors?

This lecture seeks to provide background on these two diseases in the context of recent discoveries suggesting that their pathogenesis may be related. In particular, the process of citrullination, a post-translational protein modification, has been highlighted as a process common to both diseases. This lecture presents the evidence for a relationship between the diseases and its potential mechanisms in their expression are discussed.

MATIJA GORJANC

PERI-IMPLANTITIS: HOW TO COPE WITH THE EVOLVING PROBLEM IN IMPLANTOLOGY?

Dental implants represent one of the major innovations in the treatment of edentulism in the last five decades of development in dentistry. Dental implantology initiated and boosted tremendous development ranging from surgical and prosthodontic techniques to cell biology, microbiology, material science and many other fields of biomedicine. Quality of life of edentulous patients can be much enhanced by state-of -the art implant treatment.

Osseointegration rate with contemporary implant system in trained surgical hands can reach over 99% of success. Unfortunatelly this doesn't always represent a guarantee for a long term success of implant borne prosthodontic reconstructions.

Bacterial infection plays the most important role in the late failure of dental implants. Term "peri-implant disease" denotes two distinct modalities: peri-implant mucositis, which is a reversible inflammatory reaction arround the implant and peri-implantitis, which is an infectious disease that causes an inflammatory process in soft tissues, and bone loss around an osseointegrated implant in function.

The prevalence of peri-implantitis seems to be in the order of 10% implants and 20% patients during 5-10 years after implant placement. Smoking, overloading and a history of periodontitis have been associated with a higher prevalence of peri-implantitis.

There are many different treatment approaches of peri-implantitis reported in the literature. Until now, no particular treatment protocol has been shown to be definitively effective. Surface debridements constitute the basic element for treating of peri-implantitis but it may have a limited effect

но може да има ограничен ефект и не може да резултира во целосно отстранување на сите атхерирачки микроогранизми.Затоа, адјувантни периимплантни терапии се предложени за да ги подобрат нехируршките можности на третманот.Регенеративните процедури користејќи коскен графт суспституент во комбинација со мембрана се предложени за третман на коскените дефекти кај напредните случаи на периимплантитис.

Кај нашата презентација ќе дадеме осврт на растечкиот проблем на периимплантитисот и неговите закани од клиничка перспектива. Со презентација на клинички случаи ќе ги разгледаме дијгностичките методи и нивната примена како и ќе дадеме преглед на опциите за третман на периимплантитисот и на вообичаените мерки за одржување на долготраен успех на денталните импланти.

ДОЦ.ДР ГАБРИЕЛА ЌУРЧИЕВА ЧУЧКОВА

МИОФУНКЦИОНАЛНА ТЕРАПИЈА: ТЕМЕЛ НА УСПЕШЕН ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН

Главната цел на ортодонтското лекување, малоклузијата, не претставува болест, туку едноставно варијација и отстапување од нормалниот раст и развој на дентицијата. Повеќето ортодонтски проблеми, особено збиеност и неравиена долна вилица, се предизвикани од неправилни функции и лоши навики.

Неправилните функции претставуваат движечка сила која доведува до појава на ортодонтска аномалија. Дисфункција на меките ткива влијае не само на дентофацијалниот развој, но истовремено и на исходот од ортодонтскиот третман и стабилноста на резултатите од ортодонтското лекување.

Штом се дијагностицира неправилност и кога се одлучуваме да примениме миофункционална терапија, круцијално е да го познаваме делувањето на силите на мекоткивните структури и миофунционалните навики, кои влијаа негативно не само на дентицијата туку и на развојот на лицевите структури

Соодветно идентификување на мекоткивните дисфункцијии и правилното лекување на овие проблеми овозможува подобро изведен миофункционален ортодонтски третман.

За корекција на малоклузиите со примена на миофункционална ортодонтска терапија потребен е еден сосена нов приод кон дијагнозата и третманот на мекоткивните дисфункција.

Главната цел на функционалната вилична ортопедија е постигнување на соодветна функционална оклузија со правилен виличен однос во три димензии, значително подобрување на профилот на лицето, и стабилен и здрав темпоромандибуларен зглоб.

Откако овие дисфункции се отклонат, постабилни резултати може да се постигнат за пократко време.

and can not result in the complete removal of all adhering microorganisms. Therefore, adjunctive peri-implant therapies have been proposed to improve the non-surgical treatment options. Regenerative procedures using a bone graft substitute in combination with a membrane have been proposed to treat bone defects in advanced cases of peri-implantitis.

In our presentation we are going to shed light on the groving problem of peri-implantitis and its threats from the clinitians point of view. By presenting clinical cases we will take a look at diagnostic tools and their use; we will provide an overview of treatment options and discuss regular maintenence program in long-term success of dental implants.

GABRIELA KJURCHIEVA-CHUCHKOVA

MYOFUNCTIONAL THERAPY: THE FOUNDATION OF SUCCESSFUL ORTHODONTIC TREATMENT

The main treatment objective in orthodontics, the malocclusion, is not a disease but simply a variation of normal growth and development in a growing dentition.

Most orthodontic problems, particularly crowded teeth and an under developed lower jaw, are caused by bad habits and soft tissue dysfunction.

Soft tissue dysfunction must be acknowledged as the driving force behind malocclusion. Soft tissue dysfunction affects not only dentofacial growth and development but also influence the orthodontic treatment outcome and stability.

When diagnosing a patient's malocclusion and prescribing myofunctional orthodontic treatment, it is crucial to understand soft tissue dysfunction and how the forces of the muscles and other myofunctional habits can affect not only the crowding of the teeth, but facial development.

Properly identifying soft tissue dysfunction and correctly treating these problems allows for better myofunctional orthodontic treatment.

Correcting malocclusion using myofunctional orthodontic techniques calls for a new approach to the diagnosis and treatment of soft tissue dysfunction

The main objective of functional jaw orthopedics is achieving a proper functional occlusion with accurate jaw relation in three dimensions,significant improvement in the facial profile, and stable and healthy temporomandibular joint.

Once these bad habits are improved, more stable results can be achieved in less time.

ТАМЕР ТУЗУНЕР

АНТИМИКРОБНИ СТРАТЕГИИ ВО ДЕТСКАТА СТОМАТОЛОГИЈА: ОД ИСТРАЖУВАЊЕ ДО ДОКАЗ

Главна цел на детската стоматологија е обезбедување на состојба без кариес кај децата. Антимикробните соединенија се најчесто употребувани за инхибиција на главните патогеници вклучени во развојот на кариозната лезија, како што се Streptococcus mutans и Lactobacilli.

Беа испитувани неколку дентални материјали, коишто покажаа позитивен ефект при постигнувањето на оваа цел.

Ќе направам кус осврт на улогата на најчестите антимикробни средства во превентивата, и во реставративниот и ендодонтскиот третман со користење на различни стратегии со докази кои произлегуваат од актуелните испитувања.

ЕНИТА НАКАШ

РАН ТРЕТМАН ВО ОРТОДОНЦИЈАТА – ПРОБЛЕМ ИЛИ ПРИДОБИВКА

Ортодонтскиот третман може да биде Ран ортодонтски третман (во млечна и мешовита дентиција), Доцен ортодонтски третман (во рана перманентна дентиција) и Адултна ортодонција (доцна перманентна дентиција).

Американската асоцијација за ортодонција препорачува почетокот и проверка на возраст од 7. Барањата за почетокот на ортодонтски третман се базира на фактот дека повеќето од децата во мешовита дентиција бараат ортодонтскиот третман, а исто така многу истражувања ја потврдуваат врската помеѓу психосоцијалната благосостојба, самооценување, и денталните аномалии.

Раниот третман може да придонесе за добра долгорочна стабилност на резултатите од лекувањето.

Но, ние, исто така, мора да бидеме свсни дека раниот ортодонтски третман моше да претставува и проблем поради ризикот од многу долг и претеран третман. Претерано долгиот ортодонтски третман може да биде физички, ментално, или финансиски штетен за благосостојба на пациентот.

TAMER TÜZÜNER

ANTIMICROBIAL STRATEGIES IN PEDIATRIC DENTISTRY: EVIDENCE DERIVED FROM RESEARCH

Antimicrobial materials are commonly used for different approaches in pediatric dentistry. Inhibiting the main pathogens such as Streptococcus mutans and Lactobacilli have been indicated as a prime challenge to provide reduced caries action.

For this purpose,several dental materials have been tested and found as beneficial interms of ensuring caries free status in children.

I will highlight the common used antimicrobial materials in different strategies of pediatric dentistry by explaining their role on preventive,restorative and endodontic treatment procedures with the evidences derived from current research.

ENITA NAKAS

EARLY TREATMENT IN ORTHODONTICS - BURDEN OR BENEFIT

Treatment in orthodontics can be Early Orthodontics (primary and mixed dentition), Later Orthodontics treatmen (early permanent dentition) and Adult Orthodontic treatment (late permanent dentition).

American Association of Orthodontics recomend early check up a at age 7. Demands for early orthodontic treatment are based on the fact that most of the children in the mixed dentition stage require orthodontic treatment, and also many researches confirm relationship between psychosocial well-being, self-esteem, and dental malocclusion.

Early treatment can contributed to the good long-term stability of treatment results.

But we must also know that early orthodontic treatment has some burden as well and that is risk of overtreatment. Overtreatment can be physically, mentally, or financially deleterious to a patient's welfare.

БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА

ПАЦИЕНТИ СО АКУТНА ТРИГЕМИНАЛНА БОЛКА – КЛИНИЧКА ОПСЕРВАЦИЈА И ТЕРАПИЈА

Интернационалната асоцијација за изучување на болката (The International Association for the Study of Pain) ја дефинира болката како непријатно чувство со емоционално искуство предизвикано од повреда (оштетување) на ткивата во телото на човекот или од присуство на болест. Под поимот тригеминална болка се подразбираат сите болни дразби кои потекнуваат од инервационото подрачје на n. trigeminus, којшто е одговорен за пренос на болните сензации со потекло од темпоромандибуларниот зглоб (ТМЗ), мастикаторната мускулатура и сите површински регии на лицето.

Од невроанатомска гледна точка кај пациентите со трауматска оклузија, бруксизам, недостиг на оклузална поткрепа, оптоварена мастикаторна мускулатура и ТМЗ, доаѓа до активирање на периферните ноцицептори и создавање на тригеминална болка. Овој вид на болка е чест придружник на ТМД и Costen-овиот синдром. Основни карактеристики на тригеминалната болка се симптоми на миалгија, оталгија, артралгија и тензиона главоболка.

Како ефикасни средства за терапија на тригеминалната болка се пеперутка депрограмер и НТИ (Ноциоцептивен систем за тригеминална инхибиција) кои се редуцирани оклузални вметнувачи (шини), а можат да се изработат ex tempore. За разлика од пеперутка депрограмерот кој се изработува индивидуално за секој пациент, изработката на НТИ е од фабрички профили. Како помошни средства во третманот на овие пациенти се препорачауваат миофункционални вежби, витаминска и фармакотерапија.

МАРИЈА ПЕЕВА ПЕТРЕСКА

ПРЕВЕНТИВНИ И ТЕРАПИСКИ КОНЦЕПТИ НА БИФОСФОНАТНАТА ОСТЕОНЕКРОЗА НА ВИЛИЧНИТЕ КОСКИ

Во последниве неколку години загрижувачки е трендот на пораст на бројот на пациенти кои примаат бифосфонатна терапија а со тоа имаат и ризик од развој на остеонекроза на вилиците, особено по инвазивни дентални интервенции како што е екстракцијата. Спонтаната остеонекроза е исто така појава кај овие пациентите и при отсуство на било каква стоматолошка интервенција или хируршка постапка. Линкот меѓу бифосфонатна терапија и остеонекрозата сеуште не е наполно јасна, како и третманот на оваа состојба.

Кај повеќето пациенти кои примаат орална бифосфонатна терапија не е потребна посебна преоперативна припрема за разлика од пациентите со и.в. БТ во третманот на малигните заболувања, кај кои е неопходно потребен и пред и постоперативен режим.
Целта на менаџментот е превенција и намалување на развојот на коскената некроза, контрола на инфекцијата и намалување на болката.

Авторите на свој материјал ги презентираат главните клинички, радиографски, терапевтски и превентивни аспекти на остеонекрозата поврзана со бифосфонатна терапија кај пациенти со малигни заболувања.

BILJANA KAPUSHEVSKA

PATIENTS WITH ACUTE TRIGEMINAL PAIN - CLINICAL OBSERVATION AND TREATMENT

The international Association for the study of Pain defines pain as an uncomfortable feeling with emotional experience caused by injury (damage) of the tissues in the human body or the presence of disease. The term trigeminal pain refers to all painful stimuli originating from the inervating area of n. trigeminus, which is responsible for the transmission of painful sensations originating from the temporomandibular joint (TMJ), mastication muscles and all surface areas of the face.

From a neuroanatomical perspective in patients with traumatic occlusion, bruxism, lack of occlusal support, overloaded mastication muscles and TMJ the peripheral nociceptors become activated and trigger the trigeminal pain. This type of pain is a frequent companion of TMD and Costen's syndrome. The main features of the trigeminal pain are symptoms of myalgia, otalgija, tension headache and arthralgia.

As effective means for treatment of trigeminal pain, the butterfly deprogramer and NTI (Nociceptive trigeminal inhibition tension suppression system) are reduced occlusal splints, that could be ex tempore fabricated. Unlike the butterfly deprogramer which is fabricated individually for each patient, the NTI is made from factory matrix. As supplementary aid for the treatment of these patients myofunctional exercises, vitamin and pharmacotherapy are also being recommended.

MARIJA PEEVA-PETRESKA

PREVENTIVE AND THERAPEUTICALLY APPROACH OF THE JAWS BISPHOSPHONATE OSTEONECROSIS

In recent years there has been growing concern regarding the number of patients who take bisphosphonate agents, thereby placing them at potential risk for developing osteonecrosis of the jaws (ONJ), especially following invasive oral surgical procedures such as extractions. Even more, spontaneous cases of ONJ have been reported in some patients on bisphosphonate therapies that have not been associated with invasive dental procedures or surgery.The causal link of bisphosphonate usage and ONJ is not yet fully understood, and there is no known treatment that is proven to prevent this from occurring.

For the greater majority of patients who are taking oral bisphosphonates do not require any special precautions before extraction, but patients who have been on a long term course of intravenous bisphosphonate therapy for the treatment of cancer should be provided with extreme pre and post-operative course.

The aim of the management consists of preventing and decreasing the development or progression of bone necrosis, the control of the infection, and in alleviating the painful symtomatology.

The author's presents the main clinical, radiographic, therapeutic and preventive aspects of osteonecrosis related to intravenous bisphosphonate therapy in patients with cancer.

ИЛИЈАНА МУРАТОВСКА

СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ДЕНТИН-БОНДИНГ СИСТЕМИТЕ

Адхезивната јачина на дентинските самонагризувачки системи е носечкиот капацитете на материјалите, додека долготрајноста всушност претставува ефективниот период на траење на бондинг врската. Моментот кога настанува создавањето на хибридниот слој со примена на одреден дентален адхезивен систем настанува адаптацијата помеѓу супстатите која ни го овозможува е максималниот степен на взаемна врска помеѓу нив.

Употребата на прајмери кој вршат зајакнување на преостанатата забна структура со истовремено овозможување на дејство на антибактериските агенс methacryloyloxydodecylpyridinium bromide (MDPB) ни го елиминира потенцијалот на развој на рекурентен кариес. Клиничката проценка за стандардизацијата на идеалното количество на влажност на дентинот кое при овие системи треба да се зачува, детерминира постигнување на поголема површинска енергија кај привлечните сили на молекулите, а со тоа и подобра врска.

Темата ги опфаќа можните проблеми кои настануваат во текот на апликација на дентинските адхезивни системи и решенија за истите, со особен осврт на испитувањата на најновите прајмери со инкорпорирани антибактериски агенси во нив.

Резултатите ни покажуваат бактериостатско и бактерицидно дејство кон поголемиот број кариогени бактерии при комплетно очувување на силата на бондирање што претставува предност на новите адхезивни системи и воедно сугерирајќи го клиничкиот бенефит за инфицираниот дентин.

МАКЕДОНСКО СТОМАТОЛОШКО ДРУШТВО

МАРИНА ЕФТИМОСКА

КЛИНИЧКИ И ХИСТОЛШКИ АНАЛИЗИ НА ПУЛПИНИОТ ОДГОВОР ПО ДИРЕКТНО ПРЕКРИВАЊЕ СО CALXYL, MTA И BIODENTINE

Кариесот претставува деструктивен процес кој доведува до прогресивна деминерализација на неорганскиот дел на забот, придружена со ензимска дезинтеграција на органската компонента на забните ткива. Се смета дека примарно е бактериско заболување, но сепак има мултифакториелна етиологија. Имајќи го предвид фактот дека кариозната активност може да се стопира доколку се запре процесот на деминерализација, јасно е дека целите на кариозниот третман се насочени кон елиминација на етиолошките фактори и стимулација на регенерацијата на денталните ткива.

Токму затоа последните години третманот на кариозното заболување се насочува кон реминерализација на почетните кариозни лезии, како и кон биолошкото однесување на пулпо-дентинскиот комплекс по апликација на одредени медикаменти.
Поаѓајќи од овие сознанија, цел на оваа студија е да го процениме влијанието на различни материјали за директно прекривање за да се одржи виталитетот на пулпиното ткиво и да го проследиме успехот од терапијата.

За испитувањата ги користевме следните материјали Calxyl, MTA и Biodentine, како средства за директно прекривање на пулпината експозиција. Испитувањата се одвиваа на две нивоа: 1. клиничко испитување на ефикасноста на прекривањето на пулпината експозиција со соодветниот материјал за директно прекривање и 2. Експериментално испитување кое опфати патохистолошки и имунохистохемиски анализи.

ILIANA MURATOVSKA

MODERN CONCEPTS OF DENTIN-BONDING SYSTEMS

Share bond strength of the dentin self-etching systems is the carrying capacity of the material, while longevity is actually effective period of the bonding relationship. Situation when creating a hybrid layer occurs by using a dental adhesive system, also an adaptation occurs between supstrats which provides us with a maximum degree of mutual relation between them.

The use of primers is creating hardliners with remaining tooth structure while enabling action of antibacterial agent methacryloyloxydodecylpyridinium bromide (MDPB) eliminating the potential for the development of recurrent caries.

The clinical evaluation of standardization of the perfect amount of moisture in the dentin which in these systems should be preserved, determined to reach higher surface energy in the attractive forces of the molecules, and thus better link.

The topic covers the possible problems arising during the application of dentin adhesive systems and solutions for different situation , with particular reference to the latest primers with antibacterial agents incorporated in them.

Our results show bacteriostatic and bactericidal activity towards most cariogenic bacteria in complete conservation of the strength of bonding as an advantage of the new adhesive systems and also suggesting the clinical benefit of using on infected dentin.

MARINA EFTIMOSKA

CLINICAL AND HISTOLOGICAL ANALYSIS OF PULPAL RESPONSE AFTER DIRECT PULP CAPPING WITH CALXYL, MTA AND BIODENTINE

Caries represents a destructive process that leads to progressive demineralization of the inorganic part of the tooth, followed by enzymatic disintegration of the organic component of dental tissues. It is considered that primary it is a bacterial disease, but has a multifactorial etiology. Having in mind that carious activity can be stopped if we stop the demineralization process, it is clear that the objectives of carious treatment are directed toward eliminating the etiological factors and stimulating the regeneration of dental tissues.

That's why latest years carious disease treatment is directed to remineralization of initial caries lesions, as well as the biological behavior of dentinskiot-pulp complex after administration of certain medications.

Based on these findings the aim of this study is to evaluate the impact of different materials for direct pulp capping to maintain the vitality of pulp tissue and to follow the success of therapy.

For the investigations we used the following materials: Calxyl, MTA and Biodentine, as a means of direct covering of pulpal exposure. Examinations were carried out at two levels: 1.The clinical trial of the effectiveness of direct pulp capping with appropriate material and 2.Experimental investigation which included pathologically, immunohistochemical analysis.

ЉИЉАНА ТИХАЧЕК ШОЈИЌ

ПРОТЕТСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СКРАТЕНИОТ ЗАБЕН НИЗ - ПОСТОИ ЛИ НАЈДОБРО РЕШЕНИЕ?

Скратениот забен лак е термин кој ја опишува состојбата во устата кога недостасуваат бочни заби , но воедно претставува и терапевтски концепт кој подразбира дека скратениот забен лак не треба да рехабилитира ако не постојат знаци на нестабилна оклузија и симптоми на краниомандибуларни дисфункции.

Овој концепт нагласува дека е неопходно да се рехабилитира скратениот забен лак, бидејќи на тој начин се постигнува естетски ефект, подобрена мастикаторна функција, како и превенција на патолошки појави како што се губење на алвеоларната коска, промена на оклузалната рамнина и поместување на преостанатите заби.

Општо земено, кај случаите со скратен дентален лак, постојат голем број на можни решенија што ги нуди модерната стоматолошка протетика. Постоечката состојба на скратен забен лак може да се задржи со стабилизирање на преостанатите заби и евентуални корекции на оклузалните контакти. Преостанатите протетички решенија во рехабилитацијата на скратениот забен лак опфаќаат изработка на парцијални скелетирани протези, фиксни надоместоци со висечки членови или надоместоци над импланти.

Сите наведени протетички решенија подразбираат продолжување на забниот лак со адекватна морфолошка и функционална рехабилитација. Во стручната литература не постојат податоци за најефикасен пристап за рехабилитација на скратен забен лак. Одредени клинички студии прикажуваат дека скратениот забен лак може да го индуцира адаптивниот капацитет на орофацијалниот систем со што се обезбедува зачувување на оралните функции како што се џвакалната ефикасност , естетиката, стабилноста на постоечката дентиција, функциите на ТМЗ.

Во одредени случаи, пациентите се задоволни со постоечката состојба и не ја прифаќаат предложената протетичка терапија. Од друга страна, протетичката рехабилитација на скратениот забен лак претставува императив ако губењето на бочните заби предизвикува и естетски проблем понекогаш, оклузална нестабилност и функционална неефиксност.Одлуката за тоа кое решение е функционално, естетски и економски најдобро, зависи од многу фактори затоа што секое решение има свои добри и лоши страни.

Со ова предавање се прави обид да се согледаат сите можни протетички решенија кај случаи со скратен забен лак со цел зачувување или воспоставување на физиолошката оклузија без патолошки манифестации и дисфункции.

LJILJANA TIHACEK-SOJIC

PROSTHODONTIC REHABILITATION OF SHORTENED DENTAL ARCHES IS THERE A BEST SOLUTION?

There are numerous possible solutions provided by modern prosthodontics for the patients with shortened dental arches. The current situation of shortened dental arch in a patient could be sustained by strengthening the health of the remaining teeth and by possible corrections of occlusal contacts.

The rest of the prosthodontic solutions in rehabilitation of shortened dental arch mean production of partial dentures, complex partial denture, fixed restorations with hanging members, or dental restorations on implants.

All of the above prosthetic solutions involve the extension of dental arch with appropriate morphological and functional rehabilitation. There are no data on the most efficient approach in the rehabilitation of shortened dental arches in the literature. In particular, because it is very difficult to determine individual variation about the necessary number of teeth that would fulfill functional requirements for every single patient in quantitative and qualitative manner.

Some clinical studies have shown that shortened dental arch can induce adaptive capacity of the orofacial system, which enables the preservation of oral functions in means of chewing efficiency, esthetics, stability of present dentition, TMZ function.

In some cases, the patients were satisfied with the current situation and unwilling to agree to the proposed creation of dental restorations. On the other hand rehabilitation of shortened dental arch dental restorations is imperative, specially when the loss of posterior teeth cause esthetic problems, occlusal instability and functional inefficiency.

Deciding which is the best solution functionally, esthetically and economically is dependent on many factors, especially as every possible solution has its good and bad sides.

The aim of this lecture is to summarize all the possibilities of prosthetic rehabilitation of shortened dental arches to preserve or restore the physiological occlusion without pathological manifestations and disfunction.

МИРЈАНА ПОПОВСКА

УСНАТА ПРАЗНИНА КАКО ЕКСТРАГАСТРИЧЕН РЕЗЕРВОАР НА HELICOBACTER PYLORI

H. pylori е еден од најчестите бактериски инфекции кај луѓето. Присуството на на оваа честа бактерија (првично наречен Campylobacter pyloridis) во антралната лигавица кај луѓето за прв пат е објавена во 1983 година. Бактеријата е тесно поврзана со хроничен гастритис, пептичен улкус, рак на желудник, и лигавично асоцираниот лимфоиден лимфом. Покрај гастроинтестиналните заболувања, најновите податоци укажуваат на можна поврзаност на овој микроорганизам со други состојби, како што се анемија, изменети серумски нивоа на липопротеини и коронарна атеросклероза. Иако H. pylori е присутен во желудникот кај околу половина од населението во светот, се уште не е јасен нејзиниот пренос. Достапните податоци укажуваат дека орално-оралниот и фекално-оралниот правец се најверојатните патишта за пренос на овој микроорганизам. Сепак, неекстрагастричните резервоари на H. pylori се јасно препознатливи. Примероците од овие микроорганизми се пронајдени во почвата, животните и човекот се факти кои укажуваат на улогата на горенаведените патишта во пренос на H. pylori.

Се смета дека микроорганизмите можат да се пренесуваат преку уста, бидејќи H. pylori е откриен во денталниот плак и плунка. Но, дали усната празнина служи како екстрагастричен резервоар за H. pylori или микроорганизмите се само привремено присутни , се уште не е јасно докажано. Ако усната празнина навистина е екстрагастричен резервоар на H. pylori, може да биде клинички значаен факт од аспект на менаџирање на болеста. Третманот на инфекцијата со H. pylori обично се состои од комбинација на антибиотици, киселински супресори, и стомачни протектори. И покрај актуелните третмани кои водат кон успешно решавање на инфекцијата со H. pylori, позитивниот хроничен гастритис, како и стапката на реинфекција е релативно висока. Еден од можните механизми за реинфекција е реколонизација од денталниот плак на забите. Оттука и интересот да се утврди дали денталниот плак и пародонталната болест се поврзани со инфекција со H. pylori.

МАКЕДОНСКО СТОМАТОЛОШКО ДРУШТВО

НИКОЛИНА ГЕОРГИЕВА

ПРИМЕНА НА ВИСОКОЕНЕРГЕТСКИТЕ ДИОДНИ ЛАСЕРИ ВО СЕКОЈДНЕВНАТА СТОМАТОЛОШКА ПРАКТИКА

Практичен и систематизиран начин на примена на високоенергетските диодни ласери во секојдневната дентална пракса, ендодонција, парадонтологија, протетика, орална хирургија, имплантологија и естетика. Истакнати предности при користење на ласерска обработка во решавање на клинички случаи.
Презентација на протокол за работа со високоенергетски диоден ласер и илустрација на успесно решени разни случаи со помош на ласерска манипулација. Зголемување на мотивација за работа кај стоматолозите и поголема доверба од пациентите.

MIRJANA POPOVSKA

ORAL CAVITY AS AN EXTRAGASTRIC RESERVOIR OF HELICOBACTER PYLORI

Helicobacter pylori (H. pylori) is one of the most common bacterial infections in humans. The presence of the organism H. pylori (initially termed Campylobacter pyloridis) in the antral mucosa of humans was first reported in 1983. H. pylori has been closely linked to chronic gastritis, peptic ulcer, gastric cancer, and mucosa-associated lymphoid tissue lymphoma. Besides gastrointestinal diseases, recent data seems to suggest a possible association of this microorganism with other conditions such as anemia, altered serum levels of lipoproteins, and coronary atherosclerosis. Although H. pylori is present in the stomach of about half of the world's population, we do not yet clearly understand its transmission. Available data suggests that oral-oral and fecal-oral routes are the most likely routes of transmission of this organism. However, no extragastric reservoirs of H. pylori have been clearly demonstrated. Samples of these microorganisms found in soil, animals and humans are facts indicating the role of the above roads in the transmission of H. pylori.

It has been suggested that the microorganism may be transmitted orally and has been detected in dental plaque and saliva . But whether the oral cavity serves as an extragastric reservoir for H. pylori or harbors the organism only transiently, is not yet clear (the organism being only a transient inhabitant of this ecological niche or not). If the oral cavity is an extragastric reservoir of the H. pylori, it may be clinically significant from the treatment. Treatment of H. pylori infection usually involves a combination of antibiotics, acid suppressors, and stomach protectors. Despite the current treatment regimens that lead to successful management of H. pylori—positive chronic gastritis, the reinfection rate is relatively high. One of the suggested mechanisms of reinfection is the possible recolonization from the dental plaque.

Hence the interest to determine whether dental plaque and periodontal disease associated with infection by H. pylori.

NIKOLINA GEORGIEVA

APPLICATION OF HIGH-ENERGY DIODE LASERS INTO EVERYDAY DENTAL PRACTICE

Practical and systematic way of applying high- energy diode lasers into everyday dental practice: endodontic, paradontology, prosthodontics, oral surgery, implantology and aesthetics. Prominent advantages of using laser processing in solving clinical cases.

Presentation protocol of work with high-energy diode laser and illustration of successfully solved various cases using laser manipulation. Increasing the dentists motivation and more patients confidence.

СОЊА АПОСТОЛСКА

ЕРГОНОМИЈАТА И ДЕНТАЛНАТА ПРАКТИКА: ПРЕВЕНЦИЈА НА МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА

Терминот ергономија се користи во повеќето професии, меѓу кои и во стоматолошката професија. Тоа е дисциплина која ги проучува работници и нивниот однос кон нивната професионална средина.

Практикување на уметноста на стоматологијата бара висок степен на концентрација и прецизност. Незгодната положба при работа, повторувачките движењата и упорните вибрации на рацете и рачните зглобови се честа причина за појава на мускулоскелетни заболувања кај стоматолозите.

Многу често стоматолозите при третманот на пациентите се во статична и неприродна позиција која може да биде причина за појава на болка , повреда или потешки случаи на мускулно-скелетни нарушувања .Бидејќи стоматологијата е ризична професија за стекнување на некакво професионално заболување, ергономијата се стреми кон максимално намалување или целосно отстранување на ризик – факторите кои доведуваат до тие заболувања.

SONJA APOSTOLSKA

ERGONOMICS AND DENTAL PRACTICE: PREVENTINIG MUSCULOSKELETAL PROBLEMS

The term has been used with most professions, but increasingly in the dental profession. It is a discipline that studies workers and their relationship to their occupational environment. Practicing the art of dentistry requires a high degree of concentration and precision.

But awkward postures, repetitious hand movements, and persistent vibration to the hand and wrist from a highspeed handpiece can make practitioners vulnerable to musculoskeletal disorders. Consider that many dentists often find themselves in a static, uncomfortable position when treating patients.

This sustained position can lead to pain, injury, or, in severe cases of musculoskeletal disorders. Because dentistry is a risky profession for acquisition of any occupational disease , ergonomics aims to maximally reduce or eliminate the risk - the factors leading to these diseases .

ПРОМЕДИКА
СТОМАТОЛОГИЈА



DENTSPLY IMPLANTS
ANKYLOS®

Со постоење на повеќе од 25 години Анкилос преку меко-тврдо ткивната конусна Tissue care конекција овозможува долготрајна црвено-бела естетика.



Откријте ја опцијата на индексирање со

Ankylos CX

НОВ
индексиран и неиндексиран абатмент

Со Ankylos CX сега може да изберете:
- Индексиран абатмент за точно и едноставно позиционирање во 6 можни позиции
- Неиндексиран абатмент за слободно позиционирање во опсегот од 360 степени
- И од двата типа истовремено овозможувајќи ја клинички докажаната Tissue care конекција за оптимална стабилност

Сектор за стоматологија и забна техника - ул.Св. Кирил и Методиј бр.50
1000 Скопје - Македонија - п.фах. 122 - Тел: 02 3248 446 - Факс: 02 348-401

dental@promedika.com.mk
www.facebook.com/promedika.dental
cupeski_v@promedika.com.mk



myobrace®

MYOFUNCTIONAL RESEARCH CO.
MRC INNOVATIVE DENTAL APPLIANCE TECHNOLOGY AND EDUCATION



ПРОМЕДИКА
СТОМАТОЛОГИЈА

TRAINER SYSTEM

ортодонција без брекети, миофункционални корекции и решавање на проблеми со темпоромандибуларниот зглоб

Најголем дел од деца во денешната популација имаат малоклузиски проблеми. Оптималниот раст и развој е примарна грижа на секој родител, но истовремено и на секој терапевт.

Со Trainer system - от се овозможува миофункционална корекција и третман на малоклузии кај децата од секоја возраст, олеснување на тегобите кај пациенти со проблеми во темпоромандибуларниот зглоб.

Сектор за стоматологија и забна техника - ул.Св. Кирил и Методиј бр.50
1000 Скопје - Македонија - п.фах. 122 - Тел: 02 3248 403 - Факс: 02 348-401

dental@promedika.com.mk
www.facebook.com/promedika.dental
e-mail miki_l@promedika.com.mk

Хиперсензитивноста кај пациентите
може да ја снема за 60 секунди



COLGATE® SENSITIVE PRO-RELIEF™ СО PRO-ARGIN™ ТЕХНОЛОГИЈА ОВОЗМОЖУВА МОМЕНТАЛНО** И ДОЛГОТРАЈНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД СЕНЗИТИВНОСТА.

Обемните научни истражувања покажале дека Colgate® Sensitive Pro-Relief™ заштитува од дразбите и причинителите на сензитивност и докажано ги затвора дентинските тубули за 60 секунди.*

Конечно, брз начин за подобрување на задоволството и комфортот на вашите пациенти.

Colgate®

ВАШ ПАРТНЕР ЗА ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ

www.colgateprofessional.com



*Кога пастата директно ќе се аплцира на секој сензитивен заб во период од 60 секунди.
Ayad F, Ayad N, Delgado E, et al. J Clin Dent. 2009; 20 (4): 115-122

**За моментално намалување на болката нанесете од пастата со прст директно на сензитивниот заб и масирајте една минута, до два пати дневно.

Vesica
implanti.mk

BIOHORIZONS®







Ленинова 14а/2-6
1000 Скопје, Македонија

+389 2 6156000
+389 70 377720

info@vesica.mk
www.implanti.mk

Vesica
implanti.mk

BIOHORIZONS®

VII Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество
Охрид 11-14 Јуни 2015

VII Macedonian Dental Congress with International Participation
Ohrid 11-14 June 2015

УСНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ

ORAL PRESENTATIONS



ОРТОДОНЦИЈА И Л А С Е Р

СОВРЕМЕН ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН КАЈ ВОЗРАСНИ ПАЦИЕНТИ

Кануркова Л
Ќурчиева Чучкова Л, Мишевска Ц, Манева М, Дораковска А

Целта на ортодонтскиот третман е постигнување на оптимална фацијална и дентална естетика, правилна функција во орофацијалната регија и на темпоромандибуларниот зглоб, со постигнување на дентална и периодентална стабилност на постигнатите резултати од ортодонтскиот третман.

Материјал и метод: Во оваа студија е презентиран ортодонтскиот третман кај возрасен пациент со збиеност на забите во максиларниот и мандибуларниот дентален лак. Презентиран е дизајнот и составните елементи на фиксниот ортодонтски апарат, кај кој се аплицирани ортодонтски туби и брикети со посебна прескрипција, торк и ангулација во кои се поставуваат ортодонтски жици, чија димензија се зголемува во зависност од видот и начинот на придвижување на забите, аплицирани се ортодонтските еластични и жичани сили кои овозможуваат правилно подредување и поставување на забите во денталените лакови.

Резултати: Прикажани се ефектите од аплицираниот фиксен апарат каде контролата на упориштето на силите е една од најважните фактори и клучот на успехот на ортодонтскиот третман.

Заклучок: Бенефитот од овој третман е постигнување на ефикасна ортодонтска терапија со постигнување на правилна интеркуспидација на максиларните и мандибуларните заби.

ORTHODONTICS & L A S E R

COMPREHENSIVE ORTHODONTIC TREATMENT IN ADULT PATIENTS

Kanurkova L
Kjurcheva Chuchkova G, Mishevska C, Maneva M, Dorakovska A

The goals of orthodontic treatment are optimal facial and dental esthetics, functional occlusion, and TMJ health, dental and periodontal stability.

Material and method: In this study we present patient 33 years old male with crowding in maxillary and mandibular dental arch. We demonstrate design and type of fixed appliance where the brackets and tubes in multi-bracket appliance help in achieving final treatment goals by providing optimal torque, angulations with increasing arch wire dimension with ideal biological forces and with finishing wires which control over tooth movement.
With brackets and tubes with special prescription, torque and angulation. With the assistance of orthodontic wires with different size and elasticity and elastic traction which gave optimal dental movement. Brackets and tubes in multi-bracket appliance help in achieving final treatment goals by providing optimal torque, angulations with increasing arch wire dimension with ideal biological forces and with finishing wires which control over tooth movement.

Results: In this study we present orthodontic treatment with the assistance of orthodontic wires with different size and elasticity which gave optimal dental movement. Particular attention was given to control of anchorage because it is the most important factor, holding the key of the successful treatment.

Conclusion: Benefit from this treatment is more predictable results, treatment efficiency, and, more comfortable for the patient, more hygienic and faster treatment progress.

РАН ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТЕ СО БИЛО КОЈА ФОРМА НА РАСЦЕП

Радмила Димовска
Коавтор Славе Наумовски

Расцепите ја претставуваат најчестата краниофацијална аномалија.
(приближно едно новородено со расцеп 1000 живородени бебиња, а кај некои популации и повеќе). Расцепите можат да се појават на примарниот палатум, секундарниот палатум или заедно, и во сите можни комбинации. Тие можат да бидат комплетни или некомплетни, унилатерални или билатерални. Расцепот на палатумот може да се појави и како изолиран феномен. Расцепите често се составен дел на конгенитална аномалија или на некој синдром. Третманот на пациентите со расцеп е долг и мутидисциплинарен со учество на многу специјалности кои го формираат *тимот за расцепи*.

Учеството на ортодонтот во овој тим започнува неколку дена по раѓањето на бебето со примена на предхируршка ортодонтска терапија со цел да се спреми бебето за понатамошен хируршки третман. Првата фаза на ортодонтскиот третман се состои во тоа да се изврши контракција или експанзија (дистракција) на максиларните сегменти, а со тоа и насочување на коскените структури и меките ткива односно на расцепот на усната и процессус алвеоларис, т.е палатумот. Корекцијата на усната се изведува на три месечна возраст, а корекцијата на палатумот по навршувањето на втората година.

Втората фаза на ортодонтскиот третман се изведува за да се добие нормална оклузија или доколку постојат скелетални дискрепанци да се подготват виличните лакови за ортогнатна хирургија со крајна цел постигнување на нормален сооднос на горната и долната вилица со нормална оклузија, анатомо-морфолошко-функционален изглед на лицето, нормално џвакање, нормален развој на говорот , дишењето, слухот, голтањето до развој во здрава социјализирана личност.

EARLY TREATMENT IN PATIENTS WITH ANY KIND OF CLEFT

Radmila Dimovska
Koautor: Slave Naumovski

Clefts present the most often craniofacial anomaly (circa one newborn baby is born with cleft in a 1000 hundred live born babies). There are two types of clefts: complete or incomplete and unilateral or bilateral.

A palatal cleft may occur as an isolated phenomenon. Patients may have a cleft on the primary palatum, secondary palatum or both of them, or in every possible combination. Clefts are often a part of a congenital anomaly or some syndrome.

Complete unilateral or bilateral clefts of the lip have an arch that is collapsed into the transversal, especially on the side of the cleft.
Treatment of the patients with clefts is a long and multidisciplinary process with the participation of many specialties which form * the cleft team *.

The orthodontist enters the team a few days after the baby is born with pre-surgical orthodontic therapy in order to prepare it for a further chirurgical treatment.
The first phase of the orthodontic treatment consist out a distraction of the maxillary segments which results in a soft and hard tissue or cleft lip and palate direction.
Lip correction is conducted on the age of 3 months and the palatal correction after the child turning of 2 year of age.

The second phase of the orthodontic treatment is being conducted in order to incite a normal occlusion or if the skeletal discrepancy exist, to prepare jaw arches for ortho-gnatic surgery leading the patient with normal occlusion, anatomo-morphological and functional face expression, normal chewing, normal speech development into a healthy and solidarity person.

ТРЕТМАН НА АНТЕРИОРНО-ОТВОРЕН ЗАГРИЗ

Марија Манева,
Коавтори: Лидија Кануркова, Цветанка Мишевска-Бајрактарова,
Габриела Ќурчиева-Чучкова, И. Манев

Вовед:Малоклузија III класа комбинирана со скелетен отворен загриз претставува еден од најголемите предизвици во ортодонтската пракса. Заедно чинат една комплексна , мултифакториелна и тешка аномалија. Причина за појава на отворениот загриз се неправилниот раст на орофацијалните структури, одредени лоши навики- цицањето на прсти; инфантилното голтање; опструкцијата на дишните патишта од помал или поголем степен; а генетскиот фактор е предоминантен во формирањето на малоклузија III класа.

Материјал и метод: во овој труд презентираме два пациенти: момче на 17 и девојче на 15 годишна возраст (претходно нетретирани) со антериорно отворен загриз и скелетна малоклузија III класа кои дојдоа на Клиниката за ортодонција за корекција на нивната оклузија. Екстраоралниот наод на обата пациенти се карактеризираше со конкавен профил, зголемена долна лицева висина, инкомпетентност на усните и фацијална асиметрија. Направени се потребните рентгенграфски и кефалометриски испитувања, како и анализа на студио модели. Присутна беше перменентна дентиција, скелетна малоклузија III класа, ретрогнатизам на обете вилици, протрудирани максиларни и мандибуларни инцизиви, зголемена долна лицева висина, скелетно отворен загриз и постериорен тип на растежна ротација. Третманот беше спроведен со поставување на фиксен апарат во горниот и долниот дентален лак со примена на техниката на прав лак. Во текот на третманот користена е интермаксиларна влеча III класа комбинирана со антериорна еластична тракција за корегирање на фронтално отворениот загриз.

Заклучок:По постигнувањето на задоволителна хоризонтална и вертикална инцизивна стапалка, функционална оклузија со моларен однос во I класа , фиксните апарати беа отстранети и поставени мобилни ортодонтски апарати за одржување и стабилизација на оклузијата.

TREATMENT OF ANTERIOR OPEN BITE - CASE REPORTS

Marija Maneva,
Coautors: Lidija Kanurkova, Cvetanka.Mishevska-Bajraktarova,
Gabriela Curcieva-Cuckova, I.Manev

Introduction: A developing Class III malocclusion combined with skeletal open bite is one of the most challenging problems confronting an orthodontic clinician. Together they present a complex, multi-factorial and difficult anomaly.

There are many reasons for the occurrence of open bite, including abnormal growth pattern, finger-sucking, airway obstruction, and tongue posture and function; and Class III is genetically related in most of the cases.

Material and method: in this paper we present two patients with anterior open bite and skeletal Class III who came to our Department for correction of their malocclusion. Extra oral findings at both persons (girl 14 years aged and boy 17 years old) revealed concave profile, increased lower facial height, lip incompetence, facial asymmetry. We made x-ray examination: OPG and lateral cephalogram, studio casts analysis.

They had permanent dentition, skeletal Class III with open bite, retrognatism of maxilla and mandibula, protruded maxillary and mandibular incisors, increased lower facial height and posterior growth rotation. Both were treated with fixed appliances in upper and lower dental arch- straight wire technique. During the treatment we used intraoral elastics Class III and tracings for correction of the frontal open bite.

Conclusion: As we achieved suitable overjet, overbite and proper functional occlusion with Class I molar relation and an esthetic results, as well; after two years the fixed appliances were removed and we used mobile retainers to maintain and stabilize the occlusion.

РЕШАВАЊЕ НА ОРТОДОНТСКИ СЛУЧАИ СО ПРОТЕТСКИ И КОМБИНИРАН (ХИРУРШКО-ПРОТЕТСКИ) ПРИСТАП

Зоран Анѓелески
Коавтор: Александар Анѓелески

Целта : беше да се елаборира поинаков пристап кон решавање на овие комплицирани ортодонтски случаи кој дава побрзи резултати, за разлика од конвенционалниот ортодонтски третман, кој повозрасните пациенти се потешко го прифаќаат.

Материјал : Пациенти со сличен проблем – принудна прогена централна оклузија. Методите беа ПРОТЕТСКИ и ХИРУРШКО-ПРОТЕТСКИ (продолжување на клиничка коронка).

Резултатите беа слични, пациентите беа задоволни и од естетски и од функционален аспект.

Заклучок : Малку се трудови од оваа област а успехот е мерлив и реален, но со ограничена клиничка практичност.

SOLVING ORTHODONTIC CASES WITH PROSTHETIC AND COMBINED (SURGICAL-PROSTHETIC) APPROACHES

Zoran Angjeleski
Coautor Aleksandar Angjeleski

The objective: was to elaborate a different approach to solving these complicated orthodontic cases, that gives faster results, unlike the conventional orthodontic treatments that elderly patients are less likely to accept.

Materials: Patients with a similar problem - forced prognathic central occlusion. The methods were prosthetic and surgical-prosthetic (extension of the clinical crown).

The results were similar, the patients were satisfied with both the aesthetic and functional achievements.

Conclusion: There are few published works on this subject and though the success is measurable and realistic, these approaches have a limited clinical utility.

МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ТРЕТМАН НА МАЛОКЛУЗИЈА- КЛИНИЧКИ ПРИСТАП

Ајше Реџеп
Коавтор Севди Реџеп

Цел: Целта на овој клинички пристап е да се презентираат мултидисциплинарните критериуми што се користат за соодветен третман на различни стоматолошки и скелетни малоклузии. Исто така, добиените резултати од овој пристап ќе бидат многу значајни и корисни за сите ортодонти со цел да се подобри нивниот успех во лекувањето на сличните случаи.

Методи и материјали: Учесниците во овој пристап ќе бидат мажи и жени од 12 до 35 години. За овој третман се користи фиксен ортодонтски апарат со цел да се добие избалансиран однос помеѓу забите и вилиците. За овој случај се користени корки од модели и панорамски рентген, како и внатрешни и надворешни усни фотографии, пред и по третманот.

Времетраењето на третманот е од 20-24 месеци.

Резултати: поставување на индивидуалните протези служи за да се добие добро израмнување и изедначување со соодветна бургија, и сето тоа резултираше со постигнување на природна гингива и естетика за одлична насмевка.

На крајот на терапијата, совршениот облик на максиларната и долната вилица како и оклузијата беа подобрени.

Заклучок: Функционалните и естетските резултати се задоволителни во сите презентирани клинички случаи. Според тоа, може да се заклучи дека нормалнитевнатрешни стоматолошки оклузии се постигнати само со соодветен мултидисциплинарен третман.

Клучни зборови: мултидисциплинарен третман, малоклузија, ортодонција, терапија,

MULTIDISCIPLINARY TREATMENT OF MALOCCLUSION- CLINICAL APPROACH

Ajshe Redzep
Sevdi Redzep

Aim: The aim of this clinical approach is to present a multidisciplinary criteria used for appropriate treatment of different dental and skeletal malocclusion . Also, the results received from this approach will be very significant and useful for all the orthodontists in order to enhance their success in treating similar cases.

Methods and materials: Participants in this approach will be males and females from 12 till 35 years. For this treatment is used fixed orthodontic appliance in order to get a balanced relationship between the dental and jaws bases. For this case are used study models crusts and panoramic x-ray radio graphs, as well as intra and extra oral photographs, before and after the treatment.

The duration of the treatment lasts from 20-24 months.

Results: The individual braces placement served to obtain good leveling and alignment with appropriate torque, and all this resulted with achieving natural gingival contoured and excellent smile esthetics.

At the end of the therapy, the perfect maxillary and mandible arch's shape and occlusion were improved.

Conclusion: The functional and esthetic results were satisfactory in the all presented clinical cases. According to that, we can conclude that normal inter dental occlusions are only achieved with appropriate multidisciplinary treatment.

Keywords: multidisciplinary treatment, malocclusion, orthodontics, therapy,

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА КЛИНИЧКА КОРОНКА НА ЗАБОТ СО ПОМОШ НА ЛАСЕР

Никола Камчев
Коавтори : Весна Попова – Чемерска, Билјана Ивановска,
Милан Камчев,Даница Ангелова, Диме Цветков.

ВОВЕД
Продолжувањето на клиничката коронка на забот е често пати индицирана интервенција и тоа пред се од естетски, протетски или ортодонтски причини,
Продолжувањето на клиничката коронка може да биде со помош на скалпел, електрокаутер или ласер. Ако е поставена добра индикација и ако ја изведува ,,вешта хирушка рака,, со сите овие начини може да се постигне добар резултат

ЦЕЛ НА ТРУДОТ
Целта на трудот е да го потенцира нашето мислење врз основа на искуството кое го имаме дека оваа интервенција најбезбедно и најдобро може да биде изведена со ласер.

МАТЕРЈАЛИ И МЕТОДИ
Во презентацијата ќе бидат прикажани неколку случаеви каде е употребуван електрокаутер и ласер. Скоро сите случаеви беа индицирани од естетски и протетски причини.

РЕЗУЛТАТИ
Резултатите беа сосема добри и со едниот и со другиот метод, со таа разлика што употребата на електрокаутерот бара многу внимателност за тоа колку ќе се отстраните од гингивата и никогаш не сме сигурни дали конечната ивица на гингивата ќе биде точно на бараното ниво. Со ласерот таква опасност не постои.

ЗАКЛУЧОК
Нашето искуство ни дозволува да констатираме дека за сега Ласерот е суверено средство со кое може многу безбедно и точно да се лоцира идната гингивална ивица.

LENGTHENING OF THE CLINICAL CROWN OF THE TOOTH WITH LASER

Author: Nikola Kamchev
Coauthors: Milan Kamchev, Biljana Ivanovska, Danica Angelova
Vesna Chemerska Popova, Dime Cvetkov.

Introduction:
Lengthening of the clinical crown is often invoiced from aesthetic, prostetic or orthodontic reasons. This procedure can be done with a scalper, electrocauter or laser. If there is a good indication and if it is professionally done, good results can be achieved.

Aim:
Our aim is to accentate our opinion based on our experience that this procedure the most safely and in the best way can be done with a laser.

Materials and method:
We will present several cases where we used electrocauter and laser. Almost all cases were medicated from aesthetic and prosthetic reasons.

Results:
The results show that both methods were good, with a note that using the electrocauter needs a lot of attention in cutting the gingival and we are never sure about the final level of the Margo gingive. With the laser that mind of risk doesn't exit.

Conclusion:
Out experience made us concluded that the laser is the most safe and precise tool to locate margo gingive.

ВЛИЈАНИЕТО НА ЛАСЕРСКОТО И ХЕМИСКОТО БЕЛЕЊЕ НА ВИТАЛНИ ЗАБИ И НИВНО ДЕЛУВАЊЕ ВРЗ ЗАБНАТА СТРУКТУРА И ИНТРАПУЛПНАТА ТЕМПЕРАТУРА

Весна Филиповска Мицевска
Владимир Филиповски, Лидија Поповска

Естетиката на лицето секако дека подразбира убави и бели заби, што се повеќе е желба на голем број пациенти. Виталното белење на забите станува секојдневна пракса за стоматолозите. Кој метод и кое средство за белење ќе се примени зависи од дисколорациите на забите. Бидејќи сеуште постојат дилеми за и против белењето и за неговото влијание на забната структура, како и врз интрапулпната температура, одлучивме тоа да биде и целта на нашето испитување. Материјалот кој го користевме претставува 35% хидроген пероксид, надополнет со флуор и потазиум нитрат т.е. Opalescence Boost.

Мерењето на интрапулпната температура беше изведено со помош на апаратот Пирометар, материјал за спроводливост на температурата и Fotona fidelis 3 ласерот.

Од извршените испитувања на 40 еднокорени заби, поделени во 4 групи, добивме резултати од кои произлезе дека покачувањето на интрапулпната температура изнесуваше 5º С.

Од целото испитување можеме да заклучиме дека помеѓу хемиското и ласерското белење не постои разлика во однос на бојата на забите, единствено што при ласерското белење се покачува интрапулпната температура, која е во нормални граници на виталност.

THE INFLUENCE OF LASER AND CHEMICAL BLEACHING OF VITAL TEETH AND THEIR EFFECTS ON TOOTH STRUCTURE AND INTRAPULPAL TEMPERATURE

Vesna Filipovska Micevska
Coautors Vladimir Filipovski, Lidija Popovska

The aesthetics of the person certainly means beautiful and white teeth, which are more a wish of many patients. Vital tooth whitening becomes daily practice of every dentists. Whichever method, which bleach is applied depends on diskoloration of teeth. Because there are still dilemmas for and against bleaching and its effect on tooth structure, as well as intrapulpal temperature, it decided to be the goal of our study.

The material we used is 35% hydrogen peroxide, supplemented with fluoride and nitrate potazium – or Opalescence Boost.

Measuring intrapulpal temperature was performed using the appliance of Pirometar, material conductivity, and temperature with Fotona fidelis 3 laser.

Examinations carried out on 40 single root teeth, divided into 4 groups received results of which showed that the rise in intrapulpal temperature was 5ºC.

The whole investigation we can conclude, that between chemical and laser bleaching there is no difference in terms of color of the teeth, the only thing in laser bleaching increases the intrapulpal temperature, which is within normal limits of vitality

ХИРУРШКА И РЕКОНСТРУКТИВНА ТЕРАПИЈА НА ЛОКАЛИЗИРАНИ АГРЕСИВНИ ПАРОДОНТИТИ ПОТПОМОГНАТА СО Er:YAG ЛАСЕР - НОВ ЧЕКОР ВО ТЕРАПИСКАТА ПРОГНОЗА

Бруно Николовски,
Коавтори: Ана Миновска, Цветановска Даниела Стојчева,
Ана Александровска, Ванчо Спиров

Локализирани агресивни пародонтити (ЛАП) обично водат до масовна деструкција на коската околу забите, загуба на ткивната потпора, зголемена мобилност на забите и доколку не се третира - губење на забите. Конвенционалните тераписки методи не можат да даде предвидливи резултати.

ЦЕЛИ: Наша цел е да се изнајдат тераписки опции кои ќе доведат до значително подобрување на пародонталните параметри по терапијата на ЛАП, како и терапевтски опции кои ќе обезбедат полесно предвидливи резултати.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ: 26 заби со значителна загуба на коскена маса околу нивните корени кај 7 здрави возрасни лица беа дијагностицирани ЛАП, и беа измерени PPD, CAL, BOP, bone mapping, PI и мобилност на забите, проценка на фуркацијата и РТГ снимки беа направени непосредно пред третманот, по 3 месеци и по 1 година. Пациентите беа третирани со специјално дизајниран протокол вклучувајќи иницијална пародонтална терапија, Er:YAG ласерска хирургија во комбинација со аугментативна терапија.

РЕЗУЛТАТИ: Сигнификантно намалени вредности за PPD, CAL и bone mapping може да се измерат по 1 година од третманот, како и подобрување на останатите параметри, поткрепени со РТГ евалуацијата. Проблем е регистриран во долната вилица во услови на IV класа по Милер.

ЗАКЛУЧОК: Er:YAG хируршка и реконструктивна терапија како втора фаза од пародонталната терапија на ЛАП обезбедува одлични клинички резултати и подобра тераписка предвидливост.

Клучни зборови: локализирани агресивни пародонтити, Er:YAG ласерска хирургија, пародонтална терапија.

LOCALIZED AGGRESSIVE PERIODONTITIS Er:YAG SURGICAL AND RECONSTRUCTIVE THERAPY – A NEW STEP IN THE THERAPY PREDICTABILLITY

Nikolovski Bruno,
Coautors: Ana Minovska, Daniela Cvetanovska Stojceva, Ana Aleksandrovska, Vancho Spirov

Localized aggressive periodontitis (LAP) typically leads to massive bone destruction around the teeth, supportive tissue loss, increased tooth mobility and if not treated tooth loss. The conventional therapeutic methods can not give predictable results.

OBJECTIVES: Our goal is to find therapy options which will lead to significant improvement of the periodontal parameters after the LAP therapy as well as therapeutic option which will provide more predictable results.

MATERIAL AND METHOD: 26 teeth with advanced bone loss around their roots in 7 healthy adults were diagnosed with LAP and PPD, CAL, BOP, bone mapping, PI, tooth mobility, was measured, furcation assessment and X-Ray was taken at the baseline, after 3 months and after 1 year. The patients were treated with a specially designed protocol including initial periodontal therapy, Er:YAG surgery combined with reconstructive bone augmentative therapy.

RESULTS: A highly decreased values for PPD, CAL, and bone mapping could be measured after 1 year of the treatment as well as improvement of the other parameters. The X-Ray evaluation. Problem occurred in lower jaw with furcation involvement Miller class IV.

CONCLUSION: Er:YAG surgical and reconstructive therapy as a second stage periodontal therapy of LAP provides excellent clinical results and better therapy predictability.

Key words: Localized aggressive periodontitis, Er:YAG laser surgery, periodontal therapy.

ХИРУРШКА КОРЕКЦИЈА НА ГИНГИВАЛНА НАСМЕВКА ПОТПОМОГНАТА СО Er: YAG ЛАСЕР - брз начин до висока естетика во фронталната регија

Даниела Цветановска Стојчева
Ана Миновска, Ана Александровска , Бруно Николовска, Вера Радојкова-Николовска

"Gummy smile" претставува голем естетски проблем. Во присуство на неправилни заби и пародонтална болест тоа може да биде естетски, но и пародонтален проблем.

ЦЕЛ: Хируршки пристап потпомогнат со Er:YAG ласер е наменет за корекција и преобликување на присутните меки ткива, за реконтурирање на коската која ќе претставува долгорочна меко-ткивна потпора, да се направи темелен дебридман, да се намалат длабочините на присутните пародонтални џебови, да обезбеди скратување на времето до конечното протетско реконструирање, како и да обезбеди долгорочна естетика.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД: Овој пристап го употребивме на 28 заби кај 5 пациенти со многу висока линија на насмевка во комбинација со хронична пародонтопатија. Ги меревме следните пародонтални индекси: PPD, CAL, PBI и направивме фотографии на почетокот на третманот, по 1 месец, по 3 месеци и по 1 година од интервенцијата.

РЕЗУЛТАТИ: Резултатите за PPD прикажаа редукција од најмалку 50% по 1 и 3 месеци и стабилни резултати по 1 година. CAL беше хируршки репозиционирано и покажа стабилна позиција по 1 месец, 3 месеци и 1 година од интервенцијата. PBI беше намален, а фотографиите презентираат зголемена естетика при насмевка.

Заклучок: Er:YAG ласерски асистираната хирургија за корекција на висока линија на насмевка и пародонтален дебридман во една сесија, покажува здрава и стабилна состојба на пародонталните ткива, со што се дозволува протетска реконструкција после само 1 месец, проследена со одлични естетски резултати.

Клучни зборови: гингивална насмевка, Er:YAG ласер, естетика

GUMMY SMILE SURGICAL Er:YAG LASER ASSISTED CORRECTION - fast way to final aesthetics in the upper front region

Daniela Cvetanovska Stojcheva
Ana Minovska, Ana Aleksandrovska, Bruno Nikolovski, Vera Radojkova Nikolovska

"Gummy smile" is a severe aesthetic problem. Combined with crowded teeth and periodontal disease it can be an aesthetic as well as periodontal problem.

GOAL: Surgical Er:YAG assisted approach is indicated in order to correct and reshape the sufficient soft tissue, to recontour the bone as a long term soft tissue support, to do a thorough debridement, to reduce the periodontal pocket depths, to provide short waiting time until the final prosthetics and to assure long term aesthetics.

MATERIAL AND METHOD: We have treated 28 teeth in 5 patients with very high smile line in combination with chronic periodontitis. We have measured PPD, CAL, PBI and did a photography at the baseline, 1 month, 3 months and 1 year after the surgery.

RESULTS: The results for PPD showed at least 50% reduction after 1 and 3 months and stable result after 1 year. The CAL was intentionally repositioned with the surgery and showed stable position after 1 month, 3 months and 1 year. PBI was reduced and the photographs showed increased aesthetics in the smile appearance.

CONCLUSION: The Er:YAG assisted surgery for correction of high smile line and periodontal debridement in one session, showed health and stable position of the periodontal tissues allowing prosthetic reconstruction after 1 month showing excellent aesthetical results.

Key words: gummy smile, Er:YAG laser, aesthetics

МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА

СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ ВО ОПШТА АНЕСТЕЗИЈА

Елеонора Иванова

Лекување на забите под општа анестезија при Универзитетот на Медицинскиот центар во Љубљана се работи уште од 1967 година Таа е индицирана кај пациенти кои, поради нивната болест не можат да соработуваат со стоматолог (на пр. Психофизичка засегнати) или поради тоа што основната болест бара дополнителен третман и контрола (на пр. срцева маана, хемофилија, тромбоцитопенија).

Пациентите обично се класифицираат во високо ризична група (особено ASA 3).

Кога се работи со деца бара трпение, добра премедикација и долги разговори. Треба да се воспостави добра соработка помеѓу медицинскиот персонал и родителите / старателите на пациентот. Родителите / старателите треба да бидат со пациентот во текот на сите фази на општата анестезија додека пациентот се уште е свесен и тогаш кога се опоравува на одделението.

Потребна е педијатариска анамнестичка листа и изведување на лабораториски тестови.

Анестезиологот мора да биде подготвен за многу тешка интубација и да обезбеди одлична анестезија и аналгезија, соодветна контрола и спречување на можни пост-оперативни компликации поради основната болест.

Стоматолозите треба да бидат свесни за можните ограничувања во нивната работа, заради природата на болеста на пациентот (пр. мускулна дистрофија). Негата на забите под општа анестезија е комплетна. Вклучува чистење на тврдите и меките наслаги, ендодонтски третман на коренскиот канал, екстракција на оние заби кои не можат да бидат на друг начин санирани и да се заштититат забите со хлорхексидин и флуориден слој.

Неопходна е мултицентрична соработка меѓу педијатар, лекување од специјалист, стоматолог и анестезиолог.

MAXILLOFACIAL SURGERY

DENTAL SERVICE IN GENERAL ANESTHESIA

Eleonora Ivanova

Dental treatment under general anesthesia in the University Medical Centre Ljubljana has been running since 1967. It is indicated for patients who, due to his illness can not work with the dentist (eg. Psychophysical affected) or because the underlying disease require additional treatment and control (eg. heart defect, hemophilia, thrombocytopenia).

Patients are usually classified in the high risk group (particularly ASA 3).

When working with children requires patience, good premedication and great conversation. Good cooperation should be established between the medical staff and the parents / guardians of the patient. Parents / guardians should be with the patient during all phases of general anesthesia while the patient is still conscious and then when recovering on the ward.

Pediatrician precisely anamnestic list and perform laboratory tests.

The anesthesiologist must be prepared for a lot of difficult intubation and provide excellent anesthesia and analgesia, adequate control and prevent possible post-operative complications due to underlying disease.

The dentist should be aware of possible limitations in their work due to the nature of the underlying disease of the patient (eg. In muscular dystrophy). Dental care under general anesthesia is complete. Includes cleaning of hard and soft plaque, stopping teeth, endodontic root canal treatment, tooth extractions those that can not be otherwise procure and protect teeth from chlorhexidine and fluoride coating.

It is necessary multicenter cooperation between pediatrician, treating specialist, dentist and anesthesiologist.

ФУНКЦИОНАЛНИ ПОРЕМЕТУВАЊА ПОСЛЕ КОНЗЕРВАТИВЕН ТРЕТМАН НА СКРШЕНИЦИТЕ НА ДОЛНАТА ВИЛИЦА

Александар Грчев
Коавтори: Мирјана Поповска, Даница Поповиќ-Моневска, Алберто Бенедети

Вовед:
Прашањето за последиците кои се јавуаат после конзервативиот третман на скршениците на долната вилица е тема на голем број спротиставени мислења во стручната литература и помеѓу максилофацијланите хирурзи. Тоа значи спроведување на систематични и научни испитување на причините, условите за конзервативен третман, видовите, рентгенолошките аспекти на заздравувањето и посебно функционалните резултати и последидците по завршениот третман. Оваквата евалуација е посебно важна поади тоа што од овие параметри во крајна линија зависи и изборот на најадекватна терапија кај овој вид повреди, односно поставување индикации за примена на хируршки третман во случаите каде очекуваме појава на потешки последици по конзервативниот третман.

Цел:
Цел на оваа студија беше да се валоризираат резултатите од конзервтивниот третман на голема рандомизирана серија на скршеници на вратот на горната вилица која ке бидат разгледани сите аспекти од заздравувањето на скршеницата.

Материјал и методи:
Функционалните движења на долната вилица беа мерени на рандомизирана серија од 74 пациенти со конзервативен третман на скршеници на вратот на долната вилица. Беа мерени отварањето, алтералните движења и латерализацијата за во тек на отварањето корелирани со видот на скршеницата.

Резултати и дискусија:
Најчести функционални последици на нашиот маријал беа:
-отежнатото отварање на долната вилица најдовме кај 28% од испитаниците, и најчесто не беше пречка во исхраната или секојдневните активности на пациентот,
-оклузални пореметувања се јавуваат исклучително ретко, воглавно кај нетретирани или неправилно третирани пациенти, воглавно поради недостаток на Т.О.П. од било која причина.
-анкилоза во ТМЗ на нашиот материјал не најдовме, исто како и . пореметување во мандибуларниот раст и развој.

Заклучок:
Со евалуацијата на сите опишани последици од скршениците на вратот на долната вилица после децидно спроведен конзервативен третман на мнение сме дека засега не постојат индикации за рутински хируршки третман кај овој вид скршеници.

FUNCTIONAL DISORDERS AFTER CONSERVATIVE TREATMENT OF FRACTURES OF THE MANDIBULAR CONDYLE

Aleksandar Grchev
Coautors: Mirjana popovskam, Danica Popovik-Monevska, Alberto Benedeti

The issue of consequences emerging after conservative treatment of mandibular fractures is subject of many opposing opinions in the scientific literature and among maxillofacial surgeons. This means undertaking systematic, scientific investigation of especially of the functional results and consequences of the conducted treatment. This evaluation is especially important because the choice of the most adequate treatment and the indications for surgery in cases where more severe functional sequelae are expected, depend upon these parameters.

Aim:
The aim of this study is evaluation of the results of conservative treatment on a large randomized series of fractures which would encompass all aspects of fracture healing.

Material and methods:
Functional ability for usual mandibular movements were measured on randomized group of 74 patients with conservative treatment of mandibular condylar fractures. Mandibular opening, lateral movements and lateralisations during opening moving was measured and correlated with the type of fractures.

Result and discussion:
The most common functional consequences found in our material were:
difficulty in mouth opening was found in 28% of the examinees and presented little handicap in eating and other everyday activities of the patient,
ankylosis of TMJ was not established in our material as well as disturbances in the mandibular growth and development.

Conclusion:
Evaluation of the described seqelae from fractures of the mandibular collum after adequately conducted conservative treatment, lead us the conclusion that so far there aren't any firm indications for routine surgical treatment in these type of fractures.

ДИЈАГНОЗА И ТРЕТМАН НА БИСФОСФОНАТНА ОСТЕОНЕКРОЗА НА ВИЛИЦИТЕ

Даница Поповиќ- Моневска
Сузана Двојаковска, Александар Грчев, Антонио Кирков, Александар Илиев

Босфосфонатите се медикаменти кои се користат во третманот на остеопорозата но и при меастатски болести на коските со цел да се превенираат скелеталните компликации. Несаканите ефекти од бисфосфонатите се ретки но кога се јавуваат се сериозни како што е остеонекрозата на вилиците BRONJ. BRONJ или бифосфонатната остеонекроза го отежнува животот на пациентите и може да доведе до патолошка фрактура на вилиците. Најчести ризик фактори за развој на BRONJ е екстракција на заб, оралнохируршки интервенции, лоша орална хигиена, хронична инфламација, дијабет, употреба на кортикостероиди и други медикаменти.

Третманот на BRONJ се базира на клиничкиот стадиум на болеста како и на присутниот коморбидитет . Конзервативниот третман се состои од системски антибиотици и локални антисептични течности. Хируршки тертман е оправдан само во напреднати клинички стадиуми на болеста и кај пациенти кај кои конзрвативниот третман нема успех. Целта на овој труд е да се анализира епидемиологијата на бисфосфонатната остеонекроза и различите терапеутски модалитети во зависност од стадиумот на болеста.

DIAGNOSES AND MANAGEMENT OF BISPHOSPHONATES –RELATED OSTEONECROSIS OF THE JAWS

Danica Popovic - Monevska
Dvojakovska Suzana, Grchev Aleksandar, Kirkov Antonio, Iliev Aleksandar

Bisphosphonates are drugs used for the management of osteoporosis and metastatic bone disease to avoid skeletalrelated complications. Side effects are rare but potentially serious such as the bisphosphonate-related osteonecrosis of the jaws (BRONJ). BRONJ impairs the quality of life and can even lead to pathologic fractures of the mandible. Risk factors for developing BRONJ are tooth extraction, bone surgery, poor oral hygiene, chronic inflammation, diabetes mellitus, glucocorticoid use as well as use of other drugs.

Management of BRONJ is based on the stage of the disease, size of the lesion, and the presence of the contributing drug therapy and comorbidity.

Conservative therapy includes topical antibiotic oral rinses and systemic antibiotic therapy. Surgery is indicated in advanced nonresponsive disease with limited success. This review delineates the epidemiology of BRONJ and the various modalities for the treatment of different stages of the disease.

ГОЛЕМИ БЕНИГНИ ПАТОЛОШКИ СОСТОЈБИ НА ВРАТОТ. ПРИКАЗ НА ДВА СЛУЧАИ.

Антонио Кирков.,
Алберто Бенедети, Владимир Поповски, Даница Поповиќ-Моневска , Горан Панчевски, Александар Илиев, Сузана Двојаковска .

Бенигните промени на вратот може да се од епително и мезенхимално потекло. Кај значаен дел од нив лекувањето е оперативно. Во оперативното третирање присутна е индикација за анатомска и функционална презервација на важните структури на вратот како и естетски прифатлив резултат. За таа цел неопходна е соодветна предоперативна припрема која вклучува и компјутеризирана томографија.

Иако бенигни, овие промени претставуваат хируршки предизвик кога се со големи димензии. Презентираме два случаи со големи бенигни промени на вратот кај возрасни пациенти. Прикажана е предоперативната состојба, оперативниот и постоперативниот тек, КТ наод и хистопатолошкиот наод.

LARGE BENIGN PATHOLOGICAL ENTITIES ON THE NECK. REPORT OF TWO CASES.

Antonio Kirkov,
Alberto Benedetti, Vladimir Popovski, Danica Popovic-Monevska, Goran Pancevski, Aleksandar Iliev, Suzana Dvojakovska

Benign pathological entities on the neck can have epithelial or mesenhimal origin. Significant part of them requires operative treatment. In such a treatment indication for anatomic and functional preservation of important neck structurtes and aesthetic acceptable result occurs. Adequate preoperative preparation with computer tomography is necessary.

Although benign, when they present with such large dimensions, these are always a surgical challenge.

We are presenting two cases with large benign entities on the neck in older patients. Preoperative condition, operative and postoperative treatment, KT and histopatological findings are presented.

ИНТРАОСЕАЛЕН ПЛАНОЦЕЛУЛАРЕН КАРЦИНОМ ОД ОДОНТОГЕНА ЦИСТА – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Горан Панчевски
Коавтори: Владимир Поповски, Александар Грчев, Александар Илиев, Антонио Кирков

Примарниот интраосеален планоцелуларен карцином со потекло од одонтогена циста е ретка малигна неоплазма на вилиците, па оттаму и малиот број на добро документирани случаи. Најчесто е инволвиран долновиличниот постериорен сегмент, а предиспонирани се припадници на машкиот пол.

Пациент на вораст од 48 години беше упатен до Клиниката за максилофацијална хирургија во Скопје заради болки во долната вилица и парестезија на долната усна. Интраоралниот преглед покажа нормална орална мукоза, а ортопантомограмот импактиран долен десен умник и регуларна радиолуцентна област, сугестивна за одонтогена циста. Во општа анестезија беа отстранети импактираниот умник и цистичниот тумор. Хистопатолошкиот наод откри планоцелуларен карцином. Понатамошните КТ и УЗ покажаа отсуство на туморска резидуа или регионални метастази, како и на далечен примарен тумор. Во тек се подготовки за понатамошен третман.

Според авторите на објавените случаи, сегментната ресекција и радиотерапијата се најрационален терапевтски приод. Покрај тоа што најголемиот дел одонтогени цисти имаат бениген карактер, можноста за малигна алтерација треба да се има предвид.

Клучни зборови: примарен интраосеален планоцелуларен карцином, одонтогена циста, импактиран заб.

SQUAMOUS CELL CARCINOMA ARISING IN AN ODONTOGENIC CYST - A CASE REPORT

Goran Panchevski
Coautors: Vladimir Popovski, Aleksandar Grchev, Aleksandar Iliev, Antonio Kirkov

Background: PIOSCC - primary intraosseus squamous cell carcinoma derived from odontogenic cyst is a rare malignant neoplasm of the jaws, so there is only a small number of well-documented cases. More commonly involved is the posterior region of the mandible with male predilection.

CASE REPORT: A 48 year old male was referred to the Clinic for Maxillofacial Surgery in Skopje, Macedonia, complaining of jaw pain and paresthesia of the lower lip. An Intraoral examination revealed a normal mucosa, panoramic radiography showed an impacted lower right third molar and regular radiolucent area suggestive for an odontogenic cyst. Operative treatment was performed under general anesthesia, consisting of cystic tumor and wisdom tooth removal with primary wound closure. Pathology reports revealed squamous cell carcinoma. Further CT and US showed no residual tumor or regional disease and absence of a distant primary. The patient is currently undergoing preparation for further treatment.

CONCLUSION: Authors of reported cases advocate segmental resection and radiotherapy as a reasonable therapeutic approach. Despite the fact that most odontogenic cysts are benign, clinicians should always consider the possibility of malignant transformation.

Keywords: primary intraosseous squamous cell carcinoma, odontogenic cyst, impacted tooth.

ДИФЕРЕНЦИЈАЛНО ДИЈАГНОСТИЧКИ ПОТЕШКОТИИ ВО ОДНОС НА НЕВРАЛГИАТА НА ТРИГЕМИНАЛНИОТ НЕРВ

Александар Грчев
Коавтори: Сузана Божовиќ, Даница Поповиќ- Моневска, Горан Панчевски

Болните состојби кај кој не може да се востанови органска подлога за нивна појава, се еден од најтешките диференцијално дијагностички и посебно тераписки проблеми во севкупната медицинската струка, а тоа во најголема мера се однесува и на овие состојби во областа на лицето и вратот. Болката сама по себе не е патогномоничен симптом за заболувањата во орофацијалниот сегмент, и поради ниската предиктивност, неговата вредност во однос на дијагностицирањето на одредени патолошки состојби е многу релативна. Поради ова точната диференцијација на болните сензации, посебно на оние кои би можеле да ги наречеме „невралгија“, во однос на цела низа „невралгиформни“ болни состојби е тема на ова предавање.

Цел:
Да се евалуира точноста на дијагнозата „невралгиа“ како наод во подрачјето на примарната дијагноза на докторите по медицина и по дентална медицина користејќи ги упатите до специјалист на Клиниката.

Материјал и методи:
Рандомизирана група од 134 пациенти на Клиниката за мксилофацијална хирургија во Скопје беа испитани за да се воспостави крајна дијагноза. Резултатите пред и по испитувањето беа статистички обработени.

Резултати и дискусија:
Најголемиот број на дијагнозите беа точни, иако постоеја некои упати кои не ги исполнуваа критериумите за болеста да се класифицира како неуралгиа.
Состојбите кои најчесто се лошо дијагностицирани како „неуралгија„ се АОФБ (атипична орофацијална болка), но и погрешното дијагностицирање на МБДС е чест наод

Заклучок:
Постојат потешкотии за точна диференцијација на неуралгиата на тригеминалниот нерв при прв контакт но користењето на точен алгоритам кои авторите го препорачуваат може да биде од голема помош при востанувањето на точната дијагноза.

DIFFERENTIAL DIAGNOSIS DIFFICULTIES REGARDING TRIGEMINAL NEURALGIA

Aleksandar Grchev
Coautors: Suzana Bozhovic, Danica Popovic – Monevska, Goran Panchevski

Patients with pain with no organic basis for symptoms, are one of the most difficult differential diagnostic and therapeutic problems in medicine, and is wery common in the region of the face and neck. Pain itself is not pathognomonic for diseases in orofacial segment, and the low predictability, its value in terms of the diagnosis of certain pathologies is very relative. Because this exact differentiation of sick sensations, especially those who might call “neuralgia” in relation to the whole range “neuralgiformic” painful conditions is the subject of this study.

Aim of study:
To evaluate the accuracy of diagnosis “neuralgia” as primary findings of doctors of dental medicine using refers to specialists.

Material and methods:
Randomized group of 134 patients refer to our clinic in period of three years with diagnosis “neuralgia” were investigated to verify the exact diagnosis. Statistical analysis of results before and after investigations were undertaken.

Results and discussion:
The waste of diagnosis were exact, although there were some refers which did not meet criteria to be classified like “trigeminal neuralgia”.
Conditions which is mostly misdiagnosed like “neuralgia” is AOFP (atypical orofacial pain), but MPS (myofacial pain sy) is common finding.

Conclusion:
There are some difficulties to establish differential diagnosis of trigeminal neuralgia in first sign, but following the proposed exact protocol relieve our efforts.

УЛОГАТА НА DNA- МЕТИЛАЦИЈАТА НА P16, E-CADHERIN, DAPK, MGMT И RARB2 ВО ОРАЛНАТА КАРЦИНОГЕНЕЗА

Сузана Двојаковска
Коавтори;Даница Поповиќ- Моневска, Александар Грчев, Владимир Поповски, Алберто Бенедети, Антонио Кирков

Вовед : И покрај бројните достигнувања со користење на најновите протоколи на хируршки третман, зрачење и хемотерапија- тераписки модалитети за OSCC,сепак стапката на преживување останува сеуште многу ниска. Епигенетиката(DNA- метилацијата), нуди нови можности за подобро разбирање на молекуларната биологија, за неинвазивно рано откривање, дијагностицирање и третман на карциномите, вклучувајќи го и OSCC.

Целта на оваа студија е да се потврди улогата на DNA- метилацијата на зададените гени во раната и развојна орална карциногенеза кај пациентите со OSCC.

Материјал и методи: 40 пациенти со OSCC беа хируршки третирани според протоколот и патолошки верифицирани. Од секој пациент, беа земени биоптичните материјали од туморско ткиво, контралатерално и здраво ткиво. Нивоата на метилација, за секој промотор ген беа утврдени со користење на : in vitro бисулфитна модификација на DNA, квантитативна полимераза верижна реакција во реално време (Real-time quantitative Polymerase Chain Reaction – RT-qPCR) и компарирани меѓусебно.

Резултати: Анализата на резултатите покажа дека здравите ткива се константно неметилирани, а нивото на DNA– метилацијата на гените во контралатералните и туморските ткива е постојано дисрегулирано.

Заклучок: сознанијата за овие молекуларни биомаркери ќе придонесат во расветлување на централната догма за улогата на DNA- хиперметилацијата, во раната и развојна орална карциногенеза.

THE ROLE OF DNA METHYLATION OF P16, E-CADHERIN, DAPK, MGMT И RARBIN ORAL CANCEROGENESIS

Suzana Dvojakovska
Co-autors: Danica Popovic-Monevska, Aleksandar Grcev, Vladimir Popovski, Alberto Benedeti, Antonio Kirkov

Introduction: Despite the numerous achievements using the latest protocols of surgery, radiation and hemoterapija- therapeutic modalities for OSCC, the survival rate still remains poor. Epigenetics (DNA- methylation), offers new opportunities for a better understanding of molecular biology for non-invasive early detection, diagnosis and treatment of cancers, including OSCC.

The aim of this study is to confirm the role of DNA- methylation of selected genes in early and developmental oral carcinogenesis in patients with OSCC.

Material and Methods: 40 patients with OSCC were surgically treated, according to protocol and pathologically verified. For each patient, bioptic materials were taken from tumor tissue, contralateral control and healthy tissue. Methylation levels for each promoter gene were determined using: in vitro bisulfite modification of DNA, quantitative polymerase chain reaction in real time (Real-time quantitative Polymerase Chain Reaction - RT-qPCR) and compared each other.

Results: The analysis shows that healthy tissues are constantly unmethylated and the level of DNA-methylation of genes in tumor tissues and contralateral is consistently dysregulated.

Conclusion: The findings of these molecular biomarkers will contribute to the clarification of the central dogma of the role of DNA- hypermethylation in oral carcinogenesis .

РЕКУРЕНТЕН ВОСПАЛИТЕЛЕН ОТОК НА ДОЛНАТА ВИЛИЦА КАКО ДИЈАГНОСТИЧКА ДИЛЕМА – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Александар Илиев.
Коавтори: Антонио Кирков, Горан Панчевски, Алберто Бенедети, Владимир Поповски, Даница Поповиќ-Моневска, Славе Наумовски, Сузана Двојаковска, А. Бајро, П. Петковиќ

Воспалителниот оток на лицето и вилиците е чест наод во секојдневната пракса. Вообичаените причини се одонтогена инфекција или траума. Но, понекогаш, одредени случаи се манифестираат со толку невообичаени карактеристики, што претставуваат значаен диференцијално-дијагностички предизвик.

Прикажуваме случај на 14-годишна пациентка која има повторувачки воспалителен оток, секогаш лоциран на левата хемимандибула. Болните епизоди се јавуваат случајно, најчесто неколку пати годишно, со различен интензитет, а поминуваат скоро без терапија.

Не востановивме никаква дентогена патологија. Коскена биопсија беше направена во два наврати и во два центри, но без конклузивна дијагноза. Беа реализирани и сите релевантни лабораториски крвни анализи, нивоа на електролити, ензимски статус, тенкоиглена биопсија и КТ со контраст.

Трудот ги опишува клиничките знаци, хронологијата на болеста, како и достапната литература за диференцијална дијагноза на состојбата.

Клучни зборови: рекурентен оток, мандибула, едностран, диференцијална дијагноза.

RECURRENT INFLAMMATORY MANDIBULAR SWELLING AS A DIAGNOSTIC DILEMMA – A CASE REPORT

Aleksandar Iliev
Coautors: Antonio Kirkov, Goran Pancevski, Alberto Benedeti, Vladimir Popovski, Danica Popovic-Monevska, Slave Naumovski, Suzana Dvojakovska, A. Bajro, P. Petkovic

Inflammatory swelling of the face and jaws is a frequent finding in everyday practice. The usual causes range from odontogenic infections to trauma. However, certain cases present with such unusual features that cause significant differential diagnostic dilemma.

We present a case of a 14-year old girl, having symptoms of chronic recurrent inflammatory swelling always localized on the left hemi-mandible. Episodes of pain and swelling manifest randomly, usually a couple of time a year, with varying severity and subside almost without medication.

The dentition showed no devitalized or in any other way diseased teeth. Bone biopsy was performed twice in two different centers without a conclusive diagnosis. All the relevant lab works, enzyme studies, electrolyte analysis, FNAC, and CT with contrast were conducted.

The paper discusses the clinical features, course of the disease, as well as the available literature on differential diagnosis in such pathology.

Key words: recurrent swelling, mandible, one-sided, differential diagnosis.

РАСКИНУВАЊЕ НА ШНАЈДЕРОВАТА МЕМБРАНА КАКО КОМПЛИКАЦИЈА НА СИНУС ЛИФТ ОПЕРАЦИЈАТА

Данчо Бизевски
Коавтори: Бранимир Кирилов, Николче Маркоски

Хирургијата на максиларниот синус во цел на имплантолошката терапија претставува современа оперативна техника.

Таа има за цел да се подигне дното на горновиличниот синус, со што би се создале услови за успешно и безбедно имплантирање.

Цел на овој труд е да прикажеме случај со дијагноза Sinus proccidens, каде што е извршена операција синус лифт, при што е настаната компликација : повреда на Шнајдеровата мембрана.

Материјал на овој труд беше пациент на кого е извршена оваа интервенција како приказ на случај.

Резултатите се прикажани од моментот на компликацијата и во постоперативниот период преку рендгенолошките наоди.

Заклучок: Успешноста на решавањето на компликациите во хирургијата на максиларниот синус во голем дел зависат од употребените методи и техники за решавање на истите.

PERFORATION OF THE SCHNEIDER MEMBRANE AS A COMPLICATION DURING SINUS LIFT PROCEDURES

Dancho Bizevski
Coautors: Branimir Kirilov, Nikolche Markoski

Introduction: The surgery of the maxillary sinus is very common highly predictable method for the management of an atrophic posterior maxilla for implant placement. Its main cause is lifting the sinus floor and providing enough space for placing dental implants.

The aim of this study is showing a case with Dg. Sinus proccidens, on which was performed lifting on the maxillary floor. During the procedure a membrane perforation occurred as a complication.

Material of this study was a patient on which this operation was performed and presented as a case report study

The results are presented on the radiographic footage from the moment of the occurring of the complication and throughout the postoperative period.

Conclusion: The success of performing this procedure is based on the techniques and methods that are used for resolving this complication.

ЕНДОДОНЦИЈА

ЛОКАЛИЗАЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ ОТВОР И НЕГОВО КЛИНИЧКО ЗНАЧЕЊЕ

Лидија Поповска
Коавтори: Билјана Евросимовска, Ники Матвеева, Цена Димова

Цел на ова испитување беше да се утврди позицијата на мандибуларниот отвор во релација со димензиите на гранката на мандибулата, како и да се одреди неговата местоположба во однос на квадрантите на гранката во вертикален и хоризонтален правец.

Материјал и метод: испитувањето беше направено на 46 мандибули со сочувана дентиција. Го меревме растојанието од средишната точка на мандибуларниот отвор до одредени точки. Исто така утврдувавме дали постојат акцесорни мандибуларни отвори (АМФ). Површината на гранката на мандибулата ја делевме на по четири квадранти во правец антерио-постериорно и долу-горе.

Резултатите покажаа дека не постои значајна разлика во вредностите на левата и десната страна и дека позицијата на мандибуларниот отвор има големи индивидуални разлики. Средното растојание меѓу мандибуларниот отвор и инцизурата изнесуваше 22,5 ± 3.3mm. Растојанието меѓу предната граница и МФ изнесуваше 14.2 ± 2.7mm, а до задната 10,7 ± 3.2mm. Растојанието до базата на мандибулата беше 23,9 ± 2,9mm, до гонионот 22,8 ± 3.2mm, а до врвот на ретромоларниот триаголник .13.9 ± 2.3 mm. Кај 63,2% од мандибулите постоеја акцесорни канали (кај 40% имаше еден, кај 15,1% два и кај 8,1% три канали). Оваа студија покажа дека МФ најчесто се наоѓа во во третиот квадрант (81,6%) во антериорно- постериорен правец, а во правец долу-горе кај 58,7% е во третиот квадрант и 41,3% во вториот.

Заклучок: Предуслов за повеќето стоматолошки процедури, а особено за анестезија на пулпата при ендодонтската терапија е соодветната анестезиона техника.. Познавањето на местоположбата на МФ кај нашата популација е од големо значење за правилната апликација на анестетик при анастезирање на мандибуларниот нерв.

ENDODONTICS

LOCALIZATION OF FORAME MANDIBULARE AND ITS CLINICAL SIGNIFICANCE

Lidija Popovska
Coautors: Biljana Evrosimovska, Niki Matveeva, Cena Dimova

The aim of this study was to locate the mandibular foramen in relation to the borders of the mandibular ramus and also to determine the quadrant in which the foramen was located in the vertical and horizontal directions.

A total of 46 human dentulous dry mandibles were examined. The measurements were taken from the midportion of the mandibular foramen (MF) to the other landmarks. The presence of accessory mandible foramina was also recorded.

It was found that there was no significant difference in the values on the right and left sides. The results showed that the position of the mandibular foramen was highly individualistic. The mean distance of the MF to mandibular notch was 22.5±3.3mm. The MF to anterior border of ramus distance was 14.2± 2.7mm, and 10.7 ±3.2mm to the posterior border. The MF to base of the mandible distance was 23.9 ± 2.9 mm, to the gonion was 22.8± 3.2mm and .13.9±2.3 mm was distance between the apex of the retromolar trigone and MF. Accessory mandibular foramens were noted in 63,2% of the mandibles (40% has one, 15.1% two and 8.1% three accessory canals). This study revealed that the MF was located in 81.6% on the third quadrant anterior- posteriorly. On a inferior-superiorly plane, the MF was found to be at 58.7% on the third quadrants and 41,3% on second.

Adequate anaesthesia is a prerequisite of most of the dental procedures, especially for endodontic procedures. The assessment of the MF is of a considerable importance for inferior alveolar nerve anesthesia. For this reason, the technique must be based on the precise anatomical knowledge of the correct location of the mandibular foramen in our population.

КАНАЛНАТА ОБТУРАЦИЈА НА КОРЕНСКИТЕ КАНАЛИ ОБТУРИРАНИ СО GuttaFlow И THERMAFILL ТЕХНИКАТА ОЦЕНУВАНА СО ПОМОШ НА МИКРОКОМЈУТЕР ТОМОГРАФИЈАТА

Линдихана Емини
Соња Апостолска, Василка Ренџова, Нејмије Ајети

Цел на трудот: да се оценува процентот на празнини и простори између материалот за обтурација и внатрешниот зид на коренскиот канал кај коренските канали обтурирани со GuttaFlow и Thermafill техника.

Материал и метод на работа: Во овој труд вклучени се 40 фронатлни хумани екстрахирани заби. Сите заби се декоронирани со дијамантски борери 1мм над глеѓ-цементната граница за да се постигне должина на коренот до 12мм. Забите се обработени со стандартна техника на обработка и поделени во две групи.Првата група ја сочинуваа 20 хумани заби обтурирани со GuttaFlow техниката.Втората група ја сочинуваа 20 хумани заби обтурирани со Thermafil техниката.

Micro-CT испитувањето е реализирано во центарот SCANCO Medical AG ,Brüttisellen, Швајцарија. Примероците се обвиткани со парче сунѓер 2x3 и поставени во специјални епрувети, кои се поставени во апартот за скенирање μCT35. За секој примерок добиени се приближно 700 пресеци при што секој пресек е оценуван за процентот на празнини и на крај е добиен процентот на празнини за секој примерок посебно.

Резултати: Процентот на празнини во коренските канали од првата група е 7,13%, за втората група 19,79%. Не се добиени статистички значајни разлики во однос на испитуваниот параметар између испитуваните групи. Направениот АНОВА тест покажа DF=3,p>0,05.

Заклучок: Според добиените резултати празнини се евидентирани во двата материали за обтурација.Ниеден материал за обтурација не покажа целосна адаптација на материалот за обтурација со внатрешниот сид на коренкиот канал.

Клучни зборови: канална обтурација , Gutta-Flow, Thermafill, micro-CT евалуација.

CANAL OBTURATION OF ROOT CANALS OBTURATED WITH Gutta Flow AND THERMAFILL TECHNIQUES EVALUATED BY A MICROCOMPUTER TOMOGRAPHY

Lindihana Emini
Coautors:Sonja Apostolska, Vasilka Rendzova, Nedzmije Ajeti

The purpose of the thesis is to determine the percentage of gaps and spaces between the material for obturation and the inner wall of the root canal at root canals obturated with Gutta Flow and Thermafill technique.

The material and method of work:
This thesis includes 40 frontal extracted human teeth. All teeth are de-crowned with a diamond borer 1mm over the enamel-cement border to achieve a length of the root till 12mm. The teeth are processed with a standard technique of processing and divided in two groups. The first group consists of 20 human teeth obturated with GuttaFlow technique . The second group consists of 20 human teeth obturated with Thermafill technique.

The Micro-CT evaluation is realized at the center SCANCO Medical AG ,Brüttisellen, Switzerland. The samples are wrapped in a sponge 2x3 and set in special test tubes set in a scanning device µCT35. Each sample has about 700 sections and each section is evaluated for the percentage of gaps and at the end the percentage of gaps for each sample is derived separately.

Results:
The percentage of gaps in the root canals in the first group is 7,13%, for the second group 19,79%. There are no statistically significant differences about the examined parameter between the examined groups. The ANOVA test showed DF=3,p>0,005.

Conclusion:
According the results the gaps are registered in both materials for obturation. None of the obturation materials showed complete adaptation to the inner root canal wall. .

Key words: canal obturation, Gutta-Flow, ThermaFill, micro-CT evaluation

ПРЕЦИЗНОСТ НА МЕТОДИТЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНАТА ДОЛЖИНА ВО ЕНДОДОНЦИЈАТА

Исни Реџепи
Коавтори: Вера Стојановска, Весна Филиповска, Лидија Поповска

Точно определената работна должина е од клучно значење за успехот на ендодонтската терапија, за чија што идентификациа се користат различни методи. Целта на оваа in vitro испитување беше да се спореди прецизноста при определување на работната должина определување со користење на три различни техники.

За потребите на испитувањето употребивме 30 прави еднокорени екстрахирани заби. На секој заб направиме преоперативна рендгенграфија, која служеше како ориентација при одредување на работната должина. Како точно определена работна должина ја сметавме онаа кога врвот на каналниот инструмент отстојуваше 0,5 mm од вистинската должина на каналот. На сите заби беше испрепариран пристапен кавитет, остаоците од пулпа извадени и забите беа поделени во три групи. Забите од првата група каде работна должина ја одредувавме со апекс локатор (iPex NSK Ltd, Tokyo, Japan), беа поставени во алгинатен модел. Во втората група за одредување ја користевме радиографската метода по Ingles, а во третата група тактилни сензитивната метода. По проценка на работна должина, го фиксиравме каналниот инструмент поставен до измерената работна должина со привремен полнење и правевме повторна рендгенграфија. Точноста на секоја метода ја определувавме според растојанието на бараната работна должина и местоположбата на врвот од инструментот.

Во рамките на опсег од ± 0.5 mm се постигна 80% прецизно определена должина со рендгенографската метода, 90% со апекс локатор, а само 50% кај случаите каде се употреби тактилно- сензорната метода. Помеѓу електронската и рендгренграфската метода не постоеше статистички значајна разлика, но имаше значајна разлика меѓу нив и третата група.

Одредувањето на работна должина на коренскиот канал со апекс локатор е поедноставно и побрзо отколку користење на радиографската метода, а притоа е намалена и потребата од непотребно изложување на радијација.

ACCURACY OF DIFFERENT METHODS OF WORKING LENGTH DETERMINATION IN ENDODONTICS

Isni Redzepi
Coautors: Vera Stojanovska, Vesna Filipovska, Lidija Popovska

Obtaining a correct working length is critical to the success of endodontic therapy. Different methods have been used to identify this crucial measurement. The aim of this in vitro study was to compare the accuracy of working length determination using three different techniques.

A total of 30 straight, single-rooted extracted teeth were used. Preoperative periapical radiograph was taken. The actual canal length (AL) was determined and the WL was established by subtracting 0.5 mm from AL. Access cavity was prepared in all teeth, pup tissue remnants were cleaned and teeth were randomized into three groups. Teeth from the first group were embedded in an alginate model and working length was determined by apex locator (iPex NSK Ltd, Tokyo, Japan). In second group determination were done by Ingles radiographic method and in the third group by tacile sensation technique. After estimation of working length, root canal instrument was fixed with temporary filling and another radiograph was taken. The accuracy of each method was determined according distance between assumed WL and actual location of the tip of instrument.

Within the range of ±0.5 mm a radiograph for root canal length determination has been accurate in only 80% of cases. the accuracies were 90% for the iPex , and only 50 % for tacile sensation technique determination. There was no statistically significant difference between electronic and radiographs group, but there was a significant difference between them and the third group.

Measuring the working length using the apex locators was simpler and faster than radiographs measuring and there is no need of unnecessary exposure to radiation.

РАДИОЛОШКА ПРОЦЕНА ЕНДОДОНТСКИ ТРЕТИРАНИ ПОТПОРНИ ЗАБИ НА ПРОТЕТСКА КОНСТРУКЦИЈА

Марија Андоновска
Коавтори: Владимир Поповски, Билјана Капушевска, Сашо Стефаноски

Цел: Да се докаже дека успешниот ендодонски третман значи и успешен, квалификуван потпорен заб на протетска конструкција.Со анализа на Rtg снимка да се одреди дали има промени на lamina dura и периапикалните промени кај авитални ендодонтски третирани потпорни заби, користени за протетски конструкции подолго од 3 месеци.

Материјал и метод: Предмет на радиолошка процена и анализа се 25 ендодонтски третирани заби, кој воедно се и потпорни заби на протетска конструкција.При обработка на резултатите применет е квантитативниот и компаративниот метод.

Резултати: Од резултатите добивме релевантни показатели за примената на Rtg снимка за проценка на ендодонтски третирани потпорни заби на протетска конструкција

Клучни зборови: дентални рентген снимки, ендодонтска терапија, потпорни заби, периапикален и пародонтален статус

RADIOGRAPHIC ASSESSMENT ENDODONTIC TREATED ABUTMENT TEETH OF PROSTHETIC CONSTRUCTION

Marija Andonovska,
Coautors: Vladimir Popovski, Biljana Kapushevska, Sasho Stefanoski

Aim: To prove that successful endodontic treatment means successful retaining qualitified prostetic tooth structure .

Material and metods: Subject of radiological assessment and analysis are 25 endodontic treated teeth, witch are also supporting the teeth prostethic construction. When processing is applied to the quantitative results and the comparative metods.

Results: Of the results we recived reliable indicators for the application of image Rtg assessment of endodontic treatment retaining teeth prostethic construction.

Key words: dental X-ray, , endodontic therapy, abutment teeth, periapical and parodontal status

ВНАТРЕШНА РЕСОРПЦИЈА НА КОРЕНОТ НА ЗАБОТ (GRANULOMA INTERNUM)

Жарко Георгиев
Коавтори : Милан Камчев,Весна Попова – Чемерска, Никола Камчев, Диме Цветков.

ВОВЕД
Представува ресорпција која започнува на дентинот во пулпината комора или во каналот на коренот на забот. Многу е почеста кај млечните заби, а од половите почеста кај машкиот пол. Од вечните заби најчесто се јавува кај горните инцизиви. Може да има хроничен тек, а може да има и малегнен тек па за кратко време да биде ресорбиран дентинот и цементот.

Етиологијата е непозната, но најверојатно воспалението и траумата или ги индицират етиолошките фактори или ги потпомагаат.

МАТРЈАЛИ И МЕТОДИ
Ќе прикажеме два случаеви на интерна ресорпција на дентинот на коренот на забот, кои поради неможност да спроведи успешно ендодонска терапија, матичниот лекар побара помош со хирушко лекување. Претходна RTG снимка нема направено, па матичниот стоматолог не можел да има точна представа од каде се комплицира лекувањето.

Од направената RTG снимка јасно се гледа присуството на интерна ресорпција, а при влегување во каналите со канални инструменти од каналот се појави обилно крварење.
Оценивме дека и во двата случаи хирушката терапија би била не адекватен метод на лекување па ги лекувавме со ендодонтски методи.

ЗАКЛУЧОК
Интерните ресорпции како и да настанале, каде и да настанале, дали забот е витален или не, на местото на ресорпцијата постои грануломатозно ткиво кое прилично тешко се отсранува и обилно крвари при ендодонските процедури.

Сепак со стрплива работа, ако грануларното ткиво се елиминира и каналот со ресорбираното поле егзактно се исполни овие заби може да имаат добра прогноза.

INTERNAL RESORPTION OF THE ROOT (GRANULOMA INTERNUM)

Author: Zarko Georgiev
Coauthors: Milan Kamchev, Nikola Kamchev, Dime Cvetkov, Vesna Chemerska Popova.

Introduction:
It s a resorption that starts in the dentin of the pulp chamber or in the root canal of the tooth. It's more often of deciduous teeth and in males. In permanent teeth it can be found in upper incisors. It is chronic and even it could have malignant progress, so in short time dentin and cementum are being resorpted.

Etiology is unknown, but the inflammation and the trauma provide ethological factors.

Materials and method:
We are going to present two cases of internal resorption of the dentin of the root, where the doctor asked for help with surgical treatment. The dentist couldn't have known the reason of the complication, because x-ray wasn't made.

Our x-ray showed internal resorption and we have excusive bleeding during canal instrumentation. Our evaluation was that surgical treatment was not an appropriate method of healing, so we did not root canal treatment.

Conclusion:
Internal resorption no matter how they appeared, where they appeared, whether the tooth is vital or non vital, have granulomatous tissue, which is hard to remove and bleeds during endodontic procedures.

However, which patient work, if the granulomatous tissue is removed and the root is filled, these teeth can have good prognosis.

БИОМАТЕРИЈАЛИ И РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

КАЛЦИУМ СИЛИКАТНИТЕ ЦЕМЕНТИ ВО СОВРЕМЕНАТА СТОМАТОЛОШКА ПРАКСА

М.Павлевска,
Е.Георѓиевска, М. Јанкуловска, Б.Гетова, О.Кокочева-Ивановска, М.С.Јанкуловска

Современата стоматологија вклучува материјали кои покрај тоа што се биокомпатибилни и предизвикуваат и позитивен био – одговор на пулпиното ткиво.

Цел: Целта на трудот е да ги прикаже физичко хемиските својства на калциум силикатните цементи и нашето клиничко искуство од употребата на Biodentine™во стоматолошката пракса.

Материјал и метод: На 5 екстрахирани молари, поради ортодонтски причини, се испрепарирани кавитети и е поставен Biodentine™ како полнило. На забите после сечење на половина е направена SEM, скенинг електронска микроскопија.Во клинички услови е направено директно прекривање на пулпа и ампутација на пулпата на неколку заби со поставување на Biodentine™, забите се следени клинички во период од 6 месеци.

Резултати: СЕМ електронската микроскопија покажува дека интерфејсот помеѓу Biodentine™ и дентинот е интактен.На микрофотографиите се гледаат карактеристични кристали од калциум силикат цемент, прикачени на дентинот. Сите заби кај кои клинички беше поставен Biodentine™ го сочуваа виталитетот , а забите со незаврчен раст го продолжија растот.

Заклучок: Калциум силикатните цементи се многу добри биостимулативни и биокомпатибилни материјали во стоматолошката пракса.

BIOMATERIALS AND RESTORATIVE DENTISTRY

CALCIUM- SILICATE CEMENTS IN MODERN DENTISTRY

M.Pavlevska,
E.Georgjievska M. Jankulovska B.Getova, O.Kokocheva-Ivanovska M.S.Jankulovska

Modern dentistry uses materials, which, apart from being bio-compatible, they also have a positive bio-response of the pulp tissue.

Objective: The aim of the study is to show physical and chemical characteristics of calcium-silicate cements and our clinical experience with the use of Biodentine™ in dentistry.

Method and Material: For orthodontic reasons, cavities of 5 extracted molars were prepared and filled with Biodentine™. After cutting the teeth in two, they were subjected to scanning electron microscope (SEM). In clinical conditions, direct capping of the pulp was done, and amputation of the pulp of several teeth by placing Biodentine™. The teeth were clinically monitored for a period of 6 months.

Results: Scanning electron microscope (SEM) showed that the interface between the Biodentine™ and dentin remained intact. Microphotography showed characteristic calcium-silicate cement crystals, attached to the dentin. All of the teeth subjected to Biodentine™ maintained their quality, and those with unfinished growth continued growing.

Conclusion: Calcium-silicate cements are very good biostimulative and bio-compatible materials used in dentistry.

ОСЛОБОДУВАЊЕ НА АНТИМКОРОБНИ СОЕДИНЕНИЈА ОД КОНВЕНЦИОНАЛЕН ГЛАС ЈОНОМЕР ЦЕМЕНТ – ХЕМИСКИ АНАЛИЗИ

Александар Димков
Елизабета Ѓорѓиевска,Марија Стевановиќ, Александар Филдишевски

Целта на оваа студија е да се одреди нивото на ослободените антимикробни соединенија Benzalkonium Chloride и Cetylpyridinium Chloride од конвенционалниот глас-јономер цемент Fuji IX, во којшто претходно се инкорпорирани со различни концентрации.

Беа подготвени три групи со по пет примерока од конвенционалниот ГЈЦ со додаток на Benzalconium Chloride и Cetylpyridinium Chloride. Секоја група беше со различна концентрација на антимикробните соединенија (1%, 2%, и 3%).Одредувањето на концентрацијата на соединенијата беше направено со користење на аналитичка вага. Примероците беа со димензии – 6 мм висина и 4 мм дијаметар. Одредувањето на количината на антимикробните соединенија беше остварено со УВ–спектрофотометар, претходно сетиран за одредување бранова должина на максималната апсорпција за BCh од 214 nm, и за CPC од 259 nm. Мерењата беа спроведени во 11 последователни временски интервали.

Според статистичките анализи спроведени со ANOVA, Post-hoc–Tukey тестот и Mann-Whitney U тестот, постои високо статистички сигнификантна разлика помеѓу средните вредности во рамките на испитуваните интервали, помеѓу двете групи и трите анализирани концентрации, со исклучок на 3% Benzalkonium Chloride, каде што не постои статистичка сигнификантност.

Резултатите од анализите укажуваат на можноста од вградување на овие антимикробни соединенија во конвенционални ГЈЦ-и. Антимикробните соединенија Benzalkonium Chloride и Cetylpyridinium Chloride континуирано се ослободуваат од ГЈЦ со вредности кои што се правопропорционални со времето и концентрацијата со исклучок ан комбинацијата Fuji IX со Benzalkonium Chloride, каде што најголемо ослободување се забележа кај 1% од концентрацијата.

Клучни зборови: глас-јономер цементи, антимикробни соединенија, кариогени микроорганизми, Cetylpyridinium Chloride, Benzalkonium Chloride, УВ спектрофотометар

RELEASING OF ANTIMICROBIAL AGENTS FROM CONVENTIONAL GLASS IONOMER CEMENT – CHEMICAL ANALYSIS

Aleksandar Dimkov,
Elizabeta Gjorgievska, Marija Stevanovic, Aleksandar Fildishevski

Objective: The aim of this study was to determine the level of released antimicrobial agents Benzalkonium Chloride and Cetylpyridinium Chloride from conventional glass ionomer cement Fuji IX, in which they had been previously incorporated in different percentages.

Methods: Three groups of the conventional Fuji IX glass-ionomer of 5 samples each, with Benzalconium Chloride and Cetylpyridinium Chloride incorporated, were prepared - each group with a different percentage of the agent (i.e., 1%, 2%, 3%). The determination of the concentration of the antimicrobial agents was done with an analytical balance. The specimens were 6 mm high and 4 mm in diameter. The determination of the quantity of the antimicrobial agents was done by an UV-vis Spectrophotometer set to a detection wavelength of maximal absorption for BCh of 214 nm, and for CPC of 259 nm. The measurements were performed at 11 successive time intervals.

Results: According to ANOVA followed by Post-hoc–Tukey test and the Mann-Whitney U Test there is a statistically high significant difference between the average values over the test period within both groups (Fuji IX with Benzalkonium Chloride and Fuji IX with Cetylpyridinium Chloride) and three concentrations, except 3% of concentration in Fuji IX with Benzalkonium Chloride where no statistical significance was obtained.

Conclusion: The results of the analysis point out that it is possible to incorporate these antimicrobial agents in conventional GICs. The antimicrobial compounds Benzalkonium Chloride and Cetylpyridinium Chloride are continually released from the glass-ionomer cement with values which are directly proportional both to the time and to the concentration, with the exception of the combination Fuji IX + Benzalkonium Chloride where the largest release occurs in the case of 1% of Benzalkonium Chloride incorporated in the Fuji IX GJC

Key words: glass ionomer cements, antimicrobial agents release, cariogenic microorganisms, Cetylpyridinium Chloride, Benzalkonium Chloride, UV spectrophotometer

МТА - КЛИНИЧКА ПРИМЕНА КАКО СРЕДТВО ЗА ДИРЕКТНО ПРЕКРИВАЊЕ И ЗА РЕПАРАЦИЈА НА ЕНДОДОНТСКИ ПЕРФОРАЦИИ

Ефтимоска М,
Апостолска С, Ренџова В, Георгиевска Е, Ивановски К, Стевановиќ М,
Јанкуловска М, Еленчевски С.

Цел: Третманот на пулпините експозици од една, како и на коренските перфорации од друга страна се релативно непредвивливи, а дел од нив завршуваат со неуспех. Последните години примената на МТА како средство за директно прекривање, но и за репарација на коренски перфорации, значајно го промени исходот на третманот кај овие клинички случаи.

Целта на оваа студија е анализа и мониторинг на стапката на успех кај санирани пулпини експозиции по примена на МТА како материјал за пулпино прекривање, проследувајќи ги субјективните симптоми по апликација на медикаментот, како и демонстрација на ендодонтски третман и ре-третман со МТА. (Mineral Trioxide Aggregate).

Метод: МТА е цемент, кој е биокомпатибилен, способен да стимулира остеогенеза и е хидрофилен. МТА е прашак кој се состои од фини триоксиди (tricalcium oxide, silicate oxide, bismute oxide) и хидрофилни партикли (tricalcium silicate и tricalcium aluminate, одговорни за хемиските и физичките особини на овој материјал), а се припрема во присуство на влага. МТА беше користен како средство за директно прекривање кај пациентите со пулпини експозиции, а истиот материјал беше избор и кај пациенти со компликации за време на ендодонтска терапија, како што се перфорации на коренскиот канал, или на подот на пулината комора.

Резултати: Клиничките случаи покажаа одличен потенцијал за лекување по третманот со МТА.

Заклучок: Мта е релативно нов материјал кој успешно се користи и како средство за директно прекривање, но и во ендодонцијата за репарација на перфорации. Овој цемент е различен од другите материјали кои се во употреба, заради неговата биокомпатибилност, антибактериските карактеристики, добрата маргинална адаптација, способност за запечатување, како и хидрофилната природа.

MTA - CLINICAL APPLICATION AS A MATERIAL FOR DIRECT PULP CUPPING AND REPAIRING ENDODONTIC PERFORATIONS

Eftimoska M,
Apostolska S, Rendzova V, Georgievska E, Ivanovski K, Stevanovik M,
Jankulovska M, Elencevski S.

Objective: The treatment of pulp exposition from one and the root perforations on the other side are relatively unpredictable, and some of them ends up with failure. Last years the application of MTA as a material for direct pulp cupping, but also for repairing root perforations, significantly changes the outcome of treatment in these clinical cases.

The aim of this study is analyzing and monitoring the rate of success in repaired pulp exposures, after application of MTA as a material for pulp cupping, accompanies subjective symptoms after application of medication, as well as a demonstration of endodontic treatment and re-treatment with MTA. (Mineral Trioxide Aggregate).

Method: MTA is a cement that is biocompatible, able to stimulate osteogenesis and it is hydrophilic. MTA is a powder consisting of fine trioxide (tricalcium oxide, silicate oxide, bismute oxide) and hydrophilic particles (tricalcium silicate and tricalcium aluminate, responsible for the chemical and physical properties of the material), and is prepared in the presence of moisture. MTA was used as a material for direct pulp cupping in patients with pulp exposure, and the same materials was the choice in patients with complications during endodontic therapy, such as perforation of the root canal or the floor of the chamber

Results: The clinical cases have shown great potential for treatment after treatment with MTA.

Conclusion: The MTA is a relatively new material that has been used successfully as a material for direct pulp cupping, but in endodontics, for repairing root perforations. This cement is different from other materials in use, due to its biocompatibility, antibacterial characteristics, good marginal adaptation, the ability to seal and its hydrophilic nature.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ТЕХНИКИТЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА РАЗМАЧКАНИОТ СЛОЈ

Ивона Ковачевска

Во текот на механичката и мануелна препарација како и засекувањето на тврдите забни ткива консекутивно се создава аморфен размачкан слој. Поделени се ставовите на научната јавност за неговата елиминација или инкорпорација.

Целта на студијата ни беше да направиме евалуација на техниките и методите за отстранување на размачканиот слој во текот на ендодонтската тераписка процедура.

Во истражувањето ќе бидат елаборирани хемиските средства и материјали како и физички методологии со кои се елиминира размачканиот слој, преку процена на литературните сознанија и сопствените клинички видувања и анализи.

Ефикасната елиминација на размачканиот слој директно влијае на исходот на ендодонтскиот третман како и пост терапискиот опстанок на забниот орган во оралната средина.

Клучни зборови: ендодонтски третман, размачкан слој, EDTA, ласер.

EVALUATION OF TECHNIQUES FOR REMOVAL OF SMEAR LAYER

Ivona Kovacevska

During mechanical and manual preparations and incision of hard dental tissues consecutive smear layer is created. The views of the scientific community for its elimination or incorporation are divided.

The aim of the study was to evaluate the techniques and methods for removing the smear layer during endodontic therapy procedures.

In this research will be presented different chemicals and materials and physical methodologies that eliminate the smear layer, through assessment of literary knowledge and our own clinical observations and analysis.

Effective elimination of smear layer directly affects the outcome from endodontic treatment and post therapy survival of teeth in the oral cavity.

Key words: endodontic treatment, smear layer, EDTA, laser.

КОМПАРАЦИЈА НА ФИЗИЧКИТЕ И ХЕМИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДИРЕКТНО ПРЕКРИВАЊЕ НА ПУЛПАТА

Ренџова Василка,
Апостолска С., Јаниќевиќ – Ивановска Д., Ефтимоска М.,
Колоска В., Д., Ристоска С.

Цел
Цел на оваа студија беше да се оценат билошките и физички својаства на TheraCal, Biodentine and Calcimol.

Методологија
По подготовка на TheraCal, Biodentine и Calcimol го анализиравме ослободувањето на калциумови и хидроксилни јони за период од 24 часа, 7 и 14 дена. Исто така го регистриравме и времето на врзување на овие секој материјал посебно. Секој од испитуваните цементи беше подготвен и аплициран во пвц модли со дијаметар од 10мм и дебелина од 1,5 мм. По стврднувањето вака добиените дискови ги поставивме во пластични контејнери со 10 мл дејонизирана вода на температура од 37° Ц. За испитување на времето на врзување, секој од свежо замешаните цементи го поставивме на дентин со дијаметар од 6 мм и дебелина од 2 мм. Конечното време на врзување го регистриравме кога на површината не се забележуваше отпечаток од игла.

Резултати
Сите испитувани материјали ослободуваат калциумови и хидроксилни јони за време на испитуваниот период. TheraCal и Biodentine ослободуваат повеќе Ca јони споредено со Calcimol за периодот на испитување. Алкализирашката активност за сите испитувани материјали беше подобра во првите 24 часа и се намалуваше со тек на време.. TharaCal цементот покажа најкратко време на врзување во споредба со другите два цементи.

Заклучок
TheraCal е нов материјал за директно прекривање на пулпата кој е способен после 7 дена да создаде пХ блиска до физиолошката. Способноста на TheraCal и Biodentine да ослободуваат калциумови јони за одреден период може да го стимулира создавањето на апатитни кристали како и формирање на нов дентин.

Клучни зборови
Ослободување на калциумови и хидроксилни јони, калциум хидроксид, Biodentine и Calcimol, TheraCal.

COMPARATION OF PHYSICAL AND CHEMICAL PROPERTIES OF THREE PULP CUPPING MATERIALS

Rendzova Vasilka,
Apostolska S., Janakjievikj - Ivanovska D., Eftimoska M.,
Koloska V, D., Ristoska S

Aim
The aim of the study is to evaluate the bio and phisical properties of TheraCal and Biodentine compared with reference self curing material Calcimol.

Methodology
TheraCal, Biodentine and Calcimol were prepared and analyzed for Calcium (Ca) and hydroxyl (OH) ion release for 24 h, 7 and 14 days. Setting time of materials olso was evaluated. Cements were compacted to excess into pvc mouduls 10 mm in diameter and 1,5 mm thcik. Material disks were immediately immersed in 10 ml deionized water in plastic containers and stored at 37˚ C. To evaluate the setting time, each freshly mixed cement paste was placed on dentin 6mm in diametar and 2 mm in thicknes. The final setting time was registered when no indentation was caused by a needle.

Results
All tested materials released Ca and OH ions throughout tested period. TheraCal and Biodentine released more calcium than Calcimol throughout the test period. Alkalinizing activity for all tested materials was better in the first 24 hours, and decries over the time. The setting time of TharaCal was better than the other materials.

Conclusions
TheraCal is a new pulp capping material that is able after 7 days to create an environmental pH close to physiological. The ability of TheraCal and Biodentine to provide free calcium ions for the tested period could favour the formation of apatite and formtion of new dentin.

Keywords:
calcium and hydroxyl ion release, calcium hydroxide, Biodentine and Calcimol, TheraCal.

БИОКОМПАТИБИЛНОСТ НА КОМПОЗИТИ И ГЛАСЈОНОМЕРИ

Лазовски Благоја
Коавтори: Јанкуловска Мира, Павлевска Мери, Спасевска Лилјана, Шуменковка Дијана, Костов Мики, Јанкуловски Дарко

Вовед: Идеален дентален материјал би бил оној кој не предизвикува оштетување на ткивата на забот и оралниот кавитет. Истиот не треба да соджи токсични компоненти, кои можат да предизвикаат системски ефекти.

Цел: Да се одреди реакцијата на сврзното ткиво кај стаорци од видот Wistar со субкутано имланитиран композит и гласјономер цемент.

Материјали и метод: Вклучени се 18 машки стаорци од видот Wistar со тежина од 200-250g (±20 g) стари 20-24 недели. На грбниот дел (субскапуларно и супрасакрално) билатерално се обележани оперативни полиња. Во секое поле, по соодветната препарација, е поставен соодветниот материјал (GC Gradia, Fuji VII), после соодветната подготовка (според упатството од производителот) и внесен во полиетиленски тубички со должина од 5мм и дијаметар од 3 мм. Стаорците се делат во 3 групи, по 6 примероци. Жртвувани се после 7, 21 и 45 дена, соодветно по група и е земен ткивен примерок од местото на имплантацијата. Од примероците се изготвуваат хистопатолошки и имунохистохемиски анализи. Добиените резултати се обработуваат со STATISTICA7.1

Резултати: Резултатите покажаа значајни разлики во ткивната реакција и кај сите испитувани групи. Најбурна ткивна реакција се забележува во првите 7 дена по имплантацијара. По 45 дена реакциите полека стивнуваат што е најзабележително кај контролната група.

Заклучок: Материјалите за полнење на кавитети и покрај високата биокомпатибилност, предизвикуваат ткивни реакции од каде произлегува нивната строго индицирана употреба.

BIOCOMPATIBILITY OF COMPOSITES AND GLASS IONOMERS

Lazovski Blagoja
Co-authors: Jankulovska Mira, Pavlevska Meri, Spasevska Ljiljana, Sumenkovka Dijana, Kostov Miki, Jankilovski Darko

Introduction: Ideal dental material should be a one which doesn't cause damage of the tissue of the tooth and the oral cavity. It shouldn't contain toxic components, that can cause system effects.

Purpose of paper: To determine the tissue reaction of the connective tissue in Wistar rats with subcutaneous implants of composite and glass ionomer filing.

Materials and methods: The study included 18 male Wistar rats, 200-250g (±20 g) weight, 20-24 weeks old. On the dorsal part of the rats (subscapular and suprasacral) bilateral, operational areas were marked. In one operational area, after appropriate preparations, a material for dental cavity filling was set (GC Gradia, Fuji VIII), after the preparation (as directed by the manufacturer) and encapsulated in polyethylene tubes 5 mm in length and 3 mm in diameter. The rats were divided into 3 groups of 6 samples. They were sacrificed after 7, 21 and 45 days respectively per group and a sample of tissue was taken from the site of implantation. From the taken samples were prepared histopathological and immunohistochemical analysis. The results were processed with STATISTICA 7.1.

Results: The Results showed significant differences in the tissue reaction is observed in all groups. The biggest tissue reaction is observed in the first 7 days after implantation. After 45 days in the the tissue response decreases which is most notable in the control.

Conclusion: Materials for filling cavities, despite their high biocompatibility , are causing tissue reactions which determines their strictly indicated use.

ЕСТЕТСКИ РЕШЕНИЈА - СЕКОЈДНЕВНИ ПРЕДИЗВИЦИ

Весна Чемерска Попова
Милан Камчев

Вовед
Барањата на пациентите за максимални естетски решенија за добивање на убави заби и блескава насмевка се повеќе се зголемуваат. Денес, промената на постоечкиот облик на забите, надоградувањето на дел од забот или промената на бојата може да се постигне со современи стоматолошки материјали и современ пристап во стоматологијата. Вистински предизвик е докторот стоматолог да ги усогласи желбите и барањата на пациентот со можностите и правилата на стоматолошката струка.

Цел
Наша цел е да се прикажат различни естетски решенија и тераписки одлуки во различни случаи.

Материјал и метод
Презентација на случаи со композитни реставрации, протетски и ортодонтски решенија.

Резултати
Нашето искуство покажува дека за секој пациент постои соодветно решенија што се однесува до естетиката.

Заклучок
Современите материјали и современиот пристап дозволуваат разновидни естетски решенија кои можат целосно да ја применат насмевката на пациентот и квалиетот на животот.

AESTHETIC SOLUTIONS- EVERYDAY CHALLENGES

Vesna Popova Cemerski
co Milan Kamcev

Introduction
Главните критериуми кои ја дефинираат рамката и спроведување на моделот на совршеност во областа на FMR во Србија беа: лидерство, управување со човечките ресурси, политика и стратегија, други ресурси, процеси, задоволството на пациентите, задоволството на вработените, влијание врз општеството и деловни резултати . Моделот има два основни дела: на можностите за првите пет критериуми и опции за другите четири критериуми.

Заклучок: извонредност во бизнисот LAS, како и квалитет на услуги на стоматолошки услуги, е се повеќе станува правило и добри практики, и помалку исклучоци.

Клучни зборови: услуги; квалитет; совршеност; стоматолошка здравствена заштита

MODELS OF EXCELLENCE - A BETTER QUALITY OF DENTAL SERVICES

Jasmina Tekić

Introduction: Models of Excellence are considered practical tool in the management of which should be at assisting various organizations, including dental, commit themselves to measure the level of quality of services and thus define where they are in relation to excellence.

Quality health care means the degree to which the health care system and health services increase the likelihood of positive treatment outcomes.

Objective: To define the model of excellence in the field of dental health care (FMR) in the Republic of Serbia and propose a model organization LAS whose services have characteristics of outstanding service in the dental practice.

Methods: In this study we used a specially designed questionnaire for the assessment of quality in health care organizations in the Republic of Serbia.

The questionnaire consisted of 13 entities and 240 questions.

Results: The results of the research were discussed in four areas:
1) defining the main criteria and sub-criteria;
2) Elements of Excellence for the SIA in the Republic of Serbia
3) the quality of the FMR Republic of Serbia
4) defining a framework model of excellence for the SIA in the Republic of Serbia.

The main criteria which define the framework and implementation of the model of excellence in the area of FMR in Serbia were: leadership, human resource management, policy and strategy, other resources, processes, patient satisfaction, employee satisfaction, impact on society and business results. The model had two basic parts: the possibilities for the first five criteria and options for the other four criteria.

Conclusion: Excellence in business LAS, as well as the excellence of the services of dental services, is increasingly becoming the rule and good practice, and fewer exceptions.

Keywords: services; quality; excellence; dental health care

ОРАЛНО ЗДРАВСТВЕН СТАТУС КАЈ ДОЛГОРОЧНО ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПСИХИЈАТРИСКИ ПАЦИЕНТИ ВО СКОПЈЕ

Зафировски Марко.
Игњатовска Н. Зафировска Е. Георгиев З. Бешковска В. Матовска Л. Зафировски Љ.

Увод: Пациентите со хронични ментални болести, (особено долгорочно хоспитализирани азилирани, на долгорочен третман, итн.), имаат зголемен ризик за почести орални болести како: ксеростомија, кариес, гингивитис, периодонтитис, стоматитис, “назабен“ јазик, итн. Постара возраст , женски пол, подолго траење на ментална болест, должина на хоспитализација , вид и тежина на психијатриска дијагноза, се чести предиктори, како и лоша орална хигиена ,повисок внес на карбонати, пушење, лоша перцепција за потреба од одржување орално здравје, употреба на психотропни лекови, придонесува за лошо орално здравје.

Цел: Да се испита орално здравствен статус и потреба за третмани кај хронични психијатриски пациенти хоспитализирани во Психијатриска болница во Скопје.

Материјал и методи: Обсервиравме-190 пациенти, на возраст: од 28 до 73 години,(просек 59 год.), поделени во две групи: I група, 97 (испитувани): 53 (54,64%) машки, и 44 (45,36%) женски, (долгорочно хоспитализирани).Тие беа компарирани со контролна II група,од 93 пациенти, со приближно споредлива возраст и пол, но без психијатриски болести. Дентален статус беше пресметуван употребувајки: DMF T score (Decayed, Missing,Filled Teeth);

Резултати: Во I ва испитувана група: среден DMF T score 20,7 како и беше повеќе од двојно полош периодонтален статус. Преваленца на Кариес и периодонтални болести, беше повисока кај постари, (се зголемуваше со возраста), со подолго времетраење на душевната болест, и со полош орално хигиенски статус, (некои од гингивити се влошија и прогредираа до периодонтитис); Во I ва група: 7(7,22%),беа: без заби. Тие беа споредени со контролна II група, каде што: DMF T score 8,5 а и периодонтален статус беше многу подобар, (отколку во иследувана I група), Во II група беше повеќе од двојно понизок гингивален индекс, а само 2 (2,15%),беа без заби. Иследуваната I група имаше повеќе слабост (нејакост) и болност во мастикаторните мускули, особено во темпоралните-мускули, но немаше позначителни разлики во објективни клинички наоди на темпоромандибуларните зглобови, измеѓу групи те.

Заклучок: Поголем број на кариозни и извадени заби, како и полош периодонтален статус кај испитуваниве, долготрајно хоспитализирани психијатриски пациенти, ја нагласува важноста на превентивни стоматолошки програми за подобрување на стоматолошка здравствена заштита кај психијатриски пациенти, (долгорочно хоспитализирани, кои се со висок ризик, тешки за лекување, итн.), како и потреба за вклучување на стоматолошка здравствена едукација во психијатриски програми за рехабилитација.

ORAL HEALTH STATUS OF LONG TERM HOSPITALIZED PSYCHIATRIC PATIENTS IN SKOPJE

Zafirovski M.
Ignjatovska N. Zafirovska E. Georgiev Z. Beshkovska V. Matovska L. Zafirovski Lj.

Background: Patients suffering from chronic mental illness especially long-term hospitalized which need long-term medications therapy carry increased risks for frequently oral diseases as xerostomia,caries, gingivitis,periodontitis,stomatitis,scalloped-tongue,etc.Older-age, female-gender, hospitalization-length, duration of mental illness, psychiatric-diagnosis are frequent-predictors,as well as poor oral hygiene, higher intake of carbonates, smoking, poor perception of oral health self-needs, psychotropic medications-use, contributes for their poor oral heal th.

Aim: To examine the oral health status and treatment needs of chronically hospitalized psychiatric patients in Psychiatric Hospital in Skopje.

Matherial and methods: 190 patients age: 28 to 73years-(average 59yr.),were observed, divided in two groops: I-group:=97-(examined): 53(54,64%)-male, and+44(45,36%)-female,(hospitally-institutionalized).They were compared with control II-group of 93-patients,of comparable-age and sex, but without psychiatric diseases. Dental status was calculated using DMF-T score-(Decayed,Missing,Filled-Teeth);

Results: In I-st,(examined)-group: Mean-DMF-T was 20,7 and more than twice deteriorated periodontal status (Caries and periodontal diseases prevalence, increased with age, and-duration of mental illness, and-with poor oral hygiene status,(some of gingivitis worsened and progressed to periodontitis); In I-st group 7(7,22%)-were edentulous. Compared to the control II-nd group, where: DMF-T score was:-8,5 and periodontal status was much better than in the test group, with more than twice lower gingival index-(GI), and: 2(2,15%)-were-edentulous. The-(study):I-st group had more tenderness in the masticatory-muscles, especially the temporalis-muscle, but without significant differences of temporomandbular-joint-findings, between grou ps.

Conclusion: Higher number of carious and missing teeth,as well as worsened periodontal status in examined psychiatric inpatients, emphasizes the importance of preventive dentistry programs to improve dental healthcare in high-risk, difficult-treat,psychiatric chronic inpatients.and adoption of dental health education to psychiatric rehabilitation programs.

ОРАЛНА ХИРУРГИЈА

ПЛАНИРАЊЕ НА ИНВАЗИВЕН ДЕНТАЛЕН ТРЕТМАН КАЈ ПАЦИЕНТИ НА ПОТЕНТНА БИСФОСФОНАТНА ТЕРАПИЈА

Кацарска Марина
Јосифов Даниел, Ѓоровска Маја, Писевска Наташа

Цел:
За да се демонстрира сериозноста и комплексноста на процесот на донесување на одлуки асоцирани со инвазивен дентален третман кај пациенти на потентна бисфосфонатна терапија (Zolendronic acid) авторите презентираат случај од својата пракса.

Материјал и метод:
Пациентка на 66 год. возраст е упатена на Универзитетската Клиника за орална хирургија поради забоболка. Клинички, во предел на горниот десен трет молар (18) се забележуваше хиперемија и едем во вестибулумот, болна остеливост, и луксација на предментиот заб. Пациентката веќе една година прима паретнерална бисфосфонатна терапија (Zolendronic acid) за третман на скелетални метастази на примарен карцином на градите. Консултираниот онколог препорача диференцијална крвна слика, а во зависност од наодите, односно доколку се тие во ред, изведување на екстракција со минимално инвазивен пристап, и нежна киретажа. Типична, неинвазивна екстракција на предметниот беше реализирана една недела од иницијалниот преглед, односно по санирање на акутното воспаление со антибиотска терапија. На наша сугестија, во периодот по екстракција, беше иницирана медикаментозна профилакса (антибиотик и орален антисептик) на бисфосфонатна остеонекроза на вилиците. Пациентката беше регуларно следена во постоперативниот период.

Резултати:
Заздравувањето на екстракционата рана имаше нормален тек, без знаци на остеонекроза на вилицата, или било какви компликации. Пациентката не чувствуваше никакви тегоби, и беше многу задоволна од позитивниот исход на оваа процедура.

Заклучок:
Пациентите со коскени метастази на потентна бисфосфонатна терапија не треба a priori да се одбијат кога имаат потреба од дентална екстракција. Одлуката се донесува индивидуално, во консултација со онколог, по темелна анализа и проценка на желбите на пациентот и можностите кои произлегуваат од неговата здравствена состојба.

ORAL SURGERY

INVASIVE DENTAL TREATMENT PLANNING IN PATIENTS ON POTENT BISPHOSPHONATE TREATMENT

Kacarska M,
Josifov D, Gjorovska M, Pisevska N

Aim
To demonstrate the complexity of the decision making process regarding an invasive dental treatment in patients receiving potent bisphosphonate therapy (Zoledronic acid), the authors present a case from their practice.

Material and methods
A 66 year old female was referred to the University department of oral surgery because of a toothache. The intraoral examination revealed hyperemia and edema in the upper third molar's vestibule (18). For a year now, the patient was on a potent bisohosphonate therapy (Zolendronic acid) for a skeletal metastasis of a previously operated breast cancer. After a consultation with the referring oncologist we decided on executing of the extraction of maxillary third molar under antibiotic protection. The patient was observed on a regular basis during the healing period.

Results
The healing of the extraction socket was normal and without any complications or signs of jaw osteonecrosis. The patient was symptomless and very satisfied with the treatment outcome.

Conclusion
A patient on a potent bisphosphonate therapy shouldn't be in advance declined for invasive dental treatment, when needed. The decision is made in close collaboration with the patient's oncologist after meticulous analysis and assessment of the patient's needs and medical history.

ОДОНТОМИ КАКО ПРИЧИНА ЗА ЗАДОЦНЕТО НИКНЕЊЕ НА ЗАБИ

Љ Симјановска.,
С Симјановски., М Марковска Арсовска

Цел: Целта на трудот е да се прикаже дека и одонтомите може да бидат една од повеќето механички пречки во никнење на забите во вилиците, нивното навремено дијагностицирање и успешно решавање.

Материјал и методи: На нашата клиника во тригодишен период беа извршени хируршки интервенции кај 20 случаи кај кои беа дијагностицирани бенигни промени од типот на одонтоми. Во најголем број од случаите се работеше за деца, кај кои постоеше анодонција на стални заби во забниот низ. Дијагностицирањето на одонтомите се вршеше со РТГ-снимки, а кај некои материјалот се праќаше и на патохистологија. Кај сите случаи одонтомите се екстирпираа in toto, со употреба на локална анестезија и користење на стандардни- конвенционални резови.

Резултати: Најголем број од пациентите кај кои беше дијагностициран одонтом беа даца на возраст од 8-18 годишна возраст. Двајца пациенти беа на возраст над 25 години. По извршената интервенција во зависност од недостатокот на забот заменик, неговото појавување во забниот низ најчесто беше после четири до шест месеци од интервенцијата, а многу ретко и подолго од година дена. Кај двајцата повозрасните пациенти имаше потреба да се изврши и накнадна кортикотомија.

Заклучоци: Секогаш кога постои недостаток на некој од забите пожелно е да се направи РТГ снимка со цел да се дијагностицира правиот причинител.

Одонтомите потребно е да се екстирпираат во целост. Доколку не сме сигурни дали целосно сме ги остраниле потребно е да се направи и додатно РТГ снимање. Не секој недостаток на централните инцизиви е причинет од мезиоденси, бидејќи одонтоми се јавуваат и во таа регија.

ODONTHOMA AS A RESULT OF LATE ERUPTION OF THE TEETH

Lj.Simjanovska,
S.Simjanovski, M.Markovska Arsovska

Aim: The aim is to present that odonthoma can be one of the mechanical obstruction for the eruption of the teeth.

Material and methods: For a period of three years in our clinic, 20 surgical interventions were done at patients with benign changes. In most of the cases there were children with anodontia on permanent teeth. Diagnostic of the odonthoma was made with RTG, and at some patohistologig tests were made. At all cases the odonthoma were extirpated in toto, with usage of local anaesthesia and conventional cuts.

Results: The most patients were at 8-18 age. Two patients were over 25. A period of 4 – 6 months after the intervention appearing of the missing teeth was seen. At two of the patients another intervention was done.

Conclusions: Every time when a tooth is missing RTG must be done to find the cause.
Odonthoma must be extirpated. If we are not sure about the extirpation additional RTG must be done. In every case of shortage of the central incisive we have meziodens.

СИНО-ВИОЛЕТОВА СВЕТЛИНА И ХЕМОСТАЗА

Велеска-Стевковска Даниела 1,
Пеева-Петревска Марија 1, Алексова Павлина 2

Вовед: Некои апарати кои се користат во секојдневната стоматолошка пракса за фотополимеризација (LED диоди) емитуваат синовиолетова светлина со бранова должина од 380-515 nm со два пика (410 nm и 470 nm). Овие бранови должини можат да го покријат најголемиот абсорпционен спектар на хемоглобинот (430 nm).

Цел: Контролата на крварење е главен проблем во тек на оралнохируршките интервенции. Студијата има за цел да ја испита ефикасноста на новиот револуционерен метод на ирадијација со сино-виолетова светлина (LED диода) во постигнување на брза и ефикасна хемостаза.

Материјал и метод: Во студијата се вклучени 25 пациенти на Клиниката за орална хирургија при УСКЦ ,,Св.Пантелејмон" 2015 г., кај кои се изведуваа оралнохируршки интервенции, закажани во соодветни временски термини. Во анкетниот лист се нотирани податоци од типот: возраст и пол на пациентот, вид на интервенција, локализација на интервенција, времетраење на интервенција и постоперативен статус. Во студијата се користи LED диода со бранови должини од 380-515 nm, 750 mW/cm, 10 sec (7.5 J/cm) според протоколите на Prof.Isao Ishikawa (Tokyo Women's Medical Univeristy, Tokio, Japan). Времетраењето на ирадијацијата изнесувашњ 10 sec. на дистанца од 1 cm од екстракционата алвеола. Кај контролната група крварењето се контролираше со конвенционална површинска тампонада.

Резултати: По статистичката обработка на резултатите добивме сигнификантна поврзаност на анализираните параметри. Ирадијацијата со сино-виолетова LED диода предизвикува имедијатна хемостаза на екстракционата алвеола по 10 sec, евентуално во некои случаи потребни се уште додатни 10 sec. Конвенционалниот метод го запира крварењето за 2-5 min (средна вредност 180 sec). LED ирадијацијата на екстракционите алвеоли предизвикува имедијатна формација на крвен коагулум и постигнува стабилна хемостаза.

Заклучок: Анализата на добиените резултати креира нови перспективи за актуелизација и широка употреба на овој нов и инвентивен метод за хемостаза како безбедна и ефикасна процедура.

Клучни зборови: хемостаза, сино-виолетова светлина, LED диода, дентални екстракции, фотокоагулација

BLUE-VIOLET LIGHT HAEMOSTASIS

Veleska-Stevkovska Daniela 1,
Peeva-Petreska Marija 1, Aleksova Pavlina 2

Introduction: Some devices that are used in everyday dental practice for photopolymerisation (LED diodes) emit blue-violet light with a wavelength of 380-515 nm with two peaks (410 nm and 470 nm). These wavelengths can cover most of the absorption ranges of hemoglobin (430 nm).

Aims: Control of bleeding is a major problem during oral-surgical interventions. The study aims to examine the effectiveness of the new revolutionary method of irradiation with blue-violet light (LED diodes) in achieving rapid and effective haemostasis.

Materials and Methods: The study included 25 patients in the Clinic for Oral Surgery at University Dental Clinical Centre ,,St.Pantelejmon", scheduled in appropriate time periods for oral surgical interventions. In the questionnaire data are noted, such as: age and sex of the patient, type of intervention, localization of intervention, duration of intervention and postoperative status. The study uses LED diodes with wavelengths of 380-515 nm, 750 mW/cm, 10 sec (7.5 J/cm) according to the protocol of Prof.Isao Ishikawa (Tokyo Women's Medical University, Tokyo, Japan). The duration of irradiation was 10 sec at a distance of 1 cm from the extraction socket. In the control group, the bleeding was controlled with conventional surface tamponade.

Results: In the statistical analysis of the results we obtained significant association of the analyzed parameters. Irradiation with blue-violet LED diodes causes immediate haemostasis of extraction socket after 10 sec, some cases still needed additional 10 sec. A conventional method stops the bleeding for 2-5 min (mean interval 180 sec). LED irradiation of the extraction alveoli causes immediate formation of blood clot and achieves stable haemostasis.

Conclusion: The analysis of the preliminary results creates new prospects for actualization and extensive use of this new and inventive method of hemostasis as a safe and effective solution.

Key words: hemostasis, blue-violet light, LED diodes, dental extractions, photocoagulation

ДИЈАГНОСТИЧКИ И ТЕРАПЕВТСКИ МОЖНОСТИ СО КОРИСТЕЊЕ НА SIRONA SIDEXIS 3D RTG АПАРАТОТ

Андрејчо Грнчаровски
Миле Марин, Гордан Лазаревски, Блерта Зекири Абдули, Сашо Богдановски

Цел
Презентација на техничките карактеристики, начинот на употреба и можностите на најсовремениот 3D RTG скен апарат Sirona Sidexis на вилиците и забите во Република Македонија. Прикажување на дијагностика при поставување на импланти во двете вилици, терапевтски приод во екстракција на имактирани трети молари, третман на импактирани канини и оперативен третман на големи цисти во двете вилици.

Материјал и метод
Изведени се 30 3D снимања на пацинети од двата пола со различни дијагнози, снимени со Sirona Sidexis 3D RTG апаратот во клиничката болница Acibadem Sistina -Скопје, во периодот Октомври 2013 – Мај 2015 преку мултидисциплинарен пристап.

Резултати
Од 30-те снимања, 11 скена се однесуваат на планирање на постава на дентални импланти Ankylos C/X, 9 скена се однесуваат на планирање на оперативна екстракција на имактирани заби, 3 скена за хируршко-ортодонтски третман на импактирани максиларни канини и 7 скена за оперативен третман на радикуларни и резидуални цисти во двете вилици. резентација на дијагностички и терапевтски пристап во решавањето на проблеми од различни стоматолошки специјалности.

Заклучок
Употребата на Sirona Sidexis 3D RTG апаратот резултира со максимална прецизност во планирњето на орално-хируршките интервенции, со што се намалуваат можноститезаповреда на витални анатомски структури во двете виици, а воедно се олеснува и забрзува крајната терапија, што претставува сатисфакција како за терапевтот, така и за пациентот.

DIAGNOSTIC AND THERAPEUTIC POSSIBILITIES BY USING SIRONA SIDEXIS 3D RTG SCAN INSTRUMENT

Andrejcho Grncarovski
Mile Marin Gordan Lazarevski Blerta Zeqiri Abduli Saso Bogdanovski

Goal
The mail goal is presentation of the technical characteristics and opportunities of the most advanced 3D RTG scan instrument Sirona Sidexis of the jaws and teeth of the patients in the Republic of Macedonia. Presentation of the diagnostic of the implants placement in both jaws, therapeutic approach of surgical extraction of the impacted wisdom teeth, therapeutic approach in treatment of impacted canines and operative treatment of big cystis in both jaws.

Materials and methods
Thirty 3D scans were conducted of the patients from both sex with different diagnosis with Sirona Sidexis 3D RTG instrument in the clinical hospital Acibadem Sistina-Skopje in the period October 2013-May 2015 by applying multidisciplinary approach.

Results
Out of 30 3D scans, 11 are related with planning of the placement of dental implants Ankylos C/X, 9 scans are related with planning of extraction of impacted teeth, 3 are related with oral surgery-orthodontic treatment of the impacted maxillary canines teeth and 7 scans are related with the surgery treatment of radicular and residual cystis in both jaws.

Conclusions
By using Sirona Sidexix 3D RTG scan instrument, maximum certainty in planning of the oral-surgery interventions is achieving, leading towards decreasing of possibilities for injury ofthe vital anatomical structures in both jaws as well as easier and faster therapy for benefit of the patient and therapist.

ОДОНТОГЕНИ ИНФЕКЦИИ СО ТЕШКА КЛИНИЧКА СЛИКА КАДЕ Е ЗАГРОЗЕН И ЖИВОТОТ НА БОЛНИОТ

Милан Камчев
Коавтори : Никола Камчев, Весна Попова – Чемерска, Билјана Ивановска и Даница Ангелова.

ВОВЕД
Одонтогените инфекции се секојдневна појава присутна во стоматолошките ординации. Во услови на широко развиена и современа стоматолошка дејност тие најчесто на време и успешно се лекуваат.
Сепак не ретко пациентете доаѓаат со гнојни периодонтити, абцеси во разни фази на развојот, одонтогени синусити и флегмони.

ГЛАВНА ЦЕЛ
Главна цел на трудот е да потсети дека и денеска при ваква развиена стоматолошка служба, во услови кога ни стојат на располагање и ефикасни антибактериски лекови, се уште одонтогената инфекција може да добие милигнен тек и да го загрози животот на пациентот.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДА
Ќе прикажеме неколку случаеви на флегмона и синузит со тешка клиничка слика кои беа лекувани со познатите методи, инцизија и евакуација на гнојната колекција, дренажа и високи дози на антибиотици.

РЕЗУЛТАТИ
Сите случаи завршија со успешно лекување, но не и без никакви последици. На една пациентка поради некроза на субкуталното масно ткиво и кожата на еден дел остана сериозен естетски дефект во пределот на вратот, кој понатаму ќе бара нови пластично - хирушки корекции.

ЗАКЛУЧОК
Никогаш не можеме да бидеме со стопостотна сигурност како ќе се развива и најбаналната одонтогена инфекција, па затоа уште во најраната фаза треба да превземеме прави и привремени терапеутски мерки со цел да се сопри развојот на одонтогената инфекција.

ODONTOGENIC INFECTIONS WITH SEVERE CLINICAL PICTURE WHERE LIFE IS ENDANGERED

Milan Kamchev
Nikola Kamchev, Biljana Ivanovska, Danica Angelova, Vesna Chemerska Popova.

Introduction:
Odontogenic infection is everyday appearance in dental practice. In circumstances of wildly developed and contemporary dentistry, they are usually treated successfully and on time.
Despite that, patients often come with periodontitis purulent, abscesses in d different stages, odontogenic sinusitis and phlegmona.

Aim:
The main aim of this article is to remind that even nowadays when we have developed dentistry service, when we have available and effective antibacterial medicine, still odontogenic infectious can get a malignity progress and endanger the life of the patient.

Material and method:
We will present some cases with phlegmona and sinusitis with severe clinical picture, that were treated with known methods, incision and evacuation of pus, drainage and high doses of antibiotics.

Results:
All cases ended up with successful treatment, but not without any consequences. One patient, because of necrotic changes of subcutaneous fat tissue and skin, left with serious aesthetic defects on the neck, which will require new plastic surgeon corrections.

Conclusion:
We are never sure how an odotogenic infection will be developed and that why we should take the right treatment procedures in order to stop the odotogenic infection.

ДАЛИ ОБИДИТЕ ЗА КОНЗЕРВАТИВНО ЛЕЧЕЊЕ НА ЦИСТИТЕ ГО ЗГОЛЕМУВААТ РИЗИКОТ ОД РАСТ И КОМПЛИКАЦИИ НА ИСТИТЕ

Бизевски Д,
Маркоски Н, Цветановски Н

Одонтогените цисти претставуваат многу често заболување во пределот на горната и долната вилица.И покрај постоењето на одбрамбен механизам кон растот на одонтогените цисти тие во својот раст го совладуваат и растат доста споро истанчувајки го коскениот ѕид,периостот на виличните коски,вршејќи експанзија према букалната,носната и синусната шуплина.

Цел на овој труд е да се прикажат пациенти со неуспешна ендодонтска терапија на виличните цисти,раст и компликации од истите како последица на неуспехот на конзервативното лечење.

Одонтогените цисти од поголем размер треба да се лекуваат хирушки,со претходна ендодонтска припрема на забот причинител.

DO THE ATTEMPTS FOR CONSERVATIVE TREATMENTS OF CYSTIC FORMATIONS INCREASE THE RISK OF THEIR GROWTH AND COMPLICATION THAT THEY CAN PROVOKE

Bizevski D,
Markoski N, Cvetanovski N

Odontogenic cysts represent a very common disease in the upper and lower jaw. Besides the defense mechanism of the immune system, they manage to surpass it and gain in growth, slowly destroying the surrounding bone tissue, the periosteal tissue, slowly expanding towards buccal, nasal and sinus cavity.

The aim of this study is to show patients with unsuccessful endodontic therapy of maxillar and mandibular cysts, their development and complications they provoke, as a result of an unsuccessful conservative therapy.

As a conclusion, odontogenic cysts with bigger dimensions should be surgically treated, with previous endodontic preparation of the affected tooth.

МОРФОЛОШКИ АЛТЕРАЦИИ ВО ПОЗИЦИЈАТА НА FORAMEN MANDIBULLAE КАЈ БЕЗЗАБНИ И ЗАБНИ КАДАВЕРИЧНИ ВИЛИЦИ

Билјана Евросимовска
Лидија Поповска, Ники Матвеева

Ресорпцијата на алвеоларната коска е неминовна појава во мандибулата кај беззабите вилици, со што настануваат промени во структурата на долната вилица како и во позицијата на foramen mandibulae.

Целта на оваа студија е да се детерминира точната локализација на foramen mandibulae во однос на одредени анатомски карактеристики (предниот и задниот раб на ramus mandibulae, аголот на долната вилица и др.) кај кадаверични мандибули со и без заби.

За таа цел беа формирани две групи со вкупно 73 пациенти. Средната вредност на одалеченост на предниот раб на ramous mandibulae од foramen mandibulae кај беззабите мандибули изнесуваше 14,04 mm (на десната страна), 14,55 mm (на левата страна), а кај забните 15,02 mm (на десната страна), 14,06 mm (на левата страна), додека од задниот раб кај беззабите мандибули изнесуваше 9,38 mm (на десната страна), 10,14 mm (на левата страна), а кај забните 10,08 mm (на десната страна), 10,66 mm (на левата страна). Средната вредност на одалеченост на инцизурата на ramus mandibulae од foramen mandibulae кај беззабите мандибули изнесуваше 23,36 mm (на десната страна), 23,52 mm (на левата страна), а кај забните 22,70 mm (на десната страна), 22,41 mm (на левата страна), додека од базата на мандибулата кај беззабите мандибули изнесуваше 21,77 mm (на десната страна), 21,80 mm (на левата страна), а кај забните 23,50 mm (на десната страна), 22,75 mm (на левата страна).

Локализацијата на foramen mandibulae е од особена важност за обезбедување на адекватно анестезирано поле и да се избегнат компликациите од неправилно аплицирана анестезија, како на пример, хеморагија или парестезија.

MORPHOLOGICAL ALTERATIONS IN POSITION OF MANDIBULAR FORAMEN IN EDENTATE AND DENTATE MANDIBLES

Biljana Evrosimovska
Lidija Popovska, Niki Matveeva

Resorption of the alveolar bone is the best recognized feature of the mandible in the edentate subjects, which changes in the structure of the mandible and position of mandibular foramen were done.

The aim of this paper is to determinate localization of foramen mandible in edentate mandible in order to same anatomic characteristics (anterior and posterior border of ramous mandible, angle of the mandible) in dry human mandibles.

A total of 73 mandibles were analyzed (46 dentate and 27 edentate mandibles). The mean value of the distance of the mandibular foramen from the anterior border of ramous mandibulae in edentate mandibles was 14,04 mm (on right side-R), 14,55mm (on left side-L), in dentate mandibles 15,02mm (R), 14,06 (L) and from the posterior border of ramous mandible in edentate mandibles was 9,38 mm (R), 10,14mm (L), in dentate mandibles 10,08mm (R), 10,66 (L). The mean value of the distance of the mandibular foramen from the mandibular incisure (MI) in edentate mandibles was 23,36 mm (on right side-R), 23,52mm (on left side-L), in dentate mandibles 22,70mm (R), 22,41 (L) and from the foramen mandibulae to mandibular base in edentate mandibles was 21,77 mm (R), 21,77mm (L), in dentate mandibles 23,50mm (R), 22,75 (L).

Accurate localization of the mandibular foramen position is important for adequate anesthetic field to offer a painless dental treatment and to avoid complications from wrong application anesthesia, as well as, bleeding and paresthesia.

УПОТРЕБА НА ИНЈЕКЦИОНИОТ И НА ГЕЛ PLASMOLIFTING МЕТОДОТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА

Фисник Касапи
Јасмин Фидоски

Тромбоцитната автоплазма добиена по методот Plasmolifting е сопствен продукт на човечкиот организам и се користи за инјекциона стимулација на регенеративните процеси.

Методата е високо софистицирана, едноставна и практична за користење, не бара комплицирана опрема и дополнителни методи на центрифугирање, со мошне атрактивна цена, заштитена е со меѓународен патент, за првпат сертифицирана за користење In-vivo, официјално регистрирана и одобрена во Р. Македонија и не дава апсолутно никакви несакани реакции (комплетно безбедна за употреба).

Овој метод е способен да ги покрене процесите на регенерација за меките и коскените ткива во организмот.

Plasmolifting методата може да се користи во тераписки третман за превенција на парадонтопатија, кај операции во лицево-виличната регија, при имплантациони процедури, при синус лифтинг како одлично средство за замена на коскеките графтови , при коскено-пластичните операции, при операциите на меките ткива.

За првпат со овој метод може да се добие и Плазма гел кој претставува прв биолошки филер и е извонредно дополнување или замена на хијалуронските филери при корекции на брчки, регенерација на кожата на лицето, аугментација на усни, третман на акни и други воспалителни болести на кожата на лицето.

Овој метод е вистински чекор напред во развојот на стоматологијата.

USING OF THE INJECTED AND OF THE GEL PLASMOLIFTING METHOD IN DENTISTRY

Fisnik Kasapi
Jasmin Fidoski

The Platelet-rich auto plasma obtained by the method of “Plasmolifting” is an own-product of the human body and it is used injected stimulation of the regenerative processes.

The method is highly sophisticated, simple and practical to use, does not require complicated equipment and additional methods for centrifugation, it’e with a very attractive price, protected with an international patent, for the first time certified for In-vivo application, and it ‘s officially registered and approved in R. Macedonia and absolutely does not give no side effects (completely safe to use).

This method is able to initiate the processes of regeneration of the bone and soft tissues in the body.

Plasmolifting method can be used as therapeutic treatment to prevent periodontal disease, during the surgery procedures in the maxillofacial region, in the implantation procedures, and in the sinus lifting as an excellent expedient for replacing of the bone grafts and during the bone-plastic surgery and the soft tissue surgery procedures.

Also, for the first time with this method we can obtain Plasma gel which is the first biological filler and it is a superbly complement or a replacement of the hyaluronic fillers during the correction of the skin wrinkles, regeneration of the skin, lip augmentation, treatment of the acnes and for other face inflammatory skin diseases.

This method is a real step forward in the development of dentistry.

КОНЦЕПТ НА УПОТРЕБА НА PRP, A-PRF

Ивица Луканоски
Ана Боневска, Марина Стојкова

Развојот на клиничката PRF технологија се темели на сознанието за улогата на факторите на раст и развој на ткивата односно врз регенеративниот потенцијал кој го имаат овие протеини кои се содржат во тромбоцитите. PRF е откриен 2001 год во Франција од Joseph Choukroun и претставува втора генерација на фибрински концентрати кои се употребуваат за забрзување и зараснување на рани, мекоткивни и коскени структури. PRF е стрикно аутологен фибрински матрикс а неговиот позитивен ефект се должи на многу биолошки и молекуларни промени како и некои други предности.

•Стимулирана ангиогенеза
-синтеза на колаген ,мекоткивна репарација,
-забрзана минерализација на ткива, зголемување на остеоиндукција, хирушка хемостаза ,
-исклучува ризик од инефкции и имунолошки реакции на организмот при хирушки интервенции

•Примена на во орална хирургија
-sinus lift, bone grafting, парадонтологија, заздравување на екстракциона рана имплантитање и мекоткивна реконструкција

•A-PRF - advance platelet-rich fibrin
Подобрен протокол за добивање на пофункционален PRF супстрат
-примена во орална хирургија
-постапки за работа
- клинички случај

ADVANCED PLATELET-RICH FIBRIN:A NEW CONCEPT FOR CELL-BASED TISSUE ENGINEERING

Ivica Lukanoski
Ana Bonevska, Marina Stojkova

The development of clinical PRF technology is based on the knowledge about the role of factors of growth and tissue development and the regenerative potential that these proteins have, which are located in the thrombocytes. The PRF was discovered in 2001 in France by Joseph Choukroun and represents the second generation of fibrin concentrates which are used to speed up and aid healing of wounds after surgery, soft-tissue and bone structures. The PRF is a strictly autologous fibrin matrix and its positive effect comes from many biological and molecular changes as well as some other advantages.

•Stimulated angiogenesis
-Synthesis of Collagen, soft tissue reparation
-Accelerated tissue mineralization, increase of osteoinduction, surgical hemostasis
-Eliminates the risk of infections and immunological reactions of the organism during surgical interventions

•Application in oral surgery
-Sinus lift, bone grafting, Periodontology, healing process after surgery, , implants and Soft Tissue Repair, Osteointegration

•A-PRF - advance platelet-rich fibrin
Improved protocol for rendering more functional PRF substrate
-Application in oral surgery
-Work procedures
-case study

РЕСОРПТИВНИ И НЕРЕСОРПТИВНИ МЕМБРАНИ ВО ОРАЛНАТА ХИРУРГИЈА

Киро Папакоча[1]
Емилија Стефанова[2] , Ана Радеска Паноска[1], Влатко Филиповски[3], Марјан Ристовски[4]

Вовед: Клиничката употреба на мембраните во оралната хирургија се случуваше уште во средината на 80-тите години, кога воденатa коскена регенерација станува стандардна процедура, користена во многу стоматолошки ординации. Тука ќе дискутираме за титаниумски нересорптивни мембрани, како и за повеќе користени иновативни техники за нивна употреба, но и за употреба на нересорптивните мембрани и заедничка употреба на сите нив во процесот на аубментација со соодветни техники.

Материјал и метод: Ќе се дискутираат основните техники и принципи за користење на мембраните со помош на различни техники. Голем напредок е постигнат како во изработка на готови – формирани титаниумски мембрани, така и во биоматеријалите и во подобрување на нивните механички својства но и континуирано намалување на цените. Ќе презентираме и неколку клинички случаи на употреба на овие мембрани, со добиените резултати.

Резултати: За следните генерации на мембрани се предвидува да се подобрат нивните функционални особини. Остеокондуктивните и биоактивните фактори за раст сега се инкорпорирани и овозможуваат подобро формирање на коска, а пак антимикробните супстанции имаат за цел да се минимизира влијанието на надворешната контаминација. Голем број на истражувања се направени во оваа насока во последниве 20тина години.

Заклучок: Долги хируршки процедури, веќе не се потребни, како би го попречиле заздравувањето на раните со големи непријатности за пациентот. Белег врз следните истражувања засега се дискутираат околу APRF, PRGF и другите мембрани кои се користат во водена коскена регенерација.

RESORPTIVE AND NON-RESORPTIVE MEMBRANES IN ORAL SURGERY

Papakoca Kiro[1]
Stefanova Emilija[2], Radeska-Panovska Ana[1], Vlatko Filipovski[3], Marjan Ristovski4

Introduction: Since the clinical use of dental membranes in the mid-1980s, guided bone regeneration procedures have become the standard in dental surgeries requiring space provision. This review paper discusses titanium non-resorptive membranes and the more recently employed innovative techniques to alter resorption periods in resorbable membranes and the basic principles in membranes utilized in GTR and GBR.

Material and method: We will reviews the basic principles in membranes utilized in GTR and GBR. Much advancement has been made since the original e-PTFE membranes, and synthesis and natural biomaterials have now been utilized with great clinical success, and improvements are continuously being made regarding their mechanical properties and degradation rates. Several patients with a noncontributory medical history, where the barrier membranes have been developed to allow guided tissue regeneration by the principle of osteopromotion.

Results: The next generation of membranes is expected to combine more functional biomolecules projected to increase the success of GBR therapy. Osteoconductive calcium phosphates and bioactive growth factors are now being incorporated to allow better bone formation, while antimicrobial substances aim to minimize the influence of bacterial contamination. A number of advancements have been made over the past 20 years in terms of their fabrication development.

Conclusion: Surgical procedures are no longer necessary as they partially obstruct wound healing and increase patient discomfort. Insight into future developments in membrane fabrication as well as platelet-rich fibrin membranes are discussed that will direct the next generation of guided bone regeneration.

ИМПЛАНТОЛОГИЈА

ОПТИМАЛНО ЕСТЕТСКО РЕШАВАЊЕ НА ХИПОДОНЦИЈА ВО ФРОНТАЛНАТА РЕГИЈА СО ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРИСТАП

Јанев Едвард
Јанева Н., Шушек З.

Според европската статистика,хиподонцијата на третите молари е застапена 25-35%,на латералните максиларни инцизиви 2%,и на долните втори премолари 3%.Решавањето на овој проблем во естетската зона во современата стоматологија завзема посебен осврт со еден интердисциплинарен пристап,каде се вклучени ортодонтот, оралниот хирург и протетичарот. Хронолошки терапевтскиот протокол започнува со ортодонтски третман каде се прави подготовка и детерминира тајмингот за имплантолошката фаза, а се финишира со протетска реставрација.Целта на овој труд е да прикаже адекватно решение за празните простори во забниот низ предизвикан поради вроден недостаток на заби во естетската регија.Прикажан е случај на хиподонција во максила на латералните инцизиви каде по завршен ортодонтски третман,поставени се два ендоосеални импланти,а подоцна и цементирани фиксно протетски реставрации.Тимската работа помеѓу ортодонтот, оралниот хирург,протетичарот и забниот техничар е исклучително важна во решавањето на вакви состојби за постигнување на оптимална естетика.

IMPLANTOLOGY

OPTIMAL AESTHETIC EFFECT IN FRONTAL REGION WITH INTERDISCIPLINARY APPROACH AT HYPODONTIA

Janev Edvard
Janeva N., Susek Z

In persons of European ancestry ,the most common missing teeth are the wisdom teeth 25-35%,the permanent upper lateral incisors 2% and lower second premolars 3%.Interdisciplinary cooperation between orthodontists, oral syrgeons and prosthodontists is becomes especially apparent when treating tooth - bounded gaps resulting from hypodontia. The case described here suffers from aplasia of the upper lateral incisors. After the orthodontic treatment the gaps were kept open, implant -supported restavration were placed later on. As the orthodontist, oral surgeon, prosthodontist and dental technician had been working together consistently the outcome of aesthetics will be considered really satisfactory.

ОТПЕЧАТОК НА НИВО НА АБАТМЕНТ КАЈ МУЛТИПНИ ИМПЛАНТИ

Ирина Трајковска-Зареска

Земањето на отпечаток врз мултипни импланти претставува особен предизвик кај пациентите со подебела гингива од 2мм, а од неговата прецизност зависи целокупната естетика, функција и фрикција на протетичката конструкција.

Целта на оваа презентација на случај е да се образложи корисноста од втор отпечатокот на ниво на абатменти, како дополнение на првата метода на земање на отпечаток на ниво на импланти.

Материјал и методи- На пациентот со тотална беззабост во горната вилица му беа инсерирани 6 импланти Ankylos C/X. По 3 месеци на осеоинтеграција го направиме првиот прецизен отпечаток на ниво на импланти со трансфери, отпечаточна маса А-силикон и отворена индивидуална лажица. Откако ја одредивме вертикалната и хоризонталната димензија, ги исфрезувавме абатментите и направивме трансфер клуч од акрилатна смола. Со помош на клучот ги заштрафивме абатменти во устата и го земавме вториот прецизен отпечаток на ниво на абатменти со А-силикон и индивидуална лажица. На новиот модел ја направивме дефинитивната метал-керамичка супраструктура.

Резултати - Кај пациентот со 6 импланти на база на првиот и вториот отпечаток изработивме 12-члена мостовна конструкција , која покажа пасивно налегнување, одлично маргинално затворање и непречена функција за време на привременото и дефинитивното цементирање.

Заклучок- Додека отпечатокот на ниво на импланти ја пренесува нивната тродимензионална позиција во устата и служи да се одберат соодветни абатменти по ангулација и длабочина, отпечатокот на ниво на абатменти ја анулира можноста од ротација и маргиналната дискрепанција во сулкусот и дозволува прецизна протетска изработка и затоа го препорачуваме кај случаи со мултипни импланти.

IMPRESSION TAKING AT ABUTMENT LEVEL IN MULTIPLE IMPLANTS

Irina Trajkovska- Zareska

Impression taking at abutment level in multiple implants Introduction: taking impression on multiple implants is particularly challenging in patients with gingiva thicker than 2mm and its accuracy influences on overall aesthetics, function and friction of prosthetic construction.

Aim: to explain the usefulness of the second impression taken on abutment level, in addition to the first method of taking an impression at the implant level.

Material and method: a patient with total edentoulism in the upper jaw was inserted 6 implants. After 3 months of osseointegration we made the first accurate impression on implant level with transfers, open individual tray and A- silicone. After we determined the vertical and horizontal dimension, we prepared the abutments and made a key transfer of acrylate resin. With this key we have screwed the abutments in the mouth and made the second impression on abutment level. The new working cast was used to create the definitive metal-ceramic superstructure.

Results. Based on the first and second impression over 6 implants in upper jaw, we designed a 12-unit bridge construction, which showed passive fit, excellent marginal closure and smooth glide during temporary and definitive cementation.

Conclusion- though implant level impressions transmit exactly the three-dimensional position of the implants in the jaw and serve to select appropriate angulation and depth of the abutments, the second abutment level impressions negate the possibility of abutment rotation. They minimize marginal discrepancy in the sulcus and allow prosthetic structure that fits perfectly. Therefore we highly recommend it in cases with multiple implants.

Key words: implant and abutment level impression, precise prosthetic fit

ПОКРОВНИ ПРОТЕЗИ НАД ИМПЛАНТИ ЗА ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ТОТАЛНА БЕЗЗАБОСТ ВО ДОЛНАТА ВИЛИЦА - ПРИКАЗ НА СЛУЧАИ

Јулијана Николовска
Петровски Д, Капушевска Б, Лукиќ Д.

Стареењето на глобалната популација донесе бројни предизвици за здравствените системи и тоталната беззабост е една од нив. Изработката на мобилни акрилатни протези се чини дека е едноставна и евтина третманска солуција, но мноштво пациенти не се задоволни со нивната функционална стабилност, што доведува до ограничувања во исхраната, болки во устата, говор и психосоцијални проблеми итн.

Резултатите во многу студии покажуваат промени во квалитетот на живеење кај пациентите кои се носители на тотални протези, особено кај оние кои имаат тотална протеза во долната вилица. Причината за ваквата состојба е несоодветната ретенција на протезите како резултат на ресорпцијата на коската на алвеоларниот гребен. Коскената ресорпција на долната вилица може да го претворат алвеоларниот гребен во млитаво меко ткиво, кое не е во состојба да подржува соодветна ретенција на протезата.

Покровни протезати, ретинирани над импланти е алтернативна третманска опција во овие ситуации. Имплантите ќе обезбедат ретенција, стабилност, функција и естетика и претставуваат мошне атрактивна третманска солуција, која поголем број пациенти можат финансиски да ја поднесат.

Цел
Целта на овој труд е да се прикаже решавањето на проблемите со ретенција на долна протеза во два различни клинички случаи со употреба на импланти без посебна технологија.

OVERDENTURES ON IMPLANTS FOR BETTER QUALITY OF LIFE AMONG THE FULLY EDENTULOUS PATIENTS – CASE REPORTS

Juliana Nikolovska
Petrovski D Kapuševska B Lukic D.

Global aging population has brought several challenges for their medical systems and total edentoulism is one of them. The fabrication of removable acrylic dentures seems to be a simple and cheap treatment solution, but a majority of patients are not satisfied with their functional instability, causing limited diets, mouth soreness, speech and psycho-social problems etc.

The results in many studies indicate an impact of oral conditions associated with full denture wearing on oral-health related quality of life, especially in lower jaw. The reason for improper denture retention could be alveolar ridge bone resorption and numerous studies about this problem are plausible. Bone resorption in lower jaw may turn the alveolar ridge into a flabby soft tissue which is unable to sustain proper denture retention.

The implant-retained prosthesis is an alternative treatment option in these situations. Implants will provide retention, stability, function and esthetics and they are not so expensive solution.

Aim
The aim of this article is to show solving of retention problems of a lower denture in two different clinical cases using implants and without any special technology.

ЛОКАЛНИТЕ АНАТОМСКИ УСЛОВИ ВО МАКСИЛАТА ОДЛУЧУВАЧКИ ФАКТОР ЗА ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА ИМПЛАНТАТИТЕ И МЕТОДИТЕ НА РАБОТА

Милан Камчев
Никола Камчев, Билјана Ивановска, Весна Попова–Чемерска,
Никола Мешков, Никола Манчев

ВОВЕД
Каде и како ќе бидат позиционирани имплантатите и кој метод ќе биде употребен при операцијата, пресудна улога имаат локалните анатомски услови на максилата, а пред се се висината на алвеоларната коска према максиларниот синус и носната празнина и ширината на коската на алвеоларниот гребен.

ЦЕЛ НА ТРУДОТ
Цел на трудот е да го прикажиме нашето искуство на кој начин и со кои методи ги совладуваме основните лимитирачки фактори спомнати во воведот.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА
Ќе бидат прикажани неколку случаи кај кој се избегнува максиларниот синус и со косо поставување на имплантатите и неколку случаеви каде имплантатите се поставувани со методата на индиректен синус лифт.

РЕЗУЛТАТИ
Резултатите гледани од аспект на остеоинтеграција се сосема добри и скоро исти независно од методот на работа што е применет, со напомена дека при косо поставување секогаш има можност да се постави имплантат со поголема должина.

ЗАКЛУЧОК
При примена на едниот и на другиот метод потребно е големо искуство и многи прецизно претходно планирање. При индиректниот синус лифт не смее да биде перфорирана Шнајдеровата мембрана.

Косо поставените имплантати особено ако се повеќе од два представуваат многу сложен проблем при парализација на абатмените при изработка на протетската супраструктура.

LOCAL ANATOMICAL CONDITIONS IN THE MAXILLA- DETERMINING FACTOR FOR PLACING IMPLANTS AND METHODS OF WORK

Milan Kamchev
Nikola Kamchev, Biljana Ivanovska, Vesna Chemerska Popova,
Nikola Meshkov, Nikola Manchev

Introduction:
ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ НА ПОВРШИНСКАТА ОБРАБОТКА ВРЗ ФРАКТУРНАТА ЦВРСТИНА НА КЕРАМИЧКИ КОЛЧИЊА

С. Јовановски[1,2],
В.Јуруковска-Шотаровска[1], Л. Поповска[1]

Со пескирање и брусење често ја припремаме површината на циркониумските колчиња за цементирање и надоградување. Со оваа постапка, во цирконium оксидниот материјал внесуваме површински микро-пукнатини кои предизвикуваат мартензитна трансформација од тетрагонална во моноклинска кристална фаза која дава подобрување на механичките особини на оваа керамика, но во исто време спонтаната фазна трансформација во хидротермалните услови го забрзува процесот на стареење и влијае на трајноста. Целта на студијата беше да се измери силата на атхезија и фрактурната цврстина помеѓу различно третираните површини на циркониумските колчиња и композитниот материјал за надоградување. Експерименталните примероци беа тестирани со оптеретување под 45°, кој го изведовме на Instron Testing Machine 4301 (Instron Corp., ZDA). Во студијата беа користени 36 експериментални примероци поделени во 3 групи од по 12 (пескирани, брусени и интактни). Статистичката двонасочна анализа на варијација (2-way ANOVA) се користеше за компарација на средните вредности за секоја група. Со употреба на Tuckey тест HSD, се утврдија разликите помеѓу групите примероци и дали се статистички значајни ($p < 0.05$).

Микропукнатините, топографските промени на различната површинска обработка како и мартензитната трансформација ги проучувавме со скенинг-електронски микроскоп (СЕМ) и рентген дифрактометриска метода (РДМ). Резултатите ја потврдија работната хипотеза дека пескарењето на површината ја зголемува фрактурна цврстина, во однос на брусените и интактни циркониумски колчиња.

ASSESSMENT OF THE EFFECTS OF SURFACE TREATMENT ON FRACTURESTRENGTH OF THE CERAMIC POSTS

***S. Jovanovski*[1,2,]**
***V. Jurukovska-Shotarovska*[1], *L. Popovska*[1]**

With sandblasting or grinding we often prepared the zirconium oxide posts surface, that changes its adhesion during cementation or upgrading. With the above procedures micro-cracks are introduced to the material, and causes transformation from tetragonal to a monoclinic crystal phase, and improving the mechanical properties of the ceramics. At the same time, this spontaneous phase transformation during hydrothermal conditions accelerates the aging process affecting the material durability. The purpose was to evaluate the effects of sandblasting and grinding on fracture strength of Y-TZPost(IJS-MF). In this study, 3 groups of 12 specimens were used (sandblasted, grinded and assintered-control). The samples were build up using MultiCore-Ivoclar. The post/teeth specimens were embedded in acrylic resin blocks and loaded (1mm/min) at an angle (45°) in Instron Testing Mashine 4301, to fracture. The average stress values of the groups were statistically analyzed using 2-way ANOVA followed by the Tuckey test HSD ($t<0.05$). The surface micro-cracks in addition to topographic changes on surface treatment and transformations were studied (SEM and X-ray diffraction).

The results indicate that the procedure of sandblasting improves strength of ceramic post. Also, the results confirm the working hypothesis that the increase of the monoclinic layer by sandblasting with Al2O3 particles on the surface of ceramic posts, significantly increases fracture resistance compared to the grinded and intact specimens.

ВЛИЈАНИЕТО НА ДИЈАМЕТАРОТ НА ЦИРКОНИУМ ОКСИДНИТЕ КОЛЧИЊА ПРИ THREE POINT BENDING TEST

В. Јуруковска-Шотаровска,
Б. Капушевска, Б. Наумовски, А. Мијоска, Б. Евросимовска,
Д.Цветановска Стојчева, С. Јовановски

Безметалните надградбени системи со своите механички и физички особини, транслуцентност и биокомпатибилност, завземаат значајно место во естетската соматологија.

Наша цел е да го споредиме влијанието на различните дијаметри на циркониум оксидните колчиња и каква е нивната отпорност на фрактури.

Во оваа in vitro студија како материјал се користени циркониум оксидни колчиња од фирмата Zirix-Nordin во зависност од нивниот дијаметар кои беа поделени во три групи од по 20 примероци: d1=1,2; d2=1,3; d3=1,5. Кај сите колчиња беше применет three point bending тест, а испитувањата се изведуваа на Universal Testing Machine (Shimadzu, Corp., Japan). Анализираните резултати кои ги добивме ги пресметавме по формулата на Törbjorner и сор. и со тоа заклучивме дека различниот дијаметар на колчињата покажува различна отпорност на фрактура.

Најголемиот дијаметар на колчињата сигнификантно ја зголемува отпорноста на фрактури во однос на помалите два дијаметри. Циркониум оксидните колчиња се повеќе го завземаат приматот во естетско реставративната стоматологија.

IMPACT OF THE DIAMETER OF ZIRCONIUM OXIDE POSTS SYSTEM IN THREE POINT BENDING TEST

V. Jurukovska-Shotarovska,
B. Kapushevska, B Naumovski, A. Mijoska, B Evrosimovska,
D. Cvetanovska Stojceva, S Jovanovski

Non-metal post systems with their mechanical and physical characteristics, especially translucency and biocompatibility, achieve a significant place in the aesthetic dentistry.

Our goal is to compare the impact of different diameters of zirconium oxide post and what is their resistance to fractures.

In this in vitro study as material is used zirconium oxide post of company Zirix-Nordin depending on their diameter were divided into three groups of 20 samples: d1=1,2; d2=1,3; d3=1,5. On all posts was applied three point bending test, and the tests were performed on the Universal Testing Machine (Shimadzu, Corp., Japan). The analyzed results obtained are calculated by the formula of Törbjorner et al. and thus concluded that a different diameter of the posts shows different resistance to fracture.

The largest diameter of the posts significantly increases the resistance to fracture in relation to the two smaller diameters. Zirconium oxide post increasingly occupy primacy in aesthetic restorative dentistry.

ЕФЕКТОТ НА ПОВРШИНСКИОТ ТРЕТМАН ВРЗ АТХЕЗИЈАТА НА ЦИРКОНИУМСКИ КОЛЧИЊА: ИН ВИТРО СТУДИЈА

А. Даци[1] ,
Т. Јовановски[2], М. Антанасова[2], А. Атанасовска[1], С. Јовановски[1,2]

Циркониум оксидната керамика во стоматологијата се употребува како замена за металните дентални легури. Со пескирање и брусење често ја припремаме површината за цементирање. Целта на експерименталните истражувања беше да се измери силата на атхезија потребна за попуштање на врската помеѓу циркониумското колче и композитниот материјал за надоградување. Со тест на истиснување под 90° (push out), кој го изведовме на Instron Testing Machine 4301 (Instron Corp., USA). Беа употребени 36 примероци, поделени во три групи од по 12 (брусени, пескирани и синтерувани-контролна). Статистичката двонасочна анализа на варијација (2-way ANOVA) се користеше за компарација на средните вредности за секоја група. Со употреба на Tuckey тест HSD, се утврдија разликите помеѓу групите примероци и дали се статистички значајни ($p < 0.05$).

Резултатите ја потврдија работната хипотеза дека пескарењето на површината ја зголемува атхезијата помеѓу композитниот материјал за надоградување MultiCore и Y¬TZP Cosmopost, во однос на брусените и контролната група, интактни циркониумски колчиња.

Клучни зборови: Y-TZP керамички колчиња; површински третман; пескирање; композит за надоградување.

THE EFFECT OF SURFACE TREATMENT ON ATHEZION OF ZIRCONIA POSTS: In vitro study

A. Daci[1],,
T. Jovanovski[2], M. Antanasova[2], A. Атанасовска[1], S. Jovanovski[1,2]

Zirconium oxide ceramics in dentistry are used as a replacement for metal dental alloys. The transparency of all-ceramic crowns is achieved with the use of ceramic posts. With procedure of sandblasting and grinding we prepared the surface, thus change the improving adhesiveness during cementation.

The purpose of the study was to evaluate the effects of sandblasting and grinding on the adhesions of Y-TZP ceramics posts to the composite core build up materials. In this study, 36 experimental specimens were used and divided into 3 groups of 12 (sandblasted, grinded and as sintered-control).

The experimental samples were build up using resin material (MultiCore-Ivoclar Vivadent). The post / composite specimens were loaded at an angle of 90° degrees (push out) and loaded to fracture testing in an Instron Testing Machine 4301 (Instron Corp., USA) at a crosshead speed of 1 mm/min, until fracture. The average stress values of the groups were statistically analyzed using 2-way ANOVA followed by the Tuckey test HSD ($t<0.05$). The results confirm the working hypothesis that the procedure of sandblasting improves adhesion between ceramic Y-TZP Cosmopost and MultiCore. .

Key words: Y-TZP ceramic post; surface treatment; sandblasting; composite resin core build up.

УПОТРЕБА НА ЛАЈНЕР ЗА БОНДИРАЊЕ НА ЦИРКОНИЈАТА

Анета Мијоска
Биљана Капушевска, Весна Јуруковска, Кристина Митиќ

Вовед
Механизмите за бондирање на цирконијата за порцеланот за фасетирање се недоволно јасни, но сепак се знае дека силата на адхезијата кај целосно-керамичките системи е послаба од онаа кај метал-керамиката. Цирконијата поседува неактивна површина отпорна на повеќето бондирачки методи. Исто така не постојат ни стандардни протоколи, клинички или лабораториски методи за најефективниот третман на површината на цирконијата. Потребата за материјал кој ќе овозможи физичко поврзување и ќе ги компензира несоодветните коефициенти на термичка експанзија довела до појава на лајнерите.

Целта на истражувањето е да се докаже дека лајнерите- производи слични на опакерот може да обезбедат површинска рапавост, да ја модифицираат нијансата и да го подобрат поврзувањето за порцеланот.

Материјали и методи
Примероците од цирконија Cercon (DEGUDENT Hanau, Germany) беа третирани со пескарење, па потоа беше аплициран и испечен лајнер Cercon Ceram Kiss Liner. Порцеланот за фасетирање се испече преку лајнерот и потоа се изведе тест за одредување на силата на смолкнување за да се анализира силата на атхезија помеѓу групите со и без лајнер.

Резултати
Резултатите покажаа послабо поврзување кај примероците со лајнер, во однос на примероците кои беа третирани само со пескарење. Сепак резултатите за силата на поврзување беа доволни и ги исполнуваат минималните барања за бондирање.

Заклучок
Потребно е да се преземат напори за подобрување на цврстината на порцеланските маси за фасетирање и зголемување на силата на поврзување- бондингот. Главната дилема е сепак дали пескарењето на површината е потребно и каков е неговиот ефектот на цврстината и стабилноста на материјалот.

USE OF LINERS FOR ZIRCONIA BONDING

Aneta Mijoska
Biljana Kapushevska, Vesna Jurukovska, Kristina Mitik

Object
Mechanisms for bonding zirconia to veneering porcelain are not insufficiently clarified, but the strength of the adhesion in all-ceramic system is weaker than the one in metal-ceramic systems. Zirconia has inactive surface, resistant to most bonding methods. There are no standard protocols for either clinical or laboratory methods for most effective way to treat zirconia surface. The need for material that would ensure physical bond and compensate inadequate CTE led to manufacturing of the liners. The aim of the study is to prove that liners - products similar to opaque can provide surface roughness, modify shade and improve bondingto the porcelain.

Material and methods
Zirconia specimens from Cercon zirconia (DEGUDENT Hanau, Germany) blocks were treated with surface treatment sand-blasting and then Cercon Ceram Kiss Liner was applied and fired. The veneering porcelain was fired and shear bond test was done to analyze the bonding strength between the groups with and without liner.

Results
The results showed weaker bonding for the specimens with liner, than in the group of specimens treated with sand-blasting. Still the results of the bonding values were sufficient and fulfilled minimum requirements of bonding.

Conclusion
There must be effort to improve strength properties of the veneering ceramics for zirconium pointed towards increasing of the bonding strength between two materials. Themaindilemmais whether itis necessary or not, to do the sanding of thesurface and its impact on the strength and stability of the material.

ИН ВИТРО ЕВАЛУАЦИЈА НА АТХЕЗИЈАТА НА РАЗЛИЧНИ ЦЕМЕНТИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ТЕМПАРАТУРАТА И ПРИТИСОКОТ

Т. Јовановски[1],
С. Панчевска[2], С. Јовановски[1,2]

Со цел да се постигне пасивно налегнување на протезата (металната база) преку абатментот, се препорачува цементирање на секундарните коронки за металниот скелет.

Цел: Во оваа ин витро студија се испитуваше влијанието на температурата и притисокот врз атхезијата на цементите помеѓу Ко-Cr легури.

Материјал и метод: 72 експериментални примероци (10x3mm) и соодветни дискови (4x4mm) беа излеани од Co-Cr легура. Површините се полираа (50µm) и пескираа со воздушни честички (110µm Алумина). Дисковите од легура беа бондирани со користење на 2 различни цементи (Multilink, Ivoclar и DeTrey Zink-Fosfat Cement) и изложени на следните експериментални услови: контролната група, 60° Ц-6Bar-20min, 100 ° С-6Bar-35min. Силата на смолкнување (1mm/min) беше измерена (N) и статистички анализирана (ANOVA, Tukey's, $p<0.05$). Примероците беа анализирани со оптички микроскоп.

Резултати: Различните услови на температура и притисок влијаат на атхезијата. Добиените вредности за Мултилинк (28,94 ± 5,85 MPa) биле значително повисоки ($p<0.05$) во споредба со Фосфат Цемент ((16,75 ± 3,42) и овие групи покажаа комбинирани попуштања.

Заклучок: Во рамките на ограничувањата на оваа ин витро студија, може да се заклучи дека температурата и притисокот во рамките на нашите експериментални истражувања влијаат на јачината на атхезијата различните цементи врз благородни легури на база на метал.

IN VITRO EVALUATION OF THE BOND STRENGTH OF DIFFERENT CEMENTS DEPENDING OF THE TEMPERATURE AND PRESSURE

T. Jovanovski[1],
S. Panchevska[2], S. Jovanovski[1,2]

Objectives:
In order to achieve a passive fit of the denture to abutments, it is advocated tobond secondary crowns to base-metal scaffold.Purpose: In this in vitro study the influence of temperature and pressure wasevaluated on bond strengths of precious Co-Cr alloy.

Methods:
72 semples (10x3mm) and corresponding disc-shaped specimens (4x4mm) were cast from Co-Cr alloy. Bonding surfaces were polished (50µm) and airborne-particle abraded (110-µm alumina). Discs of alloy were bonded to base-metal using 2 different cements (Multilink, Ivoclar and DeTrey Zink-Fosfat Cement) and exposed to the following experimental conditions: control group, 60°C-6Bar-20min, 100°C-6Bar-35min. Shear bond strength was measured (1mm/min) and statistically analyzed (ANOVA, Tukey's, $p<0.05$). Failure modes were determined by optical microscope.

Results:
Different temperature and pressure conditions affect the bond strength. Bond strengths obtained with ML (28.94±5.85 MPa) were significantly higher ($p<0.05$) compared with FC ((16.75±3.42) and these groups showed combination failures.

Conclusion:
Within the limitations of this in vitro study, it can be concluded that temperature and pressure within our experimental range influence the bond strength of ML and FC on precious alloy to base metal.

ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА КОРОНКИ ОД ЦИРКОНИУМ КЕРАМИКА

Анета Мијоска
Коавтори Билјана Капушевска, Мирјана Поповска, Весна Јуруковска, Кристина Митиќ, Наташа Ставрева

Вовед
Поради постојаното барање за подобра естетика и поголема биокомпатибилност Итрија-тетрагоналната цирконiумска керамика се почесто се користи во стоматологијата. Цирконiумските коронки се користат за широк спектар на индикации, но во клиничката пракса тие покажаа одреден неуспех. Кршливост, осетливост на забите, поголемо одземање на забна супстанција, слаба гингивална адаптација, абразија на забите антагинисти и многу повисоката цена се некои од нивните недостатоци. Целта на истражувањето е да се испитаат in vivo перформансите на двата типа на керамички коронки и преку клиничко следење и прашалници да се увидат нивните предности и недостатоци.

Материјали и методи
Десет метал-керамички и десет цирконiумски коронки беа изработени и цементирани во бочната регија со глас-јономер цемент. Потоа пациентите беа повикувани на редовни контролни прегледи на период од три месеци во текот на првата година од носењето на коронките.

Резултати
Ниту една метал-керамичка коронка не покажа неуспех после првата година. Само кај една цирконiумска коронка се оштети фасетниот порцелан, а еден пациент се жалеше на подолготрајна осетливост на забот носач. Пациентот со оштетената коронка даде позитивна анамнеза за ноќен бруксизам и имаше намалена вертикална димензија.

Заклучок
Тешка е препораката за тоа кој тип на коронка е со подобри перформанси. Целосно-керамичките коронки поседуваат подобар изглед, но се доста пократкотрајни и се доста поскапи. Тие се добра опција за пациентите кои сакаат реставрации во фронталната регија. И двете коронки преставуваат добар избор за изработка на реставрација во бочната регија. Како составен дел на прегледот кај пациентите треба да се направи и детално интра-орално испитување, а критериумите за правилен избор на пациент се интероклузалниот простор, парафункционалните навики и подвижноста на забите.

Клучни зборови: цирконија, коронки, целосно керамички коронки

ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF ZIRCONIA-BASED CROWNS

Aneta Mijoska
Coauthors Biljana Kapushevska, Mirjana Popovska, Vesna Jurukovska, Kristina Mitik, Natasha Stavreva

Introduction
Yttria-tetragonal zirconia polycrystals (Y-TZP) has been utilized for dental applications because of constant demand for better aesthetic and greater biocompatibility. Zirconia crowns had been used for wide range of indication, but in clinical practice they showed failures. Fragility, tooth sensitivity, bigger teeth reduction, worse gingival fit, antagonist abrasion and much higher price are some disadvantages of zirconia-based crowns. The aim of the study is to examine in vivo performance of both crown types and find their advantages and disadvantages through clinical examination and questionnaires.

Material and methods
Ten Porcelain-fused-to-metal crown and ten zirconia crowns were cemented in the molar region with glass-ionomer cement and the patients were checked up on regular bases every three months during the first year of exploitation.

Results
None of the metal-ceramic crowns showed failure after one year, however only one all-ceramic crown showed chipping of the veneering porcelain and one zirconia crown patient complained on tooth sensitivity. The patient with damaged zirconia crown had low vertical dimension and reported night bruxism habit.

Conclusion
It is difficult to suggest which type of crown showed better performance. All-ceramic crowns have the best cosmetic appeal, but are less durable and the most expensive. They may be a good option for those patients who want to restore their front teeth. Porcelain-fused-to-metal and zirconia crowns are a good choice for molars' restoration. Appropriate measures have to be taken while selecting the patient in addition to detailed intra oral examination as part of diagnosis. Criteria for patient selection are interocclusal space, para-functional habits and mobility of the tooth.

Key words: zirconia, crowns, all-ceramic crowns

ФИКСНО ПРОТЕТИЧКИ КОНСТРУКЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ОРТОДОНТСКИ АНОМАЛИИ -ПРИКАЗ НА СЛУЧАИ

Коруновска Весна Стевковска
Маја Поп Стефанова - Трпоска(2), Јулијана Николовска(3), Емилија Бајрактарова-Ваљакова(4)

Цел Често пати, во секојдневната пракса, има потреба од соработка помеѓу ортодонтот и протетичарот околу припремата и обезбедување доволно простор за да се постави соодветниот заб, посебно во фронтот. По конзилијарниот преглед од ортодонт и протетичар, поставената дијагноза и план на терапија следува ортодонтскиот третман, а по негово завршување протетичкиот третман. Поради тоа, ќе бидат прикажани три случаи со различни ортодонтски аномалии и различна протетска надокнада.

Материјал и метод Прикажани се три случаи со малоклузии -пациент со отворен загриз и хиподонција на латерални инцизиви; пациент со расцеп и пациент со diastema mediana и хиподонција на десен латерален инцизив.

Резултати По спроведената ортодонтска терапија која траеше од шест месеци до две години, направени се фиксно протетски конструкции во фронталната регија.

Заклучок Пациентите сакаат брз третман и брзи резултати, често пати се нетрпеливи околу завршувањето на ортодонтскиот третман, не соработуваат доволно со ортодонтот, и ортодонтските протези се вадат со нецелосно завршен тртеман што доведува до компромисни решенија во изработката на фиксно протетичките конструкции.

FIXED PROSTHETIC CONSTRUCTIONS IN PATIENTS WITH ORTHODONTIC ANOMALIES -CASE REPORT

Korunovska Stevkovska Vesna
Pop Maja Stefanova - Trposki (2), Juliana Nikolovska (3) Emilija-Bajraktarova Valjakova (4)

Aim In everyday practice very often there is need for collaboration between the orthodontist and prosthodontist around preparing and providing enough space for the teeth, especially in the frontal region. After the examination of the patient by the orthodontist and prosthodontist, the diagnosis and plan of treatment follows the orthodontic treatment, and after that prosthetic treatment. Because of that, we will report three cases with different orthodontic anomalies and prosthetics constructions.

Material and method We report three cases with malocclusions -one patient with open bite and missed lateral incisors, one patient with cleft lip and palate and one patient with diastema mediana and missed right lateral incisor.

Results In the frontal region fixed prosthetic constructions were made, after the orthodontic therapy which lasts from six months till two years.

Conclusion The patients demand fast treatment and fast results, very often they are impatient for finishing the orthodontic treatment, they do not cooperate enough with the orthodontist, and the orthodontic appliances are taking off without complete finishing of the treatment. All this leads to compromising solutions in making the fixed prosthetic constructions.

НЕОПХОДНОСТ НА ПРОТЕТИЧКИ ТРЕТМАН ЗА НУТРИТИВНИОТ СТАТУС КАЈ ВОЗРАСНИ ПАЦИЕНТИ

Поповац Александра,
Живковиќ Р, Станшиќ И

Нутритивниот дефицит кај возрасни пациенти се чести и на многу начини влијае на општото здравје, физичката кондиција и квалитетот на живото. Етиологијата е мултифакторијалнаи зависи од присуство на патолошки состојби, социоекономскиот статус, диететските навики и оралното здравје. Ризикот од малнутриции е особено висок кај возрасни пациенти стационирани во геријатриски болници или старски домови. Адекватната протетичка рехабилитација ја зголемува можноста од успешен внес на храна и есенцијална за здравјето и комфорот на оралните ткива. Кога е можно, идеал е сочувување на природната дентиција, бидејќи кога постои ризик од потхранетост, тоа овозможува промена на навиките во исхраната без адаптација. Меѓутоа возравните пациенти најчесто се делумно или тотално беззабни, па затоа е неопходна протетичка рехабилитација со фиксни или мобилни надоместоци. Многу заболувања или состојби, кои се поврзани со протетички третман, како ангуларен хеилит, воспалителни промени на јазикот, протетичкиот стоматитис како и ресорбираниот алвеларен гребен, условно може да го влошат внесот на храната. Терапевтот треба да биде запознаен со есенцијалните правила во исхраната за да може да понуди диететски совети, а не само да е фокусиран на изработката на протетичкото помагало. На овој начин можат да бидат избегнати голем број на неуспеси на протетичкиот третман на возрасните пациенти како што се болки, проблеми со голтање или мастикација, оралномукозни пронени , но и психолошки проблеми.

Клучни зборови: нутритивен статус, малнутриции

IMPORTANCE OF PROSHTETIC TREATMENT FOR NUTRITIVE STATUS IN ELDERLY PATIENTS

Popovac Aleksandra,
Živković Rade, Stančić Ivica

Nutritive deficit of elderly people is frequent, and in many ways is endangering their general health, physical condition and quality of life. Aetiology is multifactiorial and depends on presence of pathological conditions, socioeconomic status, dietary habits and oral health. Risk of malnutrition is especially high in functionally dependent elderly, residents of hospitals or nursing homes. Malnutrition increase functional dependence of these patients, al well as their morbidity, mortality and definitive treatment. Adequate prosthetic rehabilitation increase possibility of successful food intake and it is essential for health and comfort of oral tissues. When possible, ideal is to preserve natural dentition, because if there is risk of malnutrition, it enables eventual change of nutrition habits, if necessary, without adaptation. However, elderly are usually partially or complete edentulous, and prosthetic rehabilitation is needed, with fixed or mobile dentures. Many diseases and conditions, which are related to prosthetic treatment may additionally endanger food intake, such as, angular cheilitis, glossitis, denture stomatitis and resorption of residual alveolar ridge. Clinician should be informed about essential nutrition rules, and to be able to offer some dietary advice, and not only to be concentrated on production of denture. In this way, many failures in prosthetic treatment of elderly could be avoided, such as, pains, problems in swallowing and mastication, oral musoce pathology, but also psychological problems.

Key words: Nutritive status, malnutrition.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРАВИЛНОТО ОБЛИКУВАЊЕ НА НАДОЛЖНАТА ГИНГИВАЛНА ПОВРШИНА НА ВЕШТАЧКИ КОРОНКИ

Јана Бајевска,
Јагода Бајевска, Биљана Бајевска Стефаноска

Пречките во одржувањето на нормалната орална хигиена можат да бидат причина за акумулација на дентален плак. За правилно одржување на оралната хигиена потребно е правилно обликување на надолжната гингивална површина на вештачките коронки.
Целта на овој труд е анализа на надолжната гингивална површина кај вештачки коронки.

Материјал и метод на работа По случаен избор клинички се проследени металкерамички коронки и коронки фасетирани со композити, при што се анализирани нивните надолжни површини во цервикалната регија, нивната испапченост меѓу екваторот и маргиналниот раб на коронката, денталниот плак и промените на гингивалното ткиво споредени со промените на хомологните заби од контралатералната страна без вештачки надоместувања. Исто така се регистрира и испапчеността меѓу екваторот и маргиналниот раб на коронката на кратки вештачки коронки.

Резултати Анализата на испапчеността меѓу екваторот и маргиналниот раб на коронките ги даде следните резултати: вештачки коронки чија гингивална третина беше со слабо назначена испапченост, коронки со силно назначена испапченост и коронки со рамен профил.

Акумулација на дентален плак со промени на гингивалното ткиво имаше кај вештачки коронки со силно назначена испапченост и кај коронки со слабо назначена испапченост на цервикалната регија каде оралната хигиена беше на многу ниско ниво.

Исто така се регистрирани кратки вештачки коронки во однос на маргиналниот раб на гингивата кај кои на откриениот дел од забот имаше акумулација на дентален плак и инфламација на гингива со неадекватен профил на надоместокот.

Заклучок Зачувувањето на пародонталното здравје покрај од други фактори зависи и од контурите на вештачките коронки со правилно оформени вестибуларни и орални површини кај кои лесно се отстранува бактерискиот плак.

EVALUATION OF PROPER VERTICAL GINGIVAL DESIGN IN ARTIFICIAL DENTAL CROWNS

Jana Bajevska,
Jagoda Bajevska, Biljana Bajevska Stefanoska

Interferences in proper oral hygiene maintenance might be reasons for dental plaque accumulation. For good oral hygiene maintenance a proper vertical gingival design in artificial dental crowns is needed.

The aim of this paper is the analysis of vertical gingival design in artificial dental crowns.
Material and method. Randomly selected porcelain fused to metal and composite veneered crowns were clinically observed, by analyzing their vertical cervical parts, the bulge between equator and crown margin, dental plaque and gingival tissue changes, and compared to analog opposite unrestored teeth. Also, the bulge between equator and crown margin of short artificial crowns was noted.

Results. The analysis of the bulge between equator and crown margin showed presence of artificial crowns, in which the gingival part was highly, less bulged or with no bulge.

Plaque accumulation with gingival tissue changes was present in artificial crowns with high and low bulge of the cervical crown third, with bad oral hygiene.

In short artificial crowns, the uncovered tooth part between margin and gingiva showed plaque accumulation and gingivitis with inadequate restoration profile.

Conclusion. Preservation of periodontal health depends, among other factors, from proper artificial crown contouring, i.e. proper design of oral and vestibular surfaces, which enable easy plaque control.

ПРИПРЕМА НА МАРГИНАЛНА ГИНГИВА ЗА МАКСИМАЛНА ЕСТЕТИКА СО ЦЕЛОСНО КЕРАМИЧКИ КОРОНКИ

Дубравка Ангелиќ
Катерина Спасовска, Данило Крстевски.

Современиот начин на живеење ја наметнува потребата за идеален надворешен изглед а тука се вклучени и забите и убавата насмевка. Милион прашлници ни се моткаат во глава како до идеална насмевка. Ние како стоматолози терапевти секојдневно се наоѓаме пред многу професионални предизвици ,молби и желби на пациентите за нивна рехабилитација со убава и совршена насмевка. Со тенденција кон поубаво и поубаво се развива и занимава естетската стоматологија.Таа подразбира орална рехабилитација која максимално ги задоволува естетските барања на пациентите.Насмевката не влијае само на естетика на лицето и физичката убавина туку во голема мера ја обликува и самодовербата на поединецот. Влијанието на убавата насмевка кон околината како психолошка состојба често е многу важна компонента. Во естетската стоматологија при обликувањето на насмевката голема важност се придава на естетските параметри а не само на функцијата. Таквите параметри се фокус на наш интерес и во нив влегуваат самите заби,гингивата околу нив и усните .Пред започнување со терапијата детално се анализираат сите отстапувања а потоа истите се земаат во предвид и ускладуваат .Така уште во планирањето го детрминираме саканиот правец на терапија,но битно е и пациентот да го прифати предложеното решение. Поред современите материјали на самиот старт треба да се има прецизен и темелен план на терапија но и визија за конечниот резултат. Во нашата професија како протетичари терапевти при разни протетски рехабилитации потребни ни се опрема,апаратура ,технички вештини, знаење и мануелно умеење но најмеќе од се потребна ни е идеја .

PREPARATION OF THE MARGINAL GINGIVA FOR MAXIMUM AESTHETICS WITH ALL CERAMICS CROWNS

Dubravka Angelic
Katerina Spasovska, Danilo Krstevski

Contemporary living imposes the need of aesthetics restorations, especially of teeth in the frontal region. Here we are, not talking only about nice teeth, but also a stunning smile. There are millions of questions in our mind how to get to a dazzling smile. Very often, we, the dental doctors, are in front of our professional challenges where we have to fulfill the needs and wishes of our patients for the perfect smile. The aesthetic dentistry is the science that is interested in the beauty itself, and much, much more of it. It implies oral rehabilitation with maximum aesthetic that satisfies our patients. The smile not only affects the face and the body, but also the self – confidence of the human being. The affection of the aesthetic appeal in the everyday living is very important component. While reconstructing the frontal region we give great importance not only to the function, but also aesthetic parameters. Those parameters are focus of our interest and they are containing the teeth with the surrounding gum, the mucosa of the oral vestibulum and the lips. Before starting the treatment, we are noticing all the irregularities and then during the analysis we're trying to make solution for the malformations. This is how we determinate the way of the therapy, of course, with agreement of the patient for our idea. On the very beginning, besides the modern materials and techniques, we have to have precise plan of therapy and vision of the final result. In our profession, while rehabilitating the oral cavity, we need special equipment, knowledge, technical skills, manual handling, but most of all we need idea and vision. At this point, with all disharmony everything starts, the whole denouement of these problems

ЖЕЛБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ НА ПАЦИЕНТОТ- ПРИЧИНА ЗА КОМПРОМИС ВО СЕКОЈДНЕВНАТА ПРАКТИКА

Исмаили Надер
Шуков А

Вовед:
Во секојдневната практика се среќаваме со случаи каде што сме принудени да направиме компромис од разни причини, посебно од финансиски.

Целта на трудот:
Да се прикажат случаи каде што финансиските можности на пациентот го диктират планирањето на протетичките надоместоци.

Заклучок:
Останува прашањето дали желбите и барањата на пациентите, кога се во судир со основните принципи за изработка на протетските надоместоци, треба да бидат фактор при донесување на одлука за протетска терапија.

Клучни зборови: мобилни протези, покровни протези

PATIENT'S NEEDS AND POSSIBILITIES – REASON FOR COMPROMISE IN EVERYDAY PRACTISE

Ismaili N.
Shukov A.

Introduction:
As doctors, in everyday practice we interact patient's cases when we need to make a compromise for the patients especially from financial aspect of view.

The purpose of the thesis:
To present the cases where the patient's financial limitation dictates the planning of the prosthetic aids.

Conclusion:
The question remains as to : '" whether patient's needs and desires when conflicted with the main principles of planning the dental prosthetics should be considered as a principal factor in making the decision in prosthetic t therapy.

Key words: removable dentures, overdentures

ИМПЛАНТОЛОГИЈА

LASER-LOK ТЕХНОЛОГИЈА И МИКРОТОПОГРАФИЈА НА ИМПЛАНТНИ ПОВРШИНИ

Велеска-Стевковска Даниела[1],
Пеева-Петревска Марија[1], Алексова Павлина[2], Пешевска Снежана[3]

Цел: Целта на обемните научни студии е да се разбере и сфати како коската и меките ткива реагираат на различни специфични типови на имплантни површински микрогеометрии и како тие истите ја афектираат маргиналната периимплантна коска и биолошката ширина кај денталните импланти.

Материјал и метод: Во подолг временски период анализирани се in vitro и in vivo студии од дата базите на Thomson Reuters, PubMed, SCOPUS, Scimago, InnoSpace, ResearchGate и Google Scholar за клиничките импликации на Laser-Lok технологијата на обработка на имплантни површини. Овој тип на технологија е резултат на 20-годишна научноистражувачка работа на врвните Универзитети во САД. Laser-lok микроканалите претставуваат серија на прецизно креирани 8 и 12 микронски канали со помош на ласер (ласерска аблација/отсекување) локализирани на вратот на денталните импланти на BioHorizons.

Резултати: Постојат повеќе од 25 публикации кои ја демонстрираат супериорноста на оваа технологија и способноста на Laser-Lok да го превенира надолниот епителен раст, да креира сврзноткивен атачмент и да овозможи одржување и стабилизација на маргиналната периимплантна коска (MBL). In vitro студиите ја анализирале целуларната активност на различни типови на имплантни површини вклучувајќи ги мазните, грубите и специфично дизајнираните микрогеометриски површини. In vivo валидацијата е направена на бројни анимални модели (зајак и кучиња) со кои се потврдувува веродостојноста на in vitro студиите.

Заклучок: Микроканалите на Laser-Lok претставуваат единствен постоечки дизајн на имплантна површина на денталниот пазар на светско ниво, кој е способен да креира физичка врска-сврзноткивен атачмент на периимплантните ткива. Овој тип на патентирана ласерски обработена имплантна површина е единствена во светски рамки која успева да ги поврзе и одржи стабилни цврстите и меките периимплантни ткива.

Клучни зборови: Laser-Lok, микрогеометрија, дентални импланти, површинска топографија, маргинална коска

IMPLANTOLOGY

LASER-LOK TECHNOLOGY AND IMPLANT SURFACE TOPOGRAPHY

Veleska-Stevkovska Daniela [1],
Peeva-Petreska Marija [1], Aleksova Pavlina [2], Pesevska Snezana[3]

Aim: The aim of analyzing a large number of scientific studies is to understand how bone and soft tissues are reacting to different types of specific implant surface microtopographies and how they affect on periimplant bone and soft tissues.

Material and method: In longer period of time the data bases of Thomson Reuters, PubMed, SCOPUS, Scimago, InnoSpace, Research Gate and Google Scholar were investigated for scientific articles for laser-lok technology as example of surface implant modification and its clinical implications. This type of surface modification is developed in a period of 20 years in the most prestige Universities in the USA. The Laser-lok microchannels are presented as 8 and 12 microns channels precisely created by laser ablation and localized at neck of BioHorizons tapered internal implants.

Results: There are more than 25 publications that demonstrate the superiority of this technology in preventing epithelial down-growth, creating soft tissue attachment and stabilization of periimplant marginal bone (MBL). ,,In vitro" studies mostly analyze the cellular activity of different types of implant surfaces (machined and surfaces with specifically designed microgeometry). ,,In vivo" validation is made on animal models that confirm the findings of the ,,in vitro" studies.

Conclusion: Laser-Lok microchannels is a unique surface implant design that is able to create physical attachment of soft periimplant tissues. This type of patented laser modificated implant surface is the one and only worldwide known implant surface that is able to integrate soft and hard periimplant tissues.

Key words: Laser-Lok, microgeometry, dental implants, surface topography, marginal bone

ДЕМОНТИРАЊЕ (ОТСТРАНУВАЊЕ) НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ БЕЗ УПОТРЕБА НА СПЕЦИЈАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ВАДЕЊЕ (REMOVER KIT) -ПРИКАЗ НА СЛУЧАИ-

Ас. Д-р С. Богдановски,
Ас Д-р А.Ангеловска, Ас. Д-р А. Грнчаровски, Ас. Д-р И.Стоев

Како и кај сите други хируршки процедури, така и кај вградувањето на денталните импланти, одредени внатрешни и надворешни фактори можат да предизвикаат различни компликации кои резултираат со потребата целосно да се извадат пласираните импланти. Покрај системските заболувања,лошите навики итн. кои се контраидикација за имплантирање, причини за губиток на имплантите може да бидат и отсуството на остеоинтеграција, инфекции (периимплантитис), повреда на нерви или на максиларниот синус, преоптоварување на имплантите како и грешки при имплантирањето.

Во вакви случаи е потребно да се извадат поставените импланти, за чие вадење производителите на импланти имаат конструирано и посебни инструменти т.н. remover Kit. Самото отстранување на имплантите честопати е пропратено со остеотомија на преостанатите коскени структури кои пациентите тешко ги прифаќаат.

Во нашиот труд преку неколку случаи ви прикажуваме како на полесен начин да се извадат проблематичните импланти, како и решавање на проблемите со фрактури на абатментите. Во овие процедури се користат истите инструменти (алатки) со кои и се поставуваат имплантите.

REMOVING DENTAL IMPLANTS WITHOUT USAGE OF SPECIAL INSTRUMENTS (REMOVER KIT)

As.D-r S.Bogdanovski,
As D-r A.Angelovska, As D-r A.Grncarovski, As.D-r I.Stoev

As with any other surgical procedure, dental implants placement is not an exception, there are a variety of internal and external factors that can cause different complications which result with complete removal of the placed dental implants. Beside system disorders, bad habits etc which are contraindicated for dental implants, implant failure may occur in failed osseointegration, infections (peri implantitis), nerve and tissue damage, maxillar sinus problems, overloading or procedure mistakes.

These cases require placed dental implants removing, for which the manufactories have constructed special instruments so called Remover Kit. The procedure for removing of the dental implants is often followed by osteotomy of the bone structures which is painful after surgery and difficult to be accepted by the patients.

We will present an easier way to remove failed dental implants in our article, so as solving problems with abutment fractures. The same instruments (tools) for dental implant placement are being used in these procedures.

ФИКСНО-ПРОТЕТСКИ КОНСТРУКЦИИ ВРЗ ИМПЛАНТИ ПОВРЗАНИ СО ПРИРОДНИ ЗАБИ - СТАПКА НА ПРЕЖИВУВАЊЕ ПО 4 ГОДИНИ СЛЕДЕЊЕ

Николовски Б[1].,
Цветановска Стојчева Д[1]., Александровска А[1]., Миновска А[2], Радојкова-Николовска В[3]

Стапка на преживување на долг рок, на мостови над импланти е цел на имплантната терапија. Често пати мостови се поддржани од комбинација на природни заби и импланти.

ЦЕЛ: Нашата цел е да се провери стапката на “преживување” на протетските изработки преку комбинација на природни заби и импланти во споредба со фиксна протетика над природни заби во рок од 4 години на следење.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД: Пациентите беа поделени во 2 групи. Групата која вклучуваше импланти броеше 20 пациенти со 32 импланти, кај кои се присутни 25 мостови конструкции поддржани од комбинација на импланти и природни заби и контролна група од 20 пациенти со 25 фиксни мостови над природните заби. Клиничките податоци според стапката на преживување беа оценувани на почетокот, по 3 месеци, по 1 година и 4 години по завршената протетска рехабилитација.

РЕЗУЛТАТИ: Резултатите не покажаа сигнификантна разлика во било која од предвидените периоди за контролен преглед.

ЗАКЛУЧОК: Добро планирање пред постава на имплантите и прецизна протетска конструкција со посебно внимание на балансирана оклузија е клучот за долго рочна висока стапка на преживување на протетската изработка, која се чини дека е од поголема вредност од типот на потпората на фиксните протетски реконструкции сами по себе.

Клучни зборови: Протетика врз импланти, протетика врз импланти и заби, стапка на преживување.

FIXED PROSTHETICS OVER IMPLANT-TOOTH SUPPORT – SURVIVAL RATE OVER 4 YEARS OF FOLLOW UP

Nikolovski B[1].,
Cvetanovska Stojhceva D[1]., Aleksandrovska A[1]., Minovska A[2], Radojkova-Nikolovska V[3]

Long – term survival rate of bridges over implants is the goal of the implant therapy. Often fixed bridges are supported by combination of natural teeth and implants.

OBJECTIVE: Our goal is to check the survival rate of the prosthetics over combination of natural teeth and implants comparing to fixed prosthetics over natural teeth within 4 years of follow up.

MATERIAL AND METHOD: The patients were divided into 2 groups. The implant group of 20 patients with 32 implants were planned to support 25 fixed bridges supported by combination of implants and natural teeth and the control group of 20 patients with 25 fixed bridges over natural teeth. Clinical data according survival rate criteria were evaluated at the baseline, 3 months, 1 year and 4 years after the finished prosthetic therapy.

RESULTS: The results could not show any significant difference in any of scheduled check-up periods.

CONCLUSION: Well-planned implant placement and precise prosthetic work with special attention of the balanced occlusion is the key for long – term high survival rate of the prosthetic reconstructions which appears to be of higher value than the type of the support of the fixed prosthetic reconstruction itself.

Key words: Prosthetic over implants, prosthetic over implant-tooth support, survival rate.

ОРТОДОНТСКИ МИНИ ИМПЛАНТИ-ПЛАНИРАЊЕ,ПОСТАВА И ИНДИКАЦИИ

Ванчо Спиров
Оливер Димитровски, Жаклина Менчева, Ирена Веселиновска, Арбен Муртезани

Денталниот имплантот се дефинира како алопластичен материјал (страно тело, т.е. метал, керамика..) којшто оперативно се поставува во виличната коска. Главната цел на денталниот имплант представува замена на изгубениот заб во забниот низ. Но денталниот имплант моше да има и друга намена. Тој може да биде искористен и како потпорна точка која ке биде употребена за креирање на сила со цел за придвижување на забот.

Со воведувањето на Ортодонските мини импланти се реши токму овој проблем. Мини имплантите направија револуција во полето на анхоражата во ортодонцијата и тие постанаа еден од најдобрите извори на предвидлива анхоража.

Цел на трудот: Со овот труд се објаснуваат основните принципи на планирање и постава на ортодонтските мини импланти, а воедно се објаснуваат и индикациите за нивна постава.

Заклучок: Ортодонските мини импланти представуваат одличен додаток за обезбедување на стабилна, коскена анхоража за апликација во ортодонскиот биомеханички систем на сила. Успехот на третманот во најголем дел зависи од правилното планирање и соодветната апликација на истите.

ORTHODONTIC MINI-IMPLANTS PLANNING AND INDICATION

Vanco Spirov
Oliver Dimitrovski, Zaklina Mencheva, Irena Veselinovska, Arben Murtezani

Dental implants are defined as alloplastic materials (foreign body, i.e. metal, ceramic..) which are operatively placed in the jawbone. The main purpose of dental implant represents a replacement of the lost tooth in dental string. However, the dental implant may also have another purpose. It can be used as a fulcrum that will be used to create power in order to move the tooth.

With the introduction of orthodontic mini implants this problem was solved. These mini implants have revolutionized the field of anchorage in orthodontics and they became one of the best sources of predictable anchorage.

Purpose of labor: In this paper we explain the basic principles of planning and lineup of orthodontic mini implants, and the occurrence of the most common complications.

Conclusion: Orthodontic mini implants represent an excellent addition to providing a stable, bone anchorage for application in orthodontic system of biomechanical force. The success of treatment largely depends on proper planning and appropriate application of them.

ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ ВО ПОСТЕРИОРНА МАНДИБУЛАРНА РЕГИЈА – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Папакоча Киро,
Димова Цена, Папакоча Гордана, Заркова Јулија, Златаноска Катерина

Цел: беше да се претставуви ефективна можност за решавање на беззабоста и соодветно на тоа спречување на атрофијата на алвеоларниот гребен, конкретно во бочна мадибуларна регија, со помош на методата за коскена аугментација.

Материјал и метод: Пациент на возраст од 29 години кој се јавува на преглед и третман во нашата ординација. При клинички и рентген преглед на пациентот, се одлучува за екстракција на 36 на кој е дијагностицирано Parodontitis chr. periapicalis. После негова екстракција, направена е аугментација на истото место. После 6 месеци од екстракцијата, поставени се три дентални имплантни, а после уште 4 месеци од оваа интервенција направена е протетска рехабилитација.

Резултати: предностите кај добро зачуваниот алвеоларен гребен, се од огромно значење при поставување на имплантите и достигнување нивно бескомпромисно естетско и функционално решение, прават да овие процедури ги применуваме кај поголемиот број на наши пациенти.

Заклучок: Губењето на забите, често резултира со повлекување како на меките така и на коскените трива, затоа зачувувањето на алвеоларниот гребен е од голема вашност, се со цел да се обезбеди соодветна имплантолошка естетска реставрација. За да обезбедиме успешна импланто – протетска рехабилитација, хируршката интервенција е од особено значење и се наметнува како потреба за да обезбедиме соодветен алвеоларен гребен.

IMPLANT PLACEMENT IN POSTERIOR MANDIBULAR REGION – CASE REPORT

Papakoca Kiro[1] ✉,
Dimova Cena[1], Papakoca Gordana[2], Zarkova Julija[1], Katerina Zlatanovska

Aim: was to show an available treatment for preventing ridge atrophy and optimize esthetic in the posterior mandibular area, whit socket preservation procedure.

Case presentation: Male patient, age 29, presents to our clinic. The clinical evaluation showed indication for tooth 36 extraction, due periodontitis. After tooth (36) was carefully removed with forceps technique, the extraction site was grafted with an osteoconductive bone graft.

Методи и Материјали: Учесник во овој извештај на случај е 24 годишен маж со скелетна мандибуларна асиметрија, кој беше упатен до нашата клиника.

Преместена средна линија на мандибула, унилатерален вкрстен загриз на левата страна и хеми мандибуларна хиперплазија на десната страна на мандибулата беа покажани полсе клиничка и радиолошка проверка.

Третирањето започна со поврзување на горниот лак придружен со понизок отстранувачки уред којшто бење употребен за отворање на загризот. После корегирање на вкрстениот загриз, беше изведено исрамнување и усогласување на долниот лак.

Цело време пациоентот носеше ластици од 3та класа и 2ра класа за средна линија со цел да се корегира девијацијата и асиметријата на средната линија.

Резултати: После 24 месеци, асиметријата на мандибулата беше корегирана и исто така болката во делот на темпоралната мандибула бење елиминирана.

Заклучок: На крајот од третманот, Класа 1 стоматолошка и нормална функционална оклузија бење постигната, и исто така одличниот фацијален изглед беше видлив.

Клучни зборови: ортодонција, асиметрија, мандибуларна девијација, третман, деформација.

ORTHODONTIC TREATMENT OF SKELETAL MANDIBLE ASYMMETRY - CASE REPORT

Author: Dr. Ajshe Rexhep,
Co-author: Dr. Sevdi Rexhep

Introduction: The asymmetry in the maxillofacial region can be recognized as differences in the relationship between the both sides of the face.

The skeletal mandible asymmetry is one of the most existent malformations of the face, because it alters the lower part of the face. TMJ disorders are results of the mandible deviation, which sometimes is reflected with terrible pain.

The malformed bones development of the craniofacial complex could be realized from the soft cells on the face.

Aim: The aim of this case report is to reveal the efficacy of non surgical orthodontic treatment of a patient with skeletal mandible asymmetry.

Methods and Materials: Participant in this case report is a 24 years old male with skeletal mandible asymmetry, who was addressed to our clinic.

Mandible midline displacement unilateral cross bite in the left side and hemi mandible hyperplasia of the right side of the mandible were showed, after the clinical and radiological examination.

The treatment started with bonding the upper arch associated with lower removable appliance used to open the bite. After correcting the cross bite, it was performed leveling and aligning to the lower arch. All the time, the patient was wearing Class III midline and Class II elastics in order to correct the midline deviation and the asymmetry.

Results: 24 months later, the mandible asymmetry was corrected and also the pain in the temporal mandible region was eliminated.

Conclusion: At the end of the treatment, a Class I dental and normal functional occlusion was achieved , and also an excellent facial appearance was clearly visible.

Keywords: orthodontics, asymmetry, mandible deviation, treatment, malformation,

ПОВРЗАНОСТ ПОМЕЃУ СУБЈЕКТИВНАТА ПЕРЦЕПЦИЈА И НОРМАТИВНАТА ПОТРЕБА ЗА ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН СО КОРИСТЕЊЕ НА IOTN ИНДЕКС КАЈ ШКОЛСКИ ДЕЦА

Автор Ана Радеска-Пановска[1]
Коавтори Мира Јанкуловска[2], Киро Папакоча[1], Ивона Ковачевска[1], Јулија Заркова[1], Коле Пановски[3],Елена Радеска2а , Катерина Златановска[1]

Цел : Целта на нашата студија беше да се процени потребата од ортодонтски третман користејќи го IOTN индексот, од една страна, а од друга страна субјективна перцепција за степенот на малоклузијата на испитаниците.

Материјал и метод: Студијата вклучи 40 пациенти на возраст од 14-18 години кои беа испитани во 3 ординации во Скопје, Македонија. На секој од нив им беше даден прашалник кој го пополнија пред да биде извршен клинички преглед. Нормативната потреба од ортодонтски третман клинички беше оценета со помош на IOTN индексот.

Резултати: 50% од испитаниците имаа минимални неправилности за кои не беше потребен третман според DHC, а 50% нив беа граничен случај за третман. 60% од испитаниците претходно биле ортодонтски третирани додека 40 % од нив никогаш претходно немале ортодонтски третман. 70% сметаа дека дефинитивно имаат потреба од третман, а 30% од нив сметаат дека најверојатно да. Кај 60% од нив неправилностите на забите ги забележале родителите а 40% нив ги нотирал нивниот стоматолог.

Заклучок: за ефективен ортодонтски третман, субјективната перцепција мора да биде земена предвид при формулирањето на планот за третман со цел да се обезбеди финален продукт кој ќе ги задоволи очекувањата на пациентот.

Клучни зборови: IOTN, субјективна перцепција

ASSOCIATION BETWEEN SELF- PERCEPTION AND NORMATIVE NEED FOR ORTHODONTIC TREATMENT USING IOTN INDEX IN SCHOOL CHILDREN USING IOTN INDEX IN SCHOOL CHILDREN

Author Ana Radeska-Panovska[1]
Coauthor Mira Jankulovska[2], Kiro Papakoca[1], Ivona Kovacevska[1], Julija Zarkova[1], Kole Panovski [3], Elena Radeska [2],Katerina Zlatanovska[1]

Aim: The aim of our study was to assess the need for orthodontic treatment using IOTN index, on the one hand, and on the other self- perception of the level of malocclusion respondents.

Materials and Methods: The study included 40 patients aged 14-18 years who were examined in 3 offices in Skopje, Macedonia. Each of them was given a questionnaire filled out before completing the clinical examination. Normative orthodontic treatment need was assessed clinically using IOTN index.

Results: 50% of respondents had minor irregularities that are not needed treatment by DHC, a 50% of them were borderline case for treatment. 60% of respondents were previously had orthodontic treatment while 40% of them never previously had orthodontic treatment. 70% thought that definitely need treatment, and 30% of them are likely to consider. In 60% of these dental irregularities noted by parents and 40% of them noted their dentist.

Conclusion: For effective orthodontic treatment, subjective perception must be taken into account when formulating a treatment plan in order to ensure the final product that satisfactory expectations of the patient.

Keywords: IOTN, self- perception

РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАЧИНАТА НА АДХЕЗИВНАТА ВРСКА КАЈ ДЛАБОКИ КОМПОЗИТНИ РЕСТАВРАЦИИ СО ПОДЛОГИ ОД КАЛЦИУМ ХИДРОКСИД

Стојановска В.,
Оџаклиевска С., Ванковски В., Саракинова О., Поп Стефанова-Трпоска М., Митич А., Пено Е., Костадиновска Е., Омерагич А.

Цел - Да се одреди, ин витро, јачината на адхезивната врска(МПа) помеѓу тврдите забни ткива и композитната реставрација во длабоки кавитети, со поставени заштитни подлоги.

Материјали и методи – Во оваа ин витро студија, на 40 екстрахирани човечки трети моларни заби им беа препарирани длабоки кавитети од прва класа и беа поделени во две еднакви групи. На дното од длабоките кавитети, кај првата група забни примероци, беше поставена подлога од хемиско-полимеризирачки калциум хидроксид(Dycal,De Trey Dentsply). Кај втората група, како подлога беше поставена светлосно-полимеризирачки калциум хидроксид(VLC Dycal, De Trey Dentsply). Реставрациите, после нагризувањето со киселина, беа обтурирани со комплетен адхезивен систем(Adheziv-Excite, Tetric-Ceram).

Сите забни примероци беа поставени на држачи за раскинување со брзина на движење од 1мм/мин. Пресметаните среди вредности, за јачината на адхезивната врска, беа статистички обработени со Анова и Студентов т-тест тестот.

Композитните реставрации во длабоките кавитети, со подлоги од VLC Dycal, беа појако адхерирани од реставрациите со подлоги Dycal.

Резултати- Јачината на адхезивната врска беше пресметана и изразена во МПа. Беше направена и статистичка обработа со Анова и Студентовиот т-тест. Се покажа сигнификантна разлика ($p<0,001$) помеѓу испитуваните групи.

Заклучок- Кај забните примероци со композитни реставрации, кај длабоките кавитети, со подлоги од светлосно-полимеризирачки калциум хидроксид беа добиени повисоки средни вредности за јачината на атхезивната врска од реставрираните забните примероци со пологи од хемиско-полимеризирачки калциум хидроксид.

RESTORATIVE DENTISTRY

SHEAR TESTING OF OCCLUSAL COMPOSITE RESTORATION IN DEEP CAVITY PREPARATIONS LINED WITH CALCIUM HYDROXIDE

Stojanovska V.
Ogjaklievska S., Vankovski V.,Sarakinova O.,Pop Stefanova- Trposka M., Mitic A., Peno E., Kostadinovska E.,Omeragic A

AIM: To determinate in vitro the shear bond strength (MPa) between hard dental tissues and composite restoration in deep cavities with use of a base.

Materials and Methods: In this in vitro study 40 extracted human teeth were prepared with deep oclusal cavities and divided into two equal groups. On the bottom of deep cavity in the first group a chemically cured calcium hydroxide (Dycal, De Trey Dentsply) was placed as a base. In the second group light-cured calcium hydroxide (VLC Dycal, De Trey Dentsply) was used. The restorations were completed with an acid-etched, incrementally placed composite resin (Adheziv-Excite, Tetric-Ceram) .

The specimens were mounted in a jig and stressed in tension at a crosshead speed of 1 mm/min until failure. The mean bond strengths were calculated and compared using one-way ANOVA

A composite restoration in deep cavities lined with VLC Dycal bonding better than cavities with chemically cured calcium hydroxide liner.

Results: The shear bond strength was calculated and expressed in MPa. Data were analyzed by ANOVA and the Studen-t test. There were significant differences ($p<0,001$) between groups.

Conclusion: The specimens of filled deep cavities with base of VLC Dycal showed highest mean values (MPa) than specimens with base of Dycal.

ЕСТЕТСКО, КОМПОЗИТНО РЕШЕНИЕ ПОСЛЕ ФРАКТУРА НА ГОРНИ ИНЦИЗИВИ -ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Настевски Н,
Андонова С, Бизевски Д, Маркоски, Н

Фрактурите на горните заби се јавува најчесто како последица на траума предизвикана од современиот начин на живеење,индустријализацијата,собраќајниот промет,како и спортските игри.

Целта на овој труд е да се прикаже случај со фрактура на инцизиви со луксација,настаната од сообракајана незгода.

После превземените ургентно-хируршки мерки, ендодонтско лекување, се пристапи кон естетско реставративен процес на лекување.

Естетската рехабилитација на пациентите со фрактури на фронталните заби игра огромна медицинска,психолошка и социјална улога.

AESTHETICAL, COMPOSITE SOLUTION AFTER FRACTURE ON THE MAXILLARY INCISORS – SHOW CASE REPORT

Nastevski N,
Andonova S, Bizevski D, Markoski N

Fractures on the upper teeth appear, in most of the cases, as a result of a stroke trauma. The hit is usually direct and caused by traffic accidents, sport accidents etc.

The aim of this case report study is to show a particular case of a maxillary incisive fracture and luxation at the same time, due to a car accident.

After the necessary surgical and endodontic treatment, an aesthetical restoration treatment was applied.

This kind of aesthetical therapy is of a crucial importance for the patient's medical, social and psychological condition.

ИН ВИТРО СЕМ АНАЛИЗА НА ПУЛПАЛНАТА ЗАШТИТА ПОД КОМПОЗИТНА РЕСТАВРАЦИЈА

Стојановска В[1].,
Попоска Л[2]., Муратовска И[2]., Поповска М[2]., Радојкова-Николова В[2].,Капушевска Б[2]., Атанасова-Стојановска А[2]., Жабокова-Билбилова Е[1]., Тошевска-Спасова Н[2].

Цел- Да се евалуира ин витро интерфацијалниот микро простор над поставените препарати за заштита на пулпиното ткиво.

Материјали и методи – Во оваа ин витро студија, употребивме 40 екстрахирани човечки трети моларни заби. На забните примероци им беа препарирани длабоки оклузални кавитети а потоа рандомизирано беа поделени во две групи:

1)-со светлосно-полимеризирачки калциум хидроксид(Dycal LC),2)-со глас јономер(Fuji II LC). Потоа кавитетите биле обтурирани со компетен адхезивен систем- 37% H3PO4, adhesive - Excite and composite -Tetric Ceram, според мануфактурните пропозиции.

Резултати- Примероците беа поставени во апарат за вакумирање со цел да се обложат со златна прашина за анализа на СЕМ со зголемување од 1000-3000х.

Добиените фотографии од СЕМ покажаа ултрастуктура помеѓу дентинот, подлогите и композитните реставрации. Беа видени микропростори и дисконтинуитет кај поставените подлоги од калциум хидроксид. Кај реставрациите со подлоги од глас јономер, ултрастуктуралната анализа покажала интерфацијален простор од 8-15μ и делумно формиран хибриден слој.

Заклучок- Забните примероци со заштитна подлога од глас јономер покажале парцијално формиран хибриден слој и подобра адаптација на дното од длабоките кавитети.

IN VITRO SEM ANALYSIS OF INTERNAL ADAPTATION FOR PUPAL PROTECTION UNDER COMPOSITE RESTORATION

Stojanovska V[1].,
Popovska L[2]., Muratovska I[2]., Popovska M[2]., Radojkova-Nikolova V[2]., KapusevskaB[2].,
Atanasova-Stojanovska A[2]., Zabokova-Bilbilova E[1].,Toseska-Spasova N[2]

Aim: The aim of this in vitro study was to evaluate the interfacial microgap with different materials used for pulp protection.

Matherial and method: We used 40 permanent, non carious human teeth in vitro. Than the specimens were prepared with deep oclusal cavities, and randomly divided in two groups: 1. with calcium-hydroxide base (Dycal LC); 2. with glass ionomer base (Fuji II LC). After the cavities was obturate with complete adhesive system: 37% H3PO4, adhesive - Excite and composite -Tetric Ceram, according to the manufacturer's manual.

Results: The specimens were mounted on stubs and sputter coated. The internal adaptation of the materials to the axial wall was analyzed under SEM with 1000-3000× magnification. Where the bases were placed, ultra structural images showed microleakage between dentin, base and composite restorations. Microleakage and discontinuity in marginal edge was also seen in the base with calcium-hydroxide. Interfacial gap in restorations with glass ionomer was 8-15µ and the hybrid layer was partially formed hybrid layer.

Conclusion: The specimens of filled deep cavities with base of glass ionomer showed partially formed hybrid layer and better adaptation on the botton of deep cavity.

ВИСОКОЕСТЕТСКА РЕСТАВРАЦИЈА НА ГОЛЕМИ ДЕНТАЛНИ ДЕСТРУКЦИИ СО КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Андонова С,
Настевски Н, Бизевски Д

Естетските реставрации претставуваат најголема сатисфакција за пациентите кои што го подобруваат нивниот квалитет на живот од психолшки и социјален аспект.

Цел на овој труд е да се презентираат случаеви со големи дентални деструкции, нивна терапија со композитни смоли и нивното влијание врз квалитетот на животот.

Како материјал на овој труд се земени пациенти пред терапијата и по извршените интервенции со композитни смоли во фронталната и бочната регија.

После секоја квалитетно и успешно извршена естетско реконтруктивна изработка најголема награда е задоволството од страна на пациентот.

HIGHLY AESTHETIC RESTORATION OF BIG DENTAL DESTRUCTION WITH COMPOSITE MATERIAL – CASE REPORT

Andonova S,
Nastevski N, Bizevski D

Aesthetic restorations are the biggest satisfaction for a patient. They improve the quality of patient's life from a social and psychological point of view.

The goal of this study is to present cases with big dental destructions, the needed therapy with composite materials and their influence on the quality of patient's life.

As materials for this study were used patients before and after the aesthetic therapy with composites, in the frontal and buccal region.

After every successful intervention, the greatest pleasure is the patient's satisfaction.

ПРИМЕНА НА SDR (SMART DENTIN REPLACEMENT) КОМПОЗИТОТ КАЈ ПОСТЕРИОРНИ РЕСТАВРАЦИИ – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Татјана Матлиоска
Коавтори: Соња Апостолска, Василка Ренџова, Мирослав Коцевски, Филип Конески, Данило Крстевски

Цел: Да се прикажат карактеристиките на SDR (smart dentin replacement) и да се посочат придобивките од негово користење.

Материјал и метод: Селектирани се пациенти со постериорни кариозни лезии од I и II класа и после целосно отстранување на кариесот на припремените кавитети како база е аплициран SDR композит со претходна примена на конвенционалната дентин - емајлова атхезија . За разлика од конвенционалните течни композити се аплицира во дебелина од 4mm со еднократна хелио полимеризација. Делот од емајлот се пополнува со реставративен светло полимеризирачки композит и на крај се завршува со гумички и четки за полирање.

Резултати: Клиничките случаи со примена на SDR техника во споредба со останатите реставративни материјали дадоа одлични резултати. Се покажа голем процент на скратено време на работење, лесна апликација, адаптација на ѕидовите, скратена полимеризација, одлично рабно затворање и добра атхезивна врска.

Заклучок: Примената на SDR во секојдневната пракса е одлична солуција бидејќи дава: висок квалитет, добра естетика, ја поедноставува постериорната реставрација и дава сигурни и брзи резултати.

Клучни зборови: SDR, примена,постериорни реставрации

USE OF SDR (SMART DENTIN REPLACEMENT) COMPOSITE IN POSTERIOR RESTORATIONS – CASE PRESENTATION

Tatjana Matlioska
Co-authors: Sonja Apostolska, Vasilka Rendzova, Miroslav Kocevski, Filip Koneski, Danilo Krstevski

Purpose: The purpose is to show the features of Smart Dentine Replacement base material and to point the benefites from its usage.

Material and method: Patients with Class I and II carious lesions were selected. After total caries removal, on the prepared cavities the SDR material was aplied as a base, following a conventional dentin/enamel adhesion. The material was placed in 4mm thick layer with a single light polymerization. Finaly the enamel was replaced with conventional esthetic light curing composite. The surface was polished with polishing cups and brushes.

Results: The clinical cases of the new SDR technique compared with the other restorative materials showed great results. A considerably reducing of the work time, easier application and wall adaptation, shorten polymerization, high margin adaptation and excellent adhesive quality were demonstrated.

Conclusion: The use of SDR material in every day practice is a great solution because it provides: high quality, good esthetic, simplified process of placing the posterior restorations, safe and fast results.

Key words: SDR, use, posterior restorations

ЛАСЕР

ПРИМЕНА НА FIDELIS III ND.YAG ЛАСЕРОТ ВО ХИРУШКИОТ ТРЕТМАН НА ОРАЛНИТЕ МУКОГИНГИВАЛНИ ПРОМЕНИ: ПРИКАЗ НА СЛУЧАИ

Георгиева С.,
Перковска-Бибамовска М., Пандилова М. Ристовска С.

Вовед: Да се проследат Fidelis III Nd.Yag ласерот, тртирани се два пацинети со орални мукогингивални промени, кај кои класичната хирушка метода е заменета со енергијата на ласерскиот зрак.

Материјал и метод: Во првиот случај беше испланирана и спроведена френулектомија, а во вториот целосно отстранување на фибриноидно ткиво од околната гингива. Резултатите беа клинички проследени и фотографски регистрирани.

Резултати: Ласерскиот хирушки третман беше безболен, и изведен со голема прецизност и прегледност поради чистото оперативно поле на кое отсуствуваше крварење. Минималното оштетување на третираното ткиво резултираше во забрзана епителизација и репарација. Бактерицидниот и антиедематозен ефект на ласерот придонесоа кон побрзо заздравување без постхирушки компликации. По завршената интервенција пациентите изразија задоволство и подготвеност за понатамошна соработка. Ако на ова се додаде краткото време-траење на самата процедура, со сигурност може да се каже дека постигнатите ефекти се крајно позитивни.

Заклучок: Супериорните клинички резултати кои ги постигнавме, потврдени и од други експериментални студии ни даваат право да заклучиме дека примената на ласерот во оралните хирушки интервенции има значителни предности. Убедени сме дека оваа технологија со тек на време ќе ги истиснува класичните методи во оралната хирургија и ќе стане дел од секојдневната стоматолошка практика.

Клучни зборови: ласер; френулектомија и гингивален фибром.

LASER

USE OF FIDELIS III ND: YAG LASER FOR SURGICAL TREATMENT OF ORAL MUCOUS LESIONS: CASE REPORTS

Georgieva S.,
Perkovska-Bibamovska M., Pandilova M., Ristovska S.

Introduction: In order to follow the clinical outcome of Fidelis III Nd:YAG laser two patients with oral mucous lesions, as a replacement for classic surgical treatment and the use of scalpel, were treated with the energy of the laser beam

Material and method: In the first case frenectomy was planned and performed, and in the second case a gingival fibrous lesion was removed in total. Both cases were clinically and photographically recorded. After the intervention, patients revealed great acceptance and pleasure, also looking forward for further cooperation.

Results: The laser treatment was painless, with excellent visibility and preciseness due to clean surgical area devoid of blood. Minimal tissue damage resulted in fast epitelisation and reparation. Bactericide and antiedematous effect of the laser contributed for faster wound healing without post surgical complications. Adding up the short duration of the therapeutic intervention, we can certainly say that the achieved results were highly positive.

Conclusion: Advanced clinical results that we realized, confirmed also by other investigations, allow us to conclude that the use of laser in dentistry has significant advantages. We are convinced that this technology in the future will hustle the classic surgical methods and will become a part of ordinary dental practice.

Key words: laser; frenectomy; fibroma; gingival

ХИРУРШКИ МЕНАЏМЕНТ НА ИНФЛАМИРАНО И ХИПЕРТРОФИЧНО ГИНГИВАЛНО ТКИВО СО ДИОДЕН ЛАСЕР ПОСЛЕ ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН

Г. Ковачевска[1],
Н. Ковачевски[2]

Цел: Целта на оваа студија беше да се опише користењето на ласерската технологија за подобрување на ортодонтскиот третман. Мукозната гингивална хирургија со диоден ласер е индицирана во случаеви со воспалено и хипертрофично гингивално ткиво.

Материјали и методи: Кај пациентите со воспалено и хипертрофично гингивално ткиво во горната вилица, со примена на локална плексус анестезија, беше направена и гингивектомија, поврзани со отстранувањето на интерденталната папила, само по отстранувањето на фиксниот апарат. Специфичните процедури вклучуваат естетска гингивална реконструкција направена со 810nm бранова должина D-Touch™ диоден ласер [Syneron Dental Lasers], со користење на апликација хирургија 1, фибер влакно со дијаметар од 400 µm, моќност [Watts] 3, импулс и времетраење CW и контакт.

Резултати: Во овој случај кога е индицирана хируршка интервенција, употребата на диоден ласер ја прави терапијата безбедна, ефикасна и совршена. По 5-14 дена го набљудувавме брзото закрепнување и брзото заздравување кое беше, безбедно, без болка, непријатност, и крварење. По период од шест месеци не се забележани рецидиви на инфламација и хипертрофија на гингивалното ткиво.

Заклучок: Ласерската технологија завзема се повеќе важна улога во современата ортодонција денес. Употребата на ласер, се покажа како ефективна алатка за зголемување и олеснување на ефикасноста, специфичност, и удобност на денталниот третман. Изолирани области на воспалено, хипертрофично ткиво може лесно да се отстранат со диоден ласер без специјалистички упат. Доаѓањето на диодниот ласер стана прв избор кај многу клиничари кои го вклучија во оптимизација на гингиваната естетика, како дел од сеопфатниот ортодонтскиот третман.

Клучни зборови: Воспалено и хипертрофично гингивално ткиво, диодна ласерска терапија, ортодонтски третман.

INFLAMED AND HYPERTROPHIC GINGIVAL TISSUE SURGICAL MANAGEMENT WITH DIODE LASER RELATED TO ORTHODONTIC TREATMENT

G. Kovacevska[1],
N. Kovacevski[2]

AIM: The aim of the present study was to describe the utilization of laser technology to improve orthodontic treatment. Mucous gingival surgery with diode laser is indicated in cases with inflamed and hypertrophic gingival tissue.

MATERIALS AND METHODS: In patients with inflamed and hypertrophic gingival tissue in the upper arch a topical anaesthetic was applied to the gum and a gingivectomy was done, associated to the elimination of the interdental papilla, just after the removal of the fixedappliance. Specific procedures, including aesthetic gingival re-contouring were done with 810nm wavelength D-Touch™ diode laser [Syneron Dental Lasers], using application Surgery 1, Fibre Diameter 400 µm, power [Watts] 3, Impulse & Duration CW and Contact.

RESULTS: In this case, when surgical intervention is indicated, the use of the diode laser makes the therapy safe, effective and perfect. We observed fast recovery after 5-14 days and rapid healing, safe with no pain, discomfort, and bleeding. After period of six months no recidives of inflamated and hypertrophic gingival tissue were observed.

CONCLUSION: Laser technology has become an important tool in modern orthodontics. Use of laser proved to be an effective tool to increase efficiency, specificity, ease and comfort of the dental treatment. Removal of isolated areas of inflamed, hypertrophic tissue can easily be excised with the diode laser without specialist referral. With the advent of the diode laser, many clinicians are choosing to include optimization of gingival aesthetics as part of the comprehensive orthodontic treatment.

Key words: Inflamed and hypertrophic gingival tissue, Diode laser therapy, Orthodontic treatment.

ЛАСЕРСКИ ТРЕТМАН НА ХИПЕРПЛАЗИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ ОД НЕСООДВЕТНО ПРОТЕТСКО ПОМАГАЛО (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ)

Мирјана Марковска Арсовска
Симјановска Љуба, Терзиевска Анета, Мицајков Игор, Зоран Арсовски

Цел
Целта на овој труд е да се прикаже случај на хиперплазија во вестибулумот од максилата, направена од несоодветно протетско помагало и нејзин третман со примена на ласер.

Материјал и метод
За отстранување на хиперплазираното ткиво се користеше локален анестетик Scandonest 2% во количина од 1 см3, наместо стандардна количина од 2 см3. Интервенцијата беше изведена со Fotona Er YAG Laser. Постоперативно беше направен контролен преглед следниот ден и седмиот ден од извршената интервенција.

Резултати
Во текот на интервенцијата како и постоперативно не беа забележани никакви компликации од типот на болка и крварење.

Заклучок
- При работа со ласер интервенцијата е минимално инвазивна
- Крварењето е минимално
- Нема сутура
- Болката е незначителна, како во тек на интервенција така и после неа
- Пациентот се чувствува комотно

LASER TREATMENT OF HYPERPLASIA DUE TO INADEQUATE PROSTHESES

Markovska Arsovska Mirjana
Simjanovska Ljuba, Terzievska Aneta, Micajkov Igor, Arsovski Zoran

Aim
The aim of this study was to present the case of hyperplasia in the vestibulum of the maxilla made of inadequate prostheses and its treatment using laser.

Material and method
For removal of hyperplastic tissue we usedlocal anesthetic in amonts of 1sm3, rather than the default amount of 2sm3. The intervention was performed with Fotona ErYag laser. We had been controled the patients the next day and the seventh day after the intervention.

Results
During the intervention and posoperatively we didn`t note any complications such as pain and bleeding.

Conclusion
- intervention is minimally invasive by using laser,
- there is no major bleeding,
- no suture
- pain is insignificant during the intervention and after it,
- patient feels comfortable.

ОТСТРАНУВАЊЕ НА МУКОЗНИ ЦИСТИ СО ПОМОШ НА ДИОДЕН ЛАСЕР

Башким Исмаили,,
Синиша Симјановски,,, Симона Симјановска, Тирон Даци., Љуба Симјановска

Цел: Нашата цел е во овој труд да го презентираме диодниот ласер со неговото антиинфламаторно и хемостатско дејство во отстранување на мукозните цисти кои се со локализација на долната усница.

Материјал и метод: Во овој труд ќе претставиме осум случаи кај кои е дијагностицирана мукозна циста на долната усница со различна големина. Кај овие пациенти кои беа на млада возраст го користевме диодниот ласер SIRO Laser X tend IV класа, наменет за мекоткивна патологија. Кај овие пациенти наместо стандардната количина на анестетик, дававме многу мала количина и не користевме конец за сутурирање.

Резултати: После извршеното отстранување на мукозните цисти на наредните контроли, следниот ден и по седум дена кај пациентите не се забележани никакви промени во смисол на оток, болка, крварење и други компликации.

Заклучок: SIRO Laser X tend IV класа- има многу предности и придобивки над конвенционалните методи за отстранување на мукозните цисти. Потребата од давање на анестетик се намалува, како и потребата од сутурирање. При работата со ласерот се обезбедува суво работно поле, а од страна на пациентите оваа метода е се поприфатлива.

REMOVING OF MUCOUS CYST USING A DIODE LASER

Baskim. Ismaili [1].,
Sinisa Simjanovski[2]., Simona Simjanovska[3]., Tiron. Daci[1]., Ljuba. Simjanovska[3]

Objective: Our aim in this paper to present the diode laser with its anti-inflammatory and haemostatic effect in removal of mucous cysts that are localized on the lower lip.

Materials and Methods: In this paper we present eight cases that had been diagnosed mucous cyst in the low lip with different size. By the patients in young age we used the diode laser SIROLaser XtendIVclass, convenient for soft tissue pathology. In these patients instead the standard volume of anesthetic we gave a very small volume and didn't use suture.

Results: After the complete removal of mucous cysts on the following control on the day and after, as well as after seven days by the patients we did not observed any change in the sense of swelling, pain, bleeding and other complications.

Conclusion: SIROLaser XtendIVclass- has plenty of advantages over conventional methods for the removal of mucous cysts.The need to give anesthetic and the need for suture is reduced. During the work with laser first we provide a dry working field, and by patients this method is acceptable.

КОРИСТЕЊЕ НА ЛАСЕР ВО ОСТРАНУВАЊЕ НА ФИБРОМИ НАСТАНАТИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ИРИТАТИВНИ ФАКТОРИ

С Симјановски.
Н Ставрева., С Симјановска., Н Тошевска Спасова ., Б Џипунова

Цел: Целта на овој труд е да го презентираме Ласерот со сите негови својства, како еден сосема нов и многу пософистициран начин за отстранување на фиброматозните промени кои се локализирани на букалната слузница, а чиј најчест етиолошки фактор се механички фактори.

Материјал и методи: Прикажуваме 25 случаи, кај кои беше клинички дијагностицирана фиброматозна промена во усната празнина. Најчестата локализација на промената беше на букалната слузница во пределот на моларната регија или местата каде имаше недостаток на некој од забите. Најчесто овие фиброматозни промени беа со солитарна петелкаста промена на слузницата на образот и сите беа отстранети со Er: YAG LASER -02 Fotona Laser-от, без притоа да се изврши сутурирање на ексцизионата рана. Во сите овие случаи небеше направена сутура на ексцизионата рана, како превенција за хемостаза.

Резултати: Пос терапискиот третман кај сите пациенти кои беа третирани со Ласерска терапија даде одлични резултати, како во однос на крварење, отоци, болка или црвенило. Употребата на ласерскиот зрак кај сите овие случаи обезбеди одлична хемостаза.

Заклучоци: Секоја фиброматозна промена која е локализирана на слузницата во усната празнина потребно е да се отстрани до здраво, како би се избегнале евентуалните рецидиви. Исто така во исто време сите иритирачки фактори кои допринеле до појава на фиброми неопходно е да бидат отстранети. При секоја мекоткивна промена во усната шуплина неопходно е да се направи и патохистолошка верификација на истата

USAGE OF THE LASER IN THE REMOVAL OF THE FIBROMA LIKE A RESULT OF IRRITATING FACTORS

S.Simjanovski,
N.Stavreva, S.Simjanovska, N.Toseva-Spasova,B.Djipunova

Aim: The aim of this study is to present the Laser with all its characteristics, like a new and more sophisticated way of removal of the fibroma changes which are localized on the cheek mucosa.

Material and methods: We show 25 cases with clinical diagnosed fibroma change in the mouth. Most common location was on the cheek mucosa in the molar region or a region where tooth was extracted. All the fibroma changes were removed with Er: YAG LASER -02 Fotona Laser without sutura of the wound. In all the cases there was no sutura as a prevention of hemostasis.

Results: Post therapy treatment at all the patients was done and gave great results. No bleeding, no edema, pain or erythema. Using the laser great hemostasis was secured.

Conclusion: Every fibroma change which is localized on the mucosa in the mouth must be removed and secure good and healthy tissue. Also the every irritating factors that caused the fibroma must be eliminated. Patohistological verification of every soft tissue change in the mouth cavity must be done.

ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

ВЛИЈАНИЕТО НА ПЛУНКАТА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ДЕНТАЛНИОТ КАРИЕС

Митушевска Елена,
Цековска Светлана, Јанкуловска Мира, Ивановски Киро, Апостолска Соња ,
Глигорова Драгица

Вовед: Секретираното количество и квалитетот на плунката имаат големо влијание на процесите на де- и реминерализација на забните површини. Повеќето можни причини кои се одговорни за промената на оралниот баланс и фаворизирање на деминерализацијата може да се откријат со мерење на плунковните параметри.

Цел: да се детерминира застапеноста на ниско и високо молекуларните муцини како и концентрациите на калциум, уреа и бикарбонати кај група на кариес активни и кариес резистентни испитаници.

Материјал и метод: Во ова истражување се опфатени 60 испитаници од обата пола на возраст од 19 до 25 години, поделени во две групи според КЕП индексот (Klein- Palmer – овиот систем): кариес резистентни (со КЕП меѓу 1,1-4,5) и кариес активни (со КЕП над 12,3). Вкупното количество на калциум, бикарбонати и уреа се одредени со помош на фотометриски методи, а муцините се одредуваат со SDS- PAG електрофореза според Gorg и сор.

Резултати: Нискомолекуларниот муцин преовладува во плунката на кариес резистентните испитаници, а муцинот со висока молекуларна тежина преовладува во плунката на кариес активните испитаници. Исто така, кај кариес резистентните испитаници добиени се поголеми количини на калциум, бикарбонати и уреа.

Заклучок: Добиените резултати укажуваат на поврзаност меѓу концентрацијата на нискомолекуларниот муцин и денталниот кариес, што значи дека тој има важна улога во зачувувањето на денталното здравје. Познавањето на неговите точни концентрации може да се детерминира предиспозицијата кон денталниот кариес. Одредувањето на другите плунковни параметри, како што се калциумот, уреата и бикарбонатите, дополнително го потврдува фактот дека преку плунката може да се добијат важни информации за состојбата на оралното здравје.

Клучни зборови: плунка, ниско и високо молекуларните муцини, калциум, уреа и бикарбонати, кариес резистентни и кариес активни.

PEDIATRIC AND PREVENTIVE DENTISTRY

THE INFLUENCE OF SALIVA ON REPRESENTATION OF DENTAL CARIES

Mitushevska Elena ,
Cekovska Svetlana, Jankulovska Mira, Ivanovski Kiro, Apostolska Sonja,
Gligirova Dragica

Introduction: The quantity and quality of secreted saliva have strong influence on the process of de- and remineralization of tooth surfaces. Many possible reasons which are responsible for the change of oral balance and favoring demineralization can be discover by measuring salivary parameters.

Objective: To determine the presence of low and high molecular mucins and concentrations of calcium, urea and bicarbonates in a group of caries active and caries resistant subjects.

Materials and Methods: This study included 60 subjects of both sexes aged 19 to 25 years, divided into two groups according to DMF index (Klein –Palmer –s system): caries resistant (with DMF between 1.1 to 4.5) and caries active (with more than 12.3 DMF). The total amount of calcium, bicarbonate and urea are determinated by the photometric methods and mucins was determined by SDS-PAG electrophoresis under Gorg et al.

Results: The low molecular mucins prevails in saliva of caries resistant subjects and high molecular mucins prevails in the saliva of caries active subjects. Also, the caries resistant subjects have greater amounts of calcium, bicarbonate and urea.

Conclusion: The results indicate the relationship between the concentration of low molecular mucin and dental caries, which means that it has an important role in preserving dental health. The knowledge of its exact concentration can be determined predisposition to dental caries. The determination of other salivary parameters, such as calcium, bicarbonate and urea , further confirmed by the fact that that saliva can get important information on state of oral health.

Keywords: saliva, low and high molecular mucins, calcium, urea and bicarbonates, caries resistant and caries active.

ВЛИЈАНИЕТО НА КАРИЕСОТ НА МЛЕЧНИТЕ ЗАБИ ВРЗ ПОЈАВАТА НА КАРИЕС КАЈ ПРВИТЕ ТРАЈНИ МОЛАРИ

Нада Шундовска

Вовед: Кариесот на млечните заби се јавува во многу рана детска возраст, како последица на лоши навики во исхраната, лоша орална хигиена и секако, на необавестеноста на родителите за значењето на млечните заби и можноста за одржување на нивното здравје. Имено, многу родители не посветуваат доволно внимание за состојбата на млечните заби бидејќи сметаат дека истите се од времен карактер, односно дека сите млечни заби секако, ќе се променат.

Цел: Основната цел на истражувањето е да се испита распространетоста на кариес на млечните заби кај децата на возраст од 3 до 6 години во градинките “Пролет” и “Ѕвездички” во Битола.

Метод на работа: Извршени се систематски прегледи на 130 деца од градинките “Пролет” и “Ѕвездички” во Битола. Податоците за кариесот на млечните заби е регистриран во стоматолошки картони, а потоа податоците се статистички обработени.

Резултати: Од вкупниот број на прегледани деца (130), со здрави заби се регистрирани 50% (65 деца), додека кариес на млечни заби има кај 40% од нив (52 деца). Кај 10% од вкупниот број на испитаници (13 деца) забележан е циркуларен кариес.

Заклучок: За добро орално здравје на малите деца потребна е едукација на родителите, започнувајки уште од бремените жени и родители на доењчина преку примена на соодветни превентивни мерки како би се намалила фрекфенцијата на кариес во раното детство. Тоа подразбира примена на здрава исхрана, добри хигиенски навики, соодветна примена на флуориди и навремена санација на млечните заби. Во спротивно, како негативен ефект се јавува кариесот на млечните заби кој пак е причина за појава на кариес на првите трајни молари посебно на апроксималните површини и покрај спроведеното залевање на оклузалните површини.

THE IMPACT OF THE CARIES OF THE DECIDUOUS TEETH ON THE CARIES OF THE PERMANENT FIRST MOLARS

Nada Sundovska

Introduction: The caries of the deciduous teeth occurs in very early childhood, as a result of bad eating habits, poor oral hygiene and certainly parent's unawareness about the importance of the deciduous teeth and the ability to maintain their health. In fact, many parents do not pay enough attention to the situation of the deciduous teeth because they think they are temporary, or that all deciduous teeth will certainly change.

Objective: The main objective of this research is to investigate the prevalence of caries of the deciduous teeth among children at age from 3 to 6 years, registered in the kindergarten "Prolet" and "Zvezdichki" in Bitola.

Methodology: For the purpose of this research, have been carried several out systematic reviews of 130 children, all of them from kindergarten "Prolet" and "Zvezdichki" in Bitola. The official data about the caries of the deciduous teeth have been registered in dental cartons, and after, those data have been statistically processed.

Results: Out of the total number of children that have been examined (130), with healthy teeth have been registered 50% (65 children), while the caries of the deciduous teeth has been noticed at the 40% of them (52 children). In 10% of the total number of respondents (13 children), has been registered circular caries.

Conclusion: Good oral health of young children requires first of all: right parental education, starting from pregnant women and parents of baby-infants, through the application of appropriate preventive measures, all in order to reduce the frequency of caries in early childhood. Abovementioned involves the application of a healthy nutrition, good hygiene practices, proper application of fluoride and timely remediation of the deciduous teeth. Otherwise, negative effect occurs caries of the deciduous teeth, which in other hand is the cause of caries of the first permanent molars especially approximal surfaces, despite conducted sealing of the occlusal surfaces.

КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ КЕП ИНДЕКСОТ НА 12-ГОДИШНИТЕ ДЕЦА И КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ФЛУОРОТ ВО ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ ОД ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Амбаркова Весна
Јанкуловска Мира , Кочубовски Михаил , Шабан Мемети, Светлана Тошевска, Наташа Ставрева

Цел:
Целта на оваа студија е да се утврди корелацијата меѓу КЕП индексот на 12-годишните деца и концентрацијата на флуорот во водата за пиење од населените места каде што децата живеат.

Материјал и метод:
Во испитувањето беа опфатени 396 ученици,од 6 централни и 13 подрачни основни училишта, на кои им се одреди КЕП индексот. Децата живеат во 4 различни градови и 15 различни села.19 примероци на вода беа земени од испитуваната област за да се одреди концентрацијата на флуор со помош на електрохемиската метода користејќи го јонометар (pH/ISE meter- Thermo-Orion) со специјална Ф-електрода (Thermo Orion Ion Plus Fluoride Electrode) на Институтот за јавно здравје. За одредување на корелацијата меѓу одредени варијабли беше користен Spearman-овиот метод.

Резултати:
Вкупниот број на деца во испитуваниот примерок изнесувал 396, од кои 201 (50.8%) биле од женски и 195(49.2%) биле од машки пол. Просечниот КЕП индекс кај оваа група на деца изнесувал 3.46, со стандардна девијација од ± 2.9.Максимални концентрации на флуор во водата за пиење од 0.47 ppmF беа утврдени во приградската населба Три Чешми и градот Штип, додека минимални (0.26 ppmF) во градот Свети Николе и (0.08 ppmF) во селото Шашаварлија. Корелацијата помеѓу вредноста на КЕП индексот кај децата од 12 години од Источниот регион и концентрацијата на флуорот во водата за пиење постои негативна, индиректна корелација, со вредност на коефициентот R=-0,03.

Заклучок:
Корелацијата помеѓу КЕП индексот и концентрацијата на водата за пиење од е негативна, индиректна корелација, но статистички, оваа корелација е незначајна (p>0,05).

CORRELATION BETWEEN THE VALUE OF THE DMFT SCORE OF THE 12 YEARS OLD CHILDREN, AND THE CONCENTRATION OF FLUORIDE IN DRINKING WATER FROM THE EASTERN REGION

Ambarkova Vesna [1],
Jankulovska Mira [1], Kocubovski Mihail [2], Saban Memeti [2],
Svetlana Tosevska [2] , Nataša Stavreva [3]

Aim:
The aim of the study was to determine the correlation between the DMFT score of the 12-years old children and the concentration of fluorine in drinking water from the settlements where the children live.

Material and method:
This research involved 396 students to measure the DMFT index from 9 Central and 13 Regional Primary Schools. The students lives in four different cities and fifteen different villages. Nineteen water samples were taken in the study area to determine their fluoride concentration by electrochemical method using a special ion-Analyser (pH/ISE meter- Thermo-Orion) with a special special F-electrode (Thermo Orion Ion Plus Fluoride Electrode) at the Institute of Public Health. The Spearman Rank Order Correlations was used for statistical analysis.

Results:
The total number of children in the sample was 396, comprising 201 (50.8%) females and 195 (49.2%) males. The mean DMFT was 3.47, with standard deviation (SD) of 2.9 . The maximum concentration of fluorine was determined in drinking water from suburban settlement Tri Češmi and Štip city (0.47 ppmF) and the minimum concentration (0.26 ppmF) from Sveti Nikole city and (0.08ppmF) from Šašavarlija village.The correlation between the value of the DMFT score of the 12 years old children from the Eastern region, and the concentration of fluoride in drinking water was negative, indirect with the value of the coefficient R = -0,03.

Conclusion:
The correlation between the value of the DMFT score and the concentration of fluoride in drinking water was negative, indirect, but statistically is not significant (p> 0.05).

КОРИСТЕЊЕ НА 37% КАРБАМИД ПЕРОКСИД ВО ТЕХНИКА ЗА ИЗБЕЛУВАЊЕ НА ЕНДОДОНТСКИ ТРЕТИРАНИ ЗАБИ: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Драгица Глигорова
Весна Амбаркова, Олга Кокочева-Иванова

Дентално избелување на заби претставува ефективен, конзервативен, по ниска цена метод за подобрување на изгледот на деколоризирани авитални заби. Измеѓу техниките за избелување на заби, оваа техника со содиум перборат асоцирана со вода или хидроген пероксид, се издвојува поради нејзината естетика, резултати и безбедност. Претставена е модифицирана верзија со користење на 37% карбамид пероксид како средство за избелување. Дополнително се дискутирани негативните ефекти на денталното избелување во следните реставративни процедури, посочувајќи ги предностите од користење на 37% карбамид пероксид.

USE OF 37% CARBAMIDE PEROXIDE IN THE WALKING BLEACH TECHNIQUE: A CASE REPORT

Dragica Gligorova
Vesna Ambarkova, Olga Kokoceva Ivanova

Dental bleaching represents an effective, conservative, and relatively low-cost method for improving the appearance of discolored pulpless teeth. Among the bleaching techniques, the walking bleach technique with sodium perborate associated with water or hydrogen peroxide stands out because of its esthetic results and safety. A modified walking bleach technique with the use of 37% carbamide peroxide as the bleaching agent is presented. Additionally, the adverse effects of dental bleaching in the following restorative procedures are discussed, showing the advantages with the use of 37% carbamide peroxide.

НЕПРОТЕТСКИ РЕСТАВРАЦИИ ВО ФРОНТАЛНАТА РЕГИЈА

Маја Јовановска

Развојот на технологијата на современите композитни дентални материјали, ги прави нано-композитите супериорни при избор на материјали за естетски реставрации на антериорни заби. Покрај секојдневната употреба за исполнување на кавитети, честопати ги користиме како материјал за корекција на одредени неправилности во фронталната регија.

Целта на овој труд е да прикажеме естетски корекции на заби од трансканинскиот простор, употрбувајќи нано-композит Evetric, Ivoclar-Vivadent.

На Клиниката за Детска и превентивна стоматологија обработивме четири изолирани случаи на деца во адолесцентска возраст, незадоволни од одредени неправилности на забите. При тоа изработивме надоградба на фрактуриран емајл, затварање на дијастема помеѓу централните инцизиви, корекција на микродонција на латерални горни инцизиви како и естетска реставрација на емајлова хипоплазија.

Благодарение на квалитетот на материјалот, неговата одлична атхерентност со забните супстанци, камелеонската прилагодливост спрема бојата на забите, како и можната лесна адаптација при работата на терапевтот, добивме брзо, практично во една сеанса, ефикасно и економски прифатливо решение за овие естетски недостатоци. Добиените високи естетски резултати фотографски ги документиравме.

NON-PROSTETHIC RESTORATIONS IN THE FRONTAL REGION

Maja Jovanovska

The technology developement of modern dental composites is making nano-composites the superior material when selecting a material for aesthetic restorations of anterior teeth. Besides its every day use for filling cavities, it is often used as a material for correction of certain irregularities in the frontal region.

The purpose of this paper is to present aesthetic correction of the transcanine teeth, using nano-composite Evetric, Ivoclar-Vivadent.

At the Clinic of Pediatric and Preventive Dentistry, we worked on four isolated cases of adolescents, dissatisfied with certain teeth irregulations. The procedures included were: restoration of fractured enamel, closing up a diastema between the incisors, correction of a microdontia of the upper lateral incisors and aesthetic restoration of enamel hypoplasia.

Due to the quality of the material, its excellent adhesion with dental substances, the great adaptability to teeth color, as well as easy alteration to the work of the therapist, we quickly received, practically in one session, effective and economically acceptable solution to these aestethic flaws. The outcome was highly satisfying and photographed.

ПАРОДОНТОЛОГИЈА/ОРАЛНА МЕДИЦИНА

КОРЕЛАЦИИ ПОМЕЃУ ТКИВНИТЕ НИВОА НА ММП-1 И КЛИНИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АГРЕСИВНА ПАРОДОНТОПАТИЈА

Ристоска С.,
Ивановски К., Поповска М., Георгиева С., Стефановска Е., Миндова С., Ренџова В.

Цел: Да ги детерминираме корелациите помеѓу вредностите на концентрацијата на ММП-1 во гингивалните ткивни исечоци кај пациентите со агресивна пародонтопатија, со клиничките параметри.

Материјал и метод: Беа проследени вкупно 28 пациенти со просечна возраст помала од 35 години. Клинички ги нотиравме индексот на дентален плак (ИДП) по Silness-Loe, индексот на гингивална инфламација (ИГИ), губитокот на припој како и индексот на коскена ресорпција по Miller-Pelzer. За утврдување на концентрациите на ММП-1 беше користен квантитативен ензимски метод со комерцијалниот сет SensoLyte MMP-1 ELISA Kit Colorimetic, AnaSpec со кој е овозможено брзо, точно и сензитивно одредување на ММП-1 во инфламираното гингивално ткиво.

Резултати: Просечните вредности на ИДП изнесуваа $\bar{x}$ =1,07, ИГИ $\bar{x}$ = 2,27, клиничкиот губиток на припој изнесуваше $\bar{x}$ = 6,57, додека индексот на коскената ресорпција беше $\bar{x}$ = 4,53. Концентрациите на ММП-1 изнесуваа $\bar{x}$=628,35. Утврдивме присуство на позитивна корелација помеѓу ИДП и ММП-1 (r =0,76), како и помеѓу ИГИ и ММП-1 (r =0,68). Губитокот на припојот како и ресорпцијата на алвеоларната коска беа исто така силно позитивно корелирани со концентрацијата на ММП-1 кај оваа група испитаници (r=0,75 и r=0,42).

Заклучок: Микроорганизмите од биофилмот и нивните продукти ја иницираат продукцијата на колагеназите од страна на клетките на домаќинот. Со напредокот на инфламаторните процеси нивните концентрации се зголемуваат доведувајќи до деструкција на колагенот, губиток на припојот како и зголемена ресорпција на алвеоларната коска.

Клучни зборови: ММП-1, агресивна пародонтопатија, биофилм, гингивална инфламација.

PARODONTOLOGY/ORAL MEDICINE

MMPS-1 TISSUE LEVELS AND CLINICAL PARAMETERS AT AGGRESSIVE PERIODONTITIS PATIENTS

Ristoska S.[1],
Ivanovski K.[1],Popovska M. [1], Georgieva S. [1], Stefanovska E. [1],Mindova S. [1], Rendjova V.[2]

The matrix-metalloproteinases represent a family of host derived proteolytic enzymes which have the ability to degrade extracellular matrix components.

Aim: to determine the correlation between the MMPs -1 concentration in the inflammatory gingival bounding tissues at aggressive periodontitis patients, with the clinical parameters.

Material and methods: A total of 28 patients (male and female), mean age <35 were included. Clinically were noted the dental plaque index– IDP (Silness-Loe), gingival inflammation index- (Loe-Silness), clinical attachment loss (CAL) and Miller-Pelzer index of bone resorption. For setting the concentrations of MMPs-1, quantitative enzyme method was used, with the commercial set: SensoLyte MMPs-1 ELISA Kit Colorimetic, AnaSpec. The protocol for this study was approved by the ethical committee for medical-dental investigations of the Faculty of Dentistry at the "Ss Cyril and Methodius" University, Skopje.

Results: Average values of the IDP were x̄ =1,07, IGI were x̄ = 2,27. CAL was x̄ = 6,57. The index of the bone resorption was x̄ = 4,53. Concentrations of the MMP-1 were x̄=628,35. We appointed presence of positive correlation between IDP and MMP-1 (r =0,76). Important, positive correlation was present between IGI and MMP-1 (r =0,68). CAL and alveolar bone resorption were strongly correlated with MMP-1 (r=0,75 and r=0,42).

Conclusion: The microorganisms from the biofilm initiate the production of the collagenase-MMP-1 and their concentrations rise with the development of the inflammatory processes, leading to the loss of attachment and resorption of the alveolar bone.

Key words: MMP-1, aggressive periodontal disease, biofilm, inflammation.

ЕФЕКТОТ НА АСПИРИНСКАТА ТЕРАПИЈА ВРЗ ПАРОДОНТАЛНИОТ СТАТУС

Миндова С.,
Ивановски К.,Пешевска С.,Ристовска С,Стефановска Е/. Николовска Ј., Апостоловска Г.

Поради неговата анти- тромбоцитна активност, аспиринот има потенцијал да влијае на текот и развојот на пародонталната болест. Целта на овој труд беше да се утврди ефектот на аспиринот врз прогресијата на пародонталната болест преку проследување на пародонталните индекси.

Реализацијата на поставената цел беше спроведена на Клиниката за болести на устата и пародонтот каде беше формира испитувана група (15) сочинета од пациенти со кардиоваскуларна болест под терапија на аспирин и контролна група (15)од пациенти со дијагностицирана пародонтална болест (класификација според ААП од 1999 година).

По извршениот клинички преглед кај двете групи на испитаници беа нотирани индексот на гингивално крвавење Loe-Silness (ИГК), индексот на дентален плак (ИДП)Silness-Loe и длабочина на пародонтален џеп.Од добиените резултати може да се констатира дека вредностите на индексот на гингивално крвавење и длабочината на пародонталниот џеп детектира јасна процентуална разлика помеѓу испитуваната во однос на контролната група. Анализата на индексот на дентален плак (ИДП) регистрира покачени вредости во двете групи која е статистички несигнификантна.Аспирин е важен фактор кој треба да се земе предвид во клинчката пракса а особено кај пациентите кои се подлегнуваат на пародонтален третман.

Аспиринот може да доведе до лажни позитвни резултати,неадекватна проценка на активноста и прогресијата на заболувањето, неточна дијагноза, и неправилен избор на третман на пародонталната болест.

Клучни зборови: аспирин, крвавење,пародонталенџеп

THE EFFECT OF ASPIRIN THERAPY ON PERIODONTAL STATUS

Mindova S.
,Ivanovski K,Pesevska,Ristoska S,,Stefanovska E.,Nikolovska J.,Apostolovska G.

For its anti-trombocite function, Aspirin has the potential to influence in the status and development of the periodontal disease. The main purpose of this study is to examine the effect of the aspirin on the progression of the periodontal disease by analazing the periodontal indices on selected patients.

Materials and methods: This study took place in the Clinic for oral and periodontal disease where there was formed an examination group (15) consisted by patients with cardiovascular disease under the therapy with aspirin and a controlled group (15) consisted by patients with periodontal disease (classification by AAP 1999).

Results: After the clinical examantion was completed in both groups, we took notes of the results taken from various indices, the index of gingival bleeding (Loe - Sillnes), the index of dental plaque (Loe - Sillnes), and the periodontal depth PD. After the analysis of the results we concluded that there is a clear meaningful difference in values of the index of gingival bleeding and periodontal depth (PD) of the examination and control group in percentage. The analysis of both gropus showed increased results on the index of dental plaque wich was statistically insignificant.

Conclusion: Aspirin should be considered as an important factor in dental practice, especially at the patients that are under the treatment of the periodontal disease. Aspirin could give us false positive results, inadequate valuation of the activity and progression of the disease, inaccurate diagnosis, and wrong inappropriate choice forthe treatment of the periodontal disease.

Key words: aspirin, gingival bleeding, periodontal depth.

ГИНГИВАЛНО-ФЛУИДНИ МАРКЕРИ КАЈ ГИНГИВАЛНА И ПАРОДОНТАЛНА БОЛЕСТ

Стефановска Е.,
Ивановски К., Поповска М., Ристоска С., Миндова С., Дирјанска К.

Бројните воспалителните и ткивно деструктивни молекули откриени во гингивалниот флуид кај пациенти со гингивална или пародонтална афекција и нивните квалитативни промени може да има дијагностичко и терапевтско значење.

Со цел кон сопствени сознанија за улогата на овие цитокини во раните инфламаторни случувања, како можни маркери на почетните пародонтални деструкции, извршивме проценка на гингивално-флуидните концентрации на IL 1-alpha, IL 1-beta I TNF-alpha кај пациенти со гингивитис и пациенти со почетна, рана форма на пародонтална болест, со губиток на атачмент ≤ 3мм, и истите ги компариравме кај пациенти со здрав гингивално - пародонтален комплекс. Студијата опфати вкупно 90 пациенти. Гингивалните индекси (ИДП, ИГИ и ИГК) ги регистриравме кај секој пациент, а гингивално-флуидните маркери беа детектирани со помош на ELISA методот.Вредностите за гингивално-флуидните концентрации за сите испитувани маркери покажаа висока статистичка сигнификнтност во однос на сите испитувани групи , како и во однос на здравите испитаници ($p<0,05$). Со предложени флуидни маркери (IL 1-alpha, IL 1-beta I TNF-alpha), може лесно да се направи разлика помеѓу здрава и инфламирана регија, но не може со сигурност да се направи разлика помеѓу гингивитис и периодонтитис, бидејќи повеќето од овие компоненти се некој вид на воспалителни маркери и се значително покачени во двете состојби. Конечно само лонгитудиналните студии можат да направат дистинкција помеѓу прогресивните состојби од непрогресивните.

Клучни зборови: Гингивален флуид, биомаркери, гингивитис, пародонтопатија

GINGIVAL FLUID MARKERS AT GINGIVAL AND PERIODONTAL DISEASE

Stefanovska E.
Ivanovski K. Popovska M. Ristoska S. Mindova S., K. Dirjanska

Numerous inflammatory and tissue destructive molecules found in gingival fluid in patients with gingival or periodontal involvement and their qualitative changes may have diagnostic and therapeutic importance.

In order to own knowledge about the role of these cytokynes in the early inflammatory events as possible markers of initial periodontal destruction, conducted an assessment of gingival-fluid concentrations of IL 1-alpha, IL 1-beta I TNF-alpha in patients with gingivitis and patients with initial, early form of periodontal disease, the loss of attachment ≤ 3 mm, and they compare in patients with healthy gingival - periodontal complex. The study included 90 patients. Gingival index (IDP, IGI and GCI) have registered in each patient, and gingival fluid-markers were detected using ELISA method .The levels of gingival fluid-concentrations of all tested markers showed high statistical significance among examined groups, and in terms of healthy subjects ($p < 0,05$). The proposed fluid markers (IL 1-alpha, IL 1-beta I TNF-alpha), can easily distinguish between healthy and inflamed area, but cannot reliably distinguish between gingivitis and periodontitis, because most of these components are a type of inflammatory markers and significantly elevated in both conditions. Finally only longitudinal studies can make a distinction between progressive states of non progressive.

Keywords: gingival fluid, biomarkers, gingivitis, periodontitis

УЛОГАТА НА ОКСИДАТИВНИОТ СТРЕС ВО ПРОГРЕСИЈАТА НА ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ

Дирјанска К.,
Ивановски К., Стефановска Е., Миндова С.,Ристоска С.

Оксидативниот стрес (OS) е состојба која настанува како резултат на зголемена продукција на слободните радикали (SR) и се вклучува во патогенезата на пародонталната болест (PD), предизвикувајќи оштетување на пародонталните ткива.

Целта на овој труд беше да се утврди проценката на (OS) кај пациенти со различни стадиуми на дијагностицирана хронична (ПД) како и влијанието на пушачките навики.

Пациентите беа поделени во две групи, пушачи (n=45) и непушачи (n=45), селектирани врз основа на клиничките стадиуми на (PD) и тоа на иницијална, умерена и напредната форма и контролна група од 30 испитаници.Слободните радикали беа одредувани во серум со помош на колориметриски метод со фотометар F.R.E.E.

Добиените резултати од нашата студија покажаа дека кај пациенти со напредната форма на (PD) - непушачи имаат најголемо ниво на слободни радикали во серум во однос на групата пушачи (p<o,o5)

Врз основа на добиените резултати може да заклучиме дека зголеменото ниво на (SR) во серумот во текот на хроничниот процес кај пациенти со (PD) е резултат на неутрофилната стимулација на микроорганизмите на денталниот плак.Пушењето на цигари ја зголемува продукцијата на (SR) и може да даде допринос во понатамошното оштетување на пародонталните ткива.

Клучни зборови: оксидативен стрес, пародонтална болест, пушачи.

ROLE OF THE OXIDATIVE STRESS IN THE PROGRESSION OF PERIODONTAL DISEASE

Dirjanska K.,
Ivanovski K., Stefanovska E., Mindova S., Ristoska S.

Oxidative stress (OS) is a condition that occurs due to increased production of free radicals (SR) and is involved in the pathogenesis of periodontal disease (PD), causing damage to the periodontal tissues.

The purpose of this study was to determine the assessment of (OS) in patients with different stages of diagnosed chronic (PD) and the impact of smoking habits.

Patients were divided into two groups of smokers (n = 45) and nonsmokers (n = 45), selected on the basis of the clinical stages of (PD), the initial, moderate and advanced form and control group of 30 examiners. Free radicals assessed for serum using the colorimetric method F.R.E.E.

The results of our study showed that patients with advance form of (PD) - non-smokers have the highest levels of free radicals in serum in relation to the group of smokers ($p < 0,05$).

Based on the results it can be concluded that increased (SR) in the serum during the chronic process at patients with (PD) is a result of neutrophil stimulation of dental germs plaque. Tobacco increases the production of (SR) and may contribute to further damage of the periodontal tissues.

Keywords: oxidative stress, periodontal disease, smokers.

АНТИОКСИДАНТНИОТ САЛИВАРЕН СТАТУС И ПАРОДОНТАЛНИОТ СТАТУС

Ана Белазелковска
Кристина Митиќ, Бруно Николовски, Газменд Јусуфи,Емилија Костадиновска

Пародонталната болест претставува инфламаторно заболување кое има мултифакторијална етиологија.Постојат докази дека оксидативниот стрес предизвикан од присуството на слободни радикали има значаен удел во патогенезата на пародонталната болест.Штетното влијание на слободните радикали е минимизирано и под контрола на антиоксидансите кои ги има во сите телесни биолошки течности вклучувајќи ја и плунката.Уратната киселина е најзначајниот антиоксиданс присутен во плунката кој има придонес од околу 70% во тоталниот антиоксидантен капацитет и заедно со албуминот се претпоставува дека најмногу придонесуваат за антиоксидантната заштита на плунката.Целта на оваа студија беше да се утврди дали постои поврзаност помеѓу стадиумот на пародонталната болест и промените во антиоксидантниот саливарен статус.

Материјал и метод:Во студијата беа вклучени вкупно 80 испитаници од кои 40 беа пациенти со иницијален стадиум на пародонтална болест и 40 беа пациенти со напреднат стадиум на пародонтопатија.Преку клинички преглед беа детектирани местата со присутно крварење при сондирање, клиничкиот губиток на аташмен и длабочината на пародонталните џебови.Кај сите испитаници беа земени примероци на нестимулирана плунка и беа измерени плунковните концентрации на уратна киселина и албумин.

Резултати:Саливарните концентрации на уратна киселина беа сигнификантно пониски кај пациентите со иницијална пародонтопатија во споредба со пациентите со напредната пародонтопатија, додека кај саливарните концентрации на албумин разликата не беше сигнификантна.Беше пронајдена позитивна корелација помеѓу клиничкиот губиток на атачмен и вредностите на уратна киселина во плунка.

Заклучок: Резултатите од оваа студија укажуваат на тоа дека прогресијата на пародонталната болест е поврзана со значително намалување на плунковната концентрација на уратна киселина. Врз основа на оваа студија, ние веруваме дека уратната киселина и плунката како медиум може да послужат за мониторинг на дијагноза и прогноза на пародонталната болест.

SALIVARY ANTIOXIDANT STATUS AND PERIODONTAL DISEASE STATUS

Ana Belazelkovska
Kristina Mitić Bruno Nikolovski Gazmend Jusufi Emilia Kostadinovska

Periodontal disease is inflammatory disease with multifactorial etiology. There is evidence that oxidative stress caused by the presence of free radicals has a significant contribution in the pathogenesis of periodontal disease. The damaging influence of free radicals is minimized and controlled by the antioxidants that are present in all biological body fluids including saliva. Uric acid acid is the most important antioxidant in saliva, which contributes about 70% of the total antioxidant capacity and together with albumin seems to contribute most of the antioxidant protection in whole saliva. The aim of this study was to determine whether there is correlation between the progression of periodontal disease and the impaired salivary antioxidant status.

Material and methods: Eighty patients were recruited for the study. Forty subjects were patients with early periodontitis and forty subjects were patients with advanced periodontitis.Periodontal disease was characterized using the clinical attachment loss. Samples of unstimulated whole saliva were taken and salivary values of uric acid and albumin were measured.

Results: Patients with diagnosed early periodontitis exhibited decreased salivary delivery of uric acid than patients with advanced periodontitis.A significant correlation was obsereved between uric acid levels and periodontal attachment loss.

Conclusion:The results of this study suggest that the progression of periodontal disease is associated with a significant decrease in salivary uric acid concentration. Based on this study,we belive that saliva as a medium and uric acid can be used for monitoring of diagnosis and prognosis of periodontal disease. However these association needs to be further investigated in higher number of samples.

СОСТОЈБАТА НА ГИНГИВО-ПАРОДОНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И ПОТРЕБАТА ОД ТРЕТМАН КАЈ СРЕДНОШКОЛСКАТА ПОПУЛАЦИЈА

Нада Спировска
Киро Ивановски

ВОВЕД: Кај младата популација како и кај возрасните можат да се јават различни форми на пародонтални заболувања кои не само што клинички се разликуваат туку имаат различна етиопатогенеза како и фактори на ризик.

ЦЕЛ НА ТРУДОТ: Целта на нашиот труд беше да ја процениме состојбата на гингивалното и пародонталното здравје како и потребта од третман кај средношколската популација во Р. Македонија.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА: За реализирање на нашата цел, спроведовме епидемиолошка студија во која беа вклучени 1092 средношколци од двата пола, на возраст од 14-19 години. Учениците беа прегледани во ординацијата за Детска и превентивна стоматологија во Поликлиника Јане Сандански (Здравствен Дом на Скопје-Скопје), каде доаѓаат на редовен општ систематски преглед.

Од испитувањето беа исклучени испитаниците кои носеа фиксни ортодонтски апарати како и оние со обемни кариозни лезии и реставративни полнења на првите молари.
За да ја процениме состојбата на пародонталните ткива, како и потребата од третман го користевме CPITN индексот.

РЕЗУЛТАТИ: Кај 43,9% од испитаниците регистриравме CPITN-0 индекс, а кај 21,1% CPITN-1, кај овие испитаници потребна е едукација и мотивација за правилно одржување на орална хигиена. Кај 3,7 % од испитаниците регистриравме CPITN-2 индекс, а кај повеќе од 30 % беа регистрирани CPITN-3 и 4 индексите што укажува на потреба од опсежен пародонтолошки третман кај овие испитаници. Не регистриравме статистички сигнификантна асоцијација на CPITN индексот кај испитаниците од машки и женски пол.

ЗАКЛУЧОК: Резултатите од истражувањето укажуваат незадоволителна состојба на гингиво-пародонталното здравје. Потребна е едукација на оваа популација и подигање на свеста за значењето на оралната хигиена во превенција на пародонталните болести, а кај над 30% од оваа популација е потребен опсежен пародонтолошки третман.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: CPITN-индекс, пародонтално здравје, потреба од третман

THE STATE OF GINGIVAL AND PERIODONTAL HEALTH AND THE NEED OF TREATMENT AMONG HIGH SCHOOL POPULATION

Nada Spirovska
Kiro Ivanovski

INTRODUCTION: Different forms of periodontal diseases can occur in the young population, as well as in adults, which have various etiology, pathogenesis and risk factors.

GOAL OF THE PAPER: The goal of our paper was to assess the gingival and periodontal health status and treatment needs among high school population in Macedonia.

MATERIAL AND METHOD: In order to achieve our goal we conducted an epidemiological study which included 1092 high school students from both genders at the age of 14-19. The student were examinated in the Department of Paediatric and Preventive Dentisry at the Polyclinic Jane Sandanski-Skopje, where they came on a regular general examination.

We used the CPITN index to asses the periodontal conditions and treatment needs.
Respondents wearing fixed orthodontic appliances as well as the respondents with extensive carious lesions and extensive restorative fillings of the first permanent molars were excluded from the survey.

RESULTS: In 43,9% of respondents we registered CPITN-0 index, and in 21.1% CPITN-1 it means that there is a need of oral hygiene instruction and motivation of this respondents. In 3,7% of respondents we registered CPITN-2 index and in more then 30% we recorded CPITN-3 and 4 index, that indicates the need of comlex periodontal treatment of these respondents.
We did't notice a statistically significant association of CPITN index among male and female respondents.

CONCLUSION: The results of our survey indicate an unsatisfactory state of gingival and periodontal health. There is a need of education of this population and raising awarness of importance of the oral hygiene in the prevention of periodontal diseases. In over then 30% of this population there is a need of complex periodontal treatment.

KEY WORDS: CPITN index, Periodontal health, Treatment needs

АНАЛИЗА НА КЛИНИЧКИТЕ ЕФЕКТИ НА PARADENTOT ВО ТРЕТМАНОТ НА ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ

Миндова С.,
Ивановски.,Пешевска.,Стефановска.,Ристоска.,Николовска Ј.,Апостоловска Г.

Мотивирани од промовирањето на се поголем број на нови препарати кпи се употребуваат како дополнителни средства во третманот на гингивалната и пародонталната болест ја поставивме целта на трудот: преку компаративна анализа да се проследат клиничките ефекти на дејствпто на Paradentot во редукцијата на гингивалната инфламација и крвавење. Студијата опфати 60 испитаници на возраст од 20 до 60 години со дијагностицирана хронична пародонтална болест. Сите испитаници беа поделени во две групи од по 30 пациенти. Кај двете групи беа одредувани индексните вредности на дентален плак (ИДП) индексот на гингивална инфламација (ИГИ)и индексот на гингивално крвавење (ИГК). При првата посета кај сите испитаници е спроведено механичко отстранување на денталниот плак.Пациентите од првата испитувана група беа третирани со Paradent, додека кај контролната група немаше примена на дополнтелно терапевтско средство.Кај испитувата група третирана со Paradent добивме сигнификантно намалување на сите проследени индекси во однос на контролната група, што сметаме дека се должи на антимикробниот и антивоспалителниот ефект на Paradentot. Врз основа на добиените резултати, би можеле да го предложиме парадентот како ефикасно дополнително средство во третманот на гингивалната и пародонталната болест.

Клучни зборови: пародонтални индекси,гингивална инфламација,дентален плак.

ANALYSES OF CLINICAL EFFECTS OF PARADENT IN TREATMENT OF PARADONTAL DISEASE

Mindova S.,I
vanovski K., Pesevska S.,Stefanovska E.,Ristovska S.,Nikolovska J.,Apostolovska G.

Motivated by promoting an increased number of new products that are used as additional resources in the treatment of gingival and periodontal disease, we have set the goal of the study: following the clinical effects of the action of Paradentot in reduction of gingival inflammation and bleeding through comparative analysis. The study included 60 respondents between the ages of 20 to 60 years diagnosed with chronic periodontal disease. All subjects were divided into two groups of 30 patients. In both groups the index values of dental plaque (IDP) index of gingival inflammation (IGI) and gingival bleeding index (GCI) were determined. At the first visit for all respondents was conducted mechanical removal of dental plaque. Patients in the first examined group were treated with Paradent, while the control group had no application to additional therapeutic instrument. In the examined group treated with Paradent yields significant reduction of all tracked indexes compared to the control group, which we believe is due to the antimicrobial effect and anti-inflammatory of Paradent. Based on the results we could suggest the Paradent as effective additional tool in the treatment of gingival and periodontal disease.

Key words: periodontal disease, periodontal indices. dental plaque.

ВЛИЈАНИЕТО НА ИМУНОСУПРЕСИВНИТЕ МЕДИКАМЕНТИ НА ПРОЛИФЕРАТИВНАТА АКТИВНОСТ НА ОРАЛНИОТ ГИНГИВАЛЕН ЕПИТЕЛ

Кристина Митиќ
Мирјана Поповска, Ана Белазелкоска, Емилија Стефановска

Цел: да се одреди поврзаноста помеѓу имуносупресивната терапија и пролиферативната активност на гингивалниот епител.

Материјал и метод: Во ова испитување беа проследени 64 бубрежно-трансплантирани пациенти, кои беа поделени во четири подгрупи, зависно од дневната доза на имуносупресивот циклоспорин (Neoral®),(100mg, 125mg, 150mg and 175mg) и 21 системски здрави пациенти како контролна група. Ткивните примероци беа имунохистохемиски обоени (ABC-Avidin Biotin Complex method, LSAB + variant), а потоа беше одредена експресијата на протеинот Ki-67. Морфометриската анализа беше изведена за одредување на дебелината на епителот со помош на компјутерски програм ,,IMAGE ANALIZING SYSTEM - LUCIA M„.

Резултати: Постоеше сигнификантна разлика за дебелината на епителот и експресијата на протеинот Ki-67 помеѓу групата третирана со циклоспорин и контролната ($p<0.05$). Исто така беше евидентирана сигнификантна разлика помеѓу подгрупите третирани со 100mg и 125mg, во однос на подгрупите со 150mg и 175mg циклоспорин. Статистички сигнификантна позитивна корелација беше детектирана помеѓу протеинот Ki-67, дозата на циклоспоринот и индексот на гингивалната инфламација ($p<0.05$).

Заклучок: Резултатите од оваа студија сугерираат дека зголемената клеточна делба е зависна од дозата на имуносупресивот и гингивалната инфламација, и имаат значајна улога во патогенезата на циклоспорин-индуцираното гингивално зголемување.

Клучни зборови: имуносупресивна терапија, гингивален епител, KI-67, гингивално зголемување, гингивална инфламација.

EFFECT OF IMMUNOSUPPRESIVE MEDICATION ON PROLIFERATIVE ACTIVITY IN ORAL GINGIVE EPITERIUM

Kristina Mitić
Mirjana Popovska Belazelkoska Ana Emilia Stefanovska

Aim: The object of our study was to evaluate the association between immunosuppressive therapy and epithelial proliferation activity in gingival tissue.

Matherial and methods: A cohort of 64 kidney transplant recipients was divided into four subgroups based on the average daily dose of therapeutically applied CsA (Neoral®), (100mg, 125mg, 150mg and 175mg) and 21 systematically healthy control subjects were studied. The tissue samples were immunohistochemically stained (ABC-Avidin Biotin Complex method, LSAB + variant) to determine the expression of Ki-67 protein. Morphometric analyses were performed to detect the thickness of epithelium using computer program ,,IMAGE ANALIZING SYSTEM - LUCIA M„.

Results: There were significant differences between CsA groups and control group with respect to the epithelial thickness and expression of Ki-67. There was also a significant difference between the subgroups with 100mg and 125mg, in comparison to the group with 150mg and 175mg CsA daily. However, a statistically significant positive correlation between Ki-67, CsA dose and GI was registered ($p<0.05$).

Conclusion: Our findings suggest that increased cell division is depended on CsA dosage and gingival inflammation, and may have a significant role in the pathogenesis of CsA-induced gingival overgrowth.

Key words: Immunosuppressive therapy, gingival epithelium, KI-67, gingival overgrowth, gingival inflammation.

КЛИНИЧКИ ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНА НА DOXYCYCLINE ВО ТРЕТМАНОТ НА ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ

Спасовски С ,
Белазелкоска З, Радојкова-Николовска В, Поповска М, Сахмедин С.

Цел: Да ја процениме клиничката ефикасност на системската примена на doxycycline во терапевтска доза (100 мгр. еднаш дневно) и суб-антимикробна доза (2 x 20 мгр. на ден) помеѓу двете испитувани групи.

Материјал и метод: Испитани се 60 пациенти на возраст од 30-70 години со умерена форма на пародонтопатија со длабочината на пародонталните џебови од 3-5 мм. Спроведен е конзервативен третман и ординиран е doxycycline во соодветна доза. Вкупната доза која ја примија пациентите во текот на третманот е 3 гр. Првата група со системска примена на doxycycline 100 мгр. еднаш дневно, планираната доза ја прими во рок од 30 дена. Втората група пациенти кои примаа doxycycline два пати по 20 мгр. дневно, терапијата со doxycycline ја заврши после 75 дена. Кај испитаниците од двете групи клинички се регистрирани: индексите на: дентален плак; гингивална инфламација и гингиворагија; длабочина на пародонтален џеб и апикална епителна миграција.

Резултати: Кај пациентите со системска примена на doxycycline 100 мгр. еднаш дневно во текот на 30 дена, се докажа дека после 2,5 месеци просечните вредности на пародонталните индекси се значајно помали од вредноста на истите индекси при првиот преглед.

Кај пациентите кои примаа системски doxycycline 2x20 мгр. дневно во текот на 75 дена, после 2,5 месеци, просечните вредности на пародонталните индекси истотака беа редуцирани во споредба со првиот преглед.

Компарацијата на сите клинички параметри помеѓу двете групи докажа приоритет кај групата третирана со субдоза.

Заклучок: Doxycycline применет како субдоза и дополна на конвенционалната терапија резултираше со подобри клинички ефекти, во споредба со групата која примаше вообичаена доза doxycycline.

Клучни зборови: doxycycline, субдоза, хронична пародонтопатија

CLINICAL EFFECTS OF THE APPLICATION OF DOXYCYCLINE IN THE TREATMENT OF PERIODONTAL DISEASE

Spasovski S,
Belazelkoska Z, Radojkova Nikolovska V, Popovska M, Sahmedin S.

Aim: To assess the clinical efficacy of systemic application of doxycycline at a therapeutic dose (100 мgr. once daily) and sub-antimicrobial dose (2 x 20 мgr/day) between the two groups.

Material and Method: 60 patients aged 30-70 years with moderate periodontitis, with pockets depth of 3-5 mm were examined. Conservative treatment was done and prescription of doxycycline in appropriate dose. The total dose received by patients during treatment was 3 gr. The first group with systemic application of doxycycline 100 mgr/once a day, the planned dose received within 30 days. The second group of patients who received doxycycline 2 x 20 mgr/day, treatment with doxycycline completed after 75 days. Among patients from both groups clinically were registered following indexes: dental plaque; gingival inflammation and gingival bleeding; periodontal pocket depth and apical epithelial migration.

Results: In patients with systemic application of doxycycline 100 mg. once a day for 30 days, it was proved that after 2.5 months, average values of periodontal indexes were significantly smaller than the value of the same index at the first examination.

In patients receiving systemic doxycycline 2x20 mgr/a day for 75 days, after 2.5 months, the average value of periodontal indexes were also reduced, compared with the first examination.

A comparison of all clinical parameters between the two groups proved priority in the group treated with sub dose.

Conclusion: Doxycycline applied as sub dose and supplementing conventional therapy resulted in improved clinical effects, compared with the group which received the usual dose doxycycline.

Key words: Doxycycline, sub dose, periodontal disease.

ВЛИЈАНИЕ НА СОЦОДЕНТАЛ АДХЕСИВЕ ПАСТА-ТА ВРЗ ПРОЦЕСОТ НА ЕПИТЕЛИЗАЦИЈА ПРИ ПЕРИОСТАЛНА СЕПАРАЦИЈА

Дурмиши С,
Поповска М, Миновска А, Вера Радојкова-Николовска, Тошеска Спасова Н , Марија Ивановска, Стојановска В, Николовски Б,

Цел: Да се проследи епителизацијата при периостална сепарација, преку цитолошка анализа со помош на параметри од индикативен карактер во процесот на заздравување.

Материјал и метод: Проследени се 60 пациенти со инсуфициентна зона на прикрепена гингива кај кои е изведена хируршка интервенција - периостална сепарација. Хируршките и клиничко биометриските анализи се спроведени со мерења на широчината на прикрепената гингива во долната фронтална регија со ортходонтицс цалипер ДЕНТАУРУМ, Германs. Мерењето е спроведено од лабијалната страна на гингивата, започнувајќи од маргиналната гингива до мукогингивалната граница. Кај сите испитаници после хируршката интервенција следена е епителизацијата постоперативно 3, 7 и 14 ден, со анализа на одредени параметри индикативни за епителизацијата. Кај првата група од 30 пациенти аплицирана е станиолова фолија и заштитен завој, а кај втората група аплициран е Солцодентал адхесиве паста и заштитен завој. Брисовите се земени со специјални четкички, и материјалот е аплициран на предметно стакло. Размаските се фиксираат со 96% алкохол, најмалку 15, а најмногу 30 минути. После тоа брисот е презервиран во станиолова фолија и боен по Папаниколаоу, во следните 10 дена и микроскопиран. За боење по Папаниколаоу користен е раствор составен од три реагенси: Папаниколаоу И-хемтоџслин, Папаниколаоу ИИ-оранге, Папаниколаоу ИИИ-полицхром.

Проценатa на заздравувањето на ледирната орална легавица од аспект на цитоморфолошките промени е извршена преку епителната клеточна присутност присутност.

Резултати: Врз основа на цитоморфолошката анализа регистрирана е поволна епителна клеточна присатност во втората група проследена во 3, 7 и 14 ден т.е. присутна е статистички сигнификантна верзус задоволителнта епителна клеточна присатност во првата група за п<0.05(п=0.0072; п=0.0027). Присутно е отсуство на еритроцити во втората група во 7 и 14 ден во однос на првата група за п<0.05 (п=0.0119; п=0.0337).

Заклучок: Солцодентал адхесиве паста-та поволно влијае врз процесот на заздравување, предизвикувајќи ефикасна епителна клеточна пролиферација.

Клучни зборови: припојна гингива, периостална сепарација, епителизација, Солцодентал адхесиве паста

INFLUENCE OF SOCODENTAL ADHESIVE PASTE ON EPITHELISATION PROCESS AT PERIODONTAL SEPARATION

Durmishi C
Popovska M Minovska, Vera Radojkova-Nikolovska, Toseska Spasova Natasa, Marija Ivanovska Stojanovska, Bruno Nikolovski

Aim: To track epithelization in transmission separation by cytological analysis using indicative parameters of the character in the gingiva healing process.

Matherial and methods: 60 patients were covered with insufficient area hiden in gingiva that is performed surgery - periosteal separation. The surgical and clinical biometric analysis is conducted by measuring the width of the attached gingiva in the lower frontal area with orthodontic calipers DENTAURUM, Germany. The measurement is conducted by the labial gingiva, starting from the marginal gingiva of mucogingival border. In all subjects after surgery is followed epithelization postoperative three, seven and fourteen days by analysing certain parameters indicative of epithelisation. In the new group of 30 patients was applied foil warp and protective bandage, and the second group is applied Solcodental adhesive pasta and protective bandage. Swabs were taken with special brushes and the material is applied on a glass side.They are fixed with 96% alcohol for at least 15 and at most 30 minutes. After that, the smear is paraffin warp in foil and fighting with Papanikolaou, in the next 10 days and Microscopy. The coloring is used by Papanikolau solution consists of three reagents Papanikolau I-hemotoxylin, Papanikolaou II- orange, Papanikolaou III- polichrom.

The assessed recovery of the lesion oral mucosa in terms of cytomorphological changes is made through the following cytological parameters: presence of granulocytes, presence of erythrocytes, epithelial cellular presence and a kind of cytological visible microbiological flora, maturation index, karyopycnotic index, eosinophilic index and presence of stromal cells.

Results : After the cytomorphological analysis are made there is registered advantageous epithelial cell presence monitored in the second group in the 3 , 7 and 14 days -there is a statistically significant verzus satisfactory epithelial cell presence in the first group of $p < 0.05$ ($p = 0.0072$; $p = 0.0027$). Exhibited a lack of red blood cells in the second group day 7 and day 14 relative to the first group of $p < 0.05$ ($p = 0.0119$; $p = 0.0337$) .

Conclusion:
Solcodental adhesive pasta - accelerate the process of epithalization much more successfuly than the classic practiced gold foil after the conducted intervention.

Keywords:
gingiva attachment, periosteal stripping, epithelization, Solcodental adhesive paste.

СОЛО КОРОНКИ И ПАРОДОНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

Азизи Ф ,
Поповска М) , Радојкова-Николовска , Капушевска Б, Џипунова Б

Целт на трудот: да се евидентира пародонталниот статус кај пациенти со фиксно протетски помагала, -соло коронки преку регистрирање на поедини параметри индикативни за ова состојба.

Материјал и метод: Клиничкото испитување е изведно во Стоматолошката ординација ,,Дента" во соработка со Клиниката за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Пациентите кои се вклучени во испитувањето се вкупно 50 на возраст од 40-65 години, без разлика на полот. За анамнестичкото и клиничкото истражување применет е изработен анкетен прашалник со одредени анамнестички и клинички параметри битни за ова истражување. Во истражувањето е вклучена испитувана група која брои 25 испитаници чии протетски помагала се соло коронки не постари од 3 години. Контролната група (прва) ја сочинуваат пациенти со природни (нестружени заби), т.е. контралатералната група заби.

Пародонтолошкиот статус е проценет преку одредување на следните индекси: дентален плак - ИДП по Силлнесс-Лое,индекс на гингивална инфламација - ИГИ предложен од Цоњелл, индекс на епителна апикална деструкција - ЕАД (губиток на атачментот) и длабочина на пародонталните џепови според индексот на Рамфиорд. Клиничкиот наод кај испитуваните групи е регистриран поединечно за секоја група и компариран помеѓу двете групи.

Резултати: Просечната вредноста на индексот на дентален плак (ИДП) кај испитуваната група е поголем во однос на просечната вредност на ИДП кај контралатералните заби (контролна група), меѓутоа за и разликата не е значајна.

Просечната вредноста на индексот на забен камен (ИЗК) кај контралатералните заби (контролна група) е поголема во однос на просечната вредност на ИЗК кај испитуваната група, меѓутоа за и разликата не е значајна.

Просечната вредноста на индексот на гингивална инфламација (ИГИ) кај испитуваната група е поголема во однос на просечната вредност на ИГИ кај контралатералните заби (контролна група), за и разликата е значајна.

Просечната вредноста на индексот на епителна апикална миграција (ИЕАМ) кај испитуваната група е поголем во однос на просечната вредност на ИЕАМ кај контралатералните заби (контролна група), за и разликата е значајна.

Просечната вредноста на индексот на луксација на забите (ИЛЗ) кај испитуваната група е поголема во однос на просечната вредност на ИЛЗ кај контралатералните заби (контролна група), за и разликата е значајна.

Просечната вредноста на индексот на рецесија на забите (ИРЗ) кај испитуваната група е поголем во однос на просечната вредност на ИРЗ кај контралатералните заби (контролна група), за и разликата е значајна.

Заклучок. Евдентна е понапредната пародонтална афекција на забите кои се под соло коронка, во споредба со природните, несоструженi контралатерални заби.

Клучни зборови: фиксна протетика, пародонтален статус, соло коронка

SOLO CROWNS AND PERIODONTAL HEALTH

Azizi F,
Popovska M, Radojkova-Nikolovska V, Kapusevska B, Dzipunova B, Toseska Spasova N, Stojanovska V, Nikolovski B

Aim
The aim of this study are to notice the periodontal status in patients with fixed prosthetic aids – solo crowns, by registering individual parameters indicative to this specific situation.

Materials and methods:
The clinical examination has been carried out at the Dental Ambulance "Denta" in collaboration with the Clinic for Oral and Periodontal Illnesses at the Dentistry Faculty in Skopje.
The total number of patients included in this study was fifty, aged from 40 to 60, regardless of their sex. A specially designed and compiled survey including certain anamnesis and clinical parameters crucial to this research was employed.

An examination group of twenty-five people whose prosthetic aids comprised of solo crowns not older than three years was also included. The controlling group (the first) was composed of patients with natural (scraped) tooth, i.e. the contralateral group of teeth.

The periodontal status has been assessed by determining the following indexes: the dental plaque – IDP according to SIllness-Loe, gingival inflammation – IGI suggested by Cowell, epithelial apical destruction – EAD (loss of attachment) and the depth of periodontal pockets based on the Ramfiord index.

The clinical results in examined groups have been recorded for every group separately and then compared between the two.

Results:
The average value of the index of the dental plaque (IDP) in the examined group is greater than the average value of the IDP in contralateral teeth (the controlling group); however, for $Z=1.16$ and $p>0.05(p=0.24)$, the difference is not significant.

The average value of the index of tooth calculus (ITC) in contralateral teeth is greater than the average value of the ITC in the examined group; however, for $Z=-0.23$ and $p>0.05(p=0.82)$, the difference is not significant.
The average value of the index of gingival inflammation (IGI) in the examined group is greater than the average value of IGI in contralateral teeth (the controlling group); however, for $Z=2.91$ i $p<0.01(p=0.00)$, the difference is significant.
The average value of the index of epithelial apical migration (IEAM) in the examined group is greater than the average value of the IEAM in contralateral teeth (the controlling group); however, for $Z=2.68$ and $p<0.01(p=0.00)$, the difference is significant.
The average value of the index of tooth luxation (ITL) in the examined group is greater than the average value of ITL in contralateral teeth (the controlling group); however, for $Z=2.68$ and $p<0.01(p=0.00)$, the difference is significant.
The average value of the index of tooth recession (ITR) in the examined group is greater than the average value of ITR contralateral teeth (the controlling group); however, for $Z=3.34$ and $p<0.001(p=0.000)$, the difference is significant.

Conclusion:
The more advanced periodontal affection of teeth under a solo crown is evident, compared to the natural non-scraped contralateral teeth.

Key words: fixed prosthetics, periodontal status, solo crown

САЛИВАРНИ ХУМОРАЛНИ МЕХАНИЗМИ КАЈ БУЛОЗНИОТ ЛИХЕН ПЛАНУС

Поповска М,
Миновска А, Радојкова-Николовска В, Атанасовска-Стојановска А,
Муратовска И, Капушевска Б, Митиќ К, Ивановска М.

Цел: да ги испитаме саливарните хуморални механизми кај пациенти со булозна форма лихен планус во фаза на егзацербација и ремисија

Материјал и метод: кај 19 пациенти со булозен орален лихен планус, наутро е земана плунка без стимулација, во количина од 5 до 10 ццм.

Одредување на имуноглобулините во плунка е спроведено со микроелиса техника, како и Ц3 и Ц4 компонентите. Определувањето на ЦИК во серум и мешана плунка е изведувано по методата на ПЕГ.

Испитувањата се реализирани во фаза на егзацербација и ремисија. Добиените резултати се споредувани со контролната група, како и меѓу себе во фаза на егзацербација и ремисија.
Резултати: Помеѓу саливарните вредности на испитаниците и контролната група за сите анализирани имуноглобулини (ИгА, ИгГ и ИгМ), ИгА покажа значајно опаѓање, а ИгГ и ИгМ сигнификантно зголемување.Вредностите на имуноглобулин А, Г и М во фаза на ремисија се сигнификантно зголемени во споредба со контролната група. Саливарните вредности на ЦИК кај испитаниците од контролната група и испитаниците во фаза на егзацербација и ремисија одат во прилог на зголемување. Податоците укажуваат на многу високо изразена депресија на компонентата Ц3 во фаза на егзацербација, додека во фаза на ремисија евидентно е ниско опаѓање. Компонентата Ц4 кај булозната форма во

фаза на ремисија во споредба со контролната група е во опаѓање. Во фаза на ремисија компонентата Ц4 на комплементот во плунка, покажува несигнификантно намалување. Заклучок: евидентна е инволвираност на саливарните компоненти во патогнезата на оралниот лихен планус, но конечен став за предоминантност на хуморалните механизми во етиопатогенезата на булозната форма на ОЛП сеуште не постои.

Клучни зборови: орален лихен планус, булозна форма, плунка, имуноглобулини, комплемент

SALIVARY HUMORAL MECHANISMS IN BULLOUS LICHEN PLANUS

Popovska M,
Minovska A, Radojkova-Nikolovska V, Atanasovska-Stojanovska A Muratovska I Kapuševska B, Mitic K, Ivanovska M.

Aim: To examine salivary humoral mechanisms in patients with bullous form lichen planus in phase of exacerbation and remission.

Material and Method: In 19 patients with bullous oral lichen planus, saliva is taken out without stimulation, in a quantity of 5 to 10 ccm.

Determination of immunoglobulins in the saliva are conducted with microelisa technique, and also C3 and C4 components of complement. Determination of CIC in serum and mixed saliva was performed by the PEG method.

The examination was conducted in phase of exacerbation and remission. The obtained results are compared with the control group, and between each other, in the exacerbation and remission stage.

Results: Among the salivary values in patients and the control group for all analyzed immunoglobulins (IgA, IgG and IgM), IgA showed a significant decline, and IgG and IgM significantly increased. Values of immunoglobulin A, G and M in phase of remission significantly increased compared with the control group. Salivary values of CIC in the control group and in patients in phase of exacerbation and remission were in favor of an increase. The data indicate a very highly expressed depression of C3 component in exacerbation while in remission was evident low reduction. C4 component in bullous form in remission phase compared with the control group is declining. At the stage of remission complement component C4 in saliva, showing insignificant reduction.

Conclusion: there is an involvement of salivary components in pathogenesis of oral lichen planus, but the final position of predominance of humoral mechanisms in the pathogenesis of bullous form of OLP is still unnown.

Key words: oral lichen planus, bullous form, saliva, immunoglobulins, complement

ОРАЛЕН LICHEN RUBER PLANUS, РЕЛАТИВНО РЕЗИСТЕНТЕН НА КЛАСИЧНА ТЕРАПИЈА – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Зафировски М.[1]
Георгиев З.[1] Бошевска В.[2] Манев И.[3] Дачевска Г.[4] Матовска Л.[5] Зафировски Љ.[6]

Вовед: Орален Lichen Ruber,(најчесто-Planus),(ОЛРП),е субакутна до хронична инфламаторна мукокутана, автоимуна, еритемно-папуларна, неретко ерозивно-улцерозна дерматоза,која афектира 1-2%,од претежно средовечна популација, нешто почесто женски пол. Етиологија недоразјаснета: идиопатска?,(несигурна генетска предиспозиција?,абнормална имунолошка реакција на:-инфекции, лекови, или(и) тригерирана од:-стресови,-депресија,-анксиозност. ОЛРП е неретко асоциран и со други автоимуни, хронични-интестинални, метаболни, дијабет, хипертензија, хронични-хепатални болести,итн.

Цел: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ со ОЛРП во стоматолошка пракса: 39 годишна жена со рецидивирачки како кожни, но и слузокожни: подолго перзистентни на јазик и букална мукоза: еритем, елевирани папули, плаки, беличасти метлести и ретикуларни стрии, досега без улцерации. Присутни беа и коморбидитети: Дијабетес мелитус, витилиго,и е под пролонгиран стрес (поради смрт во семејство и развод).Со кортикостероиди локално (на кожа, букално и на јазик),а краткотрајно и системски, кожните промени регредираа, пруритус е купиран со антихистаминик, кратко и седатив. Но оралните промени и симптоми перзистираа со благи ремисии но и релапси. Дијагноза е уточнета и со хистолошки преглед на биоптат. Примаше и тописки ретиноиди локално врз јазик и букално, психотерапија,третирана и во РМ и во Германија каде што примала и тописки имуносупресор локално во уста уз подолги ремисии, таму примала и тописки калцинеурин инхибитор и засега е во пролонгирана ремисија.

Заклучок: Покрај третман на придужните коморбидитети, при случаи на пролонгиран или рецидивирачки ОЛРП резистентен на терапија, понекогаш е потребно отстранување на сите локални и системски провоцирачки фактори и примена на повеќе различни тераписки модалитети со кои би им се скратило времетраење и ублажиле орални симптоми и тегоби, редуцирале релапси на ОЛРП, а пролонгирале ремисии со потенцијално комплетен третман и надеж за евентуално излекување.

ORAL LICHEN RUBER PLANUS, RESISTANT TO CLASSICAL THERAPY - A CASE OF DENTAL PRACTICE

***Zafirovski M.*[1]**
***Georgiev Z.*[1] *Boshevska V.*[2] *Manev I.*[3] *Dachevska G.*[4] *Matovska L*[5] *, Zafirovski Lj.*[6]**

Introduction: Oral Lichen Ruber Planus-(OLRP), is a subacute to chronic inflammatory mucocutaneous, autoimmune papular erythema, not rare erosive-ulcerative dermatosis, that affects 1-2% of the mostly middle-aged population,slightly more female. Etiology and pathogenesis are still unclear: Idiopathic?-etiology, Uncertain genetic predisposition?, Abnormal immune response: to infections, to drugs, and(or): trigered by stress, depression, anxiety, etc. OLRP is often associated with other autoimmune, chronic-intestinal, metabolic, diabetes, hypertension,chronic liver-disease,etc..

Objective: CASE REPORT with OLRP: 49 years old woman with recidival skin, but also on the tongue and buccal mucous membranes: persistent papules, plaques, reticular striae, erythema, until now without ulceration. There were also and comorbidities: diabetes mellitus, hepatitis, vitiligo, and also she was under prolonged stress-(death in family, and divorce). Locally administered topical corticosteroids-(on skin, buccal and tongue), briefly systemic steroids, skin changes regress, pruritus was occupied and controlled with antihistamines, and shortly received sedatives, also. Oral changes persisted with mild remission and relapses. Diagnosis was confirmed by histological examination of biopsy material. Topical retinoids were applied locally on tongue and buccal, psychotherapy also. Patient was treated in RM and in Germany where receiving topical immunosuppressants locally in mouth,but also there received topical calcineurin inhibitor and is now in prolonged remission.

Conclusion: Despite treatment associated comorbidities, for prolonged or relapsing OLRP,resistant to therapy: removal of provoking factors,and use multiple different treatments that would shorten the duration and alleviate oral symptoms and discomfort, reducing the relapse of OLRP,and prolonging remission hoping to complete treatment. Further follow-up, eventually rebiopsy is mandatory to detect possible malignant transformation.

CANDIDA ALBICANS КАЈ ПАЦИЕНТИ СО DIABETES MELLITUS

Мирјана Перковска – Бибановска
Силвана Георгиева, Маја Пандилова

Цел на испитувањето е да се утврди присуството на candida albicans во оралната празнина кај пациенти со diabetes mellitus.

Во испитувањето се вклучени 50 пациенти од двата пола на возраст од 60-80 години со симптоми на stomatopyrosis (жарење) и xerostomia (сувост на устата).

Испитаниците се поделени во две групи. Првата испитувана група ја сочинуваат 37 пациенти со клинички дијагностициран diabetes mellitus и примена на адекватна терапија за регулирање на гликемијата. Втората контролна група ја сочинуваат 13 пациенти со stomatopyrosis и xerostomia без присуство на diabetes mellitus, ниту на некое друго системско заболување. Кај сите испитаници земен е бриз за утврдување присуство на candida albicans.

Во испитуваната група со diabetes mellitus кај 31 пациент (83,78%) е изолирано присуство на candida albicans, а во контролната група кај 4 пациенти (30,76%).

Добиените резултати укажуваат на висока процентуална застапеност на candida albicanas кај пациенти со diabetes mellitus. Зголеменото ниво на шеќер во телесните течности, како и зголемената glycosialia ја потенцира адхезијата на хифите на candida albicans за епителните клетки. Некои автори сметаат дека овие адхерентни плаки се одговорни за сувоста на оралната лигавица. Промени во макроциркулацијата и микроциркулацијата доведуваат до оштетување на нервните влакна кои ја инервираат оралната лигавица и се манифестираат со синдром на жарење и печење.

Високиот процент на застапеност на candida albicans кај пациенти со diabetes mellitus покрај адекватното регулирање на гликемијата, се наметнува како императив стоматологот да спроведе навремена превентива, совети за правилна орална хигиена и примена на правилна доза на соодветни антифунгицидни лекови.

Клучни зборови: candida albicans, diabetes mellitus

CANDIDA ALBICANS IN PATIENTS WITH DIABETES MELLITUS

Mirjana Perkovska - Bibanovska
Silvana Georgieva, Maja Pandilova

The objective of this examination is to determine the presence of candida albicans in the oral cavity of patients with diabetes mellitus.

The study included 50 patients, from both genders, aged 60-80 years with symptoms of stomatopyrosis (burning) and xerostomia (dry mouth).

They were divided in two groups. The first group consisted of 37 patients with clinically diagnosed diabetes mellitus and application of adequate therapy for the regulation of glycaemia. The second control group consisted of 13 patients with stomatopyrosis and xerostomia without the presence of diabetes mellitus, or any other systemic disease. Swab was taken from all respondents.

In the experimental group with diabetes mellitus, the presence of candida albicans was isolated in 31 patients (83.78%), and in the control group in 4 patients (30.76%).

The results show a high percentage of representation of candida albicanas in patients with diabetes mellitus. Increased levels of glucose in body fluids, and increased glycosialia stresses the adhesion of the hyphae of candida albicans to the epithelial cells. Some authors consider that these adherent plaques are responsible for the dryness of the oral mucosa. Changes in the macrocirculation and microcirculation provoke damage on the nerve fibers that consequently innervate the oral mucosa and manifest themselves with burning and stinging.

The high percentage of representation of candida albicanas in patients with diabetes mellitus despite the adequate regulation of glycaemia imposes the need for timely prevention, advices on proper oral hygiene and application of the appropriate dose antifungal medications from the dentist.

Keywords: candida albicans, diabetes mellitus

ХРОНИЧЕН ДЕСКВАМАТИВЕН ГИНГИВИТ- ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Радојкова-Николовска В,
Поповска М, Миновска А, Џипунова Б. Тошевска-Спасова Н,
Стојановска-Атанасовска А, Стојановска В, Муратовска И, Алексова П, Николовски Б

Хроничниот дескваматив гингивит прв пат е дијагностициран во 1884 година, а како термин е воведен во 1932 год од Prinz кој опишува атипична состојба која се карактеризира со интензивно црвенило, десквамација и улцерации на слободната и прикрепената гингива. Генерално, прифатено е дека дескваматив гингивит не претставува посебен ентитет, туку е одговор на гингивалното ткиво на различни состојби или заболувања. Најчесто тоа се lichen planus, cicatricial pemphigoid, bullous pemphigoid, pemphigus vulgaris, dermatitis herpetiformis, adult linear IgA dermatosis, алергична реакција на медикаменти и жени во менопауза.

Цел на трудот: да презентираме случај со хроничен дескваматив гингивит кој не бил точно дијагностициран и е неадекватно лекуван повеќе од 7 месеци, како и успехот од применетата терапија по доаѓањето на Клиниката за болести на устата и пародонтот.

Материјал и метод: проследена е пациентка на возраст од 49 години која се наоѓа во јатрогено предизвикана менопауза. Земена е анамнеза и направен клинички преглед по што е спроведена локална и системска терапија.

Резултати и заклучок: ординираната локална терапија не ги даде очекуваните резултати по што беше спроведена системска кортикостероидна терапија после која настапи смирување и комплетно губење на клиничките знаци. Пациентката после 6 месеци од терапијата сеуште е во фаза на ремисија на промените, што во потполност ја оправдува примената на системската кортикостероидна терапија при лекување на хроничниот дескваматив гингивит.

Клучни зборови: дескваматив гингивит, кортикостероидна терапија, менопауза.

GINGIVITIS DESQAMATIVE CHRONICA - CASE REPORT

Radojkova-Nikolovska B
Popovska M, Minovska A, Dzhipunova B, Tosevska Spasova N
Stojanovska-Atanasovska A, Stojanovska V, Muratovska I, Aleksova P, B Nikolovski

Chronic desqamative gingivitis was first diagnosed in 1884, and as the term was introduced in 1932 by Prinz describing atypical condition characterized by intense erythema, desquamation and ulceration of the free and attached gingiva. Generally is accepted that chronic desqamative gingivitis is not a separate entity, but a response to the gingival tissue of different conditions or diseases. Frequently it is lichen planus, cicatricial pemphigoid, bullous pemphigoid, pemphigus vulgaris, dermatitis herpetiformis, adult linear IgA dermatosis, allergic reaction of medicaments and postmenopausal woman.

Aim: to present the case of chronic desquamative gingivitis who had not been diagnosed and inadequately treated more than seven months, and the success of the applied therapy after coming to the clinic of oral pathology and periodontology.

Materials and Methods: followed patient was aged 49 years, in iatrogenic menopause. We make a medical history and clinical examination, and after that local and systemic therapy was conducted.

Results and Conclusion: local therapy does not yield the expected results, so systemic corticosteroid therapy was conducted after which there was calm down and complete loss of clinical signs. Patient after

6 months of treatment is still in remission phase of changes, which fully justifies the application of systemic corticosteroid therapy in treating chronic desquamative gingivitis.

Key words: desquamative gingivitis, corticosteroid therapy, menopause.

ОРАЛЕН СТАТУС КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ЦЕЛИЈАКИЈА

Кристина Митиќ
Мирјана Поповска, Билјана Капушевска, Анета Мијовска

Цел: Поседувајќи автоимуна генеза, целијакијата како општо заболување, може да го зголеми ризикот од настанување на заболувања на тврдите и меките ткива во оралната празнина. Целта на нашето испитување беше одредување на можната поврзаност на целијакијата и рекурентниот афтозен стоматит (РАС), атрофичен глосит, кариес и дефекти во емајлот кај пациенти со дијагностицирана целијакија.

Материјал и метод: 20 пациенти со дијагностицирана целијакија (возраст:9-25 год.),беа клинички проследени со цел детектирање на одредени отстапувања на тврдите и меките орални ткива, споредени со идентичен број на системски здрави пациенти.

Резултати: Фреквенцијата на РАС беше сигнификантно повисока (41%) кај групата со целијакија во споредба со контролната група (15%). Само 5 случаи со атрофичен глосит беа детектирани во групата со целијакија наспроти еден случај кај контролната група. Во однос на кариес и дефекти во емајлот, не беа констатирани статистички разлики помеѓу пациентите со целијакија и системски здрави пациенти ($p>0,05$).

Заклучок: Пациентите со целијакија немаат зголемена предиспозиција за развој на кариес и дефекти во емајлот, но имаат зголемен ризик за РАС наспроти здравите пациенти. Резултатите ја наметнуваат потребата од тимско следење од стоматолози и гастроентеролози на пациентите со целијакија, со цел елиминирање на оралните инфекции, кои можат да доведат до компромитирање на оралното и општото здравје.

Клучни зборови: целијакија, рекурентен афтозен стоматит, атрофичен глосит, кариес, дефекти во емајл.

ORAL STATUS AT CELIAC DISEASE PATIENTS

Kristina Mitić
Mirjana Popovska Biljana Kapuševska Aneta Mijovska

Aim: Celiac disease(CD) have an autoimmune pathogenesis and increased risk of dental defects and oral mucosal disease.The aim of our study was to detect the possible assocciation of CD and recurrrent aphthous stomatitis (RAS), atrophic glossitis, caries and enamel hypoplasia in patients with CD. Methods: Twenty patients with CD (age range:9-25 years), were examined by dental clinical examination, to detect any changes of soft and hard tissues in oral cavity and compared with twenty healthy subjects.

Results: Frequency of RAS in the CD group was significantly higher (41%) in CD group than that in controls(15%). Only five cases of atrophic glossitis were found in CD group vs one case among controls. There were no statistical differences between CD group and the control group with respect to caries and enamel hypoplasia (p>0,05).

Conclusion: The patients with CD have not great predisposition to caries and enamel hypoplasia, but have a great risk for (RAS) instead of healthy patients. Close cooperation between dentist and gastroenterologist is necessary to follow up these patients, and to eliminate the oral infections, which can compromises oral health, and basic human health.

Key words: celiac disease, recurrrent aphthous stomatitis, atrophic glossitis, caries and enamel hypoplasia.

HELICOBACTER PYLORI ВО СУПРАГИНГИВАЛЕН ДЕНТАЛЕН ПЛАК И ПЛУНКА: ДАЛИ Е ДИЈАГНОСТИЧКА ВРЕДНОСТ ЗА ГАСТРИЧНА ИНФЕКЦИЈА

Зана Јусф Османи ,
Поповска М, Вера Радојкова-Николовска, Кристина Митиќ, Билјана Џипунова, Наташа Тошеска Спасова, Вера Стојановска, Бруно Николовски

Цел: Да ја пронајдеме поврзаноста поме"у пациентите со диспептични тегоби со H. Pylori во желудникот и наодот на H. Pylori во денталниот плак и плунката.

Материјал и метод на работа: Проследени се вкупно 60 пациенти со диспептични тегоби кај кои постои индикација за ендосопска интервенција-гастроскопија. Пациентите се поделени во две подгрупи: прва составена од 30 пациенти со диспептични тегоби, кај кои не е регистрирано присуство на H. Pylori и втора подгрупа исто така составена од 30 испитаници со диспептични тегоби кај кои присуството на H. pylori е потврдено. Присуството или отсуството на H. Pylori е констатирано после направен ендоскопски преглед-гастроскопија, земен биоптичен материјал и спроведен уреаза тест (ЦЛО-тест).

Кај сите испитаници од испитуваната група направени се одредени испитувања:

одредување H. Pylori во примероци од плунка и супрагингивален дентален плак.
Одредување H. Pylory плунка се изведуваше на Клиниката за болести на устата и пародонтот. Примероците од плунка се земани пред ендоскопскиот преглед од секој пациент после примена на гума за џвакање Orbit без шеќер . Веемето на џвакањето беше 1 минута. По колекционирање на плунката се примени тестот Pronto dry.

Примероците од супрагингивалниот дентален плак е земан со стерилна кирета со стружење по површината на забите. Стружењето е спроведено од различни локации од било која страна на моларите, премоларите и инцизивите. Примероците од супрагингивалниот дентален плак потоа беа одделно пренесени во стерилни епрувети со 0,5 ml физиолошки раствор. Материјалот од епруветата потоа во следната минута беше ставена во патентирана мембранска точка.

Податоците се статистички обработени со статистички програм Statistica 7.1 for Windows и SPSS Statistics 17.0

Резултати: Кај пациенти со диспептични тегоби кај кои е потврдено присуството на H. pylori во биоптичните примероци докажана е превалентна присутност на H. pylori во супрагингивален дентален плак кај 20 (33,33%) со позитивен наод, а кај 10(16,67%) негативен. Во плунка наодите се скоро идентични . Кај диспептични пациенти каде не е потврдено присуство на H. pylori во биоптичните гастрични исечоци, во супрагингивален дентален плак кај 11 (18,33%) докажан е позитивен, а кај 19 (31,67%) потврден е негативен CLO-тест. Во плунка негативните наоди доминираат над позитивните.

Заклучок: Кај пациентите кај кои е регистриран H. pylori во биоптичните примероци докажана е превалентна присутност на H. pylori во супрагингивален дентален плак и плунка, во споредба со другата испитувана подгрупа.

Клучни зборови: H. pylori, CLO-тест, диспепсија, супрагингивален дентален плак, плунка

HELICOBACTER PYLORI IN SUPRAGINGIVAL PLAQUE AND SALIVA: IS IT DIAGNOSTIC VALUE FOR GASTRIC INFECTION

Zana Jusf Osmani
Popovska M, Vera Radojkova-Nikolovska, Kristina Mitić, Biljana Dzhipunova, Natasa Toseska Spasova, Vera Stojanovska, Bruno Nikolovski

Aim: To find the relationship between the patients with dyspeptic difficulties of H. Pylori in the stomach with oral clinical findings and the findings of H. Pylori in the dental plaque and saliva.

Material and method of work: 60 patients with dyspeptic difficulties were observed in which there is an indication for endoscopic intervention- gastroscopy. The patients are divided into two subgroups: the first subgroup consisted of 30 patients with dyspeptic difficulties, at which the presence of H. Pylori is registered, and the second subgroup also consisting of 30 patients with dyspeptic difficulties at which the presence of H. Pylori is not confirmed. The presence or lack of H. Pylori is ascertained after an endoscopic examination- gastroscopy, a biopsy material was taken and urease test (CLO-test) was implemented. At all participants of the experimental group specific analysis were made: determining H. Pylori from samples of saliva, supragingival dental plaque. The determination of H. Pylory saliva was done at the Clinics of mouth and periodontal diseases. The samples from the saliva were taken before the endoscopic examination from each patient after implementing the chewing gum Orbit sugar free. Chewing time was 1 minute. After collecting the saliva the Pronto Dry test was applied.

The samples of supragingival dental plaque are taken with a sterile curette by scraping the surface of teeth. The scrapping is applied at different locations of any side of molars, premolars and incisors. The samples of supragingival dental plaque were then separately transferred in sterile test- tubes with 0, 5 ml saline. The material from the test- tubes in the next minute was placed in a patented diaphragm point.

The data analysis was done in the statistical programme Statistica 7.1 for Windows и SPSS Statistics 17.0.

Results: Patients with dyspeptic difficulties in which the presence of H. Pylori is confirmed in biopsy samples, prevalent presence of H. Pylori in supragingival dental plaque is proven at 20 (33, 33%) with positive findings, and in 10 (16,67%) negative. In saliva findings are almost identical. In dyspeptic patients where the presence of H. Pylori is not confirmed in bioptic gastric clippings, in supragingival dental plaque in 11 (18, 33%) proved to be positive, and in 19 (31, 67%) proved to be negative CLO-test. In saliva negative findings dominate the positive ones. Patients with dyspeptic difficulties in which the presence of H. Pylori is confirmed, proved in 20 (33, 33%) respondents a positive finding of .

Conclusion: In patients at whom H. Pylori is registered in bioptic samples a presence of prevalent H. Pylori is proven in supragingival dental plaque in comparison to the other studied subgroup.

Key words: H. Pylori, CLO-test, dyspepsia, supragingival dental plaque, saliva

НЕРЕСТАВРИРАНИ ЗАБИ – ПРОВОКАТОРИ НА БОЛКА?

Алексова П.
Велеска-Стевковска Д., Радојкова-Николовска В., Симјановска Љ.

Цел: Целта на овој труд е определување на застапеноста на калцификатите во забната пулпа кај нереставрирани заби.

Материјал и метод: Студијата беше спроведена на Универзитетскиот Стоматолошки клинички центар "Св Пантелејмон " во Скопје По случаен избор беа вклучени 150 пациенти на возраст од 20-60 години, или 3108 заби. Процена на рендгенските снимки беше направена со помош на Panoramix и ретроалвеоларни рендгенски снимки по Dick. Статистичка компјутерска анализа беше направена на 204 нересторирани заби.

Резултати: Резултатите од направените испитувања покажаа дека: од 150 пациенти или 3108 заби, 623 заби (20,04%) имаа пулпни камчиња (дентикли). Од 623 заби со дентикли, 419 (67.2%) – беа реставрирани заби и 204 (32.7%) – нереставрирани заби. Од 623 заби со дентикли, 70 (11,23%), беа со болка.

Заклучок: Како провокатори на болка, со различен интензитет, калцификатите во забната пулпа, кај интактни заби, создаваат проблеми во дијагностицирањето.

Клучни зборови: нереставрирани заби, дентикли, застапеност, болка, дијагностицирање.

NONRESTORED TEETH - PROVOCATEURS OF PAIN ?

Aleksova P.,
Veleska-Stevkovska D. Radojkova-Nikolovska V., Simjanovska Lj.

Aim: The aim of this study is being the following:-to determine the level of dental pulp stones in intact teeth.

Material and method: The study was conducted at the University Dental Clinic Centre in Skopje “St. Pantelejmon”. Were included random samples of 150 patients aged between 20-60 years, or 3108 teeth. The X-ray assessment of the jaws was being made by subjecting to the Panoramix and retroalveolar X-ray according to author Dick. Statistical computer analysis was confirmed to the 204 non-restored teeth

Results: The results obtained from the carried out examinations showed that:from 150 patients or 3108 teeth, 623 teeth (20.04%) has pulp stones (denticles). From 623 teeth with denticles, 419 (67.2%) – restored teeth and 204 (32.7%) – non-restored teeth. From 623 teeth with pulp stones 70 teeth (11,23%), were with pain.

Conclusion: Being provocateurs of pain, with different intensity, calcifications in the dental pulp at intact teeth, are difficult entity for diagnosing.

Kay words: non-restored teeth, denticles, prevalence, pain, diagnosting.

ГИНГИВАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО МАКСИЛАРНАТА ФРОНТАЛНА РЕГИЈА ПО ИЗРАБОТКА НА ВИСОКО ЕСТЕТСКИ ПРОТЕТСКИ КОНСТРУКЦИИ

Александровска А[1].,
Цветановска Стојчева Д[1]., Миновска А[2]., Николовски Б[1]., Јуруковска Шотаровска В[3]

ВОВЕД: Гингивалното здравје по протетското реконструирање во максиларната фронтална регија е еден од најважните услови кои сакаме да го постигнеме, со цел да се постигне одлична црвено-бела естетика на долг рок.

ЦЕЛ: Нашата цел е да се постигне дого трајно гингивално здравје по протетско надоместување во естетската зона од горната вилица, со или без реконтурирање на гингивалниот раб. Ги следевме: PPD, SBI и рецесија, како и пукнатини или други оштетувања на порцеланот.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД: Проследивме 25 здрави пациенти со релативно здрав пародонт, со присутни вкупно 148 заби. Сите пациенти беа подложени на стандардниот тераписки протокол за иницијалната, базично корективна и реконструктивна терапија според нивната листа на проблеми, а кај сите испитаници било изведено професионално белење на забите и порцелански фасети или безметална коронки во максиларната фронтална регија. Мерењата на PPD, SBI и рецесија и фотографирањето беа изведени на почеток на третманот, непосредно по цементирањето и 3 години по третманот.

РЕЗУЛТАТИ: PPD, SBI и рецесија покажаа стабилни резултати за време на испитувањето, како и одлична долгорочна естетика.

ЗАКЛУЧОК: Доброто планирање на протетските реконструкции вклучувајќи прецизност, оклузална рамнотежа и почитување на златните правила во естетската стоматологија носи долгорочен успех во црвено-белата естетика.

Клучни зборови: гингивално здравје, црвено-бела естетика, протетски конструкции.

GINGIVAL HEALTH IN THE UPPER FRONT REGION AFTER HIGHLY AESTHETICAL PROSTHETIC RECONSTRUCTION

Aleksandrovska A[1].,
Cvetanovska Stojcheva D[1]., Minovska A[2]., Nikolovski B[1]., Jurukovska Sotarovska V[3]

INTRODUCTION: Gingival health after prosthetic reconstructions in the upper front region is one of the most important conditions we want to achieve in order to have excellent red-white aesthetics on long term.

GOAL: Our goal is to achieve long – term gingival health after aesthetical prosthetics in the upper front region with or without gingival recontouring. We have followed: PPD, SBI and recession, as well as cracks or brake of porcelain.

MATERIAL AND METHOD: We have been following 25 healthy patients with relative healthy periodontium with 148 teeth included. All patients underwent the standard therapy protocol for initial, basic corrective and reconstructive therapy according their problem list, and all of them had professional teeth bleaching and porcelain veneers or metal-free crowns in the upper front region. PPD, SBI, recession and photography was taken at the baseline, immediately after cementation and 3 years after the treatment.

RESULTS: PPD, SBI and recession showed stable results during the testing period as well as excellent long term aesthetics.

CONCLUSION: Good planning of the prosthetic reconstruction including precision, occlusal balance and following of the golden rules in the aesthetic dentistry bring long term success in the red-white aesthetics.

Key words: gingival health, red-white aesthetics, prosthetic reconstruction.

ЕНДОДОНТСКИ ТРЕТИРАНИ ЗАБИ СО И БЕЗ ПЕРИАПИКАЛНИ ЛЕЗИИ-ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СЛУЧАИ

Наташа Тозија
Ристе Ќандовски

Ендодонцијата е многу стресна, напорна и скапа дејност која изискува напор и време, а во сегашните констелации во здравствениот систем кај нас, не е многу исплатлива.

Овој труд има за цел да прикаже дека мотивираноста, упорноста и едуцираноста на лекарот можат да влијаат пациентот да се одлучи на зачувување на забот и негово излекување, макар колку и да се мали изгледите за тоа.

Прикажани се неколку случаи на заби со и без периапикален процес, во акутна и во хронична форма. Обработката на каналите е извршена со EndoExpres System, користејќи Safe Sider проширувачи. Каналите се обтурирани со EZ-Fill,со ладна латерална кондензација.

Резултатите од третманите се исклучително успешни, без тегоби кај пациентот и потврдени со ренгенграфија.

ЗАКЛУЧОК – мотивираноста, едуцираноста и упорноста на лекарот, заедно со употребата на правилен протокол на работа придонесуваат во успешниот исход на третманот и покрај недовербата и отпорот на пациентот. Зачувувањето на природниот заб треба да е цел на секој стоматолог, бидејќи не постои подобар имплант од сопствениот заб.

ROOT CANAL TREATED TEETH WITH AND WITHOUT PERIAPICAL LESIONS – CASE REPORTS

Natasa Tozija
Riste Kjandovski

Performing endodontics means to have a very stressful, exhausting and expensive activity, which requires hard work and lot of time spent on it. In the present constellations in our health system, it is not very worthwhile.

This paper is to show that doctor's high motivation, persistence and proper education are decisive in persuading the patient to undergo endodontic treatment, although the chances for success might be minor.

Several cases with and without periapical lesions were selected, in acute or chronic phase. Root canal treatments were done with EndoExpress System using SafeSider files. Ez-Fill was used for the obturation of the canals with cold lateral condensation technique.

The results were exceptionally good, without any complaint from the patients and verified with x-ray.

CONCLUSION – doctor's motivation, education and persistence combined with the proper working protocol, contribute towards successful outcome of the treatment, despite the patient's distrust and resistance. Keeping the natural tooth should be the goal of every dentist, because there is no such a good implant as a natural tooth is.

ПОДЕЛБА НА ДЕНТАЛНИТЕ КАЛЦИФИКАТИ, СПОРЕД СОСТАВОТ И НЕЈЗИНА КЛИНИЧКА ИМПЛИКАЦИЈА

Алексова П.,
Велевска-Стевковска Д., Радојкова-Николовска В.

Цел: Целта на овој труд е да се прикаже нова поделба да денталните калцификати според составот, со хистопатолошка анализа и нејзината клиничка импликација.

Материјал и метод: Стандардна хистолошка анализа на пулпно ткиво, направена е на материјал добиен по пат на 40 ендодонтски екстирпирани пулпи и 60 вертикални пресеци по индицирана екстракција на заби.

Резултати: Резултатите од направените испитувања покажуваат дека со хистопатолошката анализа се констатира: калцификатите во денталната пулпа се дентински и недентински. Дентинските калцификати се сверични, нодуларни, солитарни или повеќе на број, содржат поголема количина на органски матрикс, застапени во помладата возраст имаат хамартоматозен аспект. Недентинските калцификати, можат да бидат нодуларно сверични, неправилни по форма, до дифузни пунктиформни инкрустрации. Содржат помала количина органски матрикс, застапени се повеќе во средната и постара возраст, имаат инфламаторно дистрофична позадина.

Заклучоци:
1.Користејќи ги искуствата од досегашните поделби на денталните калцификати, како и поделбите на други болести и синдроми, заедно со нашите резултати, може да се размислува и предложи, дека денталните калцификати, по својот состав се дентински и недентински, што хистолошки сосема сигурно може да се потврди.

2.Новата поделба овозможува веднаш, според возраста, без хистолошка анализа, одредување на составот на дентиклите.

Клиничка импликација

3.Кога тие се недентински, стоматологот е должен да го упати пациентот на дополнителни прегледи (првенствено ехо прегледи на абдоменот), за рано детектирање на калцификати и калкулуси во други ткива и органи. Денталните калцификати може да се компарираат со бубрежни и жолчни камчиња (Martin 2002).

Клучни зборови: возраст, дентински калцификати, недентински калцификати, абдомен.

CLASSIFICATION OF THE DENTAL CALCIFICATIONS ACCORDING TO THE COMPOSITION WITH CLINICAL IMPLICATIONS

Aleksova P.
Veleska -Stevkovska D., Radojkova-Nikolovska V.

Aim: The aim of the study is to present new classification of dental pulp calcifications according to their composition.

Material and method: The standard histological analysis of the pulp tissues was being made on material provided from 40 endodontically extirpated dental pulps and 60 vertical cross-sections made after indicated tooth extractions.

Results: The results obtained from the carried out examinations showed that dental calcifications can be classified such: dentinal and non-dentinal.

The dentinal calcifications are spherical, nodular, solitary and more numerous, they contain greater amount of organic matrix, they occur at early age and have hamartomatous aspect.

The non-dentinal calcifications could be nodular spherical, irregular in shape or with punctform encrustations. They contain smaller amount of organic matrix, they occur in the middle or older age and have inflammatory dystrophic background.

Conclusions:
1. Using the experience from present classifications of dental calcifications and the classifications of other diseases and syndromes, together with our results, can be a reason to propose a new classification of dental calcifications, according to their composition (dentinal and non-dentinal). This can be confirmed histologically.

2. The new classification will enable us to determinate the composition of denticles according to the age of patients, without any histological analysis.

Clinical implication

3. When they are classified such non-dentinal, dental practitioner is obligated to send the patient to subsequent or supplementary inspection, primarily echo survey to abdomen, for early detecting of calcifications and calculus in other organs. Pulp stones have been compared to kidney and gall bladder stones (Martin 2002).

Kay words: age, dentinal calcifications, non-dentinal calcifications, abdomen.

ВЕЛИДЕНТ ТРЕЈА

трговија со стоматолошки и заботехнички материјали и опрема

продавница.1 ул. "Коста Кирков" 11, 1000 Скопје
тел/факс 00 389 2 3128309 ; 00 389 2 3221165
мобилен: 00 389 71 276620; 00 389 70 268747
продавница бр.2 Населба Кланица, зграда 10, лок. 3, 7000 Битола
тел.00 389 47 221600 мобилен: 00 389 71 497738
продавница бр.3 ул."Младинска" 54, 2400 Струмица
тел. 00 389 34 330339 мобилен: 00389 70 253712



SCHÜTZ DENTAL GROUP

IMPLA

Plicet®

PARACETAMOL

20 x 500 mg

PLICET® P таблети содржат 500mg парацетамол, кој има изразито **аналгетско** и **антипиретско** дејство.

PLICET® P наменет за ублажување на болки и намалување на покачена телесна температура поради обична настинка или грип, **главоболка** (вклучувајќи мигренозна и тензиона главоболка), **забоболка**, болка после лекарски и стоматолошки интервенции, **невралгија**, **болки после повреди, болки во грбот**, **ревматски и мускулни болки**, **дисменореа и болка во грлото**. Исто така се препорачуваат и за симптоматско ублажување на болката **кај блага форма на артритис**.

PLICET® P таблети 500mg

Наменети за перорална употреба. Таблетата треба да се проголта со чаша вода.
Препорачаната поединечна доза за **возрасни и деца над 12 години** - 500 mg до 1000 mg парацетамол, 3-4 пати дневно според потребата. Не се препорачува употреба на лекот кај деца под 11 години (телесна тежина под 33 kg).

Интервалот помеѓу поединечните дози не смее да биде пократок од 4 часа. За 24 часа не смее де се земат повеќе од 8 таблети, односно 4000 mg парацетамол.

Plicet® P таблетите можат да се употребуваат независно од оброк.



ВО ФОРМА НА ОВАЛНА ТАБЛЕТА **КОЈА ЛЕСНО СЕ ГОЛТА**

НАПОМЕНА: Збирен извештај за особините на лекот Плицет П е достапен на барање. Број и датум на одобрение за ставање на лекот во промет: Плицет П таблети 20x500 mg, 15-10257/12 од 31.07.2013.Начин и место на издавање: Лекот може да се издава и/или да се продава, без рецепт (БР*). САМО ЗА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ. Носител на одобрение: Плива дооел Скопје, Никола Парапунов бб, Скопје. Тел. 02/3062702 www.pliva.com.mk, www.plivamed.net

04-15-PLC-03-NO/04-15/04-17

PLIVA

Членка на групацијата Teva

Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употреба и несаканите дејства, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.



РАБОТИЛНИЦИ

Четврток 11.06.2015		
Употреба на миофункционални апарати во ортодонтската терапија	09:00–15:00	Канео сала
Употреба на миофункционални апарати кај малфункции на ТМЗ	16:00–19:00	Канео сала
Петок претпладне 12.06.2015		
Естетски композитни ламинати-componeers Комерцијлана презентација - Лакалут	11:00–14:00 14:00-15:00	Канцеларија
Препарација со стапалка препарација за ламинати и безметални коронки	09:00–15:00	Канео сала
Естетски тотални протези со примена на начелата на Герберовата теорија	10:00–18:00	Охрид сала
Петок попладне 12.06.2015		
Ендодонтски третман на трајни заби	16:30 -19:00	Канцеларија
Примена на нискоенергетски терапевтски диодни во секојдневната дентална практика	16:00–19:00	Канео сала
ИМПЛА цилиндрични дводелни импланти – step by step	16:00–19:00	Цар Самоил сала
Сабота претпладне 13.06.2015		
Напредна ендодонција ProTaper техника на машинско проширување на канали Комерцијална презентација-Лакалут	09:00-16:00 16:00-17:00	Канцеларија
IMPLA mini balitop и IMPLA mini conetop импланти – мали ама моќни	12:00–15:00	Канео сала
Техники на пластична хирургија во парадонтологијата	11:00–15:00	Охрид сала
Имплант форум: Неуспеси и компликации на имплантната терапија и справување со истите	15:30 – 18:30	Бизнис сала

WORKSHOPS

Thursday 11.06.2015		
Use of Myofunctional appliances in orthodontic therapy	09:00 – 15:00	Kaneo Hall
Use of Myofunctional appliances in malfunctions on TMJ	16:00 – 19:00	Kaneo Hall
Friday morning session 12.06.2015		
Aesthetic composite veneers – Componeers Commercial Presentation Lacalut	11:00 – 14:00 14:00-15:00	Office
Preparations with chamfer - preparations for veneers and metal-free crowns	09:00 – 15:00	Kaneo Hall
Aesthetic dentures by applying the principles of Gerber theory	10:00 – 18:00	Ohrid Hall
Friday afternoon session 12.06.2015		
Endodontic treatment of permanent teeth	16:30 -19:00	Office
Application of low energy therapeutic diode lasers in everyday dental practice	16:00 – 19:00	Kaneo Hall
IMPLA cylindrical two-piece implants – step by step	16:00 – 19:00	Car Samoil Hall
Saturday morning session 13.06.2015		
"Advanced Endodontic" ProTaper technique of mechanical drilling of root canals Commercial Presentation Lacalut	09:00 – 16:00 16:00-17:00	Office
IMPLA mini balitop i IMPLA mini conetop implants small but powerfull	12:00 – 15:00	Kaneo Hall
Techniques of plastic surgery in periodontology	11:00 – 15:00	Ohrid Hall
Implant forum: Failures in implant dentistry – finding solutions for treatment and discussion	15:30 – 18:30	Bussines Hall

Voltaren® Rapid

diclofenac calium

НА ПОЗИТИВНА ЛИСТА

ДЕЈСТВУВА КАДЕ ШТО БОЛИ

10 таблети 50mg

БРЗО АНАЛГЕТСКО ДЕЈСТВО (по 15 мин.)

ПРОТИВВОСПАЛИТЕЛНО ДЕЈСТВО



Индикации во стоматологијата:
- забоболка
- забен апсцес
- по оперативни зафати во уста и на лице

Дозирање:
- една таблета два до три пати на ден

04-15-BP-01-HO/18-15/04-17

PLIVA

Членка на групацијата Teva

Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употреба и несаканите дејства, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

VII Macedonian Dental Congress with International Participation
Ohrid 11-14 June 2015

КОМЕРЦИЈАЛНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ
COMMERCIAL PRESENTATIONS

10:50-11:00	Борола Borola	"ИНСАДЕНТ - додатна терапија во борбата со гингивит и парадонтопатија" "INSADENT - additional therapy to fight gingivitis and paradontopaty"	Комерцијална Commercial
16:00-16:30	Torsten Buescher Торстен Бушер Gendex Kavo	"Дигитални и конвенционални 2D/3D панорами" – Новитети и предности на Gendex Digital and conventional 2D / 3D panoramas "- News and advantages of Gendex	Комерцијална Commercial
17:00-17:10	Алкалоид Alkaloid	Комерцијална презентација Commercial presentation	Комерцијална Commercial
18:00-18:10	Вик Сплат Vik Splat	Комерцијална презентација Commercial presentation	Комерцијална Commercial
11:30-11:40	Колгејт Colgate	Комерцијална презентација Commercial presentation	Комерцијална Commercial
12:00-12:20	Маргит Виденман Колтен Валдент Margit Wiedenman Coltene Whaledent	Супериорно отпечатување за функционални и естетски протетски реставрации Superior dental impressions of functional and aesthetic prosthetic restoration	Протетика Posthodontics Комерцијална Commercial
12:20-12:40	Руди Бекерс Rudi Beckers Ceka и Candulor Ceka and Candulor	Комбинирани изработки со Ceka атечмени и Candulor естетски протези Combined dental reconstructions with Ceka attachments and Candulor aesthetic prostheses	Протетика Posthodontics Комерцијална Commercial



Macedonian Dental Society
www.msd.org.mk



Insadent®

Здрави гингиви за здрави заби

Healthy gums for healthy teeth

Borola

The Healthcare Company



Генерален спонзор



































EDIKA

Colgate®

WRIGLEY
Oral Healthcare
Program

VIK SPLAT®

Borola
The Healthcare Company

NATUSANA
d.o.o. za trgovija
MAKEDONIJA

ОРАЛ ЕСТЕТИК ТРЕЈД

PLIVA
TEVA Group Member

ВЕЛИДЕНТ
ТРЕЈА
ТРГОВИЈА СО СТОМАТОЛОШКИ И ЗАБОТЕХНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ И ОПРЕМА

Vesica
implanti.mk

КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО
ИНАТА, ДЕНЕС!
.kbprvo.com.mk

MACEDONIAN DENTAL REVIEW/Year XXXVIII, Associate No./ISSN 0350-8129/UDK 616-31

www.msp.stomfak.ukim.edu.mk